%	100.00%	0%	21%	0%	37%	0%	0%	3%	0%	0%	0%	3%	3%	27%	1%	
КА	26.51	0.00	5.49	0.00	9.79	0.00	0.00	1.83	0.00	0.00	0.00	0.92	0.80	7.20	0.27	

БИЛАНСИ ПОКАЗАТЕЛИ по групи на класи на намени на ниво на плански опфат:

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ГРАДСКА ЧЕТВРТ С13, ОПШТИНА БУТЕЛ - СКОПЈЕ

КЛАСА НА НАМЕНИ		ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛА	ПРОЦЕНТ НА ЗАСТАПЕНОСТ НА КЛАСА НА НАМЕНА
Б	Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	55682 m²	18.60%
Г	Г - ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИИ И СЕРВИСИ	97940 m²	32.71%
Д	Д - ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА	21051 m²	7.03%
Е	Е - ИНФРАСТРУКТУРА	124722 m²	41.66%
ВКУПНО		299407 m²	100.00%

БИЛАНСИ ПОКАЗАТЕЛИ по основна класа на намена на ниво на плански опфат:

КЛАСА НА НАМЕНИ	ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛА	ПРОЦЕНТ НА ЗАСТАПЕНОСТ НА КЛАСА НА НАМЕНА
Б	Б1 - МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	18237 m²	6.26%
	Б2 - ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ	34212 m²	11.43%
	Б3 - ГОЛЕМИ УГОСТИТЕЛСКИ ДЕЈНОСТИ	3180 m²	1.07%
	Б4 - ДЕЛОВНИ ГРАДОВИ	21052 m²	7.03%
Г	Г1 - ЛЕСНА И ЛЕСНО АДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА	23940 m²	7.99%
	Г2 - ЗЕРАНИСИ	1985 m²	0.66%
	Г3 - ЗАНАЕТЧИЈА	71615 m²	23.69%
Д	Д3 - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО	21063 m²	7.03%
Е	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА (СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ)	54133 m²	18.42%
	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА (ЖЕЛЕЗНИЧКИ КОРИДОРИ)	48398 m²	16.16%
	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА (РЕКА СЕРАВА)	920 m²	0.31%
	Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА (ЖЕЛ. СТАНИЦА „СКОПЈЕ СЕВЕР“)	3053 m²	1.02%
	Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА (ТРАФОСТАНИЦИ)	215 m²	0.07%
	Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА (БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА)	4460 m²	1.49%
	Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА (ПРОТИВПОЖАРНА СТАНИЦА)	1580 m²	0.53%
	Е3 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА (ТРЕВОСТАНИЦА 110/20)	8048 m²	2.69%
ВКУПНО ГРАНИЦИ НА ОПФАТ		299407 m²	100.00%

НУМЕРИЧКИ ДЕЛ:

| | | |

(Сл.весник на РМ бр. 45/90) и Правилникот за изградба, одржување и безбедно функционирање на гасоводни системи со челични цевки за работен пририсок до 13 бари (Сл. Весник на РМ бр.100/09).

4. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ КОИ ВАЖАТ ЗА ЦЕЛАТА ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

4.1 Генералниот урбанистички план го утврдува оптималното учество на компатибилните намени и класи на намени во мешаните наменски зони, во рамките на процентуално учество во максимален однос од 60/40. Компатибилноста на намените се утврдува на ниво на градежна парцела во планска документација од пониско ниво согласно правилнички нормирани минимални и максимални вредности на нивното процентуално учество.

Оценувајќи ги конкретните услови за секоја зона поединечно, во Генералниот урбанистички план се утврдува колку од списокот на можни компатибилни намени ќе бидат доѐзволени да коегзистираат или да се мешаат во рамките на една мешана наменска зона и колкав ќе биде процентот на учество на секоја намена. Ова е специфицирано за секоја четврт поединечно, во форма на плански услови за,изградба, развој и користење на земјиштето и градбите кои се поместени со посебните услови за спроведување на планот.

4.2 Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорува согласно член 36 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

4.3 Површина за градење е планска одредба со која во урбанистички план се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење согласно член 37 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Површината за градење е дефинирана во рамки на една градежна парцела и не може да се протега низ две или повеќе парцели. Континуитетот на површината за градење низ две или повеќе градежни парцели во урбанистичкото планирање се добива како збир од поединечни површни за градење чиишто граници се совпаѓаат, со границите на градежните парцели со што се обезбедува калканско спојување на соседните градби во низа, уличен фронт и слично. Во една градежна парцела по правило има една површина за градење во која може да се гради само една градба. Комплексните градби составени од повеќе површини за градење во една градежна парцела по правило се уредуваат со архитектонско - урбанистички проект од член 51 став 1 од Законот како разработка на површината за градење уредена во урбанистички план.**Во планот се утврдува простор дефиниран со градежни линии во кој е дозволено поставување на една или повеќе површини за градба (апроксимативна градежна линија) согласно дозволениот процент на изграденост.Површината за градење може но не мора да ја опфаќа целокупната површина прикажана во графичкиот дел, односно не смее да ја надмине површината за градба дадена во табеларниот дел.**

4.4 Диспозицијата на површината за градење во градежната парцела и нејзиното растојание од границите на градежната парцела зависат од типот на градење согласно член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

4.5 Доколку градежната линија е кон дното на градежната парцела доволени се пречекорувања, но само доколку се обезбеди растојание од границата на градежна парцела до најистурената

точка на пречекорувањето не помало од 1/3 од височината на градбата до венец.

4.6 Кога површините за градење од страната на градежната парцела се на растојание од 3 м и помало не се дозволени пречекорувања на градежната линија со прво и второ степена пластика

4.7 Кога растојанието помеѓу површината за градење и страната на градежната парцела е нула, не се дозволени никакви отвори на ѕидот на градбата на границата на градежната парцела. Кога растојанието е од 1,20 до 3,00метри дозволени се само помошни отвори со парапет од најмалку 1,60метри, а на растојанија од 3,00 метри и над 3,00 метри дозволени се регуларни отвори на таа страна од градбата.

4.8 Процентот од вкупната должина или површина од фасадата кој може да го зафати одреден тип архитектонска пластика ќе се дефинира во согласност со архитектонското обликување на објектите. Истиот не може да надмине повеќе од 60% од површината на фасадата. Вкупно изградената површина за градба е презентирана без површината од еркери и други дозволени пречекорувања од член 36 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

4.9 Слеме е највисоката точка на кровната конструкција или највисоката хоризонтална линија на пресекот на накривените рамнини што го формираат покривот. Максималната височина на слеме е до 4,50m над завршниот венец на градбата. Во рамките на дозволената висина на слемето и силуетата на покривот се уредува потпокривен корисен простор кој се третира рамноправно како и другиот корисен изграден простор по катовите на градбата. Во потпокривот може да се искористи само една катна височина.

4.10 Од максималната височина на слемето и дозволената силуета на покривот може да отстапуваат други делови на градбите во планскиот опфат:
- кули, покривни бања, стакларници и издадени покривни елементи,
- оџаци, вентилациони канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите техничко - технолошки инсталации и
- сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обѕидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот.

4.11 Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост согласно член 49 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).
Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен во процент. Во површината под градба се подразбира површината ограничена со надворешните ѕидови и столбови на градбата во висина на приземната плоча без надворешните тераси, скали, рампи, патеки и друго.

4.12 Коефициентот на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажва интезитетот на изграденост на градежното земјиште согласно член 50 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).
Коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени катови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со рационален број до две децимали. Под вкупна изградена површина се сметаат површините на сите надземни етажи.

Параметрите во однос на процентот на изграденост, како и на коефициентот на искористување на земјиштето се во рамките на предвидените со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18)во услови на дисперзивно градење и се дадени во табелата во синтезниот графички прилог за секоја градежна парцела одделно.

4.13 Во архитектонското обликување на објектите покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките и другите микролокациски услови, треба да се води сметка за специфичностите на приračните градежни материјали и традиционалните вредности и културата во градењето. Покрај императивните услови кои произлегуваат од дозволените граници на изградба, во компонирање на фасадите треба да се тежнее кон нивно максимално усогласување со соседните објекти со композициските линии на соседите, но сепак со максимално почитување на индивидуалноста на сопственикот и креативноста на архитектот.

4.14 Процентот на озеленетост во рамките на парцелата претставува однос помеѓу површината на градежно земјиште наменето за зеленило и вкупната површина на градежното земјиште изразено во проценти.
При спроведување на планот да се почитува Законот за урбано зеленило (Сл.весник на РМ 11/18), односно процентот на озеленетост во рамки на градежната парцела да изнесува минимум 20% од градежната парцела.

4.15 Потребниот број на паркинг места според намената на земјиштето и градбите и нивната големина, се пресметува согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

4.16 При изградба на нови објекти и содржини во просторот се применуваат мерките за спречување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на хендикепираните лица, особено во делот на достапноста до јавните објекти.

4.17 Површините за движење на пешаците кои се планираат во урбанистичките планови: тротоари, пешачки улици, пешачки патеки, плоштади и плоштатки мора да се со континуирана нивелета без скалести денивелации со подолжен наклон од најмногу 8,33%, секаде каде што карактеристиките на теренот го дозволуваат тоа.

4.18 Условите за градење на објектите, треба да ги содржат и посебните услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефонија и одводнувањето на отпадните води.

4.19 При изработката на Основните проекти за сите градби, неопходно е да се обезбеди простор за шахти за приклучоци кон комунална инфраструктура (канализација, водовод), кои ќе бидат лоцирани непосредно до регулациона линија. Потребно е да се овозможи непречен пристап до овие шахти за техничките служби на претпријатијата кои стопанисуваат со комуналната инфраструктура.

4.20 При реализација на сите градежни парцели со катност поголема од П+3, неопходно е да се предвиди поставување на уреди за локално зголемување на притисокот во водоводната мрежа во објектите.

4.21 Секундарната улична мрежа ќе се уреди со посебни проекти за сообраќаен режим со поставување на подолжно или попречно паркирањесекаде каде за тоа постојат технички услови.

4.22 Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат.

4.23 Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управа на Општината. Локациите мораат да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.

4.24 Доколку при реализација на **Детален урбанистички план Градска четврт С 13, Општина Бутел – Скопје**, се појави археолошко наоѓалиште, да се постапи во согласност со одредбите на член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на Република Македонија, бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13 и 37/14).

4.25 За третманот на отпадните тефнолошки води потребно е да се направи Елаборат за заштита на човекова околина во која треба да се наведе типот на технолошкиот процес, третманот на отпадните води и реципиент.
Примарен третман на отпадните води треба да се врши во секоја од градежните парцели со планирани основни класи на намени Г2 - Лесна Индустрија, ГЗ - Сервиси и Г4 - Стоваришта со постигнување на степен на чистота со кој што ќе се овозможи прочистување до степен кој што е прифалив за евакуација на отпадните води во системот на фекална канализација.

За сè што не е регулирано со овие параметри, важат одредбите од општите и посебните услови за изградба за четврт С13 од ГУП на Скопје, како и стандардите и нормативите се применуваат стандардите и нормативите утврдени во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

6. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И ГРАДБИТЕ

6.1. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА

Врз основа на член 53 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 93/12 – Прочистен текст) за планската документација **Детален Урбанистички план за Градска четврт С 13, Општина Бутел-Скопје, Плански период 2018 - 2022**, се предвидуваат мерки за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи во мир и во војна и од воени дејства во Република Македонија.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко-технички мерки се:

- засолнување
- заштита и спасување од поплави
- заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
- заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства
- заштита и спасување од урнатини
- заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и
- спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:

- евакуација
- згрижување на загрозеното и настраданото население
- радиолошка, хемиска и биолошка заштита
- прва медицинска помош
- заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
- заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
- асанација на теренот.

6.2. ЗАСОЛНУВАЊЕ

Република Македонија има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошко - хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.

6.3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

На површина на планскиот опфат е идентификуан површински водотек – река Серава, чие корито е регулирано со ГУП на Град Скопје, 2012-2022, истото е превземено и вцртано во планското решение за Детален Урбанистички план за Градска четврт С 13, Општина Бутел-Скопје, Плански период 2018– 2022.Согласно дописот од АД Водостопанство на Р.Македонија бр.10-2807/3 од 24.09.2018год. забележан е заштитен појас од реката Серава и притоа е запазен членот 131 од Законот за води

Заштита и спасување од поплави мора да се предвиди бидејќи во близина се наоѓа река Вардар која во пролетните периоди има големо количество на вода. Исто така мора д се предвиди и рушење на браните кои се изградени низводно на река Треска при што би имало сериозни последици по Општината БУТЕЛ.

6.4 МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА, ОДРЖУВАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПОВРШИНСКИТЕ ВОДИ И КРАЈБРЕЖНИТЕ ЗЕМЈИШТА

Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и и постројки, сезабранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките

Изведувањето на водостопанските објекти и постројки, како и други активности да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно –техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците.

Објектите и постројките кои што во процес на производство, преработка, полнење и складирање, користат или применуваат опасни материи и супстанци што можат да влијаат врз квалитетот на водата, вклучувајќи и цевководи за транспорт на такви материи и супстанции, се градат, поставуваат, работат и одржуваат на начин што исклучува секакво директно и индиректно загадување на подземните и површинските води.

Да се спроведат сите неопходни технички мерки за спречување на директно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанци

Во случај на емисија што би можела да влезе директно или индиректно во површинските води, подземните води или канализационен систем, правното лице одговорно за работење на постројката мора веднаш да го информира Министерство за животна средина и просторното планирање, како и да ги превземе сите потпишани мерки за спречување и намалување на негативните последици по животната средина.

Потребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води од населени места и стопански комплекси, согласно Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води и Уредбата за класификација на водите (Сл.весник на Р.М . бр.18/99).

Пристапот до крајбрежниот појас на водотеците, езерата и акумулациите за спорт, рекреација и слични активности е слободен

6.5. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

На површината на предметниот плански опфат на **Детален Урбанистички план за Градска четврт С 13, Општина Бутел-Скопје, Плански период 2018– 2022**.

Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 3,5m со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Сообраќајниот систем во локалитетот овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила. Сообраќајниците и пристапот се така планирани да овозможува несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0cm и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на противпожарниот дом во Скопје, би изнесувал од 10 до 15мин.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 93/12 – Прочистен текст). Со планирањето на хидрантската мрежа да се задоволат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевководи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа да се предвиди прстенест систем на цевководи, со минимален пречник Ø80mm. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ø80mm се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевководи имаат пречник најмалку Ø80mm. Хидрантите да се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150m. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати, според пропишани стандарди. Уредите, инсталациите, опремата и средствата од ставот 1 на овој член, задолжително треба да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.

Согласно Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 93/12 – Прочистен текст) член 70, инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција - пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување. Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Одредбата од ставот 1 на

овој член ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10 метри и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица.

За објектите на кои не се однесува одредбата на овој член се применуваат важечките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

6.6. ЗАШТИТА ОД НЕЕКСПЛОДИРАНИ УБОЈНИ И ДРУГИ ЕКСПЛОЗИВНИ СРЕДСТВА

Согласно Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 93/12 – Прочистен текст) член 80, заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

6.7. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

За заштита на локалитетот од урнатини при урбанистичкото планирање превземени се следните мерки:

- најмало растојание од градежната линија до следната градежна линија е 6,00m, на коридорот на улиците;
- објектите се со кота на венец до 47,5m;
- при рушење објектот ја зафаќа h/2 од површината околу себе, односно руините се во најголем дел во склоп на парцелата;
- сообраќајната мрежа нема да биде оптоварена со руини и ќе има можност за пристап на возила за пожар, прва помош, и т.н.

Територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од IX степени МСЗ, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на новите објекти.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

6.8. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ТЕХНИЧКО - ТЕХНОЛОШКИ НЕСРЕЌИ

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокатa животна средина потребно е одржување на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси заради одбегнување на технолошките катастрофи, ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти и заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи или последици од пожар и експлозии.

Услови за заштита и спасување од техничко - технолошки несреќи:

- потребно е да се предвидат превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- потребна е замена на халогенираните јагленоводороди како разладни средства и пропеланти, редукција на сегашната емисија на голем број на опасни супстанци и редукција на емисија на бензин, хлорометан, духлоретан, бакар и кадмиум, намалување на емисијата на јаглероден диоксид и сулфур диоксид и дефосфатизирање и денитрифицирање на отпадниот материјал.
- изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

6.9. СПАСУВАЊЕ ОД СООБРАЌАЈНИ НЕСРЕЌИ

Планираната улична мрежа за документација **Детален Урбанистички план за Градска четврт С 13, Општина Бутел-Скопје, Плански период 2018 - 2022**, е планирана по принцип на хиерархиска функционална класификација, од примарна и секундарна мрежа.

Стационарниот сообраќај е решен согласно член 59 и член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како вертикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош зависи од оддалеченоста на најблиската болница или поликлиника, која за овој плански опфат во реонот на Клиничка болница - Скопје би изнесувал од 5 до 10мин.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на противпожарниот Бутел во Скопје би изнесувал од 10 до 15мин.

6.10. ЕВАКУАЦИЈА

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.
Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи.
Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време.

6.11. ЗГРИЖУВАЊЕ НА ЗАГРОЗЕНОТО И НАСТРАДАНОТО НАСЕЛЕНИЕ

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење.

6.12. РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од

последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Надлежните субјекти потребно е да преземат мерки и активности за заштита и спасување и тоа:

- РХБ извидување на територијата
- дозиметриска контрола
- детекција на РХБ агенси присутни на одредено подрачје
- лабораториско испитување на видот, концентрацијата, својствата и другите карактеристики на РХБ контаминентите.

6.13. ПРВА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи. Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош за овој плански опфат во реонот на Клиничка болница - Скопје би изнесувал од 5 до 10мин.

6.14. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ЖИВОТНИ И ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, епизоотии и други несреќи.

Превентивните мерки за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помош на повреден, заболен и контаминиран добиток со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето и транспорт до соодветните ветеринарни установи.

6.15. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА РАСТЕНИЈА И ПРОИЗВОДИ ОД РАСТИТЕЛНО ПОТЕКЛО

Заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, епифитотии, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.

Превентивните мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење. Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

6.16. АСАНАЦИЈА НА ТЕРЕНОТ

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на загинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите како и асанација на објектите за водоснабдување.

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Евентуалните отпадоци од некој процес на производството потребно е да се собираат во посебен контејнер. Со тоа ќе се спречи загадување на почвите и на подземните води, а со тоа на животната и работна средина воопшто. Денешниот степен на развиток на сите научни гранки на техниката и хемијата, апсолутно овозможува здрав и чист животен амбиент, бидејќи може да се прочисти готово секој вид на отпадна вода. Со прочистување на отпадната вода, како и со заштита на водата од загадување, се решава проблемот на снабдување на стопанството и населбите со чиста вода. Со тоа се решава и прашањето на водата како елемент на животната средина, пресуден за егзистенција на човекот.
Носителите на одделните активности за асанација на теренот ќе се утврдуваат според надлежноста за предметниот реон.
Врз основа на член 29 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија,бр. 93/12 – Прочистен текст) Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

i. при планирањето и уредувањето на просторот и населбите;
ii. во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати,енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и
iii. при изградба на објекти и инфраструктура. Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

1) изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;
2) регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи;
3) изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;
4) обезбедување на противпожарни пречки;
5) изградба на објекти за заштита и
6) изградба на потребната инфраструктура.

При примена на планските решенија на Изменување и дополнување на Детален урбанистички план, за што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија,бр. 93/12 – Прочистен текст), Процена за загрозеност на Република Македонија од природни непогоди и други несреќи (Службен весник на Република Македонија, бр. 117/07), Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Службен весник на Република Македонија, бр. 76/06) и Уредбите за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари и урнатини (Службен весник на Република Македонија, бр. 8/05).

6.17 МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА БАРИЕРИ ЗА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ

Составен дел на овој архитектонско – урбанистички проект се конкретни мерки за создавање на услови за непречено движење на лица со инвалидитет во рамките на проектниот опфат.

За обезбедување на непречено движење на лицата со инвалидитет, сите пешачки површини се планирани со континуирана нивелета без скалести денивелации, со најголем подолжен наклон од 2,53%.

Поставувањето на трајна и времена урбана опрема на јавните пешачки површини не смее да претставува архитектонска бариера и да го попречува или отежнува пешачкиот сообраќај, а особено на лица со инвалидност со колички.

6.18 ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Во границите на опфатот на планот не постои регистрирано културно наследство, ниту објекти за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на Република Македонија, бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 37/14 и 125/14).

НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

1. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Планот предвидува урбанизирање со почитување на законските одредби и нормативи.

Во рамките на опфатот формирани се 49 градежни парцели.

Бруто максималната развиена површинана ниво на плански опфат е 230 338m².

Просечен бруто процент на изграденост изнесува 53.17%

Просечен бруто коефициент на искористеност изнесува 1.34

Планирани површини по група класи на наменана ниво на цел опфат

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ГРАДСКА ЧЕТВРТ С13, ОПШТИНА БУТЕЛ - СКОПЈЕ			
КЛАСА НА НАМЕНИ	Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	55682m²	18.60%
	Г - ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ	97940m²	32.71%
	Д - ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА	21063m²	7.03%
	Е - ИНФРАСТРУКТУРА	124722m²	41.66%
ВКУПНО		299407 m²	100.00%

Планирани површини по основна класи на наменана ниво на цел опфат

КЛАСА НА НАМЕНИ	ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛА	ПРОЦЕНТ НА ЗАСТАПЕНОСТ НА КЛАСА НА НАМЕНА
Б	Б1 -МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОНИ НАМЕНИ	14237 m²	4.76%
	Б2 - ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ	34212 m²	11.43%
	Б3 -ГОЛЕМИ УГОСТИТЕЛСКИ ДЕЈНОСТИ	3190 m²	1.07%
	Б4 -ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИИ	4044 m²	1.35%
Г	Г2 -ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА	22040 m²	7.36%
	Г3 - СЕРВИСИ	1985 m²	0.66%
	Г4 - СТОВАРИШТА	73915 m²	24.69%
Д	Д2 - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО	21063m²	7.03%
Е	Е1- КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА (СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ)	58133 m²	19.42%
	Е1- КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА (ЖЕЛЕЗНИЧКИ КОРИДОРИ)	48398 m²	16.16%
	Е1- КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА (РЕКА СЕРАВА)	920 m²	0.31%
	Е2- КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА (ЖЕЛ. СТАНИЦА „СКОПЈЕ СЕВЕР“)	3051 m²	1.02%
	Е2- КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА (ТРАФОСТАНИЦИ)	215 m²	0.07%
	Е2- КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА (БЕНЗИНСКА ПУНПНА СТАНИЦА)	4460 m²	1.49%
	Е2- КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА (ПРОТИВПОЖАРНА СТАНИЦА)	1500 m²	0.50%
	Е3- КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА (ТРАФОСТАНИЦА 110kV)	8044 m²	2.69%
ВКУПНО ГРАНИЦИ НА ОПФАТ		299407 m²	100.00%

Планирани вкупни етажни површини за градење по намена на градбите, урбанистички параметри како што се процентот на изграденост на земјиштето, коефициент на искористеност на земјиштето, површини на градежните парцели, планираните површини за градење, висините на планираните градби. Табелата ги прикажува урбанистичките параметри на ниво на градежна парцела и на ниво на плански опфат.

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ СПОРЕД ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Нумерација на блок	Нумерација на градежна парцела	Група на класи на намена	Основна класа на намена	Компатибилни класи на намена на основната класа на намена	Површина на градежна парцела (m²)	Површина за градба (m²)	Висина на хоризонтален венец	Катност	Бруто разавиена површина (m²)	Процент на изграденост	Коефициент на искористеност
1	1.1	Е	Е2	(ТРАФОСТАНИЦА)	77 m²	32 m²	H=4.00m	П	32 m²	41.05%	0.41
	1.2	Б	Б1	А1 (20%); А3(20%); Б4(20%); (Max 20%)	1001 m²	253 m²	H=7.00m	П+1	506 m²	25.26%	0.51
	1.3	Б	Б1	А1 (20%); А3(20%); Б4(20%); (Max 20%)	927 m²	225 m²	H=7.00m	П+1	450 m²	24.26%	0.49
	1.4	Б	Б1	А1 (20%); А3(20%); Б4(20%); (Max 20%)	1188 m²	174 m²	H=7.00m	П+1	347 m²	14.62%	0.29
	1.5	Б	Б1	А1 (20%); А3(20%); Б4(20%); (Max 20%)	1411 m²	251 m²	H=7.00m	П+1	502 m²	17.80%	0.36
	1.6	Б	Б1	А1 (20%); А3(20%); Б4(20%); (Max 20%)	2571 m²	1274 m²	H=7.00m	П+1	2548 m²	49.55%	0.99
	1.7	Б	Б1	А1 (20%); А3(20%); Б4(20%); (Max 20%)	1190 m²	466 m²	H=7.00m	П+1	932 m²	39.16%	0.78
	1.8	Г	Г4	Б1,Б2,Б4(30%); Г3(49%); (Max 49%)	5249 m²	2300 m²	H=13.20m	П+2	5060 m²	43.82%	0.96
2	2.1	Б	Б2	А2,А3,Б3,Б4,Б5,В3,В4 (40%); (Max 40%)	913 m²	424 m²	H=7.80m	П+2	1273 m²	46.49%	1.39
	2.2	Б	Б2	А2,А3,Б3,Б4,Б5,В3,В4 (40%); (Max 40%)	2750 m²	1150 m²	H=13.20m	П+2	3450 m²	41.82%	1.25
	2.3	Б	Б2	А2,А3,Б3,Б4,Б5,В3,В4 (40%); (Max 40%)	2074 m²	661 m²	H=13.20m	П+2	1982 m²	31.85%	0.96
	2.4	Г	Г4	Б1,Б2,Б4(30%); Г3(49%); (Max 49%)	3204 m²	1678 m²	H=13.20m	П+2	4195 m²	52.38%	1.31
	2.5	Г	Г2	Б1,Б2,Г3,Г4(30%); Б4(10%); В2(5%); (Max 49%)	2281 m²	1241 m²	H=13.20m	П+2	3102 m²	54.40%	1.36
	2.6	Г	Г2	Б1,Б2,Г3,Г4(30%); Б4(10%); В2(5%); (Max 49%)	4943 m²	3023 m²	H=12.00m	П+2	7557 m²	61.15%	1.53
	2.7	Г	Г2	Б1,Б2,Г3,Г4(30%); Б4(10%); В2(5%); (Max 49%)	4004 m²	2226 m²	H=12.00m	П+2	5566 m²	55.60%	1.39
3	3.1	Б	Б2	А2,А3,Б3,Б4,Б5,В3,В4 (40%); (Max 40%)	4727 m²	2500 m²	H=13,20m	П+2	7500 m²	52.89%	1.59
	3.2	Г	Г4	Б1,Б2,Б4(30%); Г3(49%); (Max 49%)	3098 m²	1692 m²	H=13,20m	П+2	4231 m²	54.63%	1.37
	3.3	Г	Г4	Б1,Б2,Б4(30%); Г3(49%); (Max 49%)	5041 m²	3100 m²	H=13,20m	П+2	7750 m²	61.50%	1.54
	3.4	Б	Б3	А3,Б5,В3,В4,Д3 (40%) (Max 40%)	3190 m²	1767 m²	H=12,00m	П+2	4417 m²	55.39%	1.38
	3.5	Б	Б1	А1 (20%); А3(20%); Б4(20%); (Max 20%)	497 m²	128 m²	H=7,00m	П+1	255 m²	25.65%	0.51
	3.6	Б	Б2	А2,А3,Б3,Б4,Б5,В3,В4 (40%); (Max 40%)	2284 m²	787 m²	H=12,00m	П+2	2360 m²	34.45%	1.03
	3.7	Б	Б4	Б5;Б1;Б2;Б3;В4;Д3 (40%); (Max 40%)	2314 m²	965 m²	H=12,00m	П+2	2894 m²	41.68%	1.25
	3.8	Г	Г2	Б1,Б2,Г3,Г4(30%); Б4(10%); В2(5%); (Max 49%)	4949 m²	2100 m²	H=13,20m	П+2	6300 m²	42.43%	1.27
	3.9	Б	Б1	А1 (20%); А3(20%); Б4(20%); (Max 20%)	160 m²	58 m²	H=7,00m	П+1	116 m²	36.12%	0.72
	3.10	Б	Б1	А1 (20%); А3(20%); Б4(20%); (Max 20%)	519 m²	217 m²	H=7,00m	П+1	434 m²	41.83%	0.84
	3.11	Е	Е2	(ТРАФОСТАНИЦА)	61 m²	27 m²	H=4,00m	П	27 m²	44.59%	0.45
	3.12	Е	Е2	(ТРАФОСТАНИЦА)	61 m²	27 m²	H=4,00m	П	27 m²	44.56%	0.45
	3.13	Е	Е2	(ТРАФОСТАНИЦА)	40 m²	14 m²	H=4,00m	П	14 m²	34.18%	0.34
4	4.1	Г	Г4	Б1,Б2,Б4(30%); Г3(49%); (Max 49%)	15920 m²	11500 m²	H=13.20m	П+2	28750 m²	72.24%	1.81
	4.2	Б	Б1	А1 (20%); А3(20%); Б4(20%); (Max 20%)	3999 m²	1497 m²	H=12m	П+1	2994 m²	37.43%	0.75
	4.3	Е	Е3	(ТРАФОСТАНИЦА 110kV)	8044 m²	4326 m²	H=8m	П+1	8651 m²	53.77%	1.08
	4.4	Е	Е2	(ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА-СКОПЈЕ СЕВЕР)	3050 m²	1012 m²	H=8m	П+1	2023 m²	33.17%	0.66
	4.5	Е	Е2	(ТРАФОСТАНИЦА)	139 m²	30 m²	H=4m	П	30 m²	21.62%	0.22
	4.6	Е	Е2	(ТРАФОСТАНИЦА)	21 m²	14 m²	H=4m	П	14 m²	66.15%	0.66
5	5.1	Б	Б2	А2,А3,Б3,Б4,Б5,В3,В4 (40%); (Max 40%)	16423 m²	12522 m²	H=31.00m	П+8	40000 m²	76.25%	2.44
	5.2	Е	Е2	(БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА)	4460 m²	2983 m²	H=6,00m	П	2983 m²	66.88%	0.67
	5.3	Е	Е2	(ТРАФОСТАНИЦА)	38 m²	29 m²	H=4,00m	П	29 m²	75.44%	0.75
6	6.1	Е	Е2	(ПРОТИВПОЖАРНА СТАНИЦА)	1500 m²	719 m²	H=13.00m	П+2	2158 m²	47.94%	1.44
	6.2	Г	Г4	Б1,Б2,Б4(30%); Г3(49%); (Max 49%)	15300 m²	6260 m²	H=13,20m	П+2	15650 m²	40.91%	1.02
	6.3	Г	Г3	Б1,Б2(30%); Б4(10%); Г2,Г4(49%); (Max 49%)	1985 m²	1216 m²	H=18,20m	П+4	3649 m²	61.29%	1.84
	6.4	Б	Б4	Б5;Б1;Б2;Б3;В4;Д3 (40%); (Max 40%)	1730 m²	906 m²	H=12.00m	П+2	2717 m²	52.36%	1.57
	6.5	Б	Б2	А2,А3,Б3,Б4,Б5,В3,В4 (40%); (Max 40%)	5045 m²	1822 m²	H=13,20m	П+2	5467 m²	36.12%	1.08
	6.6	Г	Г4	Б1,Б2,Б4(30%); Г3(49%); (Max 49%)	21278 m²	11500 m²	H=13,20m	П+2	25300 m²	54.05%	1.19
	6.7	Г	Г4	Б1,Б2,Б4(30%); Г3(49%); (Max 49%)	4838 m²	2711 m²	H=13,20m	П+2	8134 m²	56.04%	1.68
	6.8	Г	Г2	Б1,Б2,Г3,Г4(30%); Б4(10%); В2(5%); (Max 49%)	5864 m²	2952 m²	H=13,20m	П+2	7380 m²	50.34%	1.26
	6.9	Б	Б1	А1 (20%); А3(20%); Б4(20%); (Max 20%)	774 m²	255 m²	H=7,00m	П+1	510 m²	32.94%	0.66
	6.10	Е	Е2	(ТРАФОСТАНИЦА)	72 m²	30 m²	H=4,00m	П	30 m²	41.57%	0.42
	6.11	Е	Е2	(ТРАФОСТАНИЦА)	46 m²	14 m²	H=4,00m	П	14 m²	29.42%	0.29
	6.12	Е	Е2	(ТРАФОСТАНИЦА)	59 m²	32 m²	H=4,00m	П	32 m²	53.78%	0.54
ВКУПНО					171306 m²	91086 m²			230338 m²	53.17%	1.34

2. БИЛАНСНИ (СПОРЕДБЕНИ) ПОКАЗАТЕЛИ

Споредбените податоци се земени за постојна состојба и планирана состојба.

ПОСТОЈНА СОСТОЈБА 2018 година

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ГРАДСКА ЧЕТВРТ С13, ОПШТИНА БУТЕЛ - СКОПЈЕ		
А - ДОМУВАЊЕ	22192m²	7.41%
Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	9661m²	3.23%
Г - ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ	102713m²	34.31%
Д - ЗЕЛЕНИЛО, СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА	2962m²	0.99%
НЗ - НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	80351m²	26.84%
Е - ИНФРАСТРУКТУРА	81528.40	27.23%
ВКУПНО	**299407m²**	**100.00%**

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА 2018–2022година
НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ по групи на класи на намени на ниво на плански опфат

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ГРАДСКА ЧЕТВРТ С13, ОПШТИНА БУТЕЛ - СКОПЈЕ			
КЛАСА НА НАМЕНИ	Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	55682m²	18.60%
	Г - ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ	97940m²	32.71%
	Д - ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА	21063m²	7.03%
	Е - ИНФРАСТРУКТУРА	124722m²	41.66%
ВКУПНО		299407 m²	100.00%

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА БУТЕЛ

Број: 2301-98/7 **од** 16.03.2021

Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина и лер Скопје

ИЗВОД ОД ПЛАН

ДУП: за Градска Четврт С25

Одлука бр: 08-61/5 **од** 26.01.2016 год.

Намена на градба: /

ул. / **бр.** /

ДЛ: / **М** 1:1000


ИЗВОД ЗА

1. ГРАФИЧКИ ДЕЛ:

Графички приказ на следната страна

изготвил,
Благица Атанасова д.и.а.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА
ГРАДОНАЧАЛНИКОТ,
Слободан Невенов дипл.геод.инж.


ЛЕГЕНДА:
ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
1.1 НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
ЕЛЕМЕНТИ НА УЛИЧНА МРЕЖА
ОСКА НА СООБРАЌАЈНИЦА
Р.Л. РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
П.П. ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
Г.Л. ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
ПОМОШНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
Н=10.20м ВИСОЧИНА НА ГРАДЕЊЕ
П+2+Пк КАТНОСТ НА ОБЈЕКТ
ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА
КЛАСА НА НАМЕНА:
Б КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ
Б2 ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ
Г ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ
Г2 ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА
Д ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА
ЗП2 ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО
Е ИНФРАСТРУКТУРА
ЗАШТИТЕН ПРУЖЕН ПОЈАС
ЖЕЛЕЗНИЧКА ПРУГА
ТРАМВАЈСКА ЛИНИЈА
ПОСТОЈНА ВОДОВОДНА МРЕЖА
ПЛАНИРАНА ВОДОВОДНА МРЕЖА
ПОСТОЈНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
ПЛАНИРАНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
ПОСТОЈНА АТМОСВЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
ПЛАНИРАНА АТМОСВЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
ПОСТОЈНА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА
ПЛАНИРАНА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА
ПОСТОЈНИ ЕЛЕКТРИЧНИ ВОДОВИ
Е2 КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА
Е2 КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА - ПРОТИВПОЖАРЕН ДОМ
ПЛАНИРАНА ТРАФОСТАНИЦА 10/0,4KV
0.3% 92.00м НИВЕЛМАН ПОДЛОЖЕН
ул. „БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА“
бул. " Босна и Херцеговина "
ул. „ЛАЗАР ТРПОВСКИ“
ул. „ЈАНИЦА ГАНДЕ“
ДЕЛ ОД БУЛ. МАКЕДОНСКО КОСОВСКА БРИГАДА
ДЕЛ ОД УЛ. БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА
ДЕЛ ОД БУЛ. МАКЕДОНСКО КОСОВСКА БРИГАДА
коридор предвиден за изместување на железничкиот сообраќај
река Серава
„НАША СУРОВИНА“ - СКОПЈЕ
„ТЕРЕНИ“ - Скопје
Индустрија за градежни материјали „-“СКОПЈЕ“ - СКОПЈЕ
ДППУ Имотобилијарен центар ДООЕЛ-Скопје
ГИМНАЗИЈА ЗЕЈУШ МАРКУ-СКОПЈЕ
НО ГТАЖ Институтот за Заштита ОПШТИНА СКОПЈЕ
Шк
1.1 Б2 Н=20,0m П+4
1.2 Б2 Н=15,0m П+2
1.3 Б2 Н=15,0m П+2
1.4 Б2 Н=15,0m П+2
1.5 Б2 Н=15,0m П+2
1.6 Б2 Н=15,0m П+2
1.7 Б2 Н=15,0m П+2
1.8 Б2 Н=15,0m П+2
1.9 Г2 Н=15,0m П+2
1.10 Г2 Н=15,0m П+2
1.11 Б2 Н=15,0m П+2
0.30% 161.94м
0.40% 180.37м
0.60% 380.70м
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ГРАДСКА ЧЕТВРТ С 2
ОПШТИНА БУТЕЛ - СКОПЈЕ
ПЛАНСКИ ПЕРИОД 201 - 201
M=1:1000
M - 1 : 1000
5 10 20 30 50m
ВРЕДНОСТИТЕ НА ПОВРШИНИТЕ НА ПАРЦЕЛИТЕ ВО ТАБЕЛИТЕ СЕ ИНФОРМАТИВНИ. ВИСТИНСКИТЕ ВРЕДНОСТИ СЕ ДОБИВААТ ОД НАДЕЖНА ИНСТИТУЦИЈА ПО КАРТИРАЊЕ НА ПЛАНОТ.
ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА
НОСИТЕЛ НА ПЛАНОТ: ОПШТИНА БУТЕЛ - СКОПЈЕ
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ С25, ОПШТИНА БУТЕЛ - СКОПЈЕ
ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА-
КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
ПЛАНЕР ПОТПИСНИК:
БЛАГОЈА ТАГАСОВСКИ
д.и.а. овластување 0.0063
ПЛАНЕРИ:
ТОНКА АНДОНОВА д.и.а. овластување 0.0447
СИЛВАНА ВАНОВСКА д.и.а. овластување 0.0065
СОРАБОТНИЦИ:
НИКОЛИНА ШАНДЕВСКА д.г.и. овластување 2.0129
ИВИЦА СТОИЛОВСКИ д.с.и. овластување 5.0034
ЕЛЕНА АНДРЕЕВА д.и.а. овластување 0.0413
БОГДАН НАСТЕСКИ - ГЕРМАН д.и.а. овластување 0.0412
УПРАВИТЕЛ: БОРИСЛАВ ЈОСИФОВ д.и.а.
РАЗМЕР: P = 1 : 1000
Технички број: 123/2014
ДАТА: СКОПЈЕ, ДЕКЕМВРИ 2015
ЛИСТ БРОЈ: 3

ПРОФИЛИ
НА СООБРАЌАЈНИЦИ:

ГРАДСКА МАГИСТРАЛА

ул. Босна и Херцеговина

СОБИРНА УЛИЦА

ул. Лазар Трповски

дел од
бул.„Македонско Косовска бригада"
(ул. Индира Ганди)

дел од
бул.„Македонско Косовска бригада"
(ул. Индира Ганди)

СЕРВИСНА УЛИЦА

дел од ул.„Босна и Херцеговина"

дел од
бул.„Македонско Косовска бригада"

СТАНБЕНА УЛИЦА


дел од ул.„Босна и Херцеговина"

дел од ул.„Босна и Херцеговина"

РЕГУЛИРАН ВОДОТЕК

Регулирана водотек
река Серава

Регулирана водотек
река Серава со дел од ул.„Босна и Херцеговина"



НУМЕРИЧКИ ДЕЛ:

	НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ЗОНА НА НАМЕНА	ВИСИНА НА ХОРИЗОНТАЛЕН ВЕНЕЦ	КОМПАТИБИЛНИ И КЛАСИ НА НАМЕНА	КАТНОСТ	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА	ВКУПНА ИЗГРАДБЕНА ПОВРШИНА	ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА	ПРОЦЕНТ НА ЗАСТАПЕНОСТ %	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ
ДУП С25	1.1	Б2	H=20,0m	А2, А3, Б5,Б3,Б4,В3, В4, до 40%	П+4	4289m2	3051m2	15254m2	Потребен број на паркинг места се пресметуваат согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник бр. 63/12 , 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14 и 148/14)	71,1%	3,56
	1.2	Г2	H=15,0m	Б1,Б2,Б4, В2,Д2,Д3,Д4, Г3,Г4 до 49%	П+2	1543m2	1094m2	3282m2		70,9%	2,13
	1.3	Б2	H=15,0m	А2, А3, Б5,Б3,Б4,В3, В4, до 40%	П+2	3072m2	1823m2	5470m2		59,4%	1,78
	1.4	Б2	H=15,0m	А2, А3, Б5,Б3,Б4,В3, В4, до 40%	П+2	625m2	219m2	656m2		35,0%	1,05
	1.5	Б2	H=15,0m	А2, А3, Б5,Б3,Б4,В3, В4, до 40%	П+2	2531m2	1786m2	5358m2		70,6%	2,12
	1.6	Б2	H=15,0m	А2, А3, Б5,Б3,Б4,В3, В4, до 40%	П+2	1617m2	977m2	2931m2		60,4%	1,81
	1.7	Г2	H=15,0m	Б1,Б2,Б4, В2,Д2,Д3,Д4, Г3,Г4 до 49%	П+2	1671m2	1092m2	3275m2		65,3%	1,96
	1.8	Б2	H=15,0m	А2, А3, Б5,Б3,Б4,В3, В4, до 40%	П+2	23333m2	20967m2	41934m2		89,9%	1,80
	1.9	Г2	H=15,0m	Б1,Б2,Б4, В2,Д2,Д3,Д4, Г3,Г4 до 49%	П+2	24525m2	20392m2	40783m2		83,1%	1,66
	1.10	Е2	H=15,0m		П+2	1340m2	666m2	1998m2		49,7%	1,49
	1.11	Е2	H=4,0m		П	78m2	21m2	21m2		26,8%	0,27
	ВКУПНО					64623m2	52087m2	120961m2		80,6%	1,87

БИЛАНСИ ПОКАЗАТЕЛИ:

КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛА	ПРОЦЕНТ НА ЗАСТАПЕНОСТ НА КЛАСА НА НАМЕНА
Б2 - ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ	35547m²	37,3%
Г2- ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА	28214m²	29,6%
Д2 - ЗАШТИНО ЗЕЛЕНИЛО	2722m²	2,9%
Е1- КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА (ПРИМАРНА)	12637m²	13,2%
Е1- КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА (СЕКУНДАРНА)	15437m²	16,2%
Е2- КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА	870m²	0,9%
ВКУПНО ГРАНИЦИНА ОПФАТ	95427m²	100,0%


ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
- 1.1 НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- ЕЛЕМЕНТИ НА УЛИЧНА МРЕЖА
- ОСКА НА СООБРАЌАЈНИЦА
- Р.Л. РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- Л.П. ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- Г.Л. ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ПОМОШНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- Н=10.20м ВИСОЧИНА НА ГРАДЕЊЕ
- П+2+Пк КАТНОСТ НА ОБЈЕКТ
- ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА

КЛАСА НА НАМЕНА:

- Б КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ
  - Б2 ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ
- Г ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ
  - Г2 ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА
- Д ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА
  - Д2 ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО
- Е ИНФРАСТРУКТУРА
  - Е1 КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
  - КОЛОВОЗ
  - ТРОТОАР
  - ЗАШТИТЕН ПРУЖЕН ПОЈАС
  - ЖЕЛЕЗНИЧКА ПРУГА
  - ТРАМВАЈСКА ЛИНИЈА
  - ПОСТОЈНА ВОДОВОДНА МРЕЖА
  - ПЛАНИРАНА ВОДОВОДНА МРЕЖА
  - ПОСТОЈНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
  - ПЛАНИРАНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
  - ПОСТОЈНА АТМОСВЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
  - ПЛАНИРАНА АТМОСВЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
  - ПОСТОЈНА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА
  - ПЛАНИРАНА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА
  - ПОСТОЈНИ ЕЛЕКТРИЧНИ ВОДОВИ
  - Е2 КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА
  - Е2 КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА - ПРОТИВПОЖАРЕН ДОМ
  - ПОСТОЈНА ТРАФОСТАНИЦА 10/0,4KV
  - ПЛАНИРАНА ТРАФОСТАНИЦА 10/0,4KV
  - НИВЕЛМАН ПОДОЛЖЕН
  - ДЕНИВЕЛИРАН ПРЕМИН НА ЖЕЛЕЗНИЦА
  - РАСКРСНИЦА ВО НИВО

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ГРАДСКА ЧЕТВРТ С 2
ОПШТИНА БУТЕЛ - СКОПЈЕ
ПЛАНСКИ ПЕРИОД 201 - 201
М=1:1000



ВРЕДНОСТИТЕ НА ПОВРШИНИТЕ НА ПАРЦЕЛИТЕ ВО ТАБЕЛИТЕ СЕ ИНФОРМАТИВНИ. ВИСТИНСКИТЕ ВРЕДНОСТИ СЕ ДОБИВААТ ОД НАДЛЕЖНА ИНСТИТУЦИЈА ПО КАРТИРАЊЕ НА ПЛАНОТ.

M - 1 : 1000
5 10 20 30 50m

ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА

НОСИТЕЛ НА ПЛАНОТ: **ОПШТИНА БУТЕЛ - СКОПЈЕ**

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ С25, ОПШТИНА БУТЕЛ - СКОПЈЕ

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
СИНТЕЗЕН ПЛАН

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК:
БЛАГОЈА ТАГАСОВСКИ
д.и.а. овластување 0.0063

ПЛАНЕРИ:
ТОНКА АНДОНОВА д.и.а. овластување 0.0447
СИЛВАНА ВАНОВСКА д.и.а. овластување 0.0065

СОРАБОТНИЦИ:
НИКОЛИНА ШАНДЕВСКА д.г.и. овластување 2.0129
ИВИЦА СТОИЛОВСКИ д.с.и. овластување 5.0034
ЕЛЕНА **АНДРЕЕВА** д.и.а. овластување 0.0413
БОГДАН НАСТЕСКИ - ГЕРМАН д.и.а. овластување 0.0412

УПРАВИТЕЛ:
БОРИСЛАВ ЈОСИФОВ д.и.а.

РАЗМЕР:
P = 1 : 1000


Технички број: 123/2014

ДАТА:
СКОПЈЕ, ДЕКЕМВРИ 2015

ЛИСТ БРОЈ:
4

ПРОФИЛИ
НА СООБРАЌАЈНИЦИ:

ГРАДСКА МАГИСТРАЛА




ул. Босна и Херцеговина

СОБИРНА УЛИЦА



ул. Лазар Трповски

дел од
бул.„Македонско Косовска бригада"
(ул. Индира Ганди)



дел од
бул.„Македонско Косовска бригада"
(ул. Индира Ганди)

СЕРВИСНА УЛИЦА



дел од ул.„Босна и Херцеговина"

дел од
бул.„Македонско Косовска бригада"

СТАНБЕНА УЛИЦА



дел од ул.„Босна и Херцеговина"



дел од ул.„Босна и Херцеговина"


РЕГУЛИРАН ВОДОТЕК




Регулирана водотек
река Серава



Регулирана водотек
река Серава со дел од ул.„Босна и Херцеговина"






ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
- 1.1 НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- ЕЛЕМЕНТИ НА УЛИЧНА МРЕЖА
- ОСКА НА СООБРАЌАЈНИЦА
- Р.Л РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- Г.П ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- Г.Л ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ПОМОШНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- Н=10.20м ВИСОЧИНА НА ГРАДЕЊЕ
- П+2+Пк КАТНОСТ НА ОБЈЕКТ
- ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА

КЛАСА НА НАМЕНА:

- Б КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ
- ГТЕ ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ
- Г ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ
- ЛИ ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА
- Д ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА
- ЗЗ ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО
- Е ИНФРАСТРУКТУРА
- Е1 КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
- КОЛОВОЗ
- ТРОТОАР
- ЗАШТИТЕН ПРУЖЕН ПОЈАС
- ЖЕЛЕЗНИЧКА ПРУГА
- ТРАМВАЈСКА ЛИНИЈА
- Е2 КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА
- Е2* КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА - ПРОТИВПОЖАРЕН ДОМ
- ПОСТОЈНА ТРАФОСТАНИЦА 10/0,4KV
- ПЛАНИРАНА ТРАФОСТАНИЦА 10/0,4KV
- НИВЕЛМАН ПОДОЛЖЕН
- ДЕНИВЕЛИРАН ПРЕМИН НА ЖЕЛЕЗНИЦА
- РАСКРСНИЦА ВО НИВО

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ГРАДСКА ЧЕТВРТ С 2
ОПШТИНА БУТЕЛ - СКОПЈЕ
ПЛАНСКИ ПЕРИОД 201 - 201
M=1:1000



M - 1 : 1000
5 10 20 30 50m

ВРЕДНОСТИТЕ НА ПОВРШИНИТЕ НА ПАРЦЕЛИТЕ ВО ТАБЕЛИТЕ СЕ ИНФОРМАТИВНИ. ВИСТИНСКИТЕ ВРЕДНОСТИ СЕ ДОБИВААТ ОД НАДЛЕЖНА ИНСТИТУЦИЈА ПО КАРТИРАЊЕ НА ПЛАНОТ.

ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА

НОСИТЕЛ НА ПЛАНОТ: **ОПШТИНА БУТЕЛ - СКОПЈЕ**

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ С25, ОПШТИНА БУТЕЛ - СКОПЈЕ

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА -
СООБРАЌАЕН И НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК:
БЛАГОЈА ТАГАСОВСКИ
д.и.а. овластување 0.0063

ПЛАНЕРИ:
ТОНКА АНДОНОВА д.и.а. овластување 0.0447
СИЛВАНА ВАНОВСКА д.и.а. овластување 0.0065

СОРАБОТНИЦИ:
НИКОЛИНА ШАНДЕВСКА д.г.и. овластување 2.0129
ИВИЦА СТОИЛОВСКИ д.с.и. овластување 5.0034
ЕЛЕНА **АНДРЕЕВА** д.и.а. овластување 0.0413
БОГДАН НАСТЕСКИ - ГЕРМАН д.и.а. овластување 0.0412

УПРАВИТЕЛ: БОРИСЛАВ ЈОСИФОВ д.и.а.	РАЗМЕР: P = 1 : 1000
Технички број: 123/2014	ДАТА: СКОПЈЕ, ДЕКЕМВРИ 2015
	ЛИСТ БРОЈ: 2

УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

1. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО ЗА ГРАДБИ КОИ ВАЖАТ ЗА ЦЕЛИОТ ПЛАНСКИ ОПФАТ

1.1 Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

1.2 Во Деталниот урбанистички план предвидени се следните класи на намени:

Б - Комерцијални и деловни намени

Б2 – Големи трговски единици

Г- Производство, дистрибуција и сервиси

Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија

Д - Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори

Д2 – Заштитно зеленило

Е - Инфраструктура

Е1 – Комунална инфраструктура

Е2 – Комунална супраструктура

Заради флексибилноста на планот предвидени се зони со компатибилни класи на намени што се дадени во планот.
Градежна линија се исцртува во градежни парцели каде што со планот се утврдуваат услови за идна градба.

1.3 Согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 63/12, 126/12 ,19/13, 95/13, 167/13, 37/14 и 125/14), постојат три вида на градежни линии:

- Градежна линија како ознака за просторната граница за градење дефинирана во член 35 став 1 од овој Правилник.
- Помошна градежна линија како ознака за денивелација, пасажи или друга промена во рамките на површината за градење.
- Подземна градежна линија со која се уредува границата за градење под котата на теренот доколку таа не се совпаѓа со градежната линија која ја ограничува надземната изградба.

1.4 Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања од страна на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите.

1.5 Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела со соседот не се дозволени пречекорувања на градежната линија со ниту еден вид архитектонски испакнувања.

1.6 Кога површините за градење од страната на градежната парцела се на растојание од 3 м и помало не се дозволени пречекорувања на градежната линија со прво и второ степена пластика

1.7 Процентот од вкупната должина или површина од фасадата кој може да го зафати одреден тип архитектонска пластика ќе се дефинира во согласност со архитектонското обликување на објектите. Истиот не може да надмине повеќе од 60% од површината на фасадата.

1.8 Вкупно изградената површина за градба е презентирана без површината од еркери и други дозволени пречекорувања од член 38 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 63/12, 126/12 ,19/13, 95/13, 167/13, 37/14 и 125/14). Вкупно изгрзденатa површина на еркерите и останатите дозволени пречекорувања може да изнесува до 10% од дозволената вкупна изградена површина.

1.9 Површина за градење е планска одредба со која во урбанистички план се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење на градбите.
Површината за градење е дефинирана во рамки на една градежна парцела и не може да се протега низ две или повеќе парцели. Континуитетот на површината за градење низ две или повеќе градежни парцели во урбанистичкото планирање се добива како збир од поединечни површни за градење чиишто граници се совпаѓаат, со границите на градежните парцели со што се обезбедува калканско спојување на соседните градби во низа, уличен фронт и слично.
Во една градежна парцела по правило има една површина за градење во која може да се гради само една градба. Комплексните градби составени од повеќе површини за градење во една градежна парцела по правило се уредуваат со архитектонско - урбанистички проект од член 51 став 1 од Законот како разработка на површината за градење уредена во урбанистички план.

1.10 Кога растојанието помеѓу површината за градење и страната на градежната парцела е нула, не се дозволени никакви отвори на ѕидот на градбата на границата на градежната парцела. Кога растојанието е од 1,20 до 3,00 метри дозволени се само помошни отвори со парапет од најмалку 1,60 метри, а на растојанија од 3,00 метри и над 3,00 метри дозволени се регуларни отвори на таа страна од градбата.

1.11 Максимална височина на градбите, е добиена согласно параметрите зададени во Правилникот. Нултата плоча во однос на теренот за сите видови градби со намена домување или мешани намени на домување со комерцијални намени во приземјето е 1,20m. Најмалата катна височина со која се пресметува бројот на катови, мерено од плоча до плоча за домување е 2,90m,а за деловна дејност 3,40m.

1.12 Максималната височина на слеме е до 4,50m над завршниот венец на градбата. Во рамките на дозволената висина на слемето и силуетата на покривот се уредува потпокривен корисен простор кој се третира рамноправно како и другиот корисен изграден простор по катовите на градбата. Во потпокривот може да се искористи само една катна височина.

1.13 Од максималната височина на слемето и дозволената силуета на покривот може да отстапуваат други делови на градбите во планскиот опфат:
- кули, покривни бањи, стакларници и издадени покривни елементи,
- оџаци, вентилациони канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите техничко - технолошки инсталации и
- сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обѕидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот.

1.14 Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања од страна на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите:
Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела со соседот не се

одобруваат пречекорувањата на градежната линија со ниту еден вид архитектонска пластика;

Кога градежната линија не се совпаѓа со границата на градежната парцела можните пречекорувања не смее да излезат надвор од границата на градежната парцела на било која височина на теренот.

Доколку градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, дозволени пречекорувања се:

-првиот скалник од влезните партии до 30см ако ширината на тротоарот е поголема од 2м.

- првостепена пластика во која спаѓаат: ризалити, влезни партии, конструктивни столбови, вертикални комуникации и други издадени делови на архитектонската основа до 30см ако широчината на тротоарот е поголема од 2м.

-второстепена пластика во која спаѓаат: еркери, балкони, конзоли, стреи, брисолеи и др. кои се појавуваат помеѓу првиот спрат и горниот венец до 90см длабочина за уличен коридор широк до 12м и до 7,5% од широчината на коридорот, но не повеќе од 1,5м длабочина. Елементите на второстепената архитектонска пластика не треба да се појавуваат на фасадата на градбата најмалку 3,6м над котата на тротоарот.

-третостепена пластика во која спаѓаат пиластри, корнизи, подпрозорници, венци и друга плитка архитектонска пластика до 30см.

Сите горенаведени отстапувања од градежната линија не влегуваат во максимално дозволената површина за градба предвидена за секоја градежна парцела поединечно.

1.15 Доколку градежната линија кон дното од парцелата е на растојание помало од 6 метри не се дозволени еркерни испусти, а доколку растојанието е поголемо од 6 метри и од 1/3 од висината на објектот дозволено е поставување на еркерни испусти.

1.16 Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.

Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен во процент. Во површината под градба се подразбира површината ограничена со надворешните ѕидови и столбови на градбата во висина на приземната плоча без надворешните тераси, скали, рампи, патеки и друго.

Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.

Коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени катови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со рационален број до две децимали. Под вкупна изградена површина се сметаат површините на сите надземни етажи.

Параметрите во однос на процентот на изграденост, како и на коефициентот на искористување на земјиштето се во рамките на предвидените со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 63/12, 126/12 ,19/13, 95/13, 167/13, 37/14 и 125/14) во услови на дисперзивно градење и се дадени во табелата во синтезниот графички прилог за секоја градежна парцела одделно.

1.17 За определувањето на потребниот број на паркинг места според намената на земјиштето и градбите и нивната големина, кој ќе се утврди во урбанистичкиот план како планска одредба односно услов за градење, служат следниве нормативи:

Паркирањето на моторните возила со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба, да се реши во секоја градежна парцела засебно, а во сѐ според член 61 од Правилникот за

стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 63/12, 126/12 ,19/13, 95/13, 167/13, 37/14 и 125/14).

1.18 Во архитектонското обликување на објектите покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките и другите микролокациски услови, треба да се води сметка за специфичностите на приračните градежни материјали и традиционалните вредности и културата во градењето. Покрај императивните услови кои произлегуваат од дозволените граници на изградба, во компонирање на фасадите треба да се тежнее кон нивно максимално усогласување со соседните објекти со композициските линии на соседите, но сепак со максимално почитување на индивидуалноста на сопственикот и креативноста на архитектот.

1.19 При изградба на нови објекти и содржини во просторот се применуваат мерките за спречување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на хендикепираните лица, особено во делот на достапноста до јавните објекти.

1.20 Површините за движење на пешаците кои се планираат во урбанистичките планови: тротоари, пешачки улици, пешачки патеки, плоштади и плоштатки мора да се со континуирана нивелета без скалести денивелации со подолжен наклон од најмногу 8,33%, секаде каде што карактеристиките на теренот го дозволуваат тоа.

1.21 Условите за градење на станбените и другите видови на објекти, треба да ги содржат и посебните услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефонија и одводнувањето на отпадните води.

1.22 При изработката на Основните проекти за сите градби, неопходно е да се обезбеди простор за шахти за приклучоци кон комунална инфраструктура (канализација, водовод), кои ќе бидат лоцирани непосредно до регулациона линија. Потребно е да се овозможи непречен пристап до овие шахти за техничките служби на претпријатијата кои стопанисуваат со комуналната инфраструктура.

1.23 При реализација на сите градежни парцели со катност поголема од П+3, неопходно е да се предвиди поставување на уреди за локално зголемување на притисокот во водоводната мрежа во објектите.

1.24 Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат.

1.25 Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управа на Општината. Локациите мораат да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.

1.26 Доколку при реализација на Детален урбанистички план за Градска четврт С 25 во Општина Бутел, со плански период 2014-2019 , се појави археолошко наоѓалиште, да се постапи во согласност со одредбите на член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на Република Македонија, бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13 и 37/14).

За сè што не е регулирано со овие параметри, се применуваат стандардите и нормативите утврдени во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 63/12, 126/12 ,19/13, 95/13, 167/13, 37/14 и 125/14).

6. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА НАЧИНОТ, ОБЕМОТ И ДИНАМИКАТА НА ФИНАНСИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА

Обемот, динамиката на финансирање и реализација на планските решенија на **Детален урбанистички план за Градска четврт С 25 во Општина Бутел, со плански период 2014-2019**, кој е предмет на изработка, ги опфаќа сите трошоци за планирање, проектирање, подготвување (уредување) на земјиштето изградбата на објектите, надворешните инсталации и партерното уредување.

Секако дека има и други трошоци освен наброените, што влијаат на висината на вкупните средства потребни за реализација на еден ваков документ.

Секакво определување на трошоците за реализација на овој опфат наречени „економско образложение" е соочено и оптоварено со низа ограничувања и истите реално ќе произлезат од вредностите пресметани со Идејните и Основните проекти, а се изложени и на чести промени на цените на пазарот, неможноста да се утврдат одделни ставки на трошоци, непредвидливоста на одделни трошоци, обемот на уредување на градежното земјиште, постојаниот расчекор помеѓу потребите и можностите, недостатокот на егзактни елементи за докажување на одредени претпоставки и слично.

Поради сето изнесено економското образложение го сфаќаме како најгруба апроксимација, која не би можело да има карактер на било која планска одредба.

Ова посебно важи за ваков плански опфат како дел на градското земјиште во сопственост на корисниците и сите вложувања во постојна инфраструктура, која се задржува и се вклопува во потребите на дел од опфатот.

Економското образложение за оправданоста на планскиот концепт произлегува од реалната состојба на теренот, планските одредби од важечката планска документација и планските решенија кои ги нуди предметниов план.

Планот предвидува 120961 m² бруто развиена површина со различна класа на намени. Спроведувањето на одредбите од овој План ќе претставува своевиден импулс во развојот на Општината Бутел прилив на финасиски сретства по основ на комунална такса за градба за општините и можност за целосен развој на инфраструктурниот систем, согласно планските одредби од овој план, но и согласно ГУП на Град Скопје.

7. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

7.1. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Врз основа на член 53 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 93/12 – Прочистен текст) за планската документација **Детален Урбанистички план за Градска четврт С 25, Општина Бутел-Скопје, Плански период 2014 - 2019**, се предвидуваат мерки за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи во мир и во војна и од воени дејства во Република Македонија.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко - технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко - технички мерки се:

- засолнување
- заштита и спасување од поплави
- заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
- заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства
- заштита и спасување од урнатини
- заштита и спасување од техничко - технолошки несреќи и
- спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:

- евакуација
- згрижување на загрозеното и настраданото население
- радиолошка, хемиска и биолошка заштита
- прва медицинска помош
- заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
- заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
- асанација на теренот.

7.2. ЗАСОЛНУВАЊЕ

Република Македонија има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошко - хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.

7.3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Заштита и спасување од поплави мора да се предвиди бидејќи во близина се наоѓа река Вардар која во пролетните периоди има големо количество на вода. Исто така мора д се предвиди и рушење на браните кои се изградени низводно на река Треска при што би имало сериозни последици по Општината БУТЕЛ.

7.4. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

На површината на предметниот плански опфат на **Детален Урбанистички план за Градска четврт С 25, Општина Бутел-Скопје, Плански период 2014 - 2019**, предвидени се вкупно 9 градежни парцели, од кои 7 се со намена Б2 –Големи трговски единици, 2 е со намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија.

Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 3,5m со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Сообраќајниот систем во локалитетот овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила. Сообраќајницата и пристапот се така планирани да овозможува несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0cm и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на противпожарниот дом во Скопје, би изнесувал од 10 до 15мин.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 93/12 – Прочистен текст). Со планирањето на хидрантската мрежа да се задоволат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевководи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа да се предвиди прстенест систем на цевководи, со минимален пречник Ø80mm. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ø80mm се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевководи имаат пречник најмалку Ø80mm. Хидрантите да се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150m. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати, според пропишани стандарди. Уредите, инсталациите, опремата и средствата од ставот 1 на овој член, задолжително треба да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.

Согласно Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 93/12 – Прочистен текст) член 70, инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција - пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување. Директорот на Дирекцијата ја утврдува

содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Одредбата од ставот 1 на овој член ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10 метри и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица.

За објектите на кои не се однесува одредбата на овој член се применуваат важечките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

7.5. ЗАШТИТА ОД НЕЕКСПЛОДИРАНИ УБОЈНИ И ДРУГИ ЕКСПЛОЗИВНИ СРЕДСТВА

Согласно Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, бр. 93/12 – Прочистен текст) член 80, заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уредено место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уредено место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

7.6. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

За заштита на локалитетот од урнатини при урбанистичкото планирање превземени се следните мерки:

- најмало растојание од градежната линија до следната градежна линија е 6,00m, на коридорот на улиците;
- објектите се со кота на венец до 47,5m;
- при рушење објектот ја зафаќа h/2 од површината околу себе, односно руините се во најголем дел во склоп на парцелата;
- сообраќајната мрежа нема да биде оптоварена со руини и ќе има можност за пристап на возила за пожар, прва помош, и т.н.

Територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од IX степени МСЗ, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на новите објекти.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

7.7. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ТЕХНИЧКО - ТЕХНОЛОШКИ НЕСРЕЌИ

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокатa животна средина потребно е одржување на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси заради одбегнување на технолошките катастрофи, ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување

на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти и заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи или последици од пожар и експлозии.

Услови за заштита и спасување од техничко - технолошки несреќи:

- потребно е да се предвидат превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- потребна е замена на халогенираните јагленоводороди како разладни средства и пропеланти, редукција на сегашната емисија на голем број на опасни супстанци и редукција на емисија на бензин, хлорометан, духлоретан, бакар и кадмиум, намалување на емисијата на јаглероден диоксид и сулфур диоксид и дефосфатизирање и денитрифицирање на отпадниот материјал.
- изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

7.8. СПАСУВАЊЕ ОД СООБРАЌАЈНИ НЕСРЕЌИ

Планираната улична мрежа за документација **Детален Урбанистички план за Градска четврт С 25, Општина Бутел-Скопје, Плански период 2014 - 2019**, е планирана по принцип на хиерархиска функционална класификација, од примарна и секундарна мрежа.

Стационарниот сообраќај е решен согласно член 59 и член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 63/12, 126/12 ,19/13, 95/13, 167/13, 37/14 и 125/14). Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како вертикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош зависи од оддалеченоста на најблиската болница или поликлиника, која за овој плански опфат во реонот на Клиничка болница - Скопје би изнесувал од 5 до 10мин.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на противпожарниот Бутел во Скопје би изнесувал од 10 до 15мин.

7.9. ЕВАКУАЦИЈА

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.
Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи.
Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време.

7.10. ЗГРИЖУВАЊЕ НА ЗАГРОЗЕНОТО И НАСТРАДАНОТО НАСЕЛЕНИЕ

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни

непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење.

7.11. РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Надлежните субјекти потребно е да преземат мерки и активности за заштита и спасување и тоа:

- РХБ извидување на територијата
- дозиметриска контрола
- детекција на РХБ агенси присутни на одредено подрачје
- лабораториско испитување на видот, концентрацијата, својствата и другите карактеристики на РХБ контаминентите.

7.12. ПРВА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.
Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош за овој плански опфат во реонот на Клиничка болница - Скопје би изнесувал од 5 до 10мин.

7.13. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ЖИВОТНИ И ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, епизоотии и други несреќи.

Превентивните мерки за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помош на повреден, заболен и контаминиран добиток со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето и транспорт до соодветните ветеринарни установи.

7.14. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА РАСТЕНИЈА И ПРОИЗВОДИ ОД РАСТИТЕЛНО ПОТЕКЛО

Заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, епифитотии, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.

Превентивните мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење. Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

7.15. АСАНАЦИЈА НА ТЕРЕНОТ

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на загинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите како и асанација на објектите за водоснабдување.

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Евентуалните отпадоци од некој процес на производството потребно е да се собираат во посебен контејнер. Со тоа ќе се спречи загадување на почвите и на подземните води, а со тоа на животната и работна средина воопшто. Денешниот степен на развиток на сите научни гранки на техниката и хемијата, апсолутно овозможува здрав и чист животен амбиент, бидејќи може да се прочисти готово секој вид на отпадна вода. Со прочистување на отпадната вода, како и со заштита на водата од загадување, се решава проблемот на снабдување на стопанството и населбите со чиста вода. Со тоа се решава и прашањето на водата како елемент на животната средина, пресуден за егзистенција на човекот.
Носителите на одделните активности за асанација на теренот ќе се утврдуваат според надлежноста за предметниот реон.
Врз основа на член 29 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија,бр. 93/12 – Прочистен текст) Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

ii. при планирањето и уредувањето на просторот и населбите;
iii. во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати,енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко- угостителска дејност и
iv. при изградба на објекти и инфраструктура. Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

1) изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;
2) регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи;
3) изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;
4) обезбедување на противпожарни пречки;
5) изградба на објекти за заштита и
6) изградба на потребната инфраструктура.

При примена на планските решенија на Изменување и дополнување на Детален урбанистички план, за што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија,бр. 93/12 – Прочистен текст), Процена за загрозеност на Република Македонија од природни непогоди и други несреќи (Службен весник на Република Македонија, бр. 117/07), Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Службен весник на Република Македонија, бр. 76/06) и Уредбите за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари и урнатини (Службен весник на Република Македонија, бр. 8/05).

7.16. ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Во границите на опфатот на планот не постои регистрирано културно наследство, ниту објекти за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на Република Македонија, бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 37/14 и 125/14).

НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

1. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Планот предвидува урбанизирање со почитување на законските одредби и нормативи.

Во рамките на опфатот формирани се 11 градежни парцели.

Бруто максималната развиена површина на ниво на плански опфат е 120961 m².

Просечен бруто процент на изграденост изнесува 80.60%

Просечен бруто коефициент на искористеност изнесува 1.87

Планирани површини по класи на намена на ниво на цел опфат

	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛА	ПРОЦЕНТ НА ЗАСТАПЕНОСТ НА КЛАСА НА НАМЕНА
	Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	35547m²	37,3%
	Г- ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ	28214m²	29,6%
	Д - ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА	2722m²	2,9%
	Е1- КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА (ПРИМАРНА)	12637m²	13,2%
	Е1- КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА (СЕКУНДАРНА)	15437m²	16,2%
	Е2- КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА	870m²	0,9%
	ВКУПНО ГРАНИЦИ НА ОПФАТ	**95427m²**	**100,0%**

Планирани вкупни етажни површини за градење по намена на градбите, урбанистички параметри како што се процентот на изграденост на земјиштето, коефициент на искористеност на земјиштето, површини на градежните парцели, планираните површини за градење, висините на планираните градби. Табелата ги прикажува урбанистичките параметри на ниво на градежна парцела и на ниво на плански опфат.

	НУМЕРАЦИЈАНА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	КЛАСА НА НАМЕНА	ВИСИНА НА КОРИЗОНТАЛЕН ВЕНЕЦ	КОМПАТИБИЛНИ И КЛАСИ НА НАМЕНА	КАТНОСТ	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА	ВКУПНА ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА	ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ %	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ
ДУП С25	1.1	Б2	H=20,0m	А2, А3, Б5,Б3,Б4,В3,В4, до 40%	П+4	4289m2	3051m2	15254m2	Потребен број на паркинг места се пресметуваат согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник бр. 63/12 , 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14 и 148/14)	71,1%	3,56
	1.2	Г2	H=15,0m	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4 до 49%	П+2	1543m2	1094m2	3282m2		70,9%	2,13
	1.3	Б2	H=15,0m	А2, А3, Б5,Б3,Б4,В3,В4, до 40%	П+2	3072m2	1823m2	5470m2		59,4%	1,78
	1.4	Б2	H=15,0m	А2, А3, Б5,Б3,Б4,В3,В4, до 40%	П+2	625m2	219m2	656m2		35,0%	1,05
	1.5	Б2	H=15,0m	А2, А3, Б5,Б3,Б4,В3,В4, до 40%	П+2	2531m2	1786m2	5358m2		70,6%	2,12
	1.6	Б2	H=15,0m	А2, А3, Б5,Б3,Б4,В3,В4, до 40%	П+2	1617m2	977m2	2931m2		60,4%	1,81
	1.7	Г2	H=15,0m	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4 до 49%	П+2	1671m2	1092m2	3275m2		65,3%	1,96
	1.8	Б2	H=15,0m	А2, А3, Б5,Б3,Б4,В3,В4, до 40%	П+2	23333m2	20967m2	41934m2		89,9%	1,80
	1.9	Г2	H=15,0m	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4 до 49%	П+2	24525m2	20392m2	40783m2		83,1%	1,66
	1.10	Е2	H=15,0m		П+2	1340m2	666m2	1998m2		49,7%	1,49
	1.11	Е2	H=4,0m		П	78m2	21m2	21m2		26,8%	0,27
	ВКУПНО					**64623m2**	**52087m2**	**120961m2**		**80,6%**	**1,87**

2. БИЛАНСНИ (СПОРЕДБЕНИ) ПОКАЗАТЕЛИ

Споредбените податоци се земени за постојна состојба и планирана состојба.

ПОСТОЈНА СОСТОЈБА 2014 година

	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА	%
ДОКУМЕНТАЦИОНА	**Г - ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ**	61768 m²	**64,7%**
	НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	20118 m²	**21,1%**
	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	13541 m²	**14,2%**
	ВКУПНО ГРАНИЦИ НА ОПФАТ	**95427,00**	**100,0%**

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА 2014 – 2019 година
НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ по групи на класи на намени на ниво на плански опфат

	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛА	ПРОЦЕНТ НА ЗАСТАПЕНОСТ НА КЛАСА НА НАМЕНА
	Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	35547m²	37,3%
	Г- ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ	28214m²	29,6%
	Д - ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА	2722m²	2,9%
	Е1- КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА (ПРИМАРНА)	12637m²	13,2%
	Е1- КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА (СЕКУНДАРНА)	15437m²	16,2%
	Е2- КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА	870m²	0,9%
	ВКУПНО ГРАНИЦИ НА ОПФАТ	**95427m²**	**100,0%**

Споредбени податоци со ГУП на Град Скопје 2012 – 2022.

Согласно ГУП Скопје 2012- 2022 за градската четврт С 25 се дадени следните параметри по однос на дозволените класи на намени:

ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ - НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ																
ЧЕТВРТ		ДОЗВОЛЕНИ КЛАСИ НА НАМЕНИ И ГРУПИ НА КЛАСИ НА НАМЕНИ														
С25		А (ДОМУВАЊЕ)	Б (КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ)	В (ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ)	Г2, Г3, Г4 (ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА, СЕРВИСИ И СТОВАРИШТА)	Г1 (ТЕШКА ИНДУСТРИЈА - ЗАГАДУВАЧКА)	Д1 (ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО)	Д2 (ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО)	Д3 (СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА)	Д4 (МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ)	Е1 (КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА) - ЈАВНИ ОТВОРЕНИ ПРОСТОРИ, УЛИЦИ И ЈАВНИ ПАРКИНЗИ	Е2 (КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА)	Е3 (НЕКОМПАТИБИЛНА ИНФРАСТРУКТУРА)	ПОВРШИНА ПОД СЕКУНДАРНА СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА	МИНИМАЛНИ ПОВРШИНИ ПОД ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО, ОДНОСНО ЈАВЕН ПРОСТОР
%	100	0	43	0	36	0	0	0	0	0	0	0	0	20	1
ХА	8,27	0,00	3,59	0,00	2,94	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	1,65	0,08

Споредбени податоци со ДУП на Град Скопје 2012 – 2022.

Согласно ДУП Скопје 2012- 2022 за градската четврт С 25 се дадени следните параметри по однос на дозволените класи на намени:

ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ - НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ																
ЧЕТВРТ		ДОЗВОЛЕНИ КЛАСИ НА НАМЕНИ И ГРУПИ НА КЛАСИ НА НАМЕНИ														
С25		А (ДОМУВАЊЕ)	Б (КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ)	В (ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ)	Г2, Г3, Г4 (ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА, СЕРВИСИ И СТОВАРИШТА)	Г1 (ТЕШКА ИНДУСТРИЈА - ЗАГАДУВАЧКА)	Д1 (ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО)	Д2 (ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО)	Д3 (СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА)	Д4 (МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ)	Е1 (КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА) - ЈАВНИ ОТВОРЕНИ ПРОСТОРИ, УЛИЦИ И ЈАВНИ ПАРКИНЗИ	Е2 (КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА)	Е3 (НЕКОМПАТИБИЛНА ИНФРАСТРУКТУРА)	ПОВРШИНА ПОД СЕКУНДАРНА СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА	МИНИМАЛНИ ПОВРШИНИ ПОД ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО, ОДНОСНО ЈАВЕН ПРОСТОР
%	100	0	43	0	35	0	0	0	0	0	0	0	0	19	3
ХА	8,27	0,00	3,56	0,00	2,91	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	1,54	0,26

Согласно ГУП Скопје 2012- 2022 за градската четврт С25 се дадени следните параметри по однос на дозволените класи на намени, густина на населеност и просечен број на катови во градската четврт:

	ПОВРШИНА НА ЧЕТВРТ ВО ХА	ДОМИНАНТНА КЛАСА НА НАМЕНИ	МАХ. ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА ДОМУВАЊЕ ХА	ПРОСЕЧЕН ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ ЗА ДОМУВАЊЕ **Р** %	ПРОСЕЧЕН БРОЈ НАДЗЕМНИ НИВОИ ЗА ДОМУВАЊЕ	ПРОСЕЧНА БРУТО ИЗГРАДЕНА РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ДОМУВАЊЕ М2	ПРОСЕЧЕН КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ ЗА ДОМУВАЊЕ **К**	БРОЈ ЖИТЕЛИ, ОДНОСНО КОРИСНИЦИ ВО ЧЕТВРТТА	ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА СЕМЕЈСТВА	МАХ. ДОЗВОЛЕНА НЕТО ГУСТИНА НА НАСЕЛЕНОСТ **Ж/ХА**
	8,27	**Б+Г** (МЕШАНА НАМЕНА)	0,00	0,00	0	0	0,00	150	0	0
Вкупно:	**8,27**		**0,00**			**0**		**150**	**0**	
ВРЕДНОСТИТЕ СЕ ВРЗ ОСНОВА НА МОЖНОСТИТЕ НА ПРОСТОРОТ										

Согласно ГУП Скопје 2012- 2022 за градската четврт С25 се дадени следните параметри по однос на инфраструктурните потреби на ниво на градската четврт:

ИНФРАСТРУКТУРНИ ПОТРЕБИ НА НИВО НА ЧЕТВРТ											
		ЕЛЕКТРИЧНА МОЌНОСТ kW	Qср/ден ВОДА ЗА ПИЕЊЕ М3/ДЕН	Qср/ДЕН ВОДА ЗА ПИЕЊЕ Л/СЕК	Qмах/ДЕН ВОДА ЗА ПИЕЊЕ Л/СЕК	Qмах/ЧАС ВОДА ЗА ПИЕЊЕ Л/СЕК	САНИТАРНА ВОДА ИНДУСТРИЈА Q МАХ/ДЕН Л/СЕК	САНИТАРНА ВОДА ЗА ИНДУСТРИЈА Q МАХ/ЧАС Л/СЕК	ОТПАДНА ФЕКАЛНА ВОДА М3/ДЕН	ОТПАДНА АТМОСФЕРСКА ВОДА Л/СЕК	ЕНЕРГИЈА ЗА ЗАТОПЛУВАЊЕ Mw/h /ГОД
	ПОТРЕБИ	1.730,98	60,00	0,69	1,04	1,35	6,79	10,20	48,00	454,85	0,00
ЕКОНОМСКА ОПРАВДАНОСТ ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ЦЕНТРАЛЕН ТОПЛИФИКАЦИСКИ СИСТЕМ: 30 СЕМЕЈСТВА/ХА							0,00 СЕМ/ХА				
ИНФРАСТРУКТУРНИТЕ ГРАДБИ, ОЗНАЧЕНИ ВО ОВОЈ ПЛАН СО СИМБОЛИ, ОБВРЗНО ДА СЕ УТВРДАТ СО ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ОД ПОНИСКО НИВО ЗА ЧЕТВРТТА											

ПАРАМЕТРИ СПОРЕД ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ С 25

Прикажани се посебни услови за четвртта С 25 – нумерички показатели, зададени со Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012 – 2022, споредени со планираните параметри од Деталниот урбанистички план, Градска Четврт С 25, Општина Бутел, Скопје. При презентацијата на параметрите земени се во обзир одредбите на Член 37 од точката „10. Општи и посебни услови за просторен развој" од Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012 – 2022.

Член 37

Долж примарната сообраќајна мрежа во планската документација од пониско ниво, се дозволува по целата должина на сообраќајниците да се планираат **линиски центри** со намена А, односно Б, односно В, или големини кои со своите параметри не влегуваат во нумеричките показатели на четвртта на која и припаѓаат.


Линиските центри треба да претставуваат логична целина со длабочина во четвртта до 25м., од обете страни на сообраќајниот коридор со можни тремови кои можат да излегуваат и надвор од регулациските линии коишто ја дефинираат сообраќајницата, но не преку линијата на пешачкиот дел од сообраќајниот профил.


Според одредбите од член 37 од посебни услови за спроведување на ГУП Скопје 2012 -2022 долж улиците на примарната улична мрежа се планирани комерцијални коридори за кои параметрите не треба да бидат земени при пресметувањето на параметрите на деталниот урбанистички план.

Согласно ДУП се дадени следните параметри по однос на инфраструктурните потреби на ниво на градската четврт:

		ЕЛЕКТРИЧНА МОЌНОСТ kW	Оср/ден ВОДА ЗА ПИЕЊЕ М3/ДЕН	Оср/ДЕН ВОДА ЗА ПИЕЊЕ Л/СЕК	Омах/ДЕН ВОДА ЗА ПИЕЊЕ Л/СЕК	Омах/ЧАС ВОДА ЗА ПИЕЊЕ Л/СЕК	[illegible]	[illegible]	ОТПАДНА ФЕКАЛНА ВОДА М3/ДЕН	ОТПАДНА АТМОСФЕР-СКА ВОДА Л/СЕК	ЕНЕРГИЈА ЗА ЗАТОПЛУ-ВАЊЕ Мw/h /ГОД
	ПОТРЕБИ	1.730,98	60,00	0,69	1,04	1,35	[illegible]	[illegible]	48,00	454,85	0,00

3. ПОПРЕЧНИ ПРОФИЛИ НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА




НАДВОЗНИК
СОБИРНА УЛИЦА УЛ. ПАЗАР ТРПОВСКИ
ПРЕСЕК
10
НИВЕЛЕТА НА ЖЕЛЕЗНИЧКА ПРУГА
288.20
5.0
280.20
276.24
Регулирана водотек
река Серава
дел од ул.„Босна и Херцеговина"
3.0
3.0
10.0

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА БУТЕЛ

Број: 2301-98/6 **од** 16.03.2021

Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина и лер Скопје

ИЗВОД ОД ПЛАН

ДУП: Измена и дополна на Детален Урбанистички План за Градска Четврт ССИ 02, Општина Бутел

Одлука бр: 08-1577/5 **од** 22.10.2020 год.

Намена на градба: /

ул. / **бр.** /

ДЛ: / **М** 1:1000


ИЗВОД ЗА

1. ГРАФИЧКИ ДЕЛ:

Графички приказ на следната страна

изготвил,
Благица Атанасова д.и.а.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА
ГРАДОНАЧАЛНИКОТ,
Слободан Невенов дипл.геод.инж.



НИВЕЛЕТА НА ЖЕЛЕЗНИЧКА ПРУГА



бул. "Индира Ганди 31"

НИВЕЛЕТА НА ЖЕЛЕЗНИЧКА ПРУГА



ул. "Словенија - С3"

РАСКРСНИЦА ВО НИВО

ДЕНИВЕЛИРАН ПРЕМИН НА ЖЕЛЕЗНИЦА

PROFILI NA SOOBRAJAJNICI



бул. Словенечка "Б"В.03-С.28
(градска магистрала)




бул. Индира Ганди 31
(собирна улица)




ул. Индира Ганди (Шуто Оризари)
(собирна улица)


Регулиран водотек
река Серава



Пресек 1-1 на корито на р.Серава




ул. Словенија - И2
(индустриска улица)



ул. Словенија - С1
ул. Словенија - С3
(сервисни улици)



ул. Словенија - П1
(пристапна улица)




(пешачки улици 1, 2)

(пешачка патека)

ШЕМАТСКИ ПРИКАЗ НА ПОСТОЈНИ ПЛАНОВИ



1. ПОСТОЕН ДУП
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 02
[ ] [ ] [ ] [


ГЧ С 06
ГЧ ССИ 01
ДУП ЗА РЕОН ССИ, ГЧ ССИ 01
ОПШТИНА БУТЕЛ
ГЧ ССИ 03
ДУП ЗА СЕВЕРНИОТ ДЕЛ ОД
ЛОКАЛИТЕТОТ КАСАРНА ИЛИНДЕН-СКОПЈЕ
ОПШТИНА БУТЕЛ
ГЧ С25
ДУП ЗА ГЧ С25
ОПШТИНА БУТЕЛ
ГЧ ССИ 03
ДУП ЗА ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА И СЕРВИСИ
СКОПЈЕ - СЕВЕР
ОПШТИНА БУТЕЛ
БЕЛГРАД, КРАЉЕВО - МЖ - СКОПЈЕ
Река "Серава"
ул. "Словенија" - Ø350
ул. "Словенија" - С1
ул. "Словенија" - С2
ул. "Словенија" - С3
ул. "Словенија" - С4
ул. "Словенија" - С5
ул. "Словенија" - С6
ул. "Словенија" - С7
ул. "Словенија" - С8
ул. "Словенија" - С9
ул. "Словенија" - С10
ул. "Словенија" -

ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 02, ОПШТИНА БУТЕЛ

ИСПРАВЕН ПРЕДЛОГ ПЛАН

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

документациона основа

редни број	намена на површини	површина на катастар m2	површина под објекти m2	индекс изграђености површина %
1	А1 - ДОМИНАНЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ	762m2	251m2	33m2 / 1.1%
2	Б3 - ГОЛЕМИ УГОСТИТЕЛСКИ КЛИНИЦИ	4549m2	2498m2	4123m2 / 6.8%
3	Г2 - ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА	5809m2	1569m2	4155m2 / 8.8%
4	ОБЈЕКТИ ВО ИЗГРАДБА	10471m2	2625m2	9549m2 / 15.7%
5	НЕИЗГРАДЕНО ВНЕМЈУЛТЕ	26853m2	/	/ / 40.3%
6	ВОДЕНА ПОВРШИНА	3953m2	/	/ / 5.9%
7	ЗЕЛЕНИЛО	2509m2	/	/ / 3.8%
8	СООБРАЌАЈ	11632m2	/	/ / 17.5%
Вкупно:		**66652m2**	**7115m2**	**18079m2** / **100.0%**


планска документација

редни број	намена на површини	површина на катастар m2	површина под објекти m2	индекс изграђености површина m2	процент %
1	Б2 - Големи трговски единици	13991m2	8600m2	14399m2	21.0%
2	Г2 - Лесна индустрија	13659m2	11253m2	14852m2	22.7%
3	Г3 - Сервиси	8523m2	625m2	2489m2	1.3%
4	Д2 - Заштитно зеленило	5988m2	/	/	8.6%
5	К2 - Техничка инфраструктура	1137m2	635m2	327m2	1.6%
6	К2 - Комунална супраструктура	133m2	89m2	89m2	0.2%
7	Водени површини	2489m2	/	/	3.7%
8	Е1 - Комунална инфраструктура (надворешна мрежа)	478m2	/	/	0.7%
9	К1 - Комунална инфраструктура (Сообраќај - сегрегирано јавно мирување)	[Сообраќај] 11499m2	/	/	17.3%
Вкупно:		**54700m2**	**21347m2**	**4511m2**	**82.1%**
10	К1 - Комунална инфраструктура (Сообраќај - нормално јавно мирување)	[Сообраќај] 11952m2			17.9%
Вкупно:		**66652m2**	**21347m2**	**4511m2**	**100.0%**

Општина: Бутел

Локалитет: Измена и дополна на ДУП за градска четврт ССИ 02

Измена и дополна на ДУП за градска четврт ССИ 02, Општина Бутел	параметри	
ПОВРШИНА ПОД ОБЈЕКТИ	m2	21307m2
ВКУПНО ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА	m2	85118m2
Б-КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ (изградена површина)	m2	34399m2
Г-ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ (изградена површина)	m2	47351m2
К-КОМУНАЛНА СУПЕРСТРУКТУРА (изградена површина)	m2	9368m2
ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ	%	32%
КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	k	1.28
Д2 - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО	m2	5099m2
СООБРАЌАЈНИЦИ	m2	23451m2



ПРОФИЛИ НА СООБРАЌАЈНИЦИ

РАСКРСНИЦА ВО НИВО

ЗЕНИВЕЛИРАН ПРЕМИН НА ЖЕЛЕЗНИЦА

ШЕМАТСКИ ПРИКАЗ НА ПОСТОЈНИ ПЛАНОВИ

1. ПОСТОЕН ДУП
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 02
[*1 / од9 #1 : 08-10522 / 1* 30.08.2016
2. СОСЕДЕН ДУП - ИСТОК
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ С25
[*1 / од9 #1 : 08-615 / 1* 26.01.2016
3. СОСЕДЕН ДУП - ЈУГОИСТОК
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА И СЕРВИСИ СКОПЈЕ-СЕВЕР
[*1 / од9 #1 : 08-5700 / 1* 08.12.1987
4. СОСЕДЕН ДУП - ЈУГ/ЗАПАД
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕВЕРНИОТ ДЕЛ ОД ЛОКАЛИТЕТОТ КАСАРНА ИЛИНДЕН-СКОПЈЕ
[*1 / од9 #1 : 07-10295/0 1* 28.11.2011
5. СОСЕДЕН ДУП - ЗАПАД
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН - ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 01,
[*1 / од9 #1 : 08-5614 / 1* 26.01.2016
6. СОСЕДЕН ДУП - СЕВЕР
ГРАДСКА ЧЕТВРТ С 06
[*1 / од9 #1 : 07-4555 / 1* 31.05.2016

ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ — Пл-б.67ка
- ГРАНИЦА НА БЛОК
- ГРАНИЦА НА КОНТАКТНА ЗОНА НА ЗАШТИТЕНО ДОБРО
- ГРАНИЦА НА НАМЕНСКА ЗОНА — ZN
- РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА по ГУП
- ГРАНИЦА НА ПАРЦЕЛА
- ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ПОДЗЕМНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ЛИНИЈА ЗА ОБЕЛИСКУВАЊЕ СООБРАЌАНИЦИ
- ГРАНИЦА НА ВОДЕНА ПОВРШИНА
- НУМЕРАЦИЈА НА БЛОК
- НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- КАТНОСТ НА ОБЈЕКТ — П+3
- ВИСОЧИНА НА ГРАДЕЊЕ — H=16.0м
- ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ ОГРАНИЧЕНА СО ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА — ГL
- ПОДЗЕМНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ / ПОДЗЕМНО ПАРКИРАЊЕ

НАМЕНА НА ЗЕМЈИТЕ

Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

- Б2 - Б2 - ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ

Г - ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ

- Г2 - Г2 - ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА
- Г3 - Г3 - СЕРВИСИ

Е - ИНФРАСТРУКТУРА

- Е1 - Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА (Сообраќајна инфраструктура)
- Е2 - Е2 - КОМУНАЛНА СУПЕРСТРУКТУРА (Трафостаници)
- ПОСТОЕНА ТРАФОСТАНИЦА 10/0,4 KV
- ПЛАНИРАНА ТРАФОСТАНИЦА

Д - ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА

- Д2 - Д2 - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО

СООБРАЌАЈ

- KOLOVOZ
- TROTOARI
- PRISTAPNA ULICA
- ZELENILO
- VODENI POVRŠINI
- СРЕДНО СТЕБЛЕСТО ЗЕЛЕНИЛО
- ВИСОКО СТЕБЛЕСТО ЗЕЛЕНИЛО (ДРВА)
- НИСКОСТЕБЛЕСТО ЗЕЛЕНИЛО
- 274.10 — НИВЕЛМАН
- ВИСИНСКИ КОТИ

КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

- ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ПОСТОЈНИ
- ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ПЛАНИРАНИ
- ЕЛЕКТРИКА ПОСТОЈНА
- ДИСЛОКАЦИЈА НА ПОСТОЈНА ЕЛЕКТРИЧНА МРЕЖА
- ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА ПЛАНИРАН ВН И ПОСТОЕН СН ЕЛЕКТРИЧЕН ВОД
- ВОДОВОДИ ПОСТОЕНИ
- ВОДОВОДНИ ИНСТАЛАЦИИ ПЛАНИРАНИ
- ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ПОСТОЈНА
- ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ПЛАНИРАНА
- АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ПОСТОЈНА
- АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ПЛАНИРАНА
- ПЛАНИРАН ГАСОВОД (СОГЛАСНО ГУП НА ГРАД СКОПЈЕ)
- ЖЕЛЕЗНИЧКА ПРУГА СО ЗАШТИТЕН ПОЈАС
- ПЛАНИРАНА ТРАСА НА ТРАМВАЈ-ВОЗ БР.4 (СОГЛАСНО ГУП НА ГРАД СКОПЈЕ)

ЛИЦЕНЦА БР. 0090

СИНТЕЗЕН ПЛАН

ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 02, ОПШТИНА БУТЕЛ

ТЕХ.БР. 140/18 — М 1:1000 — 7 / 7

ОДГОВОРЕН ПЛАНЕР:
БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ д.и.а. бр.ов. 0.0070
СОРАБОТНИЦИ:
ИСКРА ЕФРЕМОВА д.и.а. бр.ов. 0.0085
ЈОВАНА ЈОВАНОВСКА д.и.а. бр.ов. 0.0403
ФИЛИП КУЗМАНОВСКИ д.и.а.
ЛИЛЈА МИЊОВА м.и.а.
ИВИЦА СТОЈКОВСКИ д.с.и. бр.ов. 5.0034

УПРАВИТЕЛ: БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ

ИНВЕСТИТОР: ОПШТИНА БУТЕЛ

ЛОКАЦИЈА: ОПШТИНА БУТЕЛ — 09.2020

- сјаност на коловозот Lm=1-1,5 cd/m2
- средна погонска осветленост Esr=15-25 Lx
- просечна рамномерност jr=40%
- висина на монтажа на светилките H=8m
- светлосен извор VTFE-250W
- начин на поставување Едноредeн

"В" - паркинг простори

- средна погонска осветленост Eyg = 10-20 Eh
- просечна рамномерност jr = 25 %
- висина на монтажа на светилките N= 8(10) (m)
- светлосен извор VTFE - 250 W
- начин на поставување двореден (едноредeн)

Телефонска мрежа

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према принципот објект-телефон и за останатите функции бројот на телефонски приклучоци треба да се врши според нивната големина, бројот на вработени, нивната функција и слични критериуми.

Поврзувањето на телефонски потрошувачи ќе се изведе во склад со развојните програми на Македонски телекомуникации.

4.1.6.4. Гасификација

Со изработка на ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 02, ОПШТИНА БУТЕЛ за плански период 2012-2022 год, согласно ГУП на Град Скопје, на источната и јужната страна на планскиот опфат, се предвидува гасоводна мрежа, која соодветно е вметната во графичките прилози од планската документација.

4.1.8. Општи услови за изградба

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на Деталниот урбанистичкиот план, односно за изготвување на извод од урбанистички план и услови за изработка на архитектонско урбанистички проекти.

1. Општите услови и графичките прилози се составен дел на Планот и имаат правно дејности само врз градителска активност која ќе уследи по стапување во сила на измената и дополната на Деталниот урбанистички план.
2. Објектите кои се изградени се евидентирани на ажурирани геодетски подлоги во Документационата основа на планот, се третираат како постојна состојба.
3. Општите услови се применуваат во рамките на утврдената граница на планскиот опфат, а посебните услови се однесуваат на градежна парцела поединечно.
4. Надградби и доградби на постојните објекти може да се реализираат само по добиено мислење од компетентна институција дека постојниот односно реконструираниот конструктивен систем на објектот може да издржи таква надградба.

5. Во табеларниот приказ што е составен дел на посебните услови за изградба, прикажани се сите градежни парцели дефинирани со:

- број на градежна парцела;
- површина на градежна парцела (м²)
- површина за градење (м²)
- процент на изграденост (%);
- вкупна површина по катови (м²)
- коефициент на искористеност (К);
- намена на земјиштето и градбите;
- мах. висина на градбата (м');
- мах. број на катови;
- потребен број на паркинг места.

Сите овие одредби се одредени согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

6. Со планот се одредени следните услови:
   - облик и големина на градежна парцела (м²);
   - градежни линии кои го дефинираат просторот во кој може да се гради;
   - површина за градба во која може да се развие основата на објектот (м²);
   - процент на изграденост (%);
   - вкупна површина по катови (м²);
   - коефициент на искористеност (к);
   - намена на објектот;
   - мах.висина на објектот од нулта кота на заштитниот тротоар-мах.висина
   - на венец (м');
   - мах.број на катови;
   - врста на кров;
   - насоки за архитектонско обликување;
   - паркирање-гаражирање на возилата.
7. Паркирање – гаражирање на моторни возила да се реши во рамките на парцелите.
8. Површината за градба мора да биде во границите на дефинираната површина за градба, утврдена со овој план.
9. За објектите во рамките на планираната површина за градба, може да се изградат еден или повеќе градби во зависност од потребите и предвидената технологија.
10. Во градежните парцели во кои се планираат повеќе објекти, површините за градење ќе се дефинираат со изработка на архитектонско-урбанистички проекти по претходно дефинирана проектна програма, а во границите на утврдената површина за градба.
11. Во секоја градежна парцела, се предвидува можност за поставување на фотоволтаични панели на објектите за производство на електрична енергија, согласно Закон за енергетска дејност (Сл.Весник бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13 и 41/14).
12. Секоја градба или комплекс од градби, за кои има потреба од водоснабдување, да се поврзе со водоводната мрежа во приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена во сопствената градежна парцела. Приклучокот со примарниот вод да се изврши према важечките стандарди и нормативи за тој вид инфраструктура.
13. Секоја градба, или комплекс, за кои има потреба од одведување на отпадните води да се поврзе со инфраструктурната канализациона мрежа за одведување на отпадните води во приклучна шахта (атмосферска канализација-армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена на пресекот со осовината на примарниот одводен канал. Предтретманот на

отпадните води да се изведе во сопствена парцела.

14. Секоја градба да се поврзе со инфраструктурната канализациска мрежа за одведување на атмосферските води во приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена на пресекот со осовината на примарниот одводен канал.

15. По должината на цевководите за фекална и атмосферска канализација не треба да се планира изградба на градби за никакви намени. Просторот изнад цевководите во минимална ширина од три метри потребно е да се планира со зеленило или јавна површина.

16. Архитектонското обликување на објектите зависи од намената и функцијата. За компонирање на фасадите максимално да се почитува индивидуалноста на сопственикот и креативнсота на архитектот.

17. Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања од страна на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите.

18. Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела со соседот не се дозволени пречекорувања на градежната линија со ниту еден вид архитектонски издатини.

19. Доколку градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, дозволени пречекорувања се:

- првиот скалник од влезните партии до 30 см ако ширината на тротоарот е поголема од 2,00 см,
  столбови, вертикални комуникации и други издадени делови на архитектонската основа до 30 см ако широчината на тротоарот е поголема од 2,00 м,
- второстепена пластика во која спаѓаат: еркери, балкони, конзоли, стреи, брисолеи и др. кои се појавуваат помеѓу првиот спрат и горниот венец до 90 см длабочина за уличен коридор широк до 12 м и до 7,5% од широчината на коридорот, но не повеќе од 1,50 м длабочина. Елементите на второстепената архитектонска пластика не се појавуваат на фасадата на градбата најмалку 3,60 м над котата на тротоарот,
- третостепена пластика се појавува помеѓу котата на теренот и горниот венец се дозволува ако широчината на тротоарот е погилема од 2,00м

20. Кога површините за градење од страната на градежната парцела се на растојание од 3 м и помало не се дозволени пречекорувања на градежната линија со прво и второ степена пластика.

21. Доколку градежната линија е кон дното на градежната парцела дозволени се пречекорувања, но само доколку се обезбеди растојание од границата на градежната парцела до најистурената точка на пречекорувањето не помало од 1/3 од височината на градбата до венец.

22. Во ДУП-от употребена е подземна градежна линија и истата ќе може да се реализира доколку на ниво на ГП се обезбедат 20% зеленило.

23. Бруто развиената површина за градба е презентирана без површината од можни конзол, еркери и сл.

24. Процентот од вкупната должина или површина од фасадата кој може да го зафати одреден тип архитектонска пластика, да изнесува до 50 % од површината на фасадата.

25. Минималното растојание на второстепената пластика од соседот при калканско спојување на соседните градби треба да изнесува најмалку 10% од должината на уличната фасада на објектот, но не помалку од изведеното конзолно или еркерно пречекорување. Забраната за испуштање елементи од второстепена пластика во зоната на калканско поврзување на објектите не се однесува на објекти кои се градат на повеќе здружени парцели ниту пак за оние за кои постои согласност помеѓу соседите.

26. Максимална височина на градбата се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела. Доколку тротоарот долж лицето на парцелата е во пад,

максималната височина се одредува од висинската кота на тротоарот во средината на страната на површината за градење долж падот на теренот и завршниот венец на градбата.

27. Висината на венецот дадена на графичкиот прилог и табелите за нумерички показатели изразена во метри, за класите на намена Г2-Лесна индустрија, ГЗ – сервиси и Е2 – Технички преглед на возила, ќе зависи од технолошкиот процес и истата може да биде поголема од максималната. Максималната висина на објектите изразена во должни метри се определува од нивото на нивелетата на тротоарот односно сообраќајницата или пристапната патека до завршниот венец на објектот.

28. Котата на нулта точка е висинска кота на плочата на приземјето на градбата во однос на котата на нивелетата на заштитниот тротоар и не се дозволува нејзино поместување под ниво на тло/заштитен тротоар.

29. Во архитектонското обликување на објектите покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките, и другите микролокациски услови, треба да води сметка за специфичностите на приračните градежни материјали и традиционалните вредности и културата во градењето. Покрај императивните услови кои произлегуваат од дозволените граници на изградба, во компонирање на фасадите треба да се тежнее кон нивно максимално усогласување со соседните објекти со композициските линии на соседите, но сепак со максимално почитување на индивидуалноста на сопственикот и креативноста на архитектот.

30. Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот. Косите покриви имаат агол на косина од најмногу 35^0 кој се пресметува од завршниот венец на градбата но не повеќе од 4,5 м висина на слеме.

конфигурацијата на теренот да бидат континуирани, без скали и со подолжен наклон од 8,33%, а во спротивно до скалите да се предвиди и рампа со истиот наклон.

31. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормално одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.

32. Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат.

33. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управата на општината. Локациите мора да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите а уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.

34. Доколку при реализацијата на планираната градба дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Р. Македонија треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл. Весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13,137/13, 164/13 и 38/14 и 44/14 и 199/14 и 104/15 и 154/15, 192/15, 39/16, 11/18).

35. Содржината во текстуалниот и графичкиот дел од овој план преставува солидна основа за издавање на Извод од урбанистички план.

36. Основен услов за максимална изграденост на бруто предвидената површина е обезбедување на потребниот број на паркинг места.

37. Согласно Законот за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ бр. 11/18) при изработка на сите планови и проекти, треба да се обезбеди најмалку 20% зеленило на секоја градежна парцела. На градежните парцели со веќе изградени објекти, се прави компензација со поставување дрвореди и зеленило во жардиниери, на кровни тераси и фасади.

38. Доколку во планскиот опфат се планира изградба на:
    - Издвоени антенски столбови со височина поголема од 15м, или
    - Оџаци со височина поголема од 30м, или
    - Далноводи под напон поголем од 100кВ на премин преку автопат, или ветерници, или други објекти со височина поголема од 100м.

Задолжително да се побара мислење од Агенција за цивилно воздухопловство.

39. Во однос на железницата да се почитува член 39 и член 59 од Законот за железничкиот систем (Сл.в. на РМ бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18).

40. Општи услови за градење согласно податоците добиени од ЕВН- КЕЦ Васил Главинов:
    - Доколку при реализација на планираните градежни работи е потребна дислокација на електроенергетските објекти и постројки на ЕВН Македонија АД Скопје, барателот е должен да ги надомести трошоците за дислокација;
    - Во случај на настанување на штета на електроенергетските објекти, инвеститорот е должен да ја надомести штетата на ЕВН Македонија АД Скопје;
    - Пред отпочнување на градежните работи да се извести ЕВН КЕЦ Васил Главинов за да се направат контролни канали за пронаоѓање на прикажаните инсталации, како и да ги утврдиме на лице место постојните инсталации;
    - За секое откривање на неидентификувани инсталации, заштитни заземјувачи од поцинкувана лента, сонди и други инсталации кои се да се информира ЕВН КЕЦ Васил Главинов.

При издавање услови за проектирање на градбите, се што не е опфатено со овие услови, важат општите услови од ГУП на Град Скопје 2012-2022, како и посебните услови за предметната четврт од истиот ГУП.

При примена на планските решенија на Изменување и дополнување на Детален Урбанистички План за ССИ 02, Општина Бутел за плански период од 2018-2023год. за се што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

4.1.5. Општи насоки за заштита на културното наследство

Режим на заштита

Режимот на заштита, како однос на општеството кон културното наследство, ги регулира условите и начинот под кои се остварува заштитата, уредувањето и користењето на наследството.

Според Правилникот за содржината и методологијата за изработка на заштитно - конзерваторските основи за културното наследство, режимот на заштита се обработува за добрата опфатени со валоризацијата, ревалоризацијата и категоризацијата.

Режимот на заштита се определува според видот и категоријата односно заштитниот статус на добрата, како и според потребите и можностите на заедницата.

Режимот на заштита се определува за заштитеното подрачје во целина, без оглед на големината на самото добро и неговите контактни зони.

Определувањето на режимот на заштита се состои во разработка на режимот на заштита утврден со актот за заштита. Во случајот со културното наследство во границите на опфатот на овие Заштитно-конзерваторски основи, актите за заштита не содржат никаков режим на заштита, поради

што истиот во основите се разработува со предлози.

Разработката на режимот на заштита се состои од утврдување на:

1. Општи насоки за заштита;
2. Зони на заштита;
3. Степени на заштита.

Паркирање: /

Пристап: Пешачка улица 1

Општина: Бутел

Локалитет: Измена и дополна на ДУП за градска четврт ССИ 02

ПЛАНИРАН РАЗВОЈ Блок 1 6.67 ha

катастарска општина	број на парцела	површина на градежна парцела	површина под градба	процент на изграденост	вкупно изградена површина	коефициент на искористеност	основна класа на намена	компатабилни класи на намена на основната класа на намена		максимална висина на градба	број на спратови	Површина на зеленило (мин.20%)	потребен број на паркинг места
КО Бутел	1.25	29m2	29m2	100%	29m2	1.00	Е2 комунална супраструктура (трафостаница)	-	-	3.50	П		

Градежна парцела 1. 26

Намена: Е2 – Комунална супраструктура/трафостаница/

Висина на венец: 3.50м

Број на катови: П

Паркирање: /

Пристап: Пешачка улица 2

Општина: Бутел

Локалитет: Измена и дополна на ДУП за градска четврт ССИ 02

ПЛАНИРАН РАЗВОЈ Блок 1 6.67 ha

катастарска општина	број на парцела	површина на градежна парцела	површина под градба	процент на изграденост	вкупно изградена површина	коефициент на искористеност	основна класа на намена	компатабилни класи на намена на основната класа на намена		максимална висина на градба	број на спратови	Површина на зеленило (мин.20%)	потребен број на паркинг места
КО Бутел	1.26	57m2	30m2	52%	30m2	0.52	Е2 комунална супраструктура (трафостаница)	-	-	3.50	П		

4.1.10. Нумерички показатели

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ																
локалитет: Измена и дополна на ДУП за градска четврт ССИ 02, Општина Бутел																
блок	површина блок	површина на градежна парцела	површина под градба	процент на изграденост	вкупно изградена површина	коефициент на искористеност	собраќајници	заштитно зеленило	водени површини	основна класа на намена						
-	m2	m2	m2	%	m2	k	m2	m2	m2	-						
1	**66652 м2**	**33474 м2**	**20527 м2**	**31%**	**81839 м2**	**1.23**	**23451 м2**	**5599 м2**	**2487 м2**	**Б2**	**Г2**	**Г3**	**Д2**	**Е1**	**Е2**	

Општина: Бутел

Локалитет: Измена и дополна на ДУП за градска четврт ССИ 02

ПЛАНИРАН РАЗВОЈ | Блок 1 | 6.67 ha

број на парцела	површина на градежна парцела	површина под градба	процент на изграденост	вкупно изградена површина	коефициент на искористеност	основна класа на намена	компатабилни класи на намена на основната класа на намена		максимална висина на градба	број на спратови	Површина на зеленило (мин.20%)	потребен број на паркинг места
1.1	2974m2	1298m2	44%	5191m2	1.75	Г2 лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3 и Г4	49%	12.00	П+2+Пк	595m2	Паркирање во рамки на сопствена парцела според член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18)
1.2	1676m2	925m2	55%	3700m2	2.21	Г2 лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3 и Г4	49%	12.00	П+2+Пк	335m2	
1.3	1138m2	797m2	70%	3187m2	2.80	Г2 лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3 и Г4	49%	12.00	П+2+Пк	228m2	
1.4	1340m2	928m2	69%	3712m2	2.77	Г2 лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3 и Г4	49%	12.00	П+2+Пк	268m2	
1.5	1195m2	784m2	66%	3136m2	2.62	Г2 лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3 и Г4	49%	12.00	П+2+Пк	239m2	
1.6	778m2	545m2	70%	2179m2	2.80	Б2 големи трговски единици	Б3,Б4,Б5,В2,В3 и В4	40%	12.00	П+2+Пк	156m2	
1.7	2732m2	1912m2	70%	7649m2	2.80	Б2 големи трговски единици	Б3,Б4,Б5,В2,В3 и В4	40%	12.00	П+2+Пк	546m2	
1.8	46m2	30m2	66%	30m2	0.66	Е2 комунална супраструктура (трафостаница)	-	-	3.50	П		
1.9	667m2	212m2	32%	850m2	1.27	Б2 големи трговски единици	Б3,Б4,Б5,В2,В3 и В4	40%	12.00	П+2+Пк	133m2	
1.10	496m2	388m2	78%	1551m2	3.13	Б2 големи трговски единици	Б3,Б4,Б5,В2,В3 и В4	40%	12.00	П+2+Пк	99m2	
1.11	1571m2	899m2	57%	3595m2	2.29	Г2 лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3 и Г4	49%	12.00	П+2+Пк	314m2	
1.12	1481m2	1037m2	70%	4148m2	2.80	Г2 лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3 и Г4	49%	12.00	П+2+Пк	296m2	
1.13	930m2	522m2	56%	2088m2	2.24	Б2 големи трговски единици	Б3,Б4,Б5,В2,В3 и В4	40%	12.00	П+2+Пк	186m2	
1.14	1425m2	919m2	64%	3675m2	2.58	Г2 лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3 и Г4	49%	12.00	П+2+Пк	285m2	
1.15	1557m2	1035m2	66%	4139m2	2.66	Г2 лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3 и Г4	49%	12.00	П+2+Пк	311m2	
1.16	2052m2	1372m2	67%	5490m2	2.68	Г2 лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3 и Г4	49%	12.00	П+2+Пк	410m2	
1.17	2049m2	1220m2	60%	4880m2	2.38	Г2 лесна индустрија	Б1,Б2,Б4,В2,Д2,Д3,Д4,Г3 и Г4	49%	12.00	П+2+Пк	410m2	
1.18	2171m2	1379m2	64%	5515m2	2.54	Б2 големи трговски единици	Б3,Б4,Б5,В2,В3 и В4	40%	12.00	П+2+Пк	434m2	
1.19	1289m2	850m2	66%	3402m2	2.64	Б2 големи трговски единици	Б3,Б4,Б5,В2,В3 и В4	40%	12.00	П+2+Пк	258m2	
1.20	1171m2	820m2	70%	3279m2	2.80	Е2 комунална супраструктура (технички преглед на возила)	/	/	12.00	П+2+Пк	234m2	
1.21	892m2	625m2	70%	2499m2	2.80	Г3 сервиси	Б1,Б2,Б4,Д2,Д3,Д4,Г2 и Г4	49%	12.00	П+2+Пк	178m2	
1.22	1643m2	1135m2	69%	4540m2	2.76	Б2 големи трговски единици	Б3,Б4,Б5,В2,В3 и В4	40%	12.00	П+2+Пк	329m2	
1.23	1490m2	718m2	48%	2873m2	1.93	Б2 големи трговски единици	Б3,Б4,Б5,В2,В3 и В4	40%	12.00	П+2+Пк	298m2	
1.24	1795m2	938m2	52%	3752m2	2.09	Б2 големи трговски единици	Б3,Б4,Б5,В2,В3 и В4	40%	12.00	П+2+Пк	359m2	
1.25	29m2	29m2	100%	29m2	1.00	Е2 комунална супраструктура (трафостаница)	-	-	3.50	П	-	
1.26	57m2	30m2	52%	30m2	0.52	Е2 комунална супраструктура (трафостаница)	-	-	3.50	П	-	
ВКУПНО:	**34645.05m2**											
-	5599m2	-				Д2 заштитно зеленило	-					
-	2487m2	-				водени површини	-					
-	470m2	-				Е1 комунална инфраструктура (коридор за железница)	-					
-	23451m2	-				Е1 комунална инфраструктура (сообраќајни површини)	-					
ВКУПНО:	**66652m2**	**21347m2**	**32%**	**85118m2**	**1.28**							

*** вкупно изградената површина за градба е презентирана без површината од можни галерии, конзоли и сл.**

4.1.11. Билансни показатели

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ					
документациона основа					
реден број	намена на површини	површина на парцели	површина под објекти	вкупно изградена површина	процент
		m2	m2	m2	%
1	А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ	762m2	251m2	251m2	1.1%
2	Б3 - ГОЛЕМИ УГОСТИТЕЛСКИ ЕДИНИЦИ	4543m2	2469m2	4122m2	6.8%
3	Г2 - ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА	5869m2	1569m2	4155m2	8.8%
4	ОБЈЕКТИ ВО ИЗГРАДБА	10471m2	2825m2	9549m2	15.7%
5	НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	26893m2	/	/	40.3%
6	ВОДЕНА ПОВРШИНА	3957m2	/	/	5.9%
7	ЗЕЛЕНИЛО	2504m2	/	/	3.8%
9	СООБРАЌАЈ	11652m2	/	/	17.5%
Вкупно:		**66652m2**	**7115m2**	**18077m2**	**100.0%**

планска документација					
реден број	намена на површини	површина на парцели	површина под објекти	вкупно изградена површина	процент
		m2	m2	m2	%
1	Б2 - Големи трговски единици	13991m2	8600m2	34399m2	21.0%
2	Г2 - Лесна индустрија	18459m2	11213m2	44852m2	27.7%
3	Г3 - Сервиси	892m2	625m2	2499m2	1.3%
4	Д2 - Заштитно зеленило	5599m2	/	/	8.4%
5	Е2 - Технички преглед на возила	1171m2	820m2	3279m2	1.8%
6	Е2 - Комунална супраструктура	132m2	89m2	89m2	0.2%
7	Водени површини	2487m2	/	/	3.7%
8	Е1 - Комунална инфраструктура (Коридор на железница)	470m2	/	/	0.7%
9	Е1 - Комунална инфраструктура (Сообраќај - секундарна улична мрежа)	11499m2	/	/	17.3%
Вкупно:		**54700m2**	**21347m2**	**85118m2**	**82.1%**
10	Е1 - Комунална инфраструктура (Сообраќај - примарна улична мрежа)	11952m2			17.9%
Вкупно:		**66652m2**	**21347m2**	**85118m2**	**100.0%**

Споредбени посебни одредби – нумерички показатели на ГУП на Град Скопје ДУП за ГЧ ССИ 02, Општина Бутел

Дозволени класи на намени и групи на класи на намени

ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ - НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ															
ЧЕТВРТ	ДОЗВОЛЕНИ КЛАСИ НА НАМЕНИ И ГРУПИ НА КЛАСИ НА НАМЕНИ														
ССИ02		А (ДОМУВАЊЕ)	Б (КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ)	В (ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ)	Г2, Г3, Г4 (ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА, СЕРВИСИ И СТОВАРИШТА)	Г1 (ТЕШКА ИНДУСТРИЈА - ЗАГАДУВАЧКА)	Д1 (ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО)	Д2 (ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО)	Д3 (СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА)	Д4 (МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ)	Е1 (КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА) - ЈАВНИ ОТВОРЕНИ ПРОСТОРИ, УЛИЦИ И ЈАВНИ ПАРКИНЗИ	Е2 (КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА)	Е3 (НЕКОМПАТИБИЛНА ИНФРАСТРУКТУРА)	ПОВРШИНА ПОД СЕКУНДАРНА СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА	МИНИМАЛНИ ПОВРШИНИ ПОД ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО, ОДНОСНО ЈАВЕН ПРОСТОР
Според ГУП															
%	100	0	31	0	47	0	0	0	0	0	0	0	0	20	2
ХА	5.47	0.00	1.70	0.00	2.57	0.00	0.00	0.00	0.00	0.00	0.00	0.00	0.00	1.09	0.11
ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ - НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ - СПОРЕД ДУП ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 02															
%	100	0	26	0	35	0	0	8	0	0	1	7	0	21	7
ХА	5.47	0.00	1.40	0.00	1.94	0.00	0.00	0.44	0.00	0.00	0.05	0.13	0.00	1.15	0.37

Споредбени посебни одредби – нумерички показатели на доминантна класа на намена на ГУП на Град Скопје споредено со ДУП за ГЧ ССИ 02, Општина Бутел

	ПОВРШИНА НА ЧЕТВРТ ВО ХА	ДОМИНАНТНА КЛАСА НА НАМЕНИ	МАХ. ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА ДОМУВАЊЕ ХА	ПРОСЕЧЕН ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ ЗА ДОМУВАЊЕ **Р** %	ПРОСЕЧЕН БРОЈ НАДЗЕМНИ НИВОИ ЗА ДОМУВАЊЕ	ПРОСЕЧНА БРУТО ИЗГРАДЕНА РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ДОМУВАЊЕ М2	ПРОСЕЧЕН КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ ЗА ДОМУВАЊЕ **К**	МАХ. ДОЗВОЛЕН БРОЈ ЖИТЕЛИ, ОДНОСНО КОРИСНИЦИ ВО ЧЕТВРТТА	ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА СЕМЕЈСТВА	МАХ. ДОЗВОЛЕНА НЕТО ГУСТИНА НА НАСЕЛЕНОСТ **Ж/ХА**
СПОРЕД ГУП 2012	5.47	**Г2, Г3, Г4** (ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА, СЕРВИСИ И СТОВАРИШТА)	0.00	0.00	0.00	0.00	0.00	150	0.00	0.00
СПОРЕД ДУП ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 02	5.47	**Г2, Г3, Г4** (ЛЕСНА И СТОВАРИШТА)	0.00	0.00	0.00	0.00	0.00	150	0.00	0.00

Инфраструктурни потреби на ниво на блок

ИНФРАСТРУКТУРНИ ПОТРЕБИ НА НИВО НА ЧЕТВРТ											
		ЕЛЕКТРИЧНА МОЌНОСТ kW	Qср/ден ВОДА ЗА ПИЕЊЕ М3/ДЕН	Qср/ДЕН ВОДА ЗА ПИЕЊЕ Л/СЕК	Qмах/ДЕН ВОДА ЗА ПИЕЊЕ Л/СЕК	Qмах/ЧАС ВОДА ЗА ПИЕЊЕ Л/СЕК	САНИТАРНА ВОДА ИНДУСТРИЈА Q МАХ/ДЕН Л/СЕК	САНИТАРНА ВОДА ЗА ИНДУСТРИЈА Q МАХ/ЧАС Л/СЕК	ОТПАДНА ФЕКАЛНА ВОДА М3/ДЕН	ОТПАДНА АТМОСФЕРСКА ВОДА Л/СЕК	ЕНЕРГИЈА ЗА ЗАТОПЛУВАЊЕ Mw/h /ГОД
СПОРЕД ГУП 2012	ПОТРЕБИ	1 248.59	60.00	0.69	1.04	1.35	5.94	8.92	48.00	300.85	0.00
СПОРЕД ДУП ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 02	ПОТРЕБИ	1 136.54	60.00	0.69	1.04	1.35	4.47	6.71	48.00	300.85	0.00
СПОРЕД ГУП 2012	ЕКОНОМСКА ОПРАВДАНОСТ ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ЦЕНТРАЛЕН ТОПЛИФИКАЦИСКИ СИСТЕМ: 30 СЕМЕЈСТВА/ХА						0.00 СЕМ/ХА				
СПОРЕД ДУП ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 02	ЕКОНОМСКА ОПРАВДАНОСТ ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ЦЕНТРАЛЕН ТОПЛИФИКАЦИСКИ СИСТЕМ: 30 СЕМЕЈСТВА/ХА						0.00 СЕМ/ХА				

ИНФРАСТРУКТУРНИТЕ ГРАДБИ, ОЗНАЧЕНИ ВО ОВОЈ ПЛАН СО СИМБОЛИ, ОБВРЗНО ДА СЕ УТВРДАТ СО ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ОД ПОНИСКО НИВО ЗА ЧЕТВРТТА

*

*

Мерки за заштита

Член 42
Обврзно да се почитуваат мерките за заштита на животната средина при издавање урбанистички параметри, како и при изготвување на урбанистичката документација од пониско ниво со конкретните класи на намени на земјиштето, кои припаѓаат на четврт утврдена со овој План, согласно Закон за животната средина (Сл.в. на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08 , 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18);

Член 43
Обврзно треба да се почитуваат мерките за заштита и спасување при издавање урбанистички параметри, како и при изготвување на урбанистичката докуементација од пониско ниво која припаѓа во четврт, а е предмет на овој План, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, пречистен 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18)

- Закон за пожарникарство (Сл.в. на РМ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и Пречистен текст 168/17)
- Закон за управување со кризи (Сл.в.на РМ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18)

Член 44
Вградувањето соодветен режим на заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи за културно наследство (Согласно чл.71 од Закон за заштита на културното наследство (Сл. Весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18)
Во текот на реализација на овој План преку изготвување на урбанистичка документација од пониско ниво, доколку се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со чл.65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04 и 115/07), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и веднаш да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на чл.1239 од Законот.

4.1.12. Мерки за заштита на животна средина

Во доменот на заштитата на животната средина основната цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.

За остварување на наведената цел, поставките и потребите од заштита на животната средина се вградуваат во сите домени на урбанистичкото планирање преку примена на современи стандарди и нормативи.

Сите мерки на основна, превентивна и дополнителна заштита што се наведени во продолжение, се предмет на работа со изработка на понатамошна документација (основни проекти, поодделни елаборати за заштита и сл.) кога точно ќе се знае карактерот на градбата, нејзината основна намена и капацитети.

Мерки и средства за заштита и санација на животна средина

Просторот што го третира планот е со површина од 6,67ха, а основен вид на намена е:
Б2 - Големи трговски единици;

Г2 - Лесна индустрија;

Г3 - Сервиси

Д2 - Заштитно зеленило;

Е2 - Комунална супраструктура (Трафостаница и технички преглед на возила);

Основни загадувачи на просторот се сите видови моторни возила.

Имајќи ја во предвид оваа состојба, може да се изврши поделба на три основни групи на загадување со дадени основни смерници и мерки за заштитна на истите:

- Аерозагадување и мерки за заштита;
- Загадување на почва и подземни води и мерки за заштита;
- Извори на бучава и мерки за заштита;

А) Аерозагадување и мерки за заштита

Мерките за избегнување, спречување или намалување на штетните ефекти од загадување на амбиентниот воздух, врз човековото здравје, како и за животната средина како целина, преку утврдување на граничните вредности за квалитетот на амбиентниот воздух, се предмет на уредување на Законот за квалитетот на амбиентниот воздух (Сл. весник на РМ бр. 67/04, 92/07, 35/10).

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата.

Се претпоставува дека загадувањето што ќе биде предизвикано од начинот на греењето, нема да претставува загрижувачка опасност по загадувањето на животната средина, бидејќи греењето е централно или со електрична енергија.

Правните и физичките лица сопственици, односно корисници на определени инсталации кои се извор на емисии на загадувачки супстанции во амбиенталниот воздух кои се опфатени со државната и/или со локалните мрежи, согласно со овој закон се должни да:

1) инсталираат и да одржуваат во исправна состојба мерни инструменти за следење на емисиите на местото на изворот и

2) обезбедат редовно следење, мерење и обработка на податоците на емисиите од изворот на загадувањето и за тоа да водат дневник.

Мониторингот на квалитетот на амбиентниот воздух и изворите на емисии од определени поединечни стационарни извори

1) Правните и физичките лица сопстеници, односно корисници на определени инсталации кои се извор на загадувачки суптанции во амбиентниот воздух, а кои не се опфатени во државата и/или локалните мрежи за мониторинг, се должни да изградат ситем за следење на изворот на емисии и контрола на квалитетот на амбиентниот воздух во реонот на објектот.

2) Лицата од ставот (1) на овој член следењето и мерењето можат да го вршат преку сопствени служби или преку научни и стручни организации или други правни лица, доколку се акредитирани за вршење на мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, во согласност со овој закон и друг закон.

За утврдуање на степенот на загаденост на амбиентниот воздух, изворите на загадување, како и нивното штетно влијание врз квалитетот на воздухот, се установува Катастарот на загадувачи на воздухот.

За подобрување на квалитетот на воERздухот во локалитетот предвидено е сите слободни површини (парковски) да се уредат.

Потребно е да се изврши озеленување на просторите околу објектите во рамките на секоја градежна парцела поодделно, со што ќе се изврши подобрување на микроклимата во локалитетот.

Во однос на домувањето треба да се запазат показателите за коефициентот на искористеност, процентот на изграденост како и дефинираната градежна линија.

Б) Загадување на почвата и подземните води и мерки на заштита

Секоја градба, или комплекс, за кои има потреба од одведување на отпадните води да се поврзе со инфраструктурната канализациона мрежа за одведување на отпадните води во приклучна шахта (атмосферска канализација-армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена на пресекот со осовината на примарниот одводен канал. Предтретманот на отпадните води да се изведе во сопствена парцела во пречистителна станица.

Задолжително е испитување на пречистените води, пред испуштање во најблискиот природен реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот, дадени во Уредбата за класификација на водите (Сл. весник на РМ бр. 18/99) член 4.

Со оглед на тоа што сите планирани објекти ќе бидат приклучени на канализационен систем, загадувањето на почвата е во дозволени граници.

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивен одвоз до депонија. Со тоа ќе се спречи загадување на почвата и на подземните води, како и на животната и работната средина воопшто.

В) Извори на бучава и мерки за заштита

Задолжително испитување на пречистените води, пред испуштање во најблискиот природен реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот, дадени во Уредбата за класификација на водите.

Со оглед на тоа што во рамките на третираниот простор се планира домување со придружни содржини на домувањето не се очекува некоја посебна опасност од бучава.

Мерки за заштита од пожар на објектите

Превентивни мерки за заштита и спасување од пожар, експлозии и опасни материи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање на изградба на градбите.

Сообраќајниот систем во локалитетот се состои од сообраќајници кои овозможуваат лесен пристап на противпожарните возила до сите објекти.

При конципирање на сообраќајот планирано е непречено движење на противпожарните возила.

Сите сообраќајници и пристапи планирани се така да овозможуваат непречен пристап на противпожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Рабниците на пристапните улици треба да се со висина не поголема од 7,0см и закосени поради лесен пристап на противпожарните возила.

Со планирање на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување и подзаконските акти.

Засолнување

Согласно Законот за заштита и спасување, засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржувавње и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на други заштитни градби за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката.

Како посебен вид на заштита треба да се третира и засолништето кое треба да се предвиди во објектите како второстепена функција на некој простор доволно димензиониран по сите стандарди,

лесно пристапен и адаптибилен за кус период.

Во рамките на објектите, во планскиот опфат, да се предвиди можност за користење во услови на воена опасност на дел од визбените простори во функција на засолнување на населението.

Заштита од природни непогоди

Заштитата и спасувањето од урнатини, опфаќа превентивни и оперативни мерки. За овој план важни се превентивните мерки за заштита од уривање, кои се состојат од активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на градбите. Ова подразбира да се градат градби асеизмички, да се обезбеди слободен проток на сообраќајниците и да не се создаваат тесни грла на истите, да се обезбеди депонија за складирање на градежниот одпад, при евентуални урнатини. Организацијата и спроведувањето на спасувањето од урнатини, кое се остварува во рамките на системот за заштита и спасување, се уредува со Уредбата за спроведување на спасувањето од урнатини.

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од VII степени МЗС потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите.

Густината на објектите, односно нивното растојание, е планирано во доменот за сеизмичко проектирање, соодветно со висините на објектите и со поголеми попречни профили на улиците, со што, во случај на сеизмичко рушење, може да се обезбеди проток на луѓе и возила

Мерки за заштита и спасување

При реализација на ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 02, ОПШТИНА БУТЕЛ, потребно е да се почитува позитивната законска регулатива од постоечкиот Закон за заштита и спасување и позаконските акти.

Во согласност со член 53 од Законот за заштита и спасување задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување при планирањето и уредувањето на просторот. Тоа опфаќа пред се: изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства, регулирање на водотеците и изградба на систем на одбрамбени насипи, изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти и заштита и изградба на потребната инфраструктура во согласност со член 54 од истиот Закон.

Согласно член 51 и член 53 од горенаведениот Закон за заштита и спасување мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани.

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функција на превенција се следните мерки и активности:

1. Изработка на Процена на загрозеност за можни опасности и План за заштита и спасување од проценетите опасности.
2. Вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа
3. Уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување
4. Воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување и
5. Обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите како и при изградба на градбите и инфраструктурата

согласно член 53 од претходно наведениот Закон за заштита и спасување како и согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите (Сл.весник на РМ бр. 105/05), како и учество во техничкиот преглед.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

- При планирањето и уредувањето на просторот и населбите
- Во проекти за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност
- При изградба на објект и инфрастурктура.

Согласно член 54 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16) а во функција на уредување на просторот задолжително се, обезбедува:

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

- Изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства
- Регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи
- Изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините
- Озбебедување на противпожарни пречки
- Изградба на градби за заштита и
- Изградба на потребната инфрастурктура

Согласно член 61 од Законот за заштита и спасување се предвидуваат:

Мерки за заштита и спасување:

- урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој урбанистичко-технички мерки се закон.

- Засолнување
- Заштита и спасување од поплави
- Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
- Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средатва
- Заштита и спасување од урнатини
- Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и
- Спасување од сообраќајни несреќи

Хуманитарни мерки се:

- Евакуација,
- Згрижување на загрозеното и настраданото население
- Радиолошка, хемиска и биолошка заштита
- Прва медицинска помош
- Заштита и спасување на животни и производи од животински потекло
- Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло
- Асанација на теренот.

Заштита и спасување од поплави

Со оглед на тоа што во рамките на планскиот опфат поминува реката Серава, а истата има регулиран водотек, заштитата и спасувањето од поплави е опфатено. Дополнително е потребно изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и

материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Просторот што го третира планот е со површина од 6,67ha претставува една целина (Градска Четврт ССИ 02) со вкупно 26 градежни парцели со следните намени:

- 10 парцели се со намена Б2 – Големи трговски единици;
- 11 парцели се со намена Г2 –Лесна индустрија;
- 1 парцела е со намена Г3 – Сервиси
- 3 парцели се со намена Е2 – Комунална супраструктура /Трафостаници/
- 1 парцела е со намена Е2 – Комунална супраструктура /Технички преглед на возила/

При изработка на архитектонско – урбанистичките проекти и основните проекти, сите објекти да се лоцираат така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 3,5m со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Сообраќајниот систем во локалитетот овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила. Сообраќајницата и пристапот се така планирани да овозможува несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0cm и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на територијалната противпожарната единица на Град Скопје – Потцентар „Тафталиџе“ би изнесувал од 5 до 10 мин.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, 6број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18). Со планирањето на хидрантската мрежа да се задоволат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевководи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа да се предвиди прстенест систем на цевководи, со минимален пречник Ø80mm. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ø80mm се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевководи имаат пречник најмалку Ø80mm. Хидрантите да се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150m. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати, според пропишани стандарди. Уредите, инсталациите, опремата и средствата од ставот 1 на овој член, задолжително треба да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.

Согласно Член 70 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, 6број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18),

Противпожарната стража од ставот 2 на овој член, се должни да ја организираат организаторите на јавни собири, правните лица кои вршат преточување на запаливи течности и гасови согласно со ставот 2 алинеја 2 на овој член, изведувачите на работите од ставот 2 алинеја 3 на овој член и правните лица, односно сопствениците кои стопанисуваат со површините од ставот 2 алинеи 4 и 5 на овој член.

Поставување на стражата од ставот 2 на овој член, може да нареди одговорното лице на територијалната противпожарна единица, односно раководителот на подрачната организациона единица за заштита и спасување.

- Сопствениците, односно корисниците на станбени објекти со повеќе од четири стана, како и сопствениците, односно корисниците на деловни и индустриски објекти кои не изработуваат планови за заштита и спасување, се должни да имаат:
  - „Пожарен куќен ред", поставен на видно место во објектот.

  Пожарниот куќен ред од ставот 1 на овој член, содржи:
  - мерки за заштита од пожари соодветна на животните и работните услови во објектот;
  - организација на заштита од пожари и
  - упатство за постапка во случај на пожар.

- **Заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства**

Заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уредено место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот.

Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена.

Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

- **Заштитата и спасувањето од урнатини**

Заштитата и спасувањето од урнатини опфаќа превентивни и оперативни мерки. Превентивни мерки за заштита од уривање се активностите кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите

Оперативни мерки за спасување од урнатини се активностите за извидување на урнатините, пронаоѓање на затрупаните, осигурување на конструкцијата на оштетените и поместените делови на објектите заради спречување на дополнително уривање, преземање на мерки за заштита од дополнителни опасности, извлекување на затрупаните, давање на прва медицинска помош и извлекување на материјалните добра.

- **Заштитата и спасувањето од техничко-технолошките несреќи**

Заштитата и спасувањето од техничко-технолошките несреќи опфаќа преземање на превентивни и оперативни мерки во индустриските објекти, кои во производниот процес употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра.

Превентивни мерки за заштита и спасување од техничко-технолошките несреќи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање, со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на индустриски објекти, редовно одржување на инсталациите и опремата, како и примена на прописите од областа на безбедноста и здравјето при работа. Оперативни мерки за заштита и спасување од техничко-технолошките несреќи се активностите за спречување на настанување и намалување и отстранување на предизвиканите последици.

- **Спасување од сообраќајни несреќи**

Спасувањето од сообраќајни несреќи опфаќа мерки и активности за спасување при настанати големи несреќи во патниот, железничкиот, воздушниот и водениот сообраќај во кои има поголем број повредени и загинати лица и/или е предизвикана голема штета

Оперативните мерки за спасување се активности за извидување, пронаоѓање и извлекување на повредените и загинати лица, укажување прва медицинска помош и транспорт до соодветните здравствени установи, како и учество при отстранување на последиците предизвикани од сообраќајните несреќи.

2. Хуманитарни мерки

- **Евакуација**

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи.

- Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време. Евакуацијата на населението во

општина не смее да доведе до нарушување во извршувањето на нејзините надлежности.

Општина на чие подрачје е сместено евакуираното население ги покрива трошоците за обезбедување на основните услови за живот (сместување, исхрана, здравствена заштита и образование), со тоа што надоместокот за направените трошоци се на товар на општината од која е евакуирано населението, односно на товар на Републиката.

- **Згрижување на настрадано и загрозеното население**

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење.

Републиката и единиците на локалната самоуправа од кои се згрижува населението ги покриваат трошоците за сместување и обезбедување на основните услови за живот.

- **Радиолошка, хемиска и биолошка заштита**

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

- **Прва медицинска помош**

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

- **Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло**

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, епизоотии и други несреќи.

Превентивните мерки за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помош на повреден, заболен и контаминиран добиток со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето и транспорт до соодветните ветеринарни установи.

- **Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло**

Заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, епифитотии, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.

Превентивните мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење. Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

• Асанација на теренот

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите како и асанација на објектите за водоснабдување.

При примена на планските решенија на овој ДУП Лесна индустрија и Сервиси - Скопје-Север, дел од Блок 1, Општина Бутел-Скопје за што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. Бр.36/04, 49/04, 86/08,124/10 и 18/11), Процена за загрозеност на Република Македонија од природни непогоди и други несреќи (Сл.весник на Р.М. бр. 117/07), Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Сл.весник на Р.М. бр.76/06) и Уредбите за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари и урнатини (Сл.весник на Р.М. бр.98/05).

9.2 МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Законската регулатива со која се регулира заштитата на животната средина релевантна за изработка на ДУП Лесна индустрија и Сервиси - Скопје-Север, дел од Блок 1, Општина Бутел-Скопје е следна

- Закон за животна средина (Сл.в. на РМ, бр.53/05, бр.81/09, бр. 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11)
- Закон за заштита на природата(Сл.в. на РМ, бр.67/04 бр.14/06 бр.84/07, 35/10 и 47/11);
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Сл.в на РМ, бр.67/04 , бр.92/07, 35/10 и 47/11)
- Закон за управување со отпадот (Сл.в. на РМ бр.68/04 и бр.107/07)
- Закон за спречување на штетна бучава (Сл.в. на РМ, бр.79/07);
- Закон за заштита и спасување (Сл.в.на РМ бр.36/04, бр.49/04 , бр.86/08, 124/10 и 18/11);
- Закон за води (Сл.в. на РМ, бр.87/08, 6/09, 161/09 и 51/11);
- Уредба за класификација на водите (Сл.в. на РМ бр.18/99).
- Уредба за категоризација на водите (Сл.в. на РМ бр.18/99).
- Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.в на РМ, бр. 142/10) и други законски и подзаконски акти.

Просторот што го опфаќа планот е на површина од 0,8 ха и е предвиден за изградба на ОБЈЕКТИ за СЕРВИСНИ и се лоцира во Скопје Север, дел од Блок 1, Општина Бутел.

Основни загадувачи на просторот претставуваат постојното на моторен сообраќај и загадување предизвикано од начинот на загревање на објектите. Имајќи ја оваа состојба во предвид, може да се изврши подредба на три основни групи на загадувања со дадени основни мерници и мерки за заштита на истите:

- аерозагадување и мерки за заштита
- загадување на почва и подземни води и мерки за заштита
- извори на бучава и мерки за заштита

Со законот за заштита на животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05,81/05,24/07,159/08,83/09,48/10,124/10 и 51/11) се уредени правата и должностите на Република Македонија, на Општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, како и правата и должностите на правните и на физичките лица во обезбедувањето на услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина.

Со цел да се воспостави системот за заштита на животната средина при процесот на изготвување на Локалната урбанистичка планска документација потребно е да се има во предвид следното

- Согласно Законот за животна средина(Сл.в. на РМ, бр.53/05, бр.81/05, бр. 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11) и Законот за заштита на природата (Сл.в. на РМ, бр.67/04, бр.14/06 , бр.84/07, 35/10 и 47/11) правните или физичките лица кои вршат дејности или активности кои се спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведувањето на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот;
- Да се внимава да не дојде до исвористување на земјиштето на штетен и обичен со кој би се загрозиле постојните природни вредности, квалитетот на амбиенталниот воздух и режимот на површинските и подземните води

- Задолжителна имплементација на уреди за редукција или целосна елиминација на емисиите во атмосферата, со цел да се зачува квалитетот на амбиентниот воздух;
- Предвидување на соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга цел;
- Задолжително испитување на пречистените отпадни води пред испуштање во најбликиот реципиент, со цел да се усогласи вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот согласно Уредбата за класификација на водите и Уредбата за категоризација на водите;
- Согласно член 7 од Законот за управување со отпад ("Службен весник на Р.М." бр.68.04 и бр.107.07), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управувањето со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен или во истиот или во друг процес за регенерација на секундарните суровини или да се користи како извор на енергија;
- После соодветниот третман се препорачува задолжително депонирање на отпадните материи во одобрената депонија;
- Да се планира изведба на современа инфраструктура и имплементација на современи чисти технологии во идните индустриски капацитети;
- Да се обезбеди заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на објекти и друга инфраструктура.

Концептот за заштита на животната средина базира на општите и посебни цели и насоки за заштита на посебните природни вредности меѓу кои амбиентланите, естетските и рекреативните потенцијали на просторот. Токму затоа, при планирање на Деталниот урбанистички план, потребно е да се посвети посебно внимание на:

- заштитата, унапредувањето и адекватното користење на природните предели, амбиентите и пејзажите во предвидениот простор;
- обезбедување на заштитен појас со високо зеленило во однос на комплексната заштита на просторот, посебно покрај сообраќајниците и богато хортикултурно уредување на комплексот;
- при изработката на Урбанистичкиот план да се имплементираат планските мерки за заштита на биодиверзитетот.

Потребно е да се потенцира дека создавачот или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

У.3. Мерки за заштита на природно наследство

Од областа на заштита на природата (природното наследство и биолошката и предеолската разновидност) урбанистичките планови и проекти треба да се усогласат со Просторниот план на Републиката на тој начин што врз основа на режимите за заштита, ќе се организира распоред на активностите и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Посебно внимание при заштитата на природата треба да се обрне на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и конзизите со инкомпатибилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- оптимална заштита на просторите со истакнати вредности;
- оптимална заштита на производните природни потенцијали и

НИМАЕР
бр.148/12

- зачувување на доминантните карактеристики на постојната состојба;
- рационална изградба на инфраструктурата;
- концентрација и ограничување на изградбата;
- оптимална изградба на некреативната инфраструктура;
- правилен избор на соодветна локација

Според Законот за заштита на природата (Сл.в. на РМ. бр.67/04. бр.14/06 . бр.84/07/ 35/10 и 47/11) и Законот за животна средина (Сл.в. на РМ бр.53/05. бр.81/05. бр 24/07. 159/08. 83/09 47/10. 124/10 и 51/11), потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот кои треба строго да се почитуваат.

Доколку при изработка на ДУП „Лесна индустрија и Сервиси „ Скопје-Север дел од Блок 1, Општина Бутел-Скопје, или при уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кои можат да бидат загрозени со урбанизација на овој простор, потребно е да се предвидат сите мерки за заштита на природното наследство.

- Утврдување на границите и означување на сите објекти прогласени и предложени за прогласување како природно наследство
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување природното добро или просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Во подрачјата и зоните со строга заштита дозволени се само научно-истражувачки активности
- Во предиорите со карактер на природно наследство дозволено е користење на растителни и животински видови само во санитарно здравствени цели
- На подрачјата кои се предложени за заштита како природно наследство, изградбата и уредувањето до прогласувањето на истите мора да се врши согласно претходно направената валоризација на природните вредности и планираната вид на животната средина;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природно вредности, а при нивните зафати потребно е нејзино вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето

Почитување на мерките за заштита на природата е согласно Законот за заштита на природата (Сл.в. на РМ бр.67/04. бр 14/06 бр.84/07. 35/10 и 47/11).

9.4. Културно-историско наследство

Во своето миленијумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територија на Р. Македонија, оставила значајни трагови од вонредни културни историски и уметнички вредности кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ во овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија за економски општествен и просторен развој односно стратегијата за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Согласно Законот за заштита културното наследство(Сл. весник на РМ бр. 20/04 115/07 и 18/11) видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменички целини и културни предели.

При изработка на планска документација од појасно ниско да се утврдат потребните интервенции на утврдениот локалитет со културно наследство и во таа смисла да се применат планските мерки за заштита на недвижното културно наследство.

НИМАЕР
Бр. бр156/12

- задолжителен претходен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и на урбанистичките планови од понизок ниво заради обезбедување на планските услови за нивната заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на споменициите на културата за соодветна намена во туристичкото стопанство во малото стопанство и услугите и во вкупниот развој на државата;
- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно-историска димензија и соодветна презентација;
- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштита на недвижните културно наследство.

Согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 51/05,137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11) во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат: планските мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Утврдувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи за културно наследство (Согласно чл. 71 од Законот за заштита на културно наследство).

Недвижното културно наследство без оглед дали е во прашање градителска целина или поединечен објект, како засебно културно богатство на светот во просторните и урбанистичките планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационото ткиво на градовите и населените места или поширокиот подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности

Составил:
Бакалора Р[illegible]

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА БУТЕЛ

Број: 2301-98/2 **од** 16.03.2021

Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина и лер Скопје

ИЗВОД ОД ПЛАН

ДУП: Лесна индустрија и сервиси Скопје - Север

Одлука бр: 08-1500/1 **од** 08.12.02.1987 год.

Намена на градба: /

ул. / **бр.** /

ДЛ: 70,71,87,88 **М** 1:1000

ИЗВОД ЗА

1. ГРАФИЧКИ ДЕЛ:

Графички приказ на следната страна

изготвил,
Благица Атанасова д.и.а.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА
ГРАДОНАЧАЛНИКОТ,
Слободан Невенов дипл.геод.инж.


48
49
50
51
52
53
54
55
56
57
58
59
60
61
62
ул „II Македонска Бригада"
н.ТОПАНСКО ПОЛЕ

	ВИД НА ДЕЈНОСТ	НАМЕНА НА ПАРЦЕЛА	површина на локација		површина пол објект	
			П(ха)	П(ха)	П(м²)	П(м²)
33	Складишно-производен простор	Складирање	0,24 0,67	0,91	960 2680	3640
34	Складишно-производен простор	Складирање	0,20 2,47	2,67	800 9880	10680
35	Складишно-производен простор	Складирање		0,63		2520
36	Складишно-производен простор	Складирање		2,67		10680
37	Складишно-производен простор	Складирање		0,67		2680
38	Складишно-производен простор	Складирање	0,25 1,19	1,44	1000 4760	5760
39	Складишно-производен простор	Складирање	0,26 1,21	1,47	1040 4840	5880
40	Складишно-производен простор	Складирање	0,18 0,98	1,16	720 3920	4640
41	Сервис	Услужна дејнос		0,51		2040
42	Складишно-производен простор	Складирање		0,98		3920
43	Складишно-производен простор	Складирање	0,21 0,83	1,04	840 3320	4160
44	Складишно-производен простор	Складирање	0,20 0,51	0,71	800 2040	2840
45	Складишно-производен простор	Складирање	0,20 0,55	0,75	800 2200	3000
46	Складишно-производен простор	Складирање	0,49 0,51	1,00	1960 2040	4000
47	Лесна индустрија	Складирање		2,26		9040
48	Лесна индустрија со амбуланта	производство и здравство		0,94		3760

	ВИД ДЕЈНОСТ	НАМЕНА НА ПАРЦЕЛА	површина на локација		површина под објект	
			П(ха)	П(ха)	П(ха)	П(м²)
49	Лесна индустрија	производство		1,15		4600
50	Лесна индустрија	производство	0,32 0,75	1,07	1280 3000	4280
51	Лесна индустрија	производство		0,56		2240
52	Сервис	услужна дејност		0,40		1600
53	Лесна индустрија	производство	0,39 0,65	1,04	1560 2600	4160
54	Сервис	мало стопанство		1,12		4480
55	Сервис	мало стопанство		0,62		2480
56	Лесна индустрија	производство		1,16		4640
57	Лесна индустрија	производство		1,65		6600
58	Сервис	услужна дејност		0,45		1800
59	Сервис	услужна дејност		0,18		720
60	Сервис	услужна дејност		0,08		320
61	Сервис	услужна дејност		0,09		360
62	Сервис	услужна дејност		0,07		280
63	Сервис	услужна дејност		0,09		360
64	Сервис	услужна дејност		0,85		3400
65	Сервис	услужна дејност		0,56		2240
66	Сервис	услужна дејност		0,45		1800
67	Сервис	услужна дејност		0,56		2240
68	Сервис	услужна дејност		0,29		1160
69	Сервис	услужна дејност		0,28		1120

на донесува и нови потреби, секоја нова потреба донесува ново прилагодување. А во овој јачки на поставки на композиционото решение треба да овозможи да правовремено се сватат и пратат сите промени општествено-социјални, економски и најдат прави одговори кои ќе пружат најдобри решенија.

1.6.1. ПРЕГЛЕД НА ПОВРШИНИТЕ ЗА ЗОНА "ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА И СЕРВИСИ" СКОПЈЕ-СЕВЕР

Површини под габарит

а) Лесна индустрија	126.400 м2
б) Производно-складишен простор	89.600 м2
в) Сервиси	76.400 м2
Вкупно	291.400 м2

1. Површина на простори за

а) Лесна индустрија	31,60 ха
б) Складишно-производни простори	22,40 ха
в) Сервиси	19,10 ха
Вкупно	73,10 ха

2. Сообраќајни површини

а) Коловоз	7,14 ха
б) Бициклистичка стаза	2,86 ха
в) Пешачки стази и тротоари	6,32 ха
г) Површини за паркирање	3,37 ха
д) Површина на ЖТО	17,30 ха
Вкупно	37,19 ха

3. Зона на зеленило

а) Заштитно зеленило	3,49 ха
б) Парковско зеленило	1,78 ха
в) Линеарно зеленило	1,09 ха
Вкупно	6,36 ха

4. Други површини-р.СЕРАВА 1,75 ха

"Васил Главинов", долно "Шуто Оризари" и месна заедница "Рајко Жинзифов"

- Со поставките на планот треба да се запознаат сите служби кои работат на реализација на планот
- Во првата фаза на реализација да се обезбди потребен простор за реализација на сообраќајниците и инфраструктурата со контрола на регулационите линии и спречување на интервенции во просторот на трасите.
- Плански да се ослободува и расчистува простор за локациите.(фазно)
- При реализација на планот, да се почитуваат планираните зони, содржини и систем на градба.
- Одредбите за реализација ќе се однесуваат на објектите, сообраќај и зеленило во зоните кои се предвидени со планот и тоа:

I. Зона на лесна индустрија
II. Зона на складишно-производен простор
III. Зона на сервиси

1.1. <u>Одредби за реализација на парцелација</u>

Вкупната површина за урбанизација што е опфатена со ДУП, а која изнесува 118,40 ха е поделена на: простор на работни зони, простор за сообраќај и јавно зеленило.

- На графички лист.бр.4(1-1о) даден е предлог за големина на градежните парцели што значи истите не се строго дефинирани, а ќе бидат одредени според барањата и потребите на поодделни работни зони.

- Локацијата што се издава за новите објекти треба да биде во рамките на парцелацијата во која тој објект припаѓа така да расчистување на теренот треба да биде во граница на парцелата.

- Едната страна од габаритот ја одредува градежната линија, поставена во однос на оските на улиците.
- Реализацијата на планот да се врши по лат на усмерување на изградбата на комплекси кои преставуваат урбанистичко-архитектонски целини.

1.2. Габарити на објекти и градежни линии

- Лоцирање на објектите да биде спрема планот за хоризонтални габарити и котен план-лист бр.3(1-1о)
- Габаритите кај овие објекти се строго дефинирани така да според технологијата и потребите ќе се дадат реалната и потребна големина.

1.3. Катност и намена

- Катните висини на објектите дадени се во графичките прилози.

Најстата катна висина во зависност од намената и функцијата може да се движи од 280-480 см, во склад со намената на објектот.

1.4. Обликување и обработка

- Обликувањето на архитектонските маси во овој простор да биде во склад со функцијата
- За квалитетна обработка да се користат квалитетни и трајни материјали

1.5. Сообраќај

- При детална разработка на сите видови сообраќајници треба да се придржува на поставките од ОУП Скопје 2001 г.и ОУП за зона "Лисна индустрија и сервиси."

- На предложениот систем на сообраќајници преставена класификација на улична мрежа (артеријалка, колекторска мрежа и локална сообраќајница).
- Во техничкиот смисол улиците се одредени со нивната должина, попречни профили, карактер на крстосница
- За интерните сообраќајници што во начело имаат функција за манипулација со суровини и готови производи, од аспект на овозможување на интервенција на објектите треба да обезбедат несметан пристап на П.П. возила во секое време и до секој објект.
- Според сообраќајниот план лист 4(1-1о) се точно дефинира главните сообраќајници како и интерни сообраќај - теретен и паркиралиштата.
- Станици за јавен сообраќај се составен дел на улиците, а се предвидени во зависност од изборот на најповолните дислокации на стајалиштата.
- Бензински пумпи, има две. При поставката на бензинската пумпа треба да се води сметка за: - објектот да е пристапен, - обезбедува несметан сообраќај како во просторот на бензинската пумпа и на транзитната сообраќајница.
- Приградски и градски терминал овие станици се определени според нормативите бројот на патници како и простор за чекање, услуга и администрација.

1.6. Општи одредби

- Одредбите за спроведување на урбанистичкиот план е составен дел на урбанистичкиот план.
- Одредбите ги содржат сите податоци кои не можат графички да се прикажат и ги одредува принципите и насоките за реализација на урбанистичката замисла.
- Принципите, начелните поставки и насоки дадени во одредбите на урбанистичкиот план на зоната се обавезни при спроведување на планот во фазите.

- Одредбите се однесуваат на целокупниот зафат на урбанистичкиот план на зона "Лесна индустрија и сервиси".

2.1. Урбанистичко-архитектонски услови

- При реализација на планот строго да се почитуваат одредбите на планираната зона, содржини и систем на градба, а секоја промена да е усогласена со законските одредби.
- Да не се промируваат границите на ДУП.
- Треба да се почитуваат градежните линии дадени со урбанистичкото решение.

2.2. Урбанистички услови

- Урбанистичките,услови се составен дел на документите за издавање на локација за секоја работна организација или секој објект.
- Локацијата за секој објект ќе биде дефинирана со градежна линија.

2.3. Услови за површини комунални за Лесна индустрија

- За потреба на Лесна индустрија на подрачјето на градот во зона "Лесна индустрија и сервиси"-Скопје – Север обезбедени се постојни и ново планирани површини.
- Во зоната "Лесна индустрија и сервиси" Скопје-Север предвидува лоцирање на чистата индустрија, која создава занемарливи емисии на штетни-загадувачки материи: - електронска индустрија, текстилна индустрија и др.

- Површините наменети за овие функции во основа треба да ги задоволи следните услови: рационално искористување на површини, што подразбира избор на одговарајуча вредност на објекти, нивната правилна орјентација и функционално искористување на слободни површини.
- Објектите да бидат со функционална и архитектонска изразајност треба да бидат во зависност од поставен програмски задаток.
- Како посебен услов е обезбедување на потребен број паркиралишни места.
- Паркиралиштата да бидат издвоени од главната влезно-излезна сообраќајница.
- Висината на објектите во зона II во зависност од функцијата ќе се движи од P - P+4, а висина на објектиее за зона III ќе биде P.
- Сите објекти од неквалитетен материјал (субстандард) да се срушат и да се заменат со нови на начин кој е предвиден со решението.
- Планиран процент на изграденост за сите локации е 40%.
- Сите објекти кои со својата големина на габарит, спратност и квалитетна изградба ги задоволуваат критериумите се задржуваат без интервенции.
- Посебно да се обрне внимание на објектите од зона II кои треба да ги задоволат освен функционалните и конструктивните барања туку и естетските, давајќи добра фасада кон улиците.
- Се рушат сите објекти кои со својата местоположба не можат да се уклопат во предложеното решение.
- Сите објекти во конструктивен поглед на подрачје на кое треба да се гради треба да се задоволуваат условите за градба на град Скопје.
- Максимална дозволена катност на објектите може да се постигне со изградба на објекти во фаза:
- Во просторот кај локацијата на лесна индустрија бр.48 и бр.51 поминува главниот разовд од каптажа.

Рашче до железничката [illegible]ње" со профил ø 1600мм Според тоа дел од назначените зони на планот над овие цевки не ќе може да се реализираат.

- При проектирање на објектите во просторот да се обрне посебно внимание во третманот на објектите да бидат современо обликувани и проектирани.
- Да се рушат сите објекти ако во зафатот на локации е од општ интерес за потребите на зоната или градот.
- Планирањето на лесна индустрија сервиси и магацини ќе се врши према реалните потреби и дадени нормативи.
- Уцртаните габарити на нови и проширување на постоечки објекти и површини да се врши према однапред приправена проектна програма.
- Катноста да биде во склад со намената на објектот
- Покривањето да се усклади со функцијата и да допринесува на обликовното решение на објектот.
- За уредувањето на околниот простор обавезно е хортикултурното решение.
- Локациите за планираните зони плански да со расчистуваат од времени и субстандардни објекти.
- Големина на габаритите на сите објекти не е строго дефинирана или дадем е само предлог за намена според усвоени нормативи.

2.4. Услови наменети за површини на сервиси

- Објектите да бидат усклади со намената на објектит.
- Објектите кои со својата големина на габарит, спратност и квалитет на изградба ги задоволуваат критериумите се задржуваат без интервенции.
- Изградбата на нови и проширување на постоечки јавни објекти да се врши према однапред приправена проектна програма.
- Катноста на објектите да биде во склад со намената, односно објектите во зона II, според графичкиот прилог се со спратност P, а објектяте према сообраќајниците се со P-P+4.

- Максималната катност на објектите може да се постигне со изградба во фази.
- Зоната на малото стопанство зона "А" спратноста на објектите ќе се движи од P-P+2 во зависност од концепцијата. Затоа пожелно е да во овој комплекс се изготват посебна програма според потребите и интересите на општината и градот.
- Проектните програми да бидат проверени преку урбанистичките проекти.
- Урбанистичкиот проект треба да ја дефинира урбанистичко-архитектонската поставка.
- Објектите во зоната "В" и "С" се со спратност P
- Покривањето е со кос кров усклађен со функцијата и доприносе на обликувањето решение на објектот.
- За надворешна обработка да се користат квалитетни трајни материјали, вклопувајќи се во оформување на обиколниот амбиент.
- За уредување на околниот простор обавезно е хортикултурно решение
- За службениците и посетителите како посебен услов е обезбедување на потребен број паркирални места.
- Паркиралиштата да бидат издвоени од главната влезно излезна сообраќајница
- Индексот на изграденост е 40%
- Во зоната се предвидува лоцирање на следните функции:
- зона на мало стопанство
- сервиси на градежни фирми
- градски и приградски терминал
- теретен терминал
- Во зоната се предвидува лоцирање на содржини поставени така да преставуваат една заокружена целина со што ќе се овозможи флексибилност на просторот

2.5. Услови за површини на магацинско-производен простор

- Овие одредби се однесуваат за сите објекти во магацинско-производниот простор
- За секоја локација од оваа зона се издаваат урбанистички услови од графичкиот прилог и одредбите
- Урбанистичко-техничките услови треба да содржат извод постоечката положба
- Означените габарити во секоја предлог локација не ке дефинитивни по форма и големина
- Положбата на објектите во однос на улиците одредени се со градежна линија назначена во графичкиот прилог (котен план).
- Планиран процент на изграденост е 40%
- Висината на објектите е од P-P+4 во зависност од зоната во која се наоѓа објектот. Објектите со спратност P се во зона II назначени во графичкиот прилог, а објектите кои се паралелни со главните сообраќајници се со спратност P-
- Максимална дозволена катност на објектите може да ке постигне со изградба на објектот во фази
- Покривањето е со коси кровови усклађено со функцијата.
- Објектите према сообраќајниците да бидат изградени од квалитетен градежен материјал.
- Сите објекти од некквалитетен материјал да се срушат и заменат со нови
- Се рушат објекти кои со својот квалитет и местоположба не можат да се уклопат во предложеното решение.
- Сите објекти се усклађат во модуларната мрежа која ја дава основната композиција, а истовремено ке се овозможи флексибилност на објектите и просторот.

- Проектот на новите објекти да е изработен према зададените урбанистичко-технички услови задоволувајќи ги функционалните, конструктивните и естетските барања.
- За уредување на околниот простор обавезно е хортикултурно решение
- Процент на изграденост на парцелата е 40%
- Посебно да се обрне внимание на квалитетот на објектите кои главните сообраќајници
- Магацинско-производни објекти кои бараат и магацинирање на отворено се во зона III.
- Издавање на предлог локациите според зонигот и сличност на функциите што овозможува флексибилност на просторот.
- а). Магацинирање на градежен материјал
  б). Магацинирање на прехранбени производи
  с). Магацинирање на индустриски производи

2.6. <u>Услови за површини наменети за сообраќај</u>

- Сите сообраќајници да се реализираат спрема приложениот план за сообраќај и нивелација.
- Димензионирањето е извршено и базирано на ОУП - Скопје (2001 г.)
  а). артеријални сообраќајници
  б). колекторски сообраќајници
  в). локални сообраќајници
- Сите сообраќајници ги имаат потребните тротоари кои се димензионирани према карактерот и значајот на сообраќајниците. Некои се наоврзуваат непосредно на коловозот, а некои ги дели зелена трака
- Поплочани површини ќе бидат пред објектите од зона II и во просторот на малото стопанство.
- Локалитетот за автобуски градски и приградски терминал со анализа на постојна положба и тенденција за масовен превоз и планирана состојба укажуваат на важноста на овој простор.

- Теретниот терминал е лоциран непосредно на железницата и колекторската сообраќајница
- Зоната на железницата е дадена според перспективниот развој на истата во просторот на железничката станица Скопје - Север.
- Во просторот на зоната "Лесна индустрија планиран е индустриски колосек.
- На просторот околу пругата лево и десно од истата за потребите на содржините кои ги таквира оставен е простор од 10-12 м, резервна површина за можност за изведување на индустриски колосек.

2.7. Услови за површини наменети за зеленило

- Површините на градско зеленило во зависност од местоположението и намената се групираат на неколку дела:
  Организирано зеленило-парк, зеленило уа сообраќајници, заштитно зеленило и зеленило во работни зони.
- Во работните зони просторот према улицата треба да се посебно уреди хортикултурно со високо и ниско зеленило.
- Задниот дел или просторот околу објектот може да се уреди према потребите но во склад со намената на објектите.
- На слободните површини околу работните организации одредени се зелени површини (тревници, декоративно жбунье, дрво со ниско растење), со цел за подобрување на условите за работа.
- Ако се тиеда на услови на зголемена пожарна отпорност заштитната зона се решава по принцип на ниска вегетација. Ваквиот пред го спречава ширењето на пожарот на околината.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА БУТЕЛ

Број: 2301-98/9 **од** 16.03.2021

Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина и лер Скопје

ИЗВОД ОД ПЛАН

ДУП: за дел од Скопје – Север, М.З.45 – Цветан Димов, за училишен центар

Одлука бр: 07-72 **од** 22.02.2002 год.

Намена на градба: /

ул. / **бр.** /

ДЛ: / **М** 1:1000


ИЗВОД ЗА

1. ГРАФИЧКИ ДЕЛ:

Графички приказ на следната страна


изготвил,
Благица Атанасова д.и.а.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА
ГРАДОНАЧАЛНИКОТ,
Слободан Невенов дипл.геод.инж.



Сообраќајна мрежа


пресек 1-1 Бул: Босна и Херцеговина
магистрална улица



пресек 2-2 ул: II Македонскабригада
собирна улица




пресек 3-3 ул: Лазар Трпковски
собирна улица



ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД СКОПЈЕ-СЕВЕР М.З.45 - ЦВЕТАН ДИМОВ Општина Чаир

2001 - 2006 ГОД.



ЛЕГЕНДА

- Граница на урбан опфат
- Градежна линија
- Регулациона линија
- Линија на парцела
- Површина за градба
- Спортски терени
- Основен топлотен вод
- Секундарен топлотен вод
- Постојна водоводна мрежа
- Планирана водоводна мрежа
- Постојна фекална канал. мрежа
- Планирана фекална канал. мрежа
- Постојна атмосферска канал. мрежа
- Планирана атмосферска канал. мрежа
- Телефонски кабли-постојни
- Телефонски приклучоци-планирани
- Светилки-планирани
- Трафостаници-дислоцирани
- 10 кВ кабли-постојни
- Трафостаници-постојни

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

легенда	бр.на парц.	намена	п на парц.м2	п на градба за под об. раз. п.	max. висина	% на изград.	коеф. на искорис.
	1.1.	Средно училиште	16363	6150	18450	14 м	37%	1,13
	2.1.	Завод за рехабилитација на деца и младинци	35328	12300	49200	14 м	35%	1,39
		Сообраќај	7000	/	/	/	/	/
		Паркирање	825	/	/	/	/	/
ВКУПНО:			65104	18450	67650	14 м	27%	0,80

0 10 20 40 70 90 100м

	РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ REPUBLIC OF MACEDONIA PUBLIC ENTERPRISE FOR PHYSICAL AND URBAN PLANS	ДИРЕКТОР м-р Сашо Манасов
ПОДРУЖНИЦА	СКОПЈЕ	
ПЛАН:	ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД СКОПЈЕ-СЕВЕР М.З. 45 - ЦВЕТАН ДИМОВ ЗА УЧИЛИШЕН ЦЕНТАР	ФАЗА ПРЕДЛОГ ПЛАН
ПРИЛОГ:	СИНТЕЗЕН ПРИКАЗ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА	РАЗМЕР 1 : 1000 / ТЕХ. БР. 08/01
РАКОВОДИТЕЛ:	ПЛАНЕР: НАТАЛИЈА ВР-ЕВСКА-САВИЌ дипл.инж.арх. ИНФРАСТРУКТУРА: Соња Георгиева дипл.град.инж., Благој Јанков дипл.ел.инж., Сашо Зајков дипл.град.инж., Никола Гаровски дипл.маш.инж.	ДАТА 1.2002год / ПРИЛОГ 4

II. ПЛАН ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ

1. Согледување на степен на истраженост на просторот

Со Основниот урбанистички план-измени и дополни од 1985год. На просторт помеѓу улицата Босна и Херцеговина и улицата Лазо Трповски предвидени се колективни станбени објекти со висина од (П+4; П+6) и предвидено е расчистување на субстандардот.

Со Деталниот урбанистички план од 1985год. кој го третира овој простор предвидени се колективни станбени згради и предвидено е доградба и надградба на Заводот за рехабилитација за деца и младинци.

Со Генералниот урбанистички план на град Скопје 2001-2020год, кој е во процедура за негово усвојување на локацијата на аголот помеѓу улицата Босна и Херцеговина и улицата Лазо Трповски предвидува локација за средно училиште, согласно со потребите на бројот на младината добиена од демографската студија, мрежата на разместеност на средните училишта, како и согласно на програмата на Министерството за образование и Владата на Република Македонија.

2. Просторна концепција и организација на просторот

При планирање на просторот основни показтели се неговите физички можности, конфигурацијата на теренот, сообраќајниот пристап, со тенденција да се изработи пофункционално и порационално решение. Просторната концепција на комплексот тежнее да парцелата на средното училиште и Заводот за рехабилитација на деца и младинци бидат концентрирани, како предуслов за формирање на компактна, урбанистичко-естетска, рационална урбана агломерација, која би овозможила подобро одвивање на дејностите.

Планерски методи за постигнување на оваа цел се:

- формирање на јасна граница на локалитетот за средното училиште и социјалната установа, во близина на магистрална и собирни сообраќајници;
- просторната концепција на комплексот треба да овозможи средното училиште и социјалната установа со своите придружни функции и спортските терени да бидат што е можно по концентрирани за да се овозможи полесно одвивање на дејностите;
- предвидување на рационална ефикасна сообраќајна и комунална инфра и супра структура;

Во согласност со идните потреби за училишниот центар и социјалната установа, следејки ги показателите и стандардите на Законот за просторно и

урбанистичко планирање и Правилникот за планирање на просторот, просторот е поделена на две зони:

- зона за средно училиште;
- зона за социјална установа "Завод за рехабилитација на деца и младинци";

2.1. Зона за средно училиште

Зоната за средно училиште е лоциран на аголот меѓу улицата Босна и Херцеговина и улицата Лазо Трповски и опфаќа површина од 16.363м^2. Главниот влез на учениците е предвиден од улицата Лазо Трповски, додека за наставниците предвиден е пристап од станбена улица која е приклучена на улицата Босна и Херцеговина.

Дозволената максимална висина на објектите до висината на венецот изнесува 14м. Максималниот процент на изграденост на локацијата според Правилникот за планирање на просторот е до 80% со што се добива максимална површина за градба. Максималниот коефициент на искористување на земјиштето е 2. Тој преставува однос на бруто развиена корисна површина на сите нивоа на објектот, без подземни гаражи и паркинзи, визбени простории и површината на парцелата.

Според стандардите и нормативите во Правилникот за планирање на објекти од областа на образование, потребно е да се обезбеди простор за образовните институции со минимум 25м^2 по ученик за комплексот, односно минимум 7м^2 по ученик за површина на објектот.

Во однос на стандардот минимум 25м^2 по ученик за површината на комплексот, површината на локацијата за средно училиште може да прими капацитет од 700 ученици. И покрај тенденциите на образованието за одвивање на наставата во една смена, реална е претпоставката дека и во иднина наставата во училиштата ќе се одвива во две смени, со тоа што сегашната состојба ќе биде подобрена во смисла на целосна двонаменска настава. На тој начин во средното училиште би се школувале 1.400 ученици.

Максималната површина за градба изнесува 6.150м^2, а развиената површина по катови изнесува 18.450м^2. За потребите на површина на објект по ученик се добива 13м^2 корисна површина по ученик, што преставува удобен параметар во однос на минималниот стандард од 7м^2 по ученик за површина на објектот. Со реализација на објектот ќе се создадат потребни услови за нормално изведување на воспитно-образовниот процес, во една училишна зграда, во кабинети за општа намена, во специјализирани кабинети и слично, а истото ќе биде во целосна релација на наставните планови и програми на училиштето со современи методи и форми.

Во однос на локацијата со површина од 16.363м^2, се добива процент на изграденост на парцелата од 37% и коефициент на искористеност од 1,13, што значи дека се во рамките на дозволените стандарди и нормативи за планирање на просторот, предвидени се поволни стандарди за проектирање на објектите.

Во зоната за средното училиште предвидени се отворени терени и игралишта за мали спортови. На просторот за спортски терени може да се предвидат игралишта за мал фудбал, кошаркарски игралишта, игралишта за одбојка и тенис, во зависност од потребите и програмата на училиштето, кој ќе бидат разработени со урбанистички проект.

2.2. Зона за социјална установа

Зоната за социјална установа е лоцирана на аголот на улицата II Македонска бригада и улицата Лазо Трповски. Површината на зоната изнесува 35.328м^2.

Дозволената максимална висина на објектите до висината на венецот изнесува 14м. Максималниот процент на изграденост на локацијата, како и за средното училиште е усвоена до 80%, додека максималниот коефициент на искористување на земјиштето е 2.

Според стандардите и нормативите во Правилникот за планирање на објекти од областа на објекти од социјален карактер за површина на објектот е потребно минимум 15м^2 по корисник, а за површината на комплексот минимум 30м^2 по корисник.

Во однос на постојната површина на објектот од 3.371м^2 , планирано е проширување на 12.300м^2 површина за градба, односно 49.200м^2 развиена површина која дава можност за рационализација на просторот, надградба и доградба на постојните објекти, во зависност од потребите и програмата на Заводот за рехабилитација на деца и младинци.

Со урбанистички проект во зоната треба да се уредат спортски терени, игралишта за децата, партерно решение, како и идејни проекти за доградба и надградба на објектите и предвидување на нови објекти во рамките на планираната површина за градба. Овој простор ќе преставува квалитет на комплексот, во кој децата и младинците покрај згрижувањето, образовнието ќе одвива и спортски активности, потребни за развојот како на духот така и на психофизичките активности. Овој простор потребно е да се уреди со високо, средно и ниско зеленило и да се опреми со дополнителна урбана опрема во зависност од потребите и програмата.

2.3. Биланс на површини

Намената на површините во границите на урбаното подрачјето прикажани се табеларно. Во неа се прикажани површините м^2, површините за градба под објекти и развиена површина на објектите, максималната висина на објектите прикажана во метри, должини од котата на тротоарот до висина на венецот, процентот на изграденост и коефициент на искористеност.

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

бр.на парц.	намена	п на парц.м2	п на градба ха под обј.	раз. п.	мах. висина	% на изград.	коеф. на искорис.
1.1.	Средно училиште	16363	6150	18450	14 м	37%	1,13
2.1.	Завод за рехабилитација на деца и младинци	35328	12300	49200	14 м	35%	1,39
	Сообраќај	7000	/	/	/	/	/
	Паркирање	825	/	/	/	/	/
ВКУПНО:		65104	18450	67650	14 м	27%	0,80

3. Планиран развој на инфраструктура

3.1. Сообраќајно решение

На основа предвидениот Основен урбанистички план и Генералниот урбанистички план на град Скопје 2001-2020год које во постпака за негово усвојување, Детални урбанистички план за училишен центар пристапи кон изготвување на следното сообраќајно решение.

- Локалитетот е поврзан со градското јадро преку булеварот "Босна и Херцеговина", кој што ќе претставува магистрална улица со ширина на коловозот од 7.0 м во еден правец, разделен по должината на осовината со зелен појас со ширина од 5.0 м. Целосниот коридор на булеварот е со ширина од 50.0 м. Радиусот на хоризонталната кривина изнесува 30.0м.
- Бул" Босна и Херцеговина" се вкрстува со улицата " Лазо Трпковски" која што е планирана да биде од собирен карактер со коридор од 26.0 м. Ширината на коловозот ќе биде 14.0 м. Со ова преструктурирање во улица од повисок ранг ќе се овозможи растеретување на сообраќајот во овој дел на градот.
- Улицата " Лазо Трпковски" се вкрстува со улицата "II ра Македонска бригада" која што исто така е од собирен карактер. Ширината на коловозот изнесува 10.0 м, а вкупниот коридор на улицата изнесува 20.0м. Предвидени се тротоари со ширина од 2.5 м.

3.2. Водоснабдување

Училишниот центар со вода ќе се снабдува од градската водоводна мрежа. За обезбедување на поголема сигурност во водоснабдувањето на објектите на предвидениот простор, се предлага формирање на прстен со изградба на нова водоводна цевка ϕ150 која ќе го поврзе цевоводот на ул. "Лазо Трпковски" со цевоводот на ул. " Боро Менков".

Постоечкиот објект Завод за рехабилитација на деца и младинци ќе го користи постојниот приклучок на уличната водоводна мрежа.

За заштита на објектите од пожар на мрежата се предвидени противпожарни хидранти кои ќе бидат изведени према техничките прописи и стандарди, односно се вградуваат хидранти со дијаметар 80 или 100 мм.; на растојание 80 до 150 м, со што пожарот на секој објект ќе може да се гаси со најмалку два надворешни хидранта.

3.2.1. Потребни количини на вода

Планиран број на корисници:
- во училишниот центар 1.400 ученици (во две смени по 700 ученици)
- во завод за рехабилитација 200 болнички легла

Потребните количини од вода изнесуваат:

1.1.1. За училишен центар
- $Q_{ученик}$ = 15 л/ден/ученик
- a_1 = 1,0 коефициент на дневна нерамномерност
- a_2 = 1,5 коефициент на часова нерамномерност

$$q_{мах/час} = \frac{N_{ден} \times Q_{ден} \times a_1 \times a_2}{6x60x60} = \frac{700 \times 15 \times 1,0 \times 1,5}{21600} = 0,73 \text{ л/сек}$$

1.1.2. За штитеници во заводот за рехабилитација
- $Q_{штитеник}$ = 500 л/ден/штитеник
- a_1 = 1,0 коефициент на дневна нерамномерност
- a_2 = 2,5 коефициент на часова нерамномерност

$$q_{мах/час} = \frac{N_{штит} \times Q_{штит} \times a_1 \times a_2}{24x60x60} = \frac{200 \times 500 \times 1,0 \times 2,5}{86400} = 2,89 \text{ л/сек}$$

1.1.3. Вкупно потребна количина на вода

$q_{мах/час}$ = 0,73 +2,89 = 3,62 л/сек

3.3.Канализација

3.3.1. Фекална канализацина мрежа

Приклучувањето на новопредвиденитот објект се предвидува на постојната градска фекална канализација, односно на канализациона цевка ϕ 300 на ул. "Лазо Трпковски".

Постоечкиот објект Завод за рехабилитација на деца и младинци ќе го користи постојниот приклучок на уличната фекална канализација.

Количина на фекална отпадна вода

Количини на фекални отпадни води: се смета на 80% од $q_{макс/час}$ зголемена за 25% од инфилтрирани подземни води:

$$q_{фек.учил} = \frac{0,8\ (N_{уч.} \times Q_{уч.} \times a_1 \times a_2) \times 1,25}{21600} = 0,8 \times 0,73 \times 1,25 = 0,73\ л/сек$$

$$q_{фек.ин} = \frac{0,8(N_{штит.} \times Q_{штит.} \times a_1 \times a_2\ ) \times 1,25}{86400} = 0,8 \times 2,89 \times 1,25 = 2,89\ л/сек$$

$q_{фек.\ вкупно} = 0,73 + 2,89 = 3,62$ л/сек

3.3.2. Атмосферска канализациона мрежа

Одведувањето на атмосферските води од локацијата на новопредвидениот објект се предвидува преку постојната атмосферска канализација на ул. "Дижонска" која се приклучува понатаму на колектор ϕ 800 мм. на ул. "II Македонска бригада".

Количина на атмосферски отпадни води:

$$q_{атм} = F \times q_i \times \psi_{ис} = 5,5 \times 110 \times 0,4 = 242,0\ л/сек$$

- F - припадна сливна површина
- q_i - 110 л/сек/ха - специфичен истек
- $\psi_{ис}$ - 0,4 коефициент на истекување

3.4. Детално решение на електро, телефонска и инсталација за јавно осветлување

3.4.1. Електрична инсталација

При планирање на просторот во зоната за средно училиште се предвидува градба на објект со максимална површина на градба од 6.150 м^2 а во зоната за социјална установа максималната површина за градба изнесува 12.300 м^2. Со предвидениот норматив од 1 kW едновремена моќност на 100 м^2 површина за градба, се добива дека за задоволување на идните потреби на објектите ќе биде потребна моќност од 185 kW.

За задоволување на електроенергетските потреби во планскиот период се предвидува проширување на постојната трафостаница 10/0,4 kV; од 400 kVA на 630 kVA.

3.4.2. Телефонска инсталација

За задоволување на потребите на идните корисници планирано е зголемување на телефонските приклучоци. Предвидено е за Средното училиште и Заводот за рехабилитација со вкупно 18.450 м² максимална површина за градба, вкупно 8-10 директни телефонски линии.

При премин под сообраќајница планираните телефонски кабли треба да се провлечат во пластична цевка. Самото приклучување во постојната телефонската мрежа на планираните телефонски корисници ќе се изврши по се према условите искажани од АД Македонски Телекомуникации, Градски телефон-Скопје.

3.4.3. Инсталација за јавно осветлување

Бидејќи сите сервисни улици не се целосно опфатени со јавно осветлување, планирано е осветлување на овие улици. За таа цел предвидени се натриумови високопритисочни светилки со моќност 250-400 W кои ќе се постават на метални столбови високи 8-10м и на меѓусебно растојание, од 25-40 м.

Геометријата на елементите потребни за изведба на инсталацијата за јавно осветлување (висина на столбови, растојание помеѓу нив) зависна е од интензитетот на сообраќајот што се одвива по соодветната сообраќајница. За таа цел потребно е да се направи светлотехничка пресметка за сите сообраќајници.

Инсталацијата за јавно осветлување треба да биде проектирана за целоноќен и полуноќен режим на работа.

3.5. Планиран развој за далечинско затоплување

Реонот со својата густина на градба ги исполнува техно-економските параметри за исплатливост од реализација на планот за централно затоплување.

Големината на топлотниот конзум е утврден врз основа на податоците за корисната површина и намената на објектите, а за потребната специфична количина на топлина усвоени се следните големини:

- зграда до околу 2000м³ _____ од 35 - 60 W/m³;
- зграда до околу 20000м³ _____ од 18 - 40 W/m³;
- зграда до околу 50000м³ _____ од 18 - 30 W/m³.

Вкупно потребниот капацитет за задоволување на топлинските потреби за сите објекти, изнесува 7.5 MW, од кои 2.6 MW се планираат за затоплување на средното училиште, а 4,9 MW за затоплување на Заводот за рехабилитација на деца и младинци.

При димензионирањето на мрежата усвоени се следните препораки за дозволениот пад на притисок (R) и брзина на струење на топлотниот флуид (ω) низ водовите за далечинско затоплување:

- R= 100 - 200 Pa/m
- ω <= 3 m/s

Врз основа на вака дефинираните норми утврден е номинален пречник од NO100 на секундарниот вод кој го поврзува средното училиште. Капацитетот на постоечкиот вод со кој е поврзан Заводот не е доволно голем за да ги задоволи планираните потреби, па оттаму потребно е да се најде ново техничко решение. Заради тоа се планира изградба на нов секундарен вод со пречник NO125, кој ќе го поврзува новоизградениот објект преку постоечката шахта, со основниот вод на улицата 2-ра Македонска бригада.

Прилагодување на параметрите на топлотниот флуид кон инсталацијата на крајните корисници ќе се врши со редуцирачки топлотни подстаници во кои со помош на калориметри ќе се мери и количеството на топлина кое се испорачува.

III. ОДРЕДБИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЛАНОТ

1.Општи одредби

Член 1.

Деталниот урбанистички план за училишен центар овозможува организирано, функционално поврзување, рационалност на просторот, како и урбано естетско и еколошко обликување на просторот.

Деталниот урбанистички план создава основна концепција за начинот на уредување на просторот, изградба на комунална инфраструктура и други потребни содржини и создадени услови за опремување на просторот во рамките на планиран развој и опслужување.

Член 2.

Одредбите за спроведување на планот се составен дел на планот.

Член 3.

Предмет на одредбите за Деталниот урбанистички план се сите податоци кои не се графички прикажани, како и воспоставените критериуми и стандарди за реализација на архитектонско-урбанистичкиот концепт.

Член 4

Одредбите за спроведување на планот се задолжителни да се почитуваат при изработка на Урбанистички проект.

2. Систем и начин на градба и архитектонско урбанистички услови за изградба на објектите

2.1. Регулациона и градежна линија и површини за градба

Член 6.

Со Деталниот урбанисти план графички се прикажани регулационите и градежни линии.

Регулационата линија е линија на разграничување меѓу градежна парцела и јавна сообраќајна површина.

Сообраќајниот коридор е определен со двете вертикални рамнини чиишто пресеци со рамнината на теренот се регулационите линии кои ја определуваат ширината на коридорот. Просторот над и под површината на

сообраќајницата и припаѓа на сообраќајницата и се користи на начин утврден со Закон.

Градежната линија е линија која ја определува границата до која може да се гради објектот.

Градежната линија претставува пресек на вертикална рамнина со рамнината на теренот и го дефинира просторот за изградба од нивелетата на партерот до дозволената висина на градба.

Градежната линија ја одредува границата на површината за изградба.

Со градежни линии, при планирање на површината за изградба на објекти во рамките на урбанистичка парцела, се означува растојанието во регулационата линија(главна-надворешна градежна линија), односно до границата на урбанистичката парцела (помошна-внатрешна градежна линија).

2.2. Дозволени пречекорувања на градежната линија кога таа не се поклопува со регулационата линија

Член 7.

Од градежната линија може да отстапуваат приземните тераси и влезната партија, кои ако е од страната на соседен објект мора да го здоволат минималното растојание од 1,50 метри од границата на урбанистичката парцела. Сите други елементи -еркери, конзоли, инсталациони канали, елементи од второстепена пластика, влегуваат во рамките на градежните линии со кои е определена површината за градба.

2.3. Процент на изграденост на парцелата, коефициент на искористеност на земјиштето

Член 8.

За секоја урбанистичка парцела при реализацијата, односно при проектирањето треба да се задоволат следните урбанистички параметри:

- Процент на изграденост на парцелата која максимално изнесува 80%
- Коефициент на искористеност на земјиштето кое максимално треба да изнесува 2.

Процентот на изграденост на урбанистичките парцели преставува однос меѓу бруто површина под објект и површината на парцелата помножена со сто. Процентот на изграденост на парцелата ја дефинира површината за градба.

Во процентот на изграденодт на парцелата не се смета површината уредена со базени, тремови, натстрешници, перголи, паркинг површина.

Коефициентот на искористеност на земјиштето преставува однос меѓу бруто развиена корисна површина на сите нивои на објектот, без подземни гаражи и паркинзи, визбени простори и површината на парцелата.

Максималните висини на објектите прикажани се во графичкиот прилог и во текстуалниот дел. Максималната висина на објектите изразена во должни метри се определува од нивото на тротоарот односно сообраќајницата или пристапната патека (нулта кота) до завршниот венец на објектот.

Од максималната висина за градба отстапуваат кулни надвишувања, кровни бањи, сите архитектонско композициски и декоративни елементи, сите инсталациони канали и технолошки инсталации неопходни за функционирање на објектот.

2.4. Паркирање

Член 9.

При паркирањето, за определување на минимален број паркиралишни места се применува следните нормативи:

-на 8 настаници 1 паркинг место;

2.5. Фасади

Член 10.

Покрај императивните услови кои произлегуваат од дозволените граници на градба, во компонирање на фасадите треба да се тежнее кон нивно максимално усогласување со соседните објекти, со намената на објектите и креативноста на архитектот.

2.6. Кровови

Член 11.

Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот.

Надвисувањето над кровот во смисла на кровни прозори, куполи, кулни надвишувања и сл. да не бидат повеќе од 15% од кровните површини.

2.7. Огради

Член 12.

За објекти со специјална намена во кои спаѓаат и воспитно образовни и социјални објекти, висината и типот на оградата се определува според намената на објектот, теренските услови и други барања за заштита.

Бидејќи локациите се на агол меѓу две улици, задолжително е оградата да е полукружна- да ја следи линијата на сообраќајницата, или под агол од 45° со што се обезбедува прегледност во сообраќајните и пешачките движења.

2.8.Опрема

Член 13.

Опремувањето на локалитетот опфатен со овој план со елементи од урбана опрема треба да се решава со урбанистички проекти за партерно уредување во кој ќе се опфатат осветлувањето, простори за одмор, објекти како урбана опрема, клупи, корпи за отпадоци, реклами и сл.

Јавното осветлување, не смее да му пречи на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штети или менува изгледот на архитектонските објекти и групации.

2.9. Бариери

Член 14.

Во третманот на пешачките површини и стази потребно е решавање на денивелациите со скали и рампи за инвалидизирани лица.

При проектирање на објектите потребно е да се води сметка, во однос на широчината на ходниците мин. 1,80м, широчината на вратите, да се воведе поставување на универзалната електрична инсталација и сигнализација и во составот на јавните клозети во средното училиште и во социјалната установа да се обезбеди најмаку еден универзален клозет.

3. Одредби за спроведување на инфраструктурна опрема

1) Доследно да се спроведуваат мерките за заштита и планирање на просторот на сегашните и идните траси на водоснабдителната мрежа. Не е дозволено над и покрај уредите и објектите на водоводната и канализационата мрежа и приклучоците депонирање на било каков материјал од кои би се оневозможила нивната употреба и користење. Не е дозволено садење на дрва над водоводната односно канализационата мрежа и приклучоци како и во нивна непосредна близина.
2) Над и непосредно до водоводната односно канализациона мрежа и приклучоците не се одобрува лоцирање на било какви објекти од висока и ниска градба (постојани или времени), како и подземни инсталации (каблови, топловоди и др.). Ако во исклучителни случаи не може да се избегне и се наложи лоцирање на објекти над водоводната односно канализационата мрежа и приклучоците, задолжително се врши претходно реконструкција или заштита на мрежата и приклучокот по услови определени од ЈП "Водовод и канализација".
3) При паралелно поставување на електрични, телефонски, топлфикациони и др. инсталации со уличен водовод, фекална и атмосферска канализација минималните растојанија меѓу нив се регулира со одредени услови од "условите за полагање на електрични, ПТТ каблови и топловодни водови" на соодветните комунални организации, но не помалку од 0,5м, односно 0,6 м од крајната ивица на водоводот.
4) Водоводните цевки од канализационите цевки се поставуваат на растојание од 1,5 м за ϕ 200 мм и 3,0 м за ϕ поголемо од 200 мм.
5) При вкрстувањето минималното растојание меѓу водоводната и канализационата цевка да изнесува од 0.4м.
6) За меродавна количина за димензионирање на атмосферската канализација усвоен е интензитетот на дождот од 110 л/сек/ха кој се јавува секоја втора година во времетраење од 15 минути.

4. Мерки за заштита на животна средина, мерки за засолнување, мерки за заштита од пожар

4.1.Мерки за заштита на животна средина

Член 15.

Системот на мерки за заштита на животната средина треба да биде воспоставен на ниво на локација и на ниво на објект, согласно со аспектите:

- планови и технички решенија за заштита на животната средина-рециклажа, третман и диспозиција на отпадните материи-гасовити, течни и цврсти , заштита од бука;
- параметри-индикатори врз основа на кои ќе се врши мониторинг на животната средина;

Член 16.

Законска регулатива што ги определува правата и должностите на правните и физички лица при вршењето на дејноста , од областа на заштитата на животната средина што треба да се применува е:

- Чл.6 од Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата
- Закон за заштита на воздухот од загадување
- Закон за спречување на штетна бучава
- Закон за заштита на природните реткости
- Закон за заштита од јонизирачки зрачења и за нуклеарна сигурност
- Закон за цврст отпад

4.2. Мерки за засолнување

Член 17.

Настанатите општествено-политички и економски промени во периодот после 1990 година ја наметнаа потребата за измени во областа на одбраната и засолнувањето. Донесени се нови подзаконски акти со кои начелно се регулира засолнишната проблематика во Република Македонија и тоа се:

- Законот за одбрана("Сл. В. на РМ"бр8/93)
- Уредбата за критериумите за засолнување на населението("Сл. В. на РМ"бр.81/92)

- Правилникот за определување на висината на средствата потребни за изградба на засолништа и начинот и рокот на плаќањето односно враќањето на овие средства (Посебен "Сл. В. на РМ "бр8/93)

На 10.03.1998 година во "Сл. В. на РМ "бр12 објавена е уредба за изменување на уредбата за критериумите за засолнување на населението ("Сл. В. на РМ "бр.81/92) во член 2, алинеа 1 главата:II Критериуми за обезбедување со објекти за засолнување и членовите од 3 до 24 и главата: Казнени одредби и членовите од 32 до 35 се бришат.

4.3.Мерки за заштита од пожар

Член 18.

Согласно со член 9 од Законот за заштита на пожари ("Сл. В. на СРМ "бр43/86), уште во процесот на просторно и урбанистичко планирање и проектирање се води сметка за заштита од пожари, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случаи на појава на пожари.

При планирањето треба да се води сметка за:

- пожарна точка-која подразбира голема концентрација на лесно запаливи материи
- пожарно оптоварување-која ги подразбира сите запаливи материи кои се наоѓаат на одредено земјиште. Потребно е да се планира според најмалото пожарно оптоварување од 25 кгр. на 1 м^2 бруто развиена површина.
- Противпожарни прегради-кои преставуваат поголеми неизградени површини, зелени парковски површини и пошироките сообраќајници.

Сообраќајното решение и начинот на градба на објектите треба да овозможува пристап на противпожарното возила од повеќе страни. Улиците да бидат доволно широки што овозможува непречено и брзо движење на возила.

Водовоната мрежа со надземните противпожарни хидранти ќе претставува основа за снабдување на противпожарните возила со вода при гаснењето на пожарите.

5. Преодни и завршни одредби

Член 19.

Ако при изведување на градежни работи се најде на човечки активности во минатото, изведувачот и инвеститорт се должни привремено да запрат со работите на тоа место, да преземат мерки трагите да не се оштетуваат и веднаш да го известат за тоа надлежниот орган.

Член 20.

При издавање на решение за услови на градба, проектирањето на објектите и изработка на урбанистичките проекти да се применуваат одредбите од Правилникот за стандарди и нормативи за планирање.

Член 21.

Со донесувањето на ДУП за училишен центар во општина Чаир, се сметаат донесени и овие одредби како составен дел на Деталниот урбанистички план.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА БУТЕЛ

Број: 2301-98/3 **од** 16.03.2021

Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина и лер Скопје

ИЗВОД ОД ПЛАН

ДУП: Урбан блок – помеѓу улиците: „Босна Херцеговина“ и „Лазо Трповски“, локалитет „СА-СА“, измена и дополна

Одлука бр: 07-1800/7 **од** 27.12.2012 год.

Намена на градба: /

ул. / **бр.** /

ДЛ: / **М** 1:1000

ИЗВОД ЗА


1. ГРАФИЧКИ ДЕЛ:

Графички приказ на следната страна


изготвил,
Благица Атанасова д.и.а.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА
ГРАДОНАЧАЛНИКОТ,
Слободан Невенов дипл.геод.инж.


КАРАКТЕРИСТИЧНИ ПРЕСЕЦИ НА УЛИЧНИ ПРОФИЛИ **М=1:250**




ПРЕСЕК 1-1 **Магистрална** улица
улица **Босна и Херцеговина**




ПРЕСЕК 2-2 собирна улица
улица **Лазо Трповски**



ПРЕСЕК 3-3 **станбена улица 1**



ПРЕСЕК 4-4 **сервисна улица 2**
станбена улица 4



ПРЕСЕК 5-5 **станбена улица 3**

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ:


- **ПОВРШИНА НА ОПФАТ:** 31833м²
- **ПОВРШИНА ПОД ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ:** 22251м²
- **УТВРДЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ**: 13838м²
- **ВКУПНА ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА**: 54900м²
- **БРОЈ НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ**: 5
  (ГЗ- Сервиси - 3, Е2- Комунална супраструктура - 2)
- **ПОВРШИНА ПОД СООБРАЌАЈНИЦИ:** 18015м²

КООРДИНАТИ НА ПЛАНСКИ ОПФАТ:		
Т1	536221.57	653554.87
Т2	536386.44	653551.02
Т3	536391.06	653362.77
Т4	536220.70	653363.26
Т5	536221.02	653438.26

КООРДИНАТИ НА ОСОВИНСКИ ТОЧКИ НА СООБРАЌАЈНИЦИ:		
Т1	536221.57	653554.87
Т2	536386.44	653551.02
Т3	536391.06	653362.77
Т4	536220.70	653363.26
Т5	536221.02	653438.26
Т6	536299.55	653438.23
Т7	536299.55	653363.03

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН - НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ:

Број на градежна парцела	Површина на градежна парцела (м²)	Површина за градба (м²)	Вкупна површина по катови (м²)	Коефициент на искористеност (К)	Намена на земјиштето и градбите	Класа на намена	Компатибилна намена по дозвола %	Максимален збир на дозволен % на единечната намена кои не се сметаат како основната класа на намена	Процент на изграденост (%)	Максимална висина на венец	Максимален број на катови	Потребен број на паркинг места
1	8113	5670	22680	2.8	сервиси	ГЗ	Б1, Б2, Б4, Д2, Д3, Д4, Г2, Г4	49%	70	13.6	П+3	
2	2839	1980	7920	2.8	сервиси	ГЗ	Б1, Б2, Б4, Д2, Д3, Д4, Г2, Г4	49%	70	13.6	П+3	Ке се деф. согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12 и 126/12)
3	5164	2583	10332	2.0	комунална супраструктура	Е2	/	/	50	13.6	П+3	
4	1755	752	3008	1.71	сервиси	ГЗ	Б1, Б2, Б4, Д2, Д3, Д4, Г2, Г4	49%	42	13.6	П+3	
5	35	20	20	0.57	комунална супраструктура	Е2	/	/			П	
6	4347	2720	10880	2.5	сервиси	ГЗ	Б1, Б2, Б4, Д2, Д3, Д4, Г2, Г4	49%	62.3	13.6	П+3	



ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЗА УРБАН БЛОК - ПОМЕЃУ УЛИЦИТЕ "Босна и Херцеговина" и "Лазо Трповски" Локалитет СА-Са - Скопје ИЗМЕНА И ДОПОЛНА
2012 - 2017

ОПШТИНА БУТЕЛ, СКОПЈЕ
- Предлог план -

СИНТЕЗЕН ПЛАН
- Планска документација-

КЛАСА НА НАМЕНИ:

Г - ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ
ГЗ- Сервиси

Е - ИНФРАСТРУКТУРА
Е2- Комунална супраструктура - Бензиска станица


Е - ИНФРАСТРУКТУРА
Е1- Комунална инфраструктура - Сообра ќајници

ЛЕГЕНДА:


- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ - 3.18ха
- ГП 1 - БРОЈ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- РЛ - РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГГП - ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- ГЛ - ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ЕЛЕМЕНТИ НА УЛИЧНА МРЕЖА
- ОСОВИНИ НА УЛИЦА
- 276,38 - НИВЕЛМАНСКИ ПРЕСЕЧНИ ТОЧКИ
- I=1,38% L=56,3 - ПОДОЛЖЕН НИВЕЛМАН
- ВОДОВОДНА МРЕЖА
- ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
- АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ГАСОВОД
- ЕЛЕКТРОДИСТРИБУТИВНА МРЕЖА
- ТЕЛЕФОНСКА МРЕЖА
- ТОПЛИФИКАЦИОНА МРЕЖА

ЗУМ ПРОЕКТ СКОПЈЕ email: zumproekt@zumproekt.mk	ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН БЛОК - ПОМЕЃУ УЛИЦИТЕ "Босна и Херцеговина" и "Лазо Трповски" Локалитет СА-Са - Скопје ИЗМЕНА И ДОПОЛНА 2012 - 2017 ОПШТИНА БУТЕЛ, СКОПЈЕ - Предлог план -		
управител диа Иво Ѓорѓиев	нарачател: Општина Бутел - Скопје		У
планер: диа Иво Ѓорѓиев овластување бр: 0.0101	прилог: СИНТЕЗЕН ПЛАН		
соработник: диа Нина Смрајц	размер М= 1:1000	ТЕХ. БР. 28/12-У ДАТА Декември, 2012	лист бр: 5


КАРАКТЕРИСТИЧНИ ПРЕСЕЦИ НА УЛИЧНИ ПРОФИЛИ **М=1:250**




ПРЕСЕК 1-1 **Магистрална** улица
улица **Босна и Херцеговина**




ПРЕСЕК 2-2 собирна улица
улица **Лазо Трповски**



ПРЕСЕК 3-3 **станбена улица 1**




ПРЕСЕК 4-4 **сервисна улица 2**
станбена улица 4



ПРЕСЕК 5-5 **станбена улица 3**

КООРДИНАТИ НА ОСОВИНСКИ ТОЧКИ НА СООБРАЌАЈНИЦИ:		
T1	536221.57	653554.87
T2	536386.44	653551.02
T3	536391.06	653362.77
T4	536220.70	653363.26
T5	536221.02	653438.26
T6	536299.55	653438.23
T7	536299.55	653363.03



ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЗА УРБАН БЛОК - ПОМЕЃУ УЛИЦИТЕ “Босна и Херцеговина“ и “Лазо Трповски“ Локалитет СА-Са - Скопје ИЗМЕНА И ДОПОЛНА
2012 - 2017

ОПШТИНА БУТЕЛ, СКОПЈЕ
- Предлог план -

СООБРАЌАЕН И НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН
- Планска документација-


КЛАСА НА НАМЕНИ:

Е - ИНФРАСТРУКТУРА
Е1- Комунална инфраструктура - Сообра ќајници

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ - 3.18ха
ГП 1 - БРОЈ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
РЛ - РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
ГГП - ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
ГЛ - ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ЕЛЕМЕНТИ НА УЛИЧНА МРЕЖА
- ОСОВИНИ НА УЛИЦА
276,38 - НИВЕЛМАНСКИ ПРЕСЕЧНИ ТОЧКИ
I=1,38% L=56,3 - ПОДОЛЖЕН НИВЕЛМАН

ЗУМ ПРОЕКТ СКОПЈЕ	ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН БЛОК - ПОМЕЃУ УЛИЦИТЕ “Босна и Херцеговина“ и “Лазо Трповски“ Локалитет СА-Са - Скопје ИЗМЕНА И ДОПОЛНА 2012 - 2017 ОПШТИНА БУТЕЛ, СКОПЈЕ - Предлог план -		
управител диа Иво Ѓорѓиев	нарачател: Општина Бутел - Скопје		У
планер: диа Иво Ѓорѓиев овластување бр: 0.0101	прилог: СООБРАЌАЕН И НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН		
соработник:	размер	ТЕХ. БР. 28/12-У	лист
диа Нина Смрајц	М= 1:1000	ДАТА Декември, 2012	бр: 3



ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЗА УРБАН БЛОК - ПОМЕЃУ УЛИЦИТЕ
“Босна и Херцеговина“ и “Лазо Трповски“
Локалитет СА-Са - Скопје
ИЗМЕНА И ДОПОЛНА
2012 - 2017

ОПШТИНА БУТЕЛ, СКОПЈЕ
- Предлог план -

ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН
- Планска документација-

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ - 3.18ха
- ГП 1 - БРОЈ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- РЛ - РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГГП - ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- ГЛ - ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ЕЛЕМЕНТИ НА УЛИЧНА МРЕЖА
- ОСОВИНИ НА УЛИЦА
- 276,38 - НИВЕЛМАНСКИ ПРЕСЕЧНИ ТОЧКИ
- i=1,38% L=56,3 - ПОДОЛЖЕН НИВЕЛМАН
- ПОСТОЈНА ВОДОВОДНА МРЕЖА
- ПЛАНИРАНА ВОДОВОДНА МРЕЖА
- ПОСТОЈНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ПЛАНИРАНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ПОСТОЈНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ПЛАНИРАНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ГАСОВОД
- -ЕЛЕКТРОДИСТРИБУТИВНА МРЕЖА
- ТЕЛЕФОНСКА МРЕЖА

ЗАШТИТНА ЗОНА 6.0м´

ЗУМ ПРОЕКТ СКОПЈЕ email: zumproekt@zumproekt.mk	ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН БЛОК - ПОМЕЃУ УЛИЦИТЕ “Босна и Херцеговина“ и “Лазо Трповски“ Локалитет СА-Са - Скопје ИЗМЕНА И ДОПОЛНА 2012 - 2017 ОПШТИНА БУТЕЛ, СКОПЈЕ - Предлог план -			
управител диа Иво Ѓорѓиев	нарачател: Општина Бутел - Скопје			У
планер: диа Иво Ѓорѓиев овластување бр: 0.0101	прилог: **ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН**			
соработник:	размер	ТЕХ. БР.	28/12-У	лист
диа Нина Смрајц	М= 1:1000	ДАТА	Декември, 2012	бр: 4

6. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА

6.1 Плански опфат

Планскиот опфат е обиколен со следните улици:

- од северната страна по осовината на ул.Босна и Херцеговина
- од источната страна по осовината на ул.Лазо Трповски ,
- од западната страна по осовината на Постојна улица "2" и
- од јужната страна по осовината на ул."1" .

Границата на планскиот опфатот е претставена описно со координатите по X и Y на секоја прекршна точка од реден број Т1 до Т5, кои се претставени табеларно.

	X	Y
T1	536221.5747	653554.2286
T2	536386.5090	653551.4919
T3	536391.0613	653363.1122
T4	536220.7681	653363.2678
T5	536221.0837	653438.2672

Овој плански опфат има површина од 3.18 ха.

6.2 Регулациона линија

Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба. Во графичките прилози означена е регулационата линија со детално котирање на растојанија до градежните линии.

6.3 Градежна парцела

Планскиот опфат е составен од 4 градежни парцели. Линиите на градежните парцели кон улиците се поклопуваат со регулационата линија.

6.4 Наменска употреба на земјиште

Со Детален урбанистички план, се дефинираат класите на намена на земјиштето и градбите на:

Г3 - сервиси,
Е2-комунална супраструктура (бензинска станица со придружни содржини)

Дополнително, основната класа на намена Г3 - се дополнува со компатибилни класи на намени на основната класа на намена Б1-30% (мали комерцијални и деловни намени), Б2-30% големи трговски единици), Б4-10% (деловни простори), Д2-30% (парковско зеленило), Д3-30% (спорт и рекреација), Д4-30% (меморијални простори), Г2-49% (лесна индустрија) и Г4-49% (сервиси), или максимален дозволен процент (%) на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот - 49%, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12 и 126/12).
Компатибилни класи на намена на Е2 да биде согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12 и 126/12).

6.5 Градежна линија

Градежната линија претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница во која градбата може да се гради. Градежните линии на површината за градење на новопредвидените градби е дефинирана со градежни линии на начин прикажан во графичките прилози.

Во графичките прилози означени се градежните линии, со детално котирање на растојанијата помеѓу нив и регулационите линии како и кон границите на градежните парцели.

6.6 Површина за градење

На градежните парцели се предвидени површини за градење и со нив се дефинирани максималните граници во кои може да се движи габаритот на градбата, односно максималната површина од парцелата која може да биде зафатена со градба.

6.7 Максимална височина

Максимална височина на градба во урбанистички план се изразува како дозволената височина на градбата на вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија.

Максималната височина на градбата во урбанистички план се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри, односно согласно точка 8 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање Сл.весник на РМ бр.63/12 и 126/12 за терени во пад, максималната височина на нултата плоча се определува во однос на котата на заштитниот тротоар на градбата од страна на пристапната улица при што како услов за градење се утврдуваат и други параметри како: вкупниот број на нивоа на градбата, карактеристичните пресеци и сл).

Предвидените максимални висини на градбите се 13,6м, со катност П+3.

6.8 Процентот на изграденост

Процент на изграденост на земјиштето (П) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба. Истиот се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градба и вкупната површина на градежното земјиште изразен во процент.

6.9 Коефициентот на искористеност

Коефициент на искористеност на земјиштето (К) е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште и се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени спратови под градбата и вкупната површина на градежното земјиште.

6.10 Сообраќај

Сообраќајната инфраструктура е изведена во значителен степен. Пристапот во предметните парцели е обезбеден од постојните улици "1", "2" и "3".

- од северната страна изведена е ул. "Босна и Херцеговина" со профил од 15,5м.- магистрална улица
- од источната страна е ул. "Лазо Трповски" со профил од 25,0м, (порано колекторска) сега собирна
- од јужната страна се улица"1" со профил од 11,0м., станбена
- од западната страна е постојна улица "2" со профил од 10,0м, сервисна и
- внатрешни станбена улица "3" со профил од 9,0м и
- станбена улица "4" со пофил од 10,0м

Улицата "Босна и Херцеговина" е улица од примарната сообраќајна мрежа и согласно важечкиот Генерален урбанистички план на град Скопје (Одлука: бр. 09-1567/1 од 26.02.2002) е планирана како магистрална булеварска улица со регулациона широчина од 50,0м (2x7,0м коловоз, и насредина 5,0м зеленило 2x2,0м, 2x9,0м зеленило после коловозите 2x2,5м велосипедски патеки и 2x4,0м тротоари).

Улицата "Лазо Трповски" со важечкиот ГУП за Скопје е планирана како (колекторска) собирна улица со регулациона ширина од 26,00м (2x7,00м коловоз и 2x2,5м велосипедски патеки и 2x3,5м тротоари) .

Улицата "1" со важечкиот ДУП е планирана како станбена улица со регулациона ширина од 11,0м (2x3,0м коловоз и тротоари 2x2,50м).

Улицата "2" со важечкиот ДУП е планирана како сервисна улица со регулациона ширина од 10,0м (2x3,0м коловоз и тротоари 1x2,5м и 1x1,5м).

Улицата "3" со важечкиот ДУП е планирана како станбена улица со регулациона ширина од 9,0м (2x3,0м коловоз и тротоари 2x1,5м).

Улицата "4" со важечкиот ДУП е планирана како станбена улица со регулациона ширина од 10,0м (2x3,0м коловоз и тротоари 1x2,5м и 1x1,5м).

Со измената и дополната на Детален урбанистички план целосно се презема планираната регулациона ширина на улицата "Босна и Херцеговина" и "Лазо Трповски" од важечкиот Генерален урбанистички план на град Скопје (Одлука: бр. 09-1567/1 од 26.02.2002) како и регулационата широчини за улиците "1" и "2" утврдена со важечкиот ДУП.

Со измената и дополнувањето на Деталниот урбанистички план, Урбан блок - помеѓу улиците: "Босна и Херцеговина" и "Лазо Трповски" локалитет "CA – CA", Скопје, измена и дополна, општина Бутел – Скопје, Плански период 2012-2017, предлог план се планира регулациона ширина на улиците на следниот начин:

Улица "Босна и Херцеговина" – магистрална со регулациона широчина од:

-коловози	2 x 7,0	= 14,0
-разделнозеленило	1 x 5,0	= 5,0
-зеленило после коловозите	2 x 9,0	= 18,0
-велосипедски патеки	2x2,5	= 5,0
-тротоари	2x4,0	= 8,0
	Вкупно:	50,0м'

Улица "Лазо Трповски" – (колекторска) – собирна со регулациона широчина од:

- коловози	2 x 7,0	= 14,0
-велосипедски патеки	2 x 2,5м	= 5,0
- тротоари	2 x 3,5	= 7,0
	Вкупно:	26,0м'

Улица "1" - станбена со регулациона широчина од:

- коловози	2 x 3,0	= 6,0
- тротоари	2 x 2,5	= 5,0
	Вкупно:	11,0м'

Улица "2"- сервисна со регулациона широчина од:

- коловози	2 x 3,0	= 6,0
- тротоари	1 x 2,5	= 2,5
- тротоари	1 x 1,5	= 1,5
	Вкупно:	10,0м'

Улица "3"- станбена со регулациона широчина од:

- коловози	2 x 3,0	= 6,0
- тротоари	2 x 1,5	= 3,0
	Вкупно:	9,0м'

Улица "4"- станбена со регулациона широчина од:

- коловози	2 x 3,0	= 6,0
- тротоари	1 x 2,5	= 2,5,0
- тротоари	1 x 1,5	= 1,5
	Вкупно:	10,0м'

Во рамките на планскиот опфат поголем дел од планираните објекти се со намена Г3- сервиси, а само една парцела има намена Е2.

Потребен број на паркинг места за градбите кои имаат обврска да обезбедат паркинг простор во сопствените парцели, се утврдува според класата на намена и во согласност со чл. 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 63/12 и 126/12) и тоа потребниот број на паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбите и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена. Обезбедувањето на соодветниот број на паркинг места е предуслов за изведба на предвидените градби.

6.11 Нивелмански план

Со измената и дополнувањето на Деталниот урбанистички план во значителен степен се потврдува претходниот важечки ДУП во делот на сообраќајното решение и нивелетата на улиците.

Котата на приземјето на градбите, пристапот и партерното уредување на дворовите ќе се усогласат со нивелетата на улиците и условите на теренот. Во графичките прилози прикажани се коти и кординатите на осовинските точки.

6.12 Комунална инфраструктура

Водоводната, канализационата, електричната, телефонската и гасоводната инсталација се реализирани во значителен степен и постоечките објекти се приклучени на градската инфраструктурна мрежа.

Во планот се прикажани предвидените приклучоци на инфраструктурната мрежа до предметните парцели.

6.12.1 Водовод

Снабдувањето на објектите со технолошка, санитарна и противпожарна вода во рамките на планскиот опфат ќе се решава со постоечката и планираната водоводна мрежа долж улицата "Босна и Херцеговина", улицата "Лазо Трповски", улицата "1" и улицата "2", на начин прикажан во графичките прилози, а согласно информациите добиени ЈП Водовод и канализација

6.12.2 Фекална канализација

Одведувањето на фекалните води од постојните и планираните објекти во рамките на планскиот опфат ќе се врши преку постојната и планираната канализациона мрежа долж улицата "Лазо Трповски", улицата "1" улицата "2", на начин прикажан во графичките прилози, а согласно информациите добиени ЈП Водовод и канализација

6.12.3 Атмосферска канализација

Одведувањето на атмосферските води е по улицата "Босна и Херцеговина", "Лазо Трповски", улицата "1" и улицата "2 согласно податоците од ЈП Водовод и канализација, на начин прикажан на графичките прилози.

6.12.4 Електро-енергетски и ТТ приклучок

Снабдувањето со електрична енергија ќе се решава од постојната електрична мрежа застапена долж постојните улици

(10kV средно-напонски кабли), на начин прикажан во графичките прилози, а согласно информациите добиени ЕВН Македонија АД, Скопје КЕЦ Васил Главинов Во рамките на планскиот опфат има 10/0,4kV дистрибутивни трафо-станици.

За конкретните услови за обезбедување приклучок на електрична мрежа ќе биде неопходно да се добие посебна електро-енергетска согласност, од надлежното претпријатие.

Телефонските приклучоци се предвидиваат на постојната и планирана телефонска инфраструктурна мрежа застапена долж долж улицата "Босна и Херцеговина", "Лазо Трповски", и водат до градбите, на начин прикажан во графичките прилози, а согласно информациите добиени од Македонски Телеком АД - Скопје .

6.12.5 Гасоводна мрежа

Во рамки на планскиот опфат има изведена гасоводна мрежа, согласно информациите добиени од АД ГА-МА, Скопје .

6.12.6 Топлификациона дистрибутивна мрежа

Во рамки на планскиот опфат нема постојна ниту планирана топлификациона дистрибутивна мрежа, согласно информациите добиени од Дистрибуција на топлина Дооел, Скопје.

6.13 Хортикултура и партер

Слободниот неизграден дел од градежните парцели се предвидува хортикултурно да се уредат со високо и ниско зеленило и да се затревни.

Пешачките патеки во локацијата се предвидува да се обработат со павер елементи.

7. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со Деталниот урбанистички план, Урбан блок - помеѓу улиците: "Босна и Херцеговина" и "Лазо Трповски" локалитет "СА – СА", Скопје, измена и дополна, општина Бутел – Скопје, Плански период 2012-2017, предлог план, се очекуваат позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфаструктурна опременост и уредување на просторот. Се иницираат градежни активности за реализација на градбите во рамките на градежните парцели. Од таквите активности има корист и Општината (со прибирање средства за комунално уредување), а воедно се решаваат и некои отворени проблеми на граѓани на општината.

Ова се подразбира доколку се базира на принципите на одржлив развој и со максимално почитување и вградување на нормативите и стандардите за заштита на животната средина.

8. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

При проектирањето на градбите како и при понатамошната разработка со Основни проекти, неопходно е да бидат запазени прописите од Правилникот за суштински барања за градежни објекти (Сл. весник на РМ бр. 74/06), како и да се почитува Законот за заштита на животната средина и природата.

8.1 Мерки за заштита на културното наследство

Вградувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи (Согласно чл. 71 од Законот за заштита на културно наследство Сл. весник на РМ бр: 20/04, 115/07, 18/11, 148/11 и Правилникот за содржина и методологија за изработка на заштитно-конзерваторски основи за културно наследство Сл. весник на РМ бр: 111/05). Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11 и 144/12) во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

По писменото обраќање од 16,11,2012 до Управа за заштита на културно наследство, за предметниот планскиот опфат е добиен одговор со писмо бр: од .2012год. со кое не известуваат дека не се регистрирани ниту евидентирани заштитени добра од културно историско значење, поради што нема основ ниту потреба за изготвување на заштитно-конзерваторски основи.

Но доколку при реализација на Деталниот урбанистички план се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од

Но доколку при реализација на Деталниот урбанистички план се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство ("Сл весник на РМ бр: 20/04, 115/07, 18/11 и 148/11).

8.2 Заштита на животна средина

Заштитата и унапредувањето на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува поддршка и создавање услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина (заштита од осиромашување на озонската обвивка, спречување на штетната бучава и вибрации, заштита од јонизирачко и од нејонизирачко зрачење, заштита од непријатна миризба и користење и депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина).

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природните и создадените вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадување на животната средина е емисија на загадувачки материи и супстанции, која е резултат на човековата активност, во воздухот, водата или почвата, којашто може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија од која што може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите пропишани начини на користење на животната средина.

Во доменот на заштитата на животната средина основна цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.

За остварување на наведената цел, поставките и потребите од заштита на средината се вградуваат во сите домени на урбанистичкото планирање преку проверка и изготвување на современи стандарди и нормативи.

Градежните парцели се развиваат согласно современите урбанистички принципи со класа на намена А - Домување, Д - Зеленило и рекреација и Е - Инфраструктура, и затоа проблемите на нарушување на квалитетот на животната средина не се изразени.

Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина, па за негов квалитет неопходно е сите загадувачи, односно сите објекти кои испуштаат штетни материи да користат уреди за пречистување.

Заштитата на квалитетот на атмосферата треба да се остварува преку следните мерки:

1. Интегрална контрола на загадувачите на атмосферата (меѓу кои и издувните гасови од моторните возила) и нивното делување и благовремено укажување на критичните метеоролошки појави.
2. Примена на соодветни техничко-технолошки мерки.
3. Обезбедување услови за ефикасно природно проветрување и користење на доминантни воздушни струења.
4. Подигање и оформување на заштитни зелени појаси (дрвореди).
5. Подобрување на состојбата со зелените јавни површини со правилен распоред и создавање на поврзан сиетем на зеленило во градот и вон-градските зелени простори.

Овој плански опфат нема негативно да влијае на околината.

Сите слободни површини од парцелите хорикултурно да се уредат со зеленило.

Планирана е изведба на комплетна комунална инфраструктура, така што нема опасност од загадување на подземните води.

Прашањето на одвоз на отпад да се реши во договор со надлежните институции за собирање на отпадот за осигуран континуиран одвоз, и да се постават контејнери према видот на одпадот. Просторот околу контејнерите да се уреди за овозможување услови за одржување и несметан пристап од сообраќајница.

Законска регулатива која ја уредува областа за заштита на животната средина,

- Закон за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05; 81/05, 24/05, 159/09, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11 и 123/12)
- Закон за квалитетот на амбиенталниот воздух (Сл. весник на РМ бр. 67/04; 92/07, 35/10, 47/11 и 59/12)
- Закон за управување со отпадот (Сл. весник на РМ бр. 9/11, 51/11 и 123/12)
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл. весник на РМ бр. 79/07, 124/10 и 47/11)
- Закон за водите (Сл. весник на РМ бр. 4/98; 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, и 51/11);
- Уредба за класификација на водите (Сл. весник на РМ бр. 18/99)
- Закон за заштита на природата (Сл. весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11 и 59/12)
- Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 63/12 и 126/12) и други законски и подзаконски акти.

8.2.1 Заштита на почвата и подземните води

Во смисол на заштита на подземните води потребно е изведба на непропусна канализација за одводнување на отпадните води.

1. Заштита на проточните и подземните води има приоритет и со соодветно техничко технолошки зафати (изградба на канализациони системи, соодветен третман на отпадни води, редовна контрола на состојбите на водата и нејзиниот квалитет и др.)
2. Неутрализирање на штетните отпадни материи пред испуштање во канализациона мрежа.

Имајќи во предвид дека е планирано комплетирање на канализационата комунална инфраструктура, има гаранции дека подземните води ќе бидат заштитени од загадување.

8.2.2 Заштита од бучава

Прашањето за намалување на проблемите на бучавата од сообраќајниците треба да се решава со обезбедување на заштитни зелени појаси по должина на тие сообраќајници и формирање на зелени коридори.

Во склоп на подобрување на условите за работа и живеење еден од битните фактори е подигањето на зелени насади во локалитетот и во неговото непосредно окружување.

8.3 Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11) или (пречистен текст 93/12), Законот за пожарникарство (Сл.весник на РМ бр: 67/04 и 81/07) и Законот за управување со кризи (Сл.в.на РМ бр.29/05), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите како и при изградба на објекти и инфраструктура, согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите (Сл. весник на РМ бр. 105/05), како и учество во техничкиот преглед.

Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија.

8.3.1. Заштита од природни хаварии

Врз основа на загрозеноста на регионот на Скопската Котлина од природни катастрофи, елементарни непогоди и технички хаварии може да настане повредливост

на просторот на локалитетот и неговите физички структури. Повредливоста на просторот се одразува на објектите и нивната околина.

Заради конфигурацијата на теренот, со измената и дополнувањето на Детален урбанистички план, се претпоставува можно настанување на деформации на почвата, заради што се јавува од потреба од изработка елаборати од извршените геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања при изработка на проектна документација, согласно барањата на надлежната Дирекција за заштита и спасување - подрачно одделение за заштита и спасување Бутел - Скопје.

8.3.2. Заштита од техничко-технолошки несреќи и радиолошка, хемиска и биозаштита

Врз основа на намената на земјиштето и градбите од планскиот опфат за кој се изработува измената и дополната на Детален урбанистички план земени се во предвид одредбите од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11) или (пречистен текст 93/12), и се предвидува примена на мерките и одредбите пропишани во членовите 82 до 87 од Законот на ниво на проектна документација, согласно на надлежната Дирекција за заштита и спасување - подрачно одделение за заштита и спасување Бутел - Скопје (писмо бр. година).

8.3.3. *Мерки за заштита од урнатини*

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките планови во текот на планирањето на просторот.

Според постојните анализи и добиените резултати за сеизмичност на месното подрачје според очекуваните дејности на земјотреси во иднина, основен степен на сеизмички интензитет во подрачјето изнесува 9° по МЦС.

Дефинирање на сеизмички хазард всушност претставува дефинирање на економско-технички критериуми за прифатливо ниво на безбеденост на градежната конструкција за различни материјали на објектите.

Просторот кој е предмет на анализа се наоѓа во зона загрозена со долготрајни воени дејствија, што наметнува потреба од примена на соодветни мерки за заштита, односно задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на градбите.

За да се избегне сеизмичкиот хазард потребно е градбата да се гради според параметрите и критериумите за сеизмичка градба.

Во случај на можни разурнувања било од земјотес или од воздушен воен удар, планираното решение на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла)
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила
- непречена интервенција
- штетите да се сведат на минимум
- брза санација на последиците.

8.3.4. Мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи

Предвидените градежни парцели се ориентирани кон планираните улици, што обезбедува услови за несметан пристап на противпожарни возила.

Растојанијата на дефинираните градежни линии до границите со соседните парцели овозможуваат несметан пристап, подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Мерките за заштита од пожар се предвидуваат со изработката на техничката документација за објектите и треба да бидат во согласност со Законот и Правилниците за мерки за заштита од пожар.

На ниво на планскиот опфат е предвидена посебна хидрантска мрежа. Истата е решавана со ставање на кружни прстени. ЈП Водовод и канализација е должно соодветно да ја обележи согласно член 54 став 2 од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11) или (пречистен текст 93/12 и

глава 3 (членови 16 до 23) од Правилникот за технички нормативи за хидрантска мрежа за гаснење на пожари (Сл. Весник на РМ бр. 31/06).

Времетраењето потребно за интервенција на противпожарната единица изнесува 15-20 минути.

При планирањето почитуван е Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11) или (пречистен текст 93/12, како и Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр. 67/04).

9. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

Основните параметри за урбанистичко планирање се дефинирани според Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11 и 144/12) и во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 63/12 и 126/12) и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл.весник на РМ бр.78/06).

Одобрението за градба ќе се издава врз основа на изработен Основен проект за градбите.

9.1 Плански опфат

Планскиот опфат опфаќа територија од 3.18 ха.

Границата на планскиот опфат се утврдува врз основа на Член 8, 9 и 10 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко (Сл.весник на РМ бр. 63/12 и 126/12). Границата на планскиот опфат е дефинирана према логични разделници, дефинирани со член 8 од Правилникот. Во графичките прилози границата на планскиот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви прикажани табеларно.

Границата на планскиот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви од Т1 до Т5, а за секоја точка табеларно се дадени параметрите по X и Y координати.

	X	Y
T1	536221.5747	653554.2286
T2	536386.5090	653551.4919
T3	536391.0613	653363.1122
T4	536220.7681	653363.2678
T5	536221.0837	653438.2672

9.2 Регулациона, градежна линија, граница на парцела и градежна парцела

Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба. Во графичките прилози означени се регулационите линии кон улиците, со детално котирање на растојанија.

Граница на градежна парцела е линија на разграничување на носители на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели.

Градежната парцела е ограничен дел од градежното земјиште со ист носител на правото на градење.

Со градежните линии се дефинираат површините за градење во поединечните парцели, односно границите во кои може да се движат габаритите на поедините објекти. Во графичките прилози означени се градежните линии, со детално котирање на растојанијата помеѓу нив и регулационите линии.

9.3 Наменска употреба на земјиште

Со Детален урбанистички план, се дефинираат класите на намена на земјиштето и градбите на:

Г3 - сервиси,
Е2-комунална супраструктура (бензинска станица со придружни содржини)

Дополнително, основната класа на намена Г3 - се дополнува со компатибилни класи на намени на основната класа на намена Б1-30% (мали комерцијални и деловни намени), Б2-30% големи трговски единици), Б4-10% (деловни простории), Д2-30% (парковско зеленило), Д3-30% (спорт и рекреација), Д4-30% (меморијални простории), Г2-49% (лесна индустрија) и Г4-49% (сервиси), или максимален дозволен процент (%) на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот - 49%, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12 и 126/12).
Компатибилни класи на намена на Е2 да биде согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12 и 126/12).

9.4 Површини за градење

На градежните парцели се предвидени површини за градење и со нив се дефинирани максималните граници во кои може да се движи габаритот на градбата, односно максималната површина од парцелата која може да биде зафатена со градба.

9.5 Височина на градбите

Максимална височина на градба во урбанистички план се изразува како дозволената височина на градбата на вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија.

Максималната височина на градбата во урбанистички план се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри, односно согласно точка 8 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање Сл.весник на РМ бр.63/12 и 126/12 за терени во пад, максималната височина на нултата плоча се определува во однос на котата на заштитниот тротоар на градбата од страна на пристапната улица при што како услов за градење се утврдуваат и други параметри како: вкупниот број на нивоа на градбата, карактеристичните пресеци и сл).

Предвидените максимални висини на градбите се 13,6м, со катност П+3.

9.6 Процент на изграденост

Процентот на изграденост на земјиштето (П) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба. Истиот се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градба и вкупната површина на градежното земјиште изразен во процент.

9.7 Коефициент на искористеност

Коефициентот на искористеност на земјиштето (К) е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште и се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени спратови под градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен во проценти.

9.8 Сообраќај

Сите предвидени сообраќајници да се изведат спрема актуелните прописи стандарди и нормативи пропишани со погоре споменатиот Правилник (како што е предложено со Планот).

Уличната мрежа дефинирана со планот ќе се реализира со претходна изработка на основни проекти.

Пристапот во предметните парцели е обезбеден од улиците "1", "2" "3" и "4".

9.9 Паркирање

Потребен број на паркинг места за градбите кои имаат обврска да обезбедат паркинг простор во сопствените парцели, се утврдува според класата на намена и во согласност со чл. 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 63/12 и 126/12) и тоа потребниот број на паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбите и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена. Обезбедувањето на соодветниот број на паркинг места е предуслов за изведба на предвидените градби.

9.10 Услови за движење на инвалидизирани лица

За обезбедување услови за движење на инвалидизирани лица важат истите одредби од точка 13 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 63/12 и 126/12).

9.11 Зеленило

Сите слободни површини во парцелите се предвидува да се уредат хортикултурно, односно да се затревнат и посадат со средно и високо зеленило.

9.12 Водовод и канализација

При изработка на основниот проект за градбите како и проектите за комуналната инфраструктура, обврзно да се почитуваат прописите за проектирање и градење, како и техничките стандарди за ваков тип на градба.

Снабдувањето со вода ќе се решава преку планираната водоводна мрежа.

Одведувањето на фекалните и отпадните води од постојните и планираните објекти од локалитетот ќе се врши преку постојната фекална и планираната атмосферска канализација.

9.13 Електрична, телефонска мрежа и гасовод

Приклучоците на електричната мрежа да се изведат во склад со условите кои ќе бидат зададени од надлежното електростопанско претпријатие, а се во склад со техничките прописи за ваков вид на инсталација.

Приклучоците на телефонска мрежа да се изведат во склад со условите дадени од надлежна институција и во склад со техничките прописи за ваков вид на инсталација.

9.14 Елементи за обликување на градбите

Партерните површини завршно да бидат обработени со материјали кои обезбедуваат едноставно чистење, одводнување и одржување хигиена.

Сите предвидени градби да бидат проектирани со современи градежни материјали, во склад со нивната функција и важечките технички стандарди и нормативи. Да се почитува Правилникот за енергетска ефикасност на градбите (Сл. Весник на РМ бр. 143/08, 154/09 и 169/10) и Правилникот за суштинските барања на градежните објекти (Сл.Весник на РМ бр. 74/06).

При проектирањето обврзно да се почитуваат Условите за градење во границите на градежната парцела дадени погоре како и да се почитува член 38 и 42 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 63/12 и 126/12).

9.15 Заштита на културно наследство

До колку во текот на изведувањето на градежни работи на локацијата се дојде до археолошко наоѓалиште односно предмети од археолошко значење, ќе се постапува според чл. 65 од Законот за културното наследство (Сл. весник на РМ 20/04, 115/07, 18/11 и и 144/12).

9.16 Заштита и спасување

Да се почитуваат мерките за заштита и спасување дадени во текстот согласно законот за Заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и

18/11) или (пречистен текст 93/12), а при изработката на основниот проект, да се почитуваат Планско оперативните документи односно Проценката на загрозеност и Планот за заштита и спасување на општина Бутел.

9.17 Заштита на животната средина и природата

Обврзно да се почитува Законот за заштита на животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11 и 123/12) и Законот за заштита на природата (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11 и 148/11 и 59/12).

10. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

Посебните услови за изградба се однесуваат на планираните градежни парцели и истите се дадени за секоја градежна парцела посебно:

Градежната парцела со бр. 1

Класа на намена: Г3 - сервиси
Компатибилна намена: Б1, Б2, Б4, В2, Д2, Д3, Д4, Г2 и Г4
Максимален дозволен % на збирот на единечната класа на наменаво однос на основната класа на намена на планот: 49%
Површина на градежна парцела: 8113м²
Површина за градба: 5670м²
Вкупна површина по катови: 22680м²
Коефициент на искористеност (К): 2,8
Процент на изграденост (%): 70
Максимална висина до завршен венец: 13.6м (согласно член 47 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање Сл.весник на РМ бр. 63/12 и 126/12, за терени во пад, максималната височина на нултата плоча се определува во однос на котата на заштитниот тротоар на градбата од страна на пристапната улица при што како услов за градење се утврдуваат и други параметри како: вкупниот број на нивоа на градбата, карактеристичните пресеци и сл)
Максимален број на катови: П+3
Максимална височина на нулта плоча во однос на кота на троарот максимум до 1,2м
Потребен број на паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбите и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена. Обезбедувањето на соодветниот број на паркинг места е предуслов за изведба на предвидените градби.
Пристап до градежната парцела од сервисна улица 2

Градежната парцела со бр. 2

Класа на намена: Г3 - сервиси
Компатибилна намена: Б1, Б2, Б4, В2, Д2, Д3, Д4, Г2 и Г4
Максимален дозволен % на збирот на единечната класа на наменаво однос на основната класа на намена на планот: 49%
Површина на градежна парцела: 2839м²
Површина за градба: 1980м²
Вкупна површина по катови: 7920м²
Коефициент на искористеност (К): 2,8
Процент на изграденост (%): 70
Максимална висина до завршен венец: 13.6м (согласно член 47 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање Сл.весник на РМ бр. 63/12 и 126/12, за терени во пад, максималната височина на нултата плоча се определува во однос на котата на заштитниот тротоар на градбата од страна на пристапната улица при што како услов за градење се утврдуваат и други параметри како: вкупниот број на нивоа на градбата, карактеристичните пресеци и сл)
Максимален број на катови: П+3
Максимална височина на нулта плоча во однос на кота на троарот максимум до 1,2м
Потребен број на паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбите и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена. Обезбедувањето на соодветниот број на паркинг места е предуслов за изведба на предвидените градби.
Пристап до градежната парцела од станбена улица 4

Градежната парцела со бр. 3
Класа на намена: Е2 – комунална супраструктура (бензинска станица со придружни содржини)
Компатибилна намена: Согласно Правилникот
Максимален дозволен % на збирот на единечната класа на наменаво однос на основната класа на намена на планот: Согласно Правилникот
Површина на градежна парцела: 5164м²
Површина за градба: 2583м²
Вкупна површина по катови: 10332м²
Коефициент на искористеност (К): 2
Процент на изграденост (%): 50
Максимална висина до завршен венец: 13.6м (согласно член 47 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање Сл.весник на РМ бр. 63/12 и 126/12, за терени во пад, максималната височина на нултата плоча се определува во однос на котата на заштитниот тротоар на градбата од страна на пристапната улица при што како услов за градење се утврдуваат и други параметри како: вкупниот број на нивоа на градбата, карактеристичните пресеци и сл)
Максимален број на катови: П+3
Максимална височина на нулта плоча во однос на кота на троарот максимум до 1,2м
Потребен број на паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбите и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена. Обезбедувањето на соодветниот број на паркинг места е предуслов за изведба на предвидените градби.
Пристап до градежната парцела од станбена улица 1

Градежната парцела со бр. 4
Класа на намена: Г3 - сервиси
Компатибилна намена: Б1, Б2, Б4, В2, Д2, Д3, Д4, Г2 и Г4
Максимален дозволен % на збирот на единечната класа на наменаво однос на основната класа на намена на планот: 49%
Површина на градежна парцела: 1790м²
Површина за градба: 752м²
Вкупна површина по катови: 3008м²
Коефициент на искористеност (К): 1,68
Процент на изграденост (%): 42
Максимална висина до завршен венец: 13.6м (согласно член 47 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање Сл.весник на РМ бр. 63/12 и 126/12, за терени во пад, максималната височина на нултата плоча се определува во однос на котата на заштитниот тротоар на градбата од страна на пристапната улица при што како услов за градење се утврдуваат и други параметри како: вкупниот број на нивоа на градбата, карактеристичните пресеци и сл)
Максимален број на катови: П+3
Максимална височина на нулта плоча во однос на кота на троарот максимум до 1,2м
Потребен број на паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбите и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена. Обезбедувањето на соодветниот број на паркинг места е предуслов за изведба на предвидените градби.
Пристап до градежната парцела од станбена улица 3

Градежната парцела со бр. 5
Класа на намена: Е2 – комунална супраструктура трафо станица
Површина на градежна парцела: 35м²
Површина за градба: 20 м²
Вкупна површина по катови: 20м²
Максимален број на катови: П
Коефициент на искористеност (К): 0,6
Процент на изграденост (%): 66
Пристап до градежната парцела од станбена улица 3

Градежната парцела со бр. 6
Класа на намена: Г3 - сервиси
Компатибилна намена: Б1, Б2, Б4, В2, Д2, Д3, Д4, Г2 и Г4
Максимален дозволен % на збирот на единечната класа на наменаво однос на основната класа на намена на планот: 49%
Површина на градежна парцела: 4347м²
Површина за градба: 2720м²
Вкупна површина по катови: 10880м²
Коефициент на искористеност (К): 2,5
Процент на изграденост (%): 62,3
Максимална висина до завршен венец: 13.6м (согласно член 47 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање Сл.весник на РМ бр. 63/12 и 126/12, за терени во пад, максималната височина на нултата плоча се определува во однос на котата на заштитниот тротоар на градбата од страна на пристапната улица при што како услов за градење се утврдуваат и други параметри како: вкупниот број на нивоа на градбата, карактеристичните пресеци и сл)
Максимален број на катови: П+3
Максимална височина на нулта плоча во однос на кота на троарот максимум до 1,2м
Потребен број на паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбите и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена. Обезбедувањето на соодветниот број на паркинг места е предуслов за изведба на предвидените градби.
Пристап до градежната парцела од станбена улица 1,3 и 4

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ:
Површината на планскиот опфат е 3,18ха.

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН - НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ													
Број на градежна парцела	Група на класа на намена	Основна класа на намена	Подинечна намена	Компатибилни класи на намена во однос на основната класа на намена	Максимален дозволен % на збирот на единечната класа на намена во однос на основната класа на намена на планот	Површина на парцела (м²)	Утврдена површина за градење (м²)	Максимална повр. за изградба во утврдениот простор за градење (м²)	Вкупна изградена површина на сите катови (м²)	Максимална висина на хоризонтален венец на кров (m)	Катност	Процен на изграденост (%)	Коефициент на искористеност (К)	Паркирање
1	Г	Г3	сервиси	Б1, Б2, Б4, В2, Д2, Д3, Д4 Г2 и Г4	49	8113		5670	22680	13,6	П+3	70	2,8	Според чл.59- 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.63/12 и 126/12)
2	Г	Г3	сервиси	Б1, Б2, Б4, В2, Д2, Д3, Д4 Г2 и Г4	49	2839		1980	7920	13,6	П+3	70	2,8	
3	Е	Е2	сервиси	-	-	5164		2583	10332	13,6	П+3	50	2	
4	Г	Г3	сервиси	Б1, Б2, Б4, В2, Д2, Д3, Д4 Г2 и Г4	49	1790		752	3008	13,6	П+3	42	1,68	
5	Е	Е2	Трафо станица	-	-	35		20	20	20	П			
6	Г	Г3	сервиси	Б1, Б2, Б4, В2, Д2, Д3, Д4	49	4347		2720	10880	13,6	П+3	62,3	2,5	

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ:

- **ПОВРШИНА НА ОПФАТ: 31833м²**
- **ПОВРШИНА ПОД ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ: 22251м²**
- **УТВРДЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ:** 13818м²
- **ВКУПНА ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА:** 54880м²
- **БРОЈ НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ:** 4
  (Г3-сервиси-3, Е2-комунална супраструктура-1)
- **ПОВРШИНА ПОД СООБРАЌАЈНИЦИ: 18015м²**

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ-СПОРЕДБЕНИ ПОКАЗАТЕЛИ									
ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА					ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА				
Регистрирани градби со документациона основа	Поединечна намена на градбата	Изградена површина во приземје м²	Вкупна изградена површина м²	Процент на изграденост %	Предвидени градби со планска основа	Поединечна намена на градбата	Утврдена максимална површина за градење м²	Вкупна изградена површина м²	Процент на изграденост %
9	Г3 и Е2	4385,44 м²	м²	100%	4	Г3, Е2	13818м²	54880м²	56%

за работниот тим:

_____

Иво Ѓорѓиев , дипл.инж.арх. овластување бр: 0.0101
раководител и потписник на Детален урбанистички план

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА БУТЕЛ

Број: 2301-98/4 **од** 16.03.2021

Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина и лер
Скопје

ИЗВОД ОД АУП

АУП: за утврдување на површини за градење на ГП 1 од ДУП за Урбан Блок помеѓу улиците „Босна и Херцеговина“ и “Лазо Трповски“, локалитет СА-СА, измена и дополна, Општина Бутел - Скопје

Одлука бр: 09-1207/7 **од** 02.09.2019 год.

Намена на градба: /

ул. / **бр.** /

ДЛ: / **М** 1:1000

ИЗВОД ЗА

1. ГРАФИЧКИ ДЕЛ:

Графички приказ на следната страна

изготвил,
Благица Атанасова д.и.а.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА
ГРАДОНАЧАЛНИКОТ,
Слободан Невенов дипл.геод.инж.


АРХИТЕКТОНСКО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ НА ГП 1 ОД

ДУП ЗА УРБАН БЛОК ПОМЕЃУ УЛИЦИТЕ “БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА“ И “ЛАЗО ТРПОВСКИ“, ЛОКАЛИТЕТ СА-СА, СКОПЈЕ, ИЗМЕНА И ДОПОЛНА

ОПШТИНА БУТЕЛ - СКОПЈЕ

ПРОЕКТНО РЕШЕНИЕ НА ВНАТРЕШНИОТ СТАЦИОНАРЕН И ДИНАМИЧКИ СООБРАЌАЈ И НИВЕЛМАНСКО РЕШЕНИЕ



КАРАКТЕРИСТИЧНИ ПРЕСЕЦИ НА СООБРАЌАЈНИЦИ

размер на попречни пресеци

M=1/250

ПРЕСЕК 1-1 магистрална улица
УЛИЦА "БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА"

ПРЕСЕК 2-2 собирна улица
улица "Лазо Трповски"

ПРЕСЕК 3-3 сервисна улица
Сервисна улица 2 (ул. Втора Македонска Бригада)

ЛЕГЕНДА ЗА ГП 1

1. СЕРВИС
2. ТРАФОСТАНИЦА
3. ГАСНА ПОТСТАНИЦА
4. ПОМОШЕН ОБЈЕКТ (СЕРВИС)

КЛАСА НА НАМЕНИ:

Е - ИНФРАСТРУКТУРА
Е1 - Комунална инфраструктура - Сообраќајна инфраструктура

ЛЕГЕНДА:

ГП 1	ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П=0.81ха
	БРОЈ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
РЛ	РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
	ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
ГЛ	ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
ГЛ ПО ДУП	ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА ПО ДУП
Г3	КЛАСА НА НАМЕНИ
П+3	КАТНОСТ
H=13.6m	МАКСИМАЛНА ВИСИНА НА ХОРИЗОНТАЛЕН ВЕНЕЦ
	ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈНИЦА
	ОСОВИНА НА КОЛОВОЗ
	ПЕШАЧКИ СООБРАЌАЈ
	КОЛСКИ СООБРАЌАЈ
	ПАРКИНГ/ПРИСТАП - ПАВЕР ЕЛЕМЕНТИ
	НИСКО ЗЕЛЕНИЛО
	КОЛСКИ ПРИСТАП / ПЕШАЧКИ ВЛЕЗ ВО ГРАДБИ (ОРИЕНТАЦИОНИ, ЌЕ СЕ УТВРДАТ СО ПРОЕКТ)
239.35	ПРОЕКТИРАНИ ВИСИНСКИ КОТИ
i=0.86% L=116.05	ПОДОЛЖЕН НИВЕЛМАН

M=1:1000

0 10 20 40 60 80 100м

N

ТАЈФА АРХИТЕКТИ ДООЕЛ
УЛ.ЖИВКО ЧАЛО 23, 1300 КУМАНОВО
www.tajfa.mk | contact@tajfa.mk

ТАЈФААРХИТЕКТИ WWW.TAJFA.MK

УПРАВИТЕЛ:
м-р СТЕФАН ЛАЗАРЕВСКИ, диа

ЛИЦЕНЦА БР:	0055
ТЕХ.БР.	06/19
ДАТУМ:	08.2019
РАЗМЕР:	1/1000

НАРАЧАТЕЛ: **ДПУ ПОРШЕ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ**
ЛОКАЦИЈА: **ГП 1, ЛОКАЛИТЕТ СА-СА, СКОПЈЕ**
ПЛАНСКИ ОПФАТ: **КО ЧАИР**
ОПШТИНА: **ОПШТИНА БУТЕЛ, СКОПЈЕ**


НАЗИВ НА ПЛАНОТ:
АРХИТЕКТОНСКО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ НА ГП 1 ОД ДУП ЗА УРБАН БЛОК ПОМЕЃУ УЛИЦИТЕ “БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА“ И “ЛАЗО ТРПОВСКИ“, ЛОКАЛИТЕТ СА-СА, СКОПЈЕ, ИЗМЕНА И ДОПОЛНА, ОПШТИНА БУТЕЛ - СКОПЈЕ
ДОНЕСУВАЧ НА АУП:
СОВЕТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ

У

ПЛАНЕР-ПОТПИСНИК:	м-р **СТЕФАН ЛАЗАРЕВСКИ**, диа	0.0368
ПЛАНЕРИ:	м-р **БИЉАНА НАСКОВИЌ**, диа	0.0369
	МАРИЈА ЛАЗАРЕВСКА, диа	0.0539

ПРИЛОГ:
ПРОЕКТНО РЕШЕНИЕ НА ВНАТРЕШНИОТ СТАЦИОНАРЕН И ДИНАМИЧКИ СООБРАЌАЈ И НИВЕЛМАНСКО РЕШЕНИЕ

05



АРХИТЕКТОНСКО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ НА ГП 1 ОД

ДУП ЗА УРБАН БЛОК ПОМЕЃУ УЛИЦИТЕ “БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА“ И “ЛАЗО ТРПОВСКИ“, ЛОКАЛИТЕТ СА-СА, СКОПЈЕ, ИЗМЕНА И ДОПОЛНА

ОПШТИНА БУТЕЛ - СКОПЈЕ

ПРОЕКТНИ РЕШЕНИЈА НА ПРИКЛУЧОЦИТЕ, ОБЈЕКТИТЕ И ВОДОВИТЕ НА ВНАТРЕШНИОТ РАЗВОД НА СИТЕ КОМУНАЛНИ ИНФРАСТРУКТУРИ

КЛАСА НА НАМЕНИ:

Е - ИНФРАСТРУКТУРА
Е1 - Комунална инфраструктура - Сообраќајна инфраструктура

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П=0.81ха
- ГП 1 БРОЈ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- РЛ РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- ГЛ ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ГЛ ПО ДУП ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА ПО ДУП
- Г3 КЛАСА НА НАМЕНИ
- П+3 КАТНОСТ
- H=13.6m МАКСИМАЛНА ВИСИНА НА ХОРИЗОНТАЛЕН ВЕНЕЦ
- ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈНИЦА
- ОСОВИНА НА КОЛОВОЗ
- ПЕШАЧКИ СООБРАЌАЈ
- КОЛСКИ СООБРАЌАЈ
- ПАРКИНГ/ПРИСТАП - ПАВЕР ЕЛЕМЕНТИ
- НИСКО ЗЕЛЕНИЛО
- КОЛСКИ ПРИСТАП / ПЕШАЧКИ ВЛЕЗ ВО ГРАДБИ (ОРИЕНТАЦИОНИ, ЌЕ СЕ УТВРДАТ СО ПРОЕКТ)

ПОСТОЈНИ ИНСТАЛАЦИИ
- ПОСТОЕН БАКАРЕН (ТК) КАБЕЛ
- ПОСТОЈНА ТФ КАНАЛИЗАЦИЈА
- ПОСТОЕН ОПТИЧКИ КАБЕЛ
- ПОСТОЈНА ГАСОВОДНА МРЕЖА со заштитен појас 6м (2х3м)
- ПОСТОЈНА МЕРНО РЕГУЛАЦИОНА СТАНИЦА - МРС “ПОРШЕ“ со заштитна зона од 15м
- Ø500 ПОСТОЈНА ВОДОВОДНА МРЕЖА
- Ø300 ПОСТОЈНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА
- Ø500 ПОСТОЈНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА
- ПОСТОЕН ПОДЗЕМЕН НИСКОНАПОНСКИ КАБЕЛСКИ ВОД

ПЛАНИРАНИ ИНСТАЛАЦИИ
- Ø150 ПЛАНИРАНА ВОДОВОДНА МРЕЖА
- Ø250 ПЛАНИРАНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА
- Ø500 ПЛАНИРАНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА
- ПЛАНИРАНА КАБЕЛСКА МРЕЖА
- ПЛАНИРАНА ГАСОВОДНА МРЕЖА
- ПЛАНИРАНА ЕЛЕКТРИЧНА СТАНИЦА ЗА ПОЛНЕЊЕ
- ПЛАНИРАНА ТРАФОСТАНИЦА

M=1:1000

0 10 20 40 60 80 100м

N

ТАЈФА АРХИТЕКТИ WWW.TAJFA.MK

ТАЈФА АРХИТЕКТИ ДООЕЛ
УЛ.ЖИВКО ЧАЛО 23, 1300 КУМАНОВО
www.tajfa.mk | contact@tajfa.mk

УПРАВИТЕЛ:
м-р СТЕФАН ЛАЗАРЕВСКИ, диа

ЛИЦЕНЦА БР: **0055**
ТЕХ.БР. **06/19**
ДАТУМ: **08.2019**
РАЗМЕР: **1/1000**

НАРАЧАТЕЛ: **ДПУ ПОРШЕ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ**
ЛОКАЦИЈА: **ГП 1, ЛОКАЛИТЕТ СА-СА, СКОПЈЕ**
ПЛАНСКИ ОПФАТ: **КО ЧАИР**
ОПШТИНА: **ОПШТИНА БУТЕЛ, СКОПЈЕ**

НАЗИВ НА ПЛАНОТ:
АРХИТЕКТОНСКО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ НА ГП 1 ОД ДУП ЗА УРБАН БЛОК ПОМЕЃУ УЛИЦИТЕ “БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА“ И “ЛАЗО ТРПОВСКИ“, ЛОКАЛИТЕТ СА-СА, СКОПЈЕ, ИЗМЕНА И ДОПОЛНА, ОПШТИНА БУТЕЛ - СКОПЈЕ
ДОНЕСУВАЧ НА АУП:
СОВЕТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ

ПЛАНЕР-ПОТПИСНИК:	м-р **СТЕФАН ЛАЗАРЕВСКИ**, диа	0.0368
ПЛАНЕРИ:	м-р **БИЉАНА НАСКОВИЌ**, диа	0.0369
	МАРИЈА ЛАЗАРЕВСКА, диа	0.0539

ПРИЛОГ:
ПРОЕКТНИ РЕШЕНИЈА НА ПРИКЛУЧОЦИТЕ, ОБЈЕКТИТЕ И ВОДОВИТЕ НА ВНАТРЕШНИОТ РАЗВОД НА СИТЕ КОМУНАЛНИ ИНФРАСТРУКТУРИ

06

СПОРЕДБЕНИ БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ГП бр. 1


ГП бр. 1 предвидена со ДУП		ГП бр. 1 остварена со АУП	
Група на класа на намена	Г – Производство, дистрибуција и сервиси	Група на класа на намена	Г – Производство, дистрибуција и сервиси
Основна класа на намена	Г3 – Сервиси	Основна класа на намена	Г3 – Сервиси
Класа/подкласа на намена со основната класа на намена	Б1 - Мали комерцијални и деловни намени Б2 – Големи трговски единици Б4 – Деловни простори Д2 – Заштитно зеленило Д3 – Спорт и рекреација Д4 – меморијални простори Г3 – Лесна и незагадувачка индустрија Г4 – Стоваришта	Класа/подкласа на намена со основната класа на намена	Б1 - Мали комерцијални и деловни намени Б2 – Големи трговски единици Б4 – Деловни простори Д2 – Заштитно зеленило Д3 – Спорт и рекреација Д4 – меморијални простори Г3 – Лесна и незагадувачка индустрија Г4 – Стоваришта Е2 – Комунална супраструктура
Површина на градежна парцела	8113м²	Површина на градежна парцела	8113,00м²
Максимална површина за изградба на нови градби во утврдениот простор за градење	5870м²	Максимална површина за изградба на нови градби во утврдениот простор за градење	3812,76м²
Вкупно изградена површина на сите катови	22680м²	Вкупно изградена површина на сите катови	18080,63м²
Катност на објектите	П+3	Катност на објектите	П / П+3 (за Г3) П (за Е2)
Максимална висина на градбите	13,6	Максимална висина на градбите	+/ 13,6м (за Г3) / (за Е2)
Процент на изграденост во однос на градежната парцела	70%	Процент на изграденост во однос на градежната парцела	47,00%
Дозволен процент на комерцијални класи на намена со основната класа на намена	40%	Дозволен процент на комерцијални класи на намена со основната класа на намена	40,00% 0,03+0,07 за Б2
Коефициент на неизграденост во однос на градежната парцела	2,8	Коефициент на неизграденост во однос на градежната парцела	1,86
Паркирање	Согласно член 89 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен лист на РМ бр. 63/12 и 126/12)	Паркирање	29 (25+3 за лица со посебни потреби) надворешни паркинг места

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ - за градбите на ГП 1:

Бр. на градежна парцела	Површина на градежната парцела м²		Основна класа на намена	Број на градба	Намена на градбите	површина на градба м²	бруто површина за градба м²	% на учество на одделни класи на намена во вкупна површина	Висина на венец	Катност	Процент на изграденост %	Коефициент на искористеност (К)	Паркирање
1	8113,00	*	Г3	1	Г3 (Сервиси)	3760,29	15041,16	99,65	13,6м	П+3	47,00	1,86	29 (25+3 за лица со посебни потреби) надворешни паркинг места
				2	Е2 (Комунална супраструктура - трафостаница)	11,25	11,25	0,07	/	П			
				3	Е2 (Комунална супраструктура - потстаница)	3,72	3,72	0,02	/	П			
				4	Г3 (Сервиси)	37,5	37,5	0,25	/	П			
Вкупно:	8113,00	*				3812,76	15093,63	100			47,00	1,86	
					простор за паркинг	1130,10					13,93		
					тротоари	351,46					4,33		
					внатрешни сообраќајници	2054,03					25,32		
					зеленило	764,65					9,42		
Вкупно:	8113,00	*				8113,00					100	1,86	

* Површина на градежна парцела добиена со геодетски премер со АКН, П=8113,10м²

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ	
ПОВРШИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ	8113,00м² (0,81ха)
ПОВРШИНА ПОД ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	8113,00м² (0,81ха)
МАКСИМАЛНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ	3812,76м² (0,38ха)
РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ	15093,63м² (1,51ха)
ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	Г3 –Сервиси
ПОВРШИНА ПОД Г – ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ	3797,79м² (0,38ха)
Г3 –Сервиси	
ПОВРШИНА ПОД Е - ИНФРАСТРУКТУРА	14,97м² (0,002ха)
Е2 - Комунална супраструктура	
БРОЈ НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ	1



КАРАКТЕРИСТИЧНИ ПРЕСЕЦИ НА СООБРАЌАЈНИЦИ

размер на попречни пресеци

M=1/250

ПРЕСЕК 1-1 магистрална улица
УЛИЦА "БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА "

ПРЕСЕК 2-2 собирна улица
улица "Лазо Трповски"

ПРЕСЕК 3-3 сервисна улица
Сервисна улица 2 (ул. Втора Македонска Бригада)

ЛЕГЕНДА ЗА ГП 1
1. СЕРВИС
2. ТРАФОСТАНИЦА
3. ГАСНА ПОТСТАНИЦА
4.ПОМОШЕН ОБЈЕКТ (СЕРВИС)

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ		
простор за паркинг	1130,10	13,93
тротоари	351,46	4,33
внатрешни сообраќајници	2054,03	25,32
зеленило	764,65	9,42
ВКУПНО	4300,24	53

КООРДИНАТИ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ	
X	Y
7536374.5200	4653520.6100
7536373.4700	4653523.7500
7536371.7100	4653525.2700
7536370.1300	4653525.9800
7536366.5300	4653526.7000
7536294.6000	4653527.4900
7536229.0000	4653529.2200
7536227.4200	4653529.2200
7536227.3900	4653527.3000
7536226.6000	4653474.9100
7536226.5900	4653471.6800
7536286.4000	4653471.8000
7536327.0400	4653473.5900
7536327.0400	4653473.7200
7536363.6300	4653474.5500
7536375.9500	4653474.9600
7536375.7600	4653481.1400
7536375.5300	4653488.3300
7536374.8200	4653520.6100

АРХИТЕКТОНСКО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ НА ГП 1 ОД

ДУП ЗА УРБАН БЛОК ПОМЕЃУ УЛИЦИТЕ “БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА“ И “ЛАЗО ТРПОВСКИ“, ЛОКАЛИТЕТ СА-СА, СКОПЈЕ, ИЗМЕНА И ДОПОЛНА ОПШТИНА БУТЕЛ - СКОПЈЕ

СИНТЕЗНО РЕШЕНИЕ

КЛАСА НА НАМЕНИ:

Е - ИНФРАСТРУКТУРА
Е1 - Комунална инфраструктура - Сообраќајна инфраструктура
Е2 - Комунална супраструктура - потстаница

Г - ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ
Г3 - Сервиси

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П=0.81ха
- ГП 1 БРОЈ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- РЛ РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГЛ ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- ГЛ по ДУП ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- Г3 КЛАСА НА НАМЕНИ
- П+3 КАТНОСТ
- H=13.6m МАКСИМАЛНА ВИСИНА НА ХОРИЗОНТАЛЕН ВЕНЕЦ
- ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈНИЦА
- ОСОВИНА НА КОЛОВОЗ
- ПЕШАЧКИ СООБРАЌАЈ
- КОЛСКИ СООБРАЌАЈ
- ПАРКИНГ/ПРИСТАП - ПАВЕР ЕЛЕМЕНТИ
- НИСКО ЗЕЛЕНИЛО
- КОЛСКИ ПРИСТАП / ПЕШАЧКИ ВЛЕЗ ВО ГРАДБИ (ОРИЕНТАЦИОНИ, ЌЕ СЕ УТВРДАТ СО ПРОЕКТ)
- 239.35 ПРОЕКТИРАНИ ВИСИНСКИ КОТИ
- i=0.86% L=116.05 ПОДОЛЖЕН НИВЕЛМАН

ПОСТОЈНИ ИНСТАЛАЦИИ
- ПОСТОЕН БАКРЕН (ТК) КАБЕЛ
- ПОСТОЈНА ТФ КАНАЛИЗАЦИЈА
- ПОСТОЕН ОПТИЧКИ КАБЕЛ
- ПОСТОЈНА ГАСОВОДНА МРЕЖА со заштитен појас 6м (2x3м)
- ПОСТОЈНА МЕРНО РЕГУЛАЦИОНА СТАНИЦА - МРС “ПОРШЕ“ со заштитна зона од 15м
- Ø500 ПОСТОЈНА ВОДОВОДНА МРЕЖА
- Ø300 ПОСТОЈНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА
- Ø500 ПОСТОЈНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА
- ПОСТОЕН ПОДЗЕМЕН НИСКОНАПОНСКИ КАБЕЛСКИ ВОД

ПЛАНИРАНИ ИНСТАЛАЦИИ
- Ø150 ПЛАНИРАНА ВОДОВОДНА МРЕЖА
- Ø250 ПЛАНИРАНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА
- Ø500 ПЛАНИРАНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА
- ПЛАНИРАНА КАБЕЛСКА МРЕЖА
- ПЛАНИРАНА ГАСОВОДНА МРЕЖА
- ПЛАНИРАНА ЕЛЕКТРИЧНА СТАНИЦА ЗА ПОЛНЕЊЕ
- ПЛАНИРАНА ТРАФОСТАНИЦА

M=1:1000

0 10 20 40 60 80 100м

N

ТАЈФА АРХИТЕКТИ ДООЕЛ
УЛ.ЖИВКО ЧАЛО 23, 1300 КУМАНОВО
www.tajfa.mk | contact@tajfa.mk
ТАЈФААРХИТЕКТИ WWW.TAJFA.MK

УПРАВИТЕЛ:
м-р СТЕФАН ЛАЗАРЕВСКИ, диа

ЛИЦЕНЦА БР:	0055
ТЕХ.БР.	06/19
ДАТУМ:	08.2019
РАЗМЕР:	1/1000

НАРАЧАТЕЛ: ДПУ ПОРШЕ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ
ЛОКАЦИЈА: ГП 1, ЛОКАЛИТЕТ СА-СА, СКОПЈЕ
ПЛАНСКИ ОПФАТ: КО ЧАИР
ОПШТИНА: ОПШТИНА БУТЕЛ, СКОПЈЕ

НАЗИВ НА ПЛАНОТ:
АРХИТЕКТОНСКО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ НА ГП 1 ОД ДУП ЗА УРБАН БЛОК ПОМЕЃУ УЛИЦИТЕ “БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА“ И “ЛАЗО ТРПОВСКИ“, ЛОКАЛИТЕТ СА-СА, СКОПЈЕ, ИЗМЕНА И ДОПОЛНА, ОПШТИНА БУТЕЛ - СКОПЈЕ

ДОНЕСУВАЧ НА АУП:
СОВЕТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ

ПЛАНЕР-ПОТПИСНИК: м-р СТЕФАН ЛАЗАРЕВСКИ, диа 0.0368

ПЛАНЕРИ: м-р БИЉАНА НАСКОВИЌ, диа 0.0369
МАРИЈА ЛАЗАРЕВСКА, диа 0.0539

ПРИЛОГ:
СИНТЕЗНО РЕШЕНИЕ

У

08

21.05.2019 год., во кој е наведено дека во границата на проектниот опфат и во непосредна близина на истиот, има постојна оптичка комуникациска мрежа.
Согласно член 6.12.4 Електро-енергетски и ТТ приклучок од Деталниот урбанистички план за урбан блок помеѓу улиците "Босна и Херцеговина" и "Лазо Трповски", Локалитет Са-Са, Скопје, измена и дополна, дадена преку Изводот од Детален урбанистички план за урбан блок помеѓу улиците "Босна и Херцеговина" и "Лазо Трповски", Локалитет Са-Са, Скопје, измена и дополна бр. 23-01/91/3 од 06.02.2019год., телефонските приклучоци се предвидуваат на постојната и планирана телефонска инфраструктурна мрежа застапена долж улиците "Босна и Херцеговина" и "Лазо Трповски" на начин прикажан во графички прилози.
Со понатамошна разработка на Архитектонско-урбанистичкиот проект со Основен проект, ќе бидат дефинирани внатрешните инсталации и истите ќе бидат приклучени на постојната ТК мрежа, а во согласност со услови дадени од надлежното јавно претпријатие.

2.3.7 Топловодна инфраструктура

Со писмен допис бр.03-116/1 од 15.05.2019 год., побарани се податоци и информации од Дистрибуција на топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ - Скопје, и доставено е мислење во порталот е-урбанизам на 15.05.2019 година во кое е наведено дека наведениот опфат на АУП-от се наоѓа надвор од лиценцираното подрачје на Дистрибуција на топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ – Скопје. Дополнително, поради сознанието за можно постоење на вреловодна мрежа на наведеното подрачје, добиена е насока за контактирање на Скопје Север АД.
Со писмен допис бр.03-116/4 од 21.06.2019 год., побарани се податоци и информации од Скопје Север АД, и добиен е одговор писмо бр.01-62/2 од 04.07.2019 год., во кој е наведено дека во границата на проектниот опфат не постои топлификациска мрежа.
Со предметниот Архитектонско урбанистички проект не се предвидува топловодна мрежа.

2.4. Хортикултура и партер

Неизграденият простор се предвидува да се уреди со ниско и високо зеленило (да се затревнат слободните површини).Согласно Член 20, став 2 од Законот за урбано зеленило (Сл. Весник на РМ бр.11/18), на градежните парцели со веќе изградени објекти, каде не постојат просторни можности за обезбедување на процентот за зелена површина, се прави компензација со поставување дрвореди и зеленило во жардињери, на кровни тераси и фасади. Следствено, предвидено е 9,42% зеленило да се обезбеди на ниво на терен, додека останатите 10,58% зеленило да се обезбедат како дрвореди, зеленило во жардињери, како и на кровни тераси. Пристапот до содржините ќе биде со завршна обработка од асфалт, додека пешачките површини предвидено е да се поплочат со павер елементи.

3. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

При проектирањето на градбата како и при понатамошната разработка со Основен проект, неопходно е да бидат запазени прописите од Правилникот за суштински барања за градежни објекти (Сл. Весник на РМ бр. 74/06), како и да се почитува Законот за заштита на животната средина и природата.

3.1. Мерки за заштита на културното наследство

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се

утврдуваат мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

По писменото обраќање до Управа за заштита на културно наследство при Министерството за култура, за предметниот проектен опфат е добиен одговор бр. 17-2042/2 од 20.05.2019 год., според кој во границите на опфатот не постои заштитено добро ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Писмото е прилог кон прилозите од текстуалниот дел на Архитектонско - урбанистичкиот проект.

Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен Весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

3.2. Мерки за заштита на животна средина и природата

Заштитата и унапредувањето на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува поддршка и создавање услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина (заштита од осиромашување на озонската обвивка, спречување на штетната бучава и вибрации, заштита од јонизирачко и од нејонизирачко зрачење, заштита од непријатна миризба и користење и депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина).

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природните и создадените вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадување на животната средина е емисија на загадувачки материи и супстанции, која е резултат на човековата активност, во воздухот, водата или почвата, којашто може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија од која што може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите пропишани начини на користење на животната средина.

Во доменот на заштитата на животната средина основна цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.

За остварување на наведената цел, поставките и потребите од заштита на средината се вградуваат во сите домени на урбанистичкото планирање преку проверка и изготвување на современи стандарди и нормативи.

Градежната парцела се развиваат согласно современите урбанистички принципи со класа на намена Г – Производство, дистрибуција и сервиси и затоа проблемите на нарушување на квалитетот на животната средина не се изразени.

Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина, па за негов квалитет неопходно е сите загадувачи, односно сите објекти кои испуштаат штетни материи да користат уреди за пречистување.

Заштитата на квалитетот на атмосферата треба да се остварува преку следните мерки:

1. Интегрална контрола на загадувачите на атмосферата (меѓу кои и издувните гасови од моторните возила) и нивното делување и благовремено укажување на критичните метеоролошки појави.
2. Примена на соодветни техничко-технолошки мерки.

3. Обезбедување услови за ефикасно природно проветрување и користење на доминантни воздушни струења.
4. Подигање и оформување на заштитни зелени појаси (дрвореди).
5. Подобрување на состојбата со зелените јавни површини со правилен распоред и создавање на поврзан систем на зеленило во селото.

Овој проектен опфат нема негативно да влијае на околината.

Сите слободни површини од парцелата хорикултурно да се уредат со зеленило.

Планирана е изведба на комплетна комунална инфраструктура, така што нема опасност од загадување на подземните води.

Прашањето на одвоз на отпад да се реши во договор со надлежните институции за собирање на отпадот за осигуран континуиран одвоз, и да се постават контејнери према видот на одпадот. Просторот околу контејнерите да се уреди за овозможување услови за одржување и несметан пристап од сообраќајница.

Законска регулатива која ја уредува областа за заштита на животната средина, релевантна за изработка на Архитектонско - урбанистичкиот проект е следна:

- Закон за квалитетот на амбиентниот воздух (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 100/12, 163/13, 10/15, 146/15);
- Закон за управување со отпадот (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 9/11, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 63/16);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл. весник на РМ бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15);
- Закон за заштита и спасување (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18);
- Закон за водите (Сл. Весник на РМ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16);
- Закон за животна средина (Сл.Весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08 , 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18);
- Уредба за класификација на водите (Сл. весник на РМ бр. 18/99 и 146/15);
- Закон за заштита на природата (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18);
- Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и други законски и подзаконски акти.

3.2.1 Заштита на почвата и подземните води

При изградба на содржината во склоп на проектниот опфат, односно во градежната парцела, да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води. Изградбата на новите содржини вклучува одстранување на постојните вегетациски видови и нарушување на живеалиштата на постојната фауна, како и раскопување и одстранување на поголема количина на почва. При реализација на активностите на терен да се избегне непотребно губење, модификација и фрагментација на природните живеалишта и прекумерно искористување на биолошките ресурси, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на постојните екосистеми.

Употребата на тешка механизација во фазата на градба ќе предизвика зголемување на механичкиот притисок врз почвата, односно набивање и компактирање на површинскиот слој. Компакцијата на почвата ја намалува можноста за апсорпција на атмосферските талози, ја отежнува размената на гасови, биолошката активност на почвата, како и растот на корењата кај растенијата. Механичкиот притисок врз почвата, дополнително ја намалува нејзината стабилност и го зголемува ризикот од ерозија. Доколку се применуваат мерки за намалување на компакција на почвата и изградбата на предвидените објекти заврши во период од две години од отпочнувањето на реализацијата на планот, влијанието може да се смета за краткотрајно.
Во смисол на заштита на подземните води потребно е изведба на непропусна канализација за одводнување на отпадните води, како на фекалните така и на атмосферските.

3.2.2 Заштита од бучава

Прашањето за намалување на проблемите на бучавата од сообраќајниците треба да се решава со обезбедување на заштитни зелени појаси по должина на тие сообраќајници и формирање на зелени коридори.
Во склоп на подобрување на условите за работа и живеење еден од битните фактори е подигањето на зелени насади во локалитетот и во неговото непосредно окружување. Со предметниот АУП, земено предвид дека на наведената локација постојат веќе изведени објекти, обезбедени се 9,42% зеленило на ниво на терен. Останатите 10,58%, за кои не постојат просторни можности да бидат обезбедени на ниво на терен, се прави компензација со поставување дрвореди и зеленило во жардињери, на кровни тераси согласно Член 20 , Став 2 од Законот за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ, бр. 11/18).

3.2.3 Заштита на воздухот

Неопходно е при планирањето на просторот да се води сметка за изворите на загадување, воспоставување на зони на санитарна заштита и континуиран мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
Со архитектонско - урбанистичкиот проект се предвидува изградба на објект со намена Г3 – Сервиси и не се очекува значителна концентрација на возила кои би влијаеле на зголемување на концентрацијата на присутни честици во воздухот. Сепак нивоата на емисии во воздухот треба да бидат усогласени со Правилникот за гранични вредности за дозволени нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл. Весник на РМ бр.141/10).

3.2.4 Управување со отпадот

Согласно со член 7 од Законот за управување со отпадот (Службен весник на РМ, бр.09/11-пречистен текст и бр.51/11, 123/12, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 63/16), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен или во истиот или во друг процес за екстракција на секундарни суровини или пак да се искористи како извор на енергија. Депонирање на отпадот се предвидува да се регулира од надлежното комунално претпријатие.
Во периодот на градба на новите содржини ќе се отстрани и поголема количина на почва. По завршувањето на градежните активности потребно е да се процени можноста за

повторно искористување на отстранетата почва од теренот, со цел да се избегнат дополнителните економски трошоци заради потребата од нејзина дислокација. По завршување на активностите на терен шутот треба да биде уредно одложен на депонија.
По завршувањето на градежните активности потребно е да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини. Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади.
Заради успешна имплементација на системот за заштита на животната средина при реализација на активностите предвидени со Архитектонско-урбанистичкиот проект потребно е да се почитува следното:

- зачување на амбиенталните, есетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- озеленување на околните површини со високо и ниско зеленило;
- селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем;
- изградба на современа инфраструктура;
- заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на друга инфраструктура.

При вршењето на предвидените активности да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и животот и здравјето на луѓето кои претстојуваат во непосредната околина. Потребно е да се нагласи дека загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

3.3. Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за заштита и спасување (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр. 168/17 – пречистен текст) и Законот за управување со кризи (Сл. Весник на РМ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Со писмен допис бр.03-116/1 од 15.05.2019 год., побарани се податоци и информации од Дирекцијата за заштита и спасување, Подрачно одделение Чаир, писмо бр.14/6-98/2 од 16.05.2019 год. со претходни услови, кои се вградени во АУП-от.
Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.
Во функција на превенција се следниве мерки и активности:

- изработка на процена на загрозеност за можни опасности и план за заштита и спасување од проценетите опасности;
- вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа;
- уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување;
- воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување
- обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите, за објекти и технолошки процеси

наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност, како и при изградба на објекти и инфраструктура.

Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува: изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства, регулирање на водотоците и изградба на систем на одбранбени насипи, изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти за заштита, како и изградба на потребната инфраструктура.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко-технички мерки се:

- засолнување;
- заштита и спасување од поплави;
- заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;
- заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства;
- заштита и спасување од урнатини;
- заштита и спасување од техничко- технолошки несреќи и
- спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:

- евакуација;
- згрижување на загрозеното и настраданото население;
- радиолошка, хемиска и биолошка заштита;
- прва медицинска помош;
- заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло;
- заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
- асанација на теренот.

3.4. Урбанистичко-технички мерки

3.4.1 Засолнување

Засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката.

Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградени во урбанистичките планови.

Јавните засолништа според отпорноста се градат како засолништа за основна заштита, во согласност со техничките нормативи за изградба на јавни засолништа што ги донесува директорот на Дирекцијата.

Републиката има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошко-хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.
Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.
Тековното и инвестиционото одржување на засолништата го вршат сопствениците или корисниците на истите.
При опасност засолништето мора да се доведе во функција за основната намена во рок од 48 часа, со непречен пристап за лицата за кои е наменето.
Одржувањето, сервисирањето на средствата и опремата во сите засолништа и атестирањето го вршат трговски друштва, јавни претпријатија, установи и служби регистрирани за таква дејност, кои што имаат вработени лица со лиценца за вршање на таква дејност согласно со закон.
Градежни зафати со кои се намалува заштитното својство на засолништето не се дозволени.
Засолништата и другите заштитни објекти можат да се издаваат под закуп, под услов да не се наруши нивната примарна заштитна функција.
Засолништата другите заштитни објекти се издаваат под закуп од страна на нивните сопственици, а за засолништата и другите заштитни објекти чиј сопственик е непознат, издавањето го врши Дирекцијата.
Издавањето на засолништата другите заштитни објекти под закуп се врши согласно со закон.
Дирекцијата води евиденција за изградените засолништа и другите заштитни објекти.
Начинот на водење на евиденцијата за изградените засолништа и другите заштитни објекти го пропишува директорот на Дирекцијата.

3.4.2 Заштита и спасување од поплави

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на загрозените и настраданите, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

3.4.3 Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер.
Заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите објекти и места со превентивни и оперативни мерки.
Превентивни мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, се активности кои се планираат и спроведуваат со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите.

Оперативните мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се активности за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и давање помош при отстранување на последиците предизвикани од пожари, експлозии и опасни материи.
Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштиита од пожари, друга противпожарна опрема, средства за гасење на пожари и противпожарни апарати според пропишани стандарди.
Предметната парцела има директен пристап од од источната страна на проектниот опфат преку улица "Лазо Трповски" и на западната страна преку улица "Сервисна улица 2" (ул. Втора Македонска Бригада) со што е овозможен несметан пристап на противпожарни возила.
Растојанијата на дефинираните градежни линии до границите со соседните парцели овозможуваат несметан пристап, подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.
Со оглед на својата местоположба, предметната локација потпаѓа во зоната на дејство на професионалната ПП единица од Бит Пазар. Пунктот на истата е лоциран на ул. Војдан Чернодрински б.б., односно оддалечен е од предметната локација на околу 4 километри. Со оглед на оддалеченоста, но и густината на сообраќајот во овој дел на градот, времетраењето потребно за интервенција на противпожарната единица изнесува околу 7 минути.
Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита предвидува:

- брз и непречен пристап до градбата;
- градбите се предвидуваат од лесни материјали со помали тежини, со примена на огноотпорни материјали,
- при планирањето е водено сметка за обезбедување на доволни растојанија меѓу градбите,
- со сообраќајното решение и начинот на кој се предвидува изградбата на градбите овозможен е пристап на противпожарно возило од најмалку 3 страни,
- внатрешните сообраќајни површини се со доволна ширина, а потребно е да се изведат со задоволувачки осовински притисок, што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила,
- инсталациите, уредите и постројките треба да се изведат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии,
- во општината која го опслужува овој проектен опфат со ПП заштита, има противпожарна едница, која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар, во склоп на севисните дејности,
- самиот инвеститор согласно Закон треба да обезбеди потребна противпожарна опрема.
- во понатамошната разработка на објектите со Основни проекти, обврзно да се реши громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување согласно Правилникот за стандарди за заштита на објекти од атмосферски празнења (Сл. Весник на РМ бр. 101/00).

При изработката на Архитектонско - урбанистичкиот проект почитуван е Законот за заштита и спасување (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Законот за пожарникарство(Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 81/07 и 55/13 и 158/14, 193/15, 39/16) (Пречистен текст 168/17), Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр 99/17, 143/17, 243/17 и 243/18

со важност од 01.10.2020год.), како и Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл. весник на РМ бр. 94/09), Правилник за суштинските барања за градежните објекти (Сл. Весник на РМ бр. 74/06), Правилник за изборот на видовите и на количините на противпожарните апарати со кои треба да располагаат правните лица и граѓаните, како и за критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои што вршат сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати (Сл. Весник на РМ бр. 105/05), Правилникот за начинот на определување на места на кои задолжително треба да се наоѓаат уредите и инсталациите за заштита од пожари, другата противпожарна опрема, средствата за гасење на пожари и противпожарните апарати, нивното одржување во исправна состојба, посебното обележувања и достапност за употреба (Сл. Весник на РМ бр. 74/06 и 76/07) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика. Уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

3.4.4 Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неекслодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот.

Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети горенаведените услови уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на предходно определени и уредени места за таа намена. Соодветно, при превземање на активности за градба на објектите потребно е теренот да се испита.

3.4.5 Заштита и спасување од урнатини

Дефинирање на сеизмички хазард всушост претставува дефинирање на економско-технички критериуми за прифатливо ниво на безбеденост на градежната конструкција за различни материјали на објектите.

Просторот кој е предмет на анализа има потреба од примена на соодветни мерки за заштита, односно задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на градбите.

За да се избегне сеизмичкиот хазард потребно е градбата да се гради според параметрите и критериумите за сеизмичка градба.

Во рамки на проектниот опфат, заштитата од урнатините ќе се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Република Македонија, изградени со помала количина на градежен материјал, релативно помали тежини и соодветни конструктивни системи.

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирањето на просторот, урбанизирање на населбите и изградба на објектите.

Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците.

При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.
Проектниот опфат се наоѓа во зона на случени земјотреси од 9º по Меркалиј- Канцани – Зиберг, и во склад со овие бројки да се предвиди отпорноста на објектите.
Проектното решение во Архитектонско – урбанистичкиот проект е изработено врз основа на утврдениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.
Односно, во случај на можни разурнувања било од земјотес или од воздушен воен удар, проектното решение на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла)
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални воизила
- непречена интервенција
- штетите да се сведат на минимум
- брза санација на последиците.

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од природни катастрофи.
Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмична градба во делот на статиката и динамичка анализа на градбите, како составен дел на Основниот проект при понатамошна разработка.

3.4.6 Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи

Заштитата и спасувањето од техничко-технолошките несреќи опфаќа преземање на превентивни и оперативни мерки во индустриските објекти, кои во производниот процес употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра.
Превентивни мерки за заштита и спасување од техничко - технолошките несреќи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање, со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на индустриски објекти, редовно одржување на инсталациите и опремата, како и примена на прописите од областа на безбедноста и здравјето при работа.
Оперативни мерки за заштита и спасување од техничко- технолошките несреќи се активностите за спречување на настанување и намалување и остранување на предизвиканите последици.
Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокаата животна средина предвидени се горенаведените превентивни мерки, односно предвидено е одржување на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси заради одбегнување на технолошките катастрофи, ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, односно нафта и нафтени деривати.

3.4.7 Спасување од сообраќајни несреќи

Спасувањето од сообраќајни несреќи опфаќа мерки и активности за спасување при настанати големи несреќи во патниот, железничкиот, воздушниот и водениот сообраќај во кои има поголем број повредени и загинати лица и/или е предизвикана голема штета.
Оперативните мерки за спасување се активности за извидување, пронаоѓање и извлекување на повредените и загинати лица, укажување прва медицинска помош и транспорт до соодветните здравствени установи, како и учество при отстранување на последиците предизвикани од сообраќајните несреќи.

3.5. Хуманитарни мерки

3.5.1 Евакуација

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.
Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи. Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време. Евакуацијата на населението во друга општина не смее да доведе до нарушување во извршувањето на нејзините надлежности.
Општина на чие подрачје е сместено евакуираното население ги покрива трошоците за обезбедување на основните услови за живот (сместување, исхрана, здравствена заштита и образование), со тоа што надоместокот за направените трошоци се на товар на општината од која е евакуирано населението, односно на товар на Републиката.

3.5.2 Згрижување на настрадано и загрозено население

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење.
Републиката и единиците на локалната самоуправа од кои се згрижува населението ги покриваат трошоците за сместување и обезбедување на основните услови за живот.

3.5.3 Радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за остранување на последиците од нив.
Сопствениците на објекти во кои се произведуаат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средсва, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спрове-дуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.
Планирањето и подготвувањето на активностите за спроведување на мерката радилошка, хемиска и биолошка заштита се врши од страна на органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, установи, служби и трговски друштва.

3.5.4 Прва медицинска помош

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

Потребната организација за спроведување на прва медицинска помош се утврдува во плановите за заштита и спасување.
Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош, зависи од оддалеченоста на најблиската болница или поликлиника. За предметниот плански опфат кој припаѓа на реонот на Поликлиника Чаир, во рамки на која има пункт на итна медицинска помош (ИПМ), тој временски рок би изнесувал приближно 3 до 5 мин., земајќи ја во предвид оддалеченоста од поликлиниката на околу 1.2км.

3.5.5 Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, и други несреќи.
Превентивни мерки за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.
Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

3.5.6 Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло

Заштита и спасување на растенија и производите од растително потекло опфака превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.
Превентивни мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.
Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

3.5.7 Асанација на теренот

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите, како и асанација на објектите за водоснабдување.

4. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на Архитектонско - урбанистичкиот проект.

Основните урбанистички параметри за урбанистичко планирање се дефинирани според Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и со содржина согласно Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план, формата, содржината и начинот на обрбаотка на урбанистичко-планските документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржина, формата и начинонот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл.весник на РМ бр.142/15).
Понатамошната разработка на Архитектонско-урбанистичкиот проект треба да биде со Основни проекти.

4.1. Проектен опфат

Проектниот опфат кој е предмет на уредување со овој Архитектонско – урбанистички проект ја зафаќа градежната парцела ГП 1 од Деталниот урбанистички план за урбан блок помеѓу улиците "Босна и Херцеговина" и "Лазо Трповски", Локалитет Са-Са, Скопје, измена и дополна, и истиот зафаќа една катастарска парцела и тоа КП бр. 188/4, КО Чаир, Скопје. Вака дефинираниот проектен опфат има површина од 8113,00м² (0,81ха).
Границите на проектниот опфат се означени со линија и прекршни точки, дадени со X и Y координати:

КООРДИНАТИ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ	
X	Y
7536374.5200	4653520.6100
7536373.4700	4653523.7500
7536371.7100	4653525.2700
7536370.1300	4653525.9800
7536368.5300	4653526.7000
7536294.6000	4653527.4900
7536229.0000	4653529.2200
7536227.4200	4653529.2200
7536227.3900	4653527.3000
7536226.6000	4653474.9100
7536226.5900	4653471.6800
7536285.4000	4653471.8000
7536327.0400	4653473.5900
7536327.0400	4653473.7200
7536363.6300	4653474.5500
7536375.9500	4653474.9600
7536375.7600	4653481.1400
7536375.5300	4653488.3300
7536374.5200	4653520.6100

4.2. Регулациона линија

Регулационата линија е граница меѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба.
Во графичките прилози означена е регулационата линија и истата целосно се поклопува со границата на градежната парцела.

4.3. Граница на градежна парцела

Граница на градежна парцела како планска одредба во Архитектонско – урбанистичкиот проект е линија на разграничување на носители на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели.

4.4. Градежна парцела

Градежната парцела е ограничена со регулаторни линии – регулациона линија и граница на градежна парцела кои ја обележуваат промената на носителот на правото на градење.

Во случајот, проектниот опфат зафаќа една градежна парцела, односно ГП 1 од Деталниот урбанистички план за урбан блок помеѓу улиците "Босна и Херцеговина" и "Лазо Трповски", Локалитет Са-Са, Скопје, измена и дополна, составена од една катастарска парцела и тоа КП бр. 188/4, КО Чаир, Скопје, со површина од 8113,00м² (0,81ха).

4.5. Наменска употреба на земјиштето – класи на намени

Со Архитектонско-урбанистичкиот проект се усвојува дефинираната намена на градежната парцела од Деталниот урбанистички план за урбан блок помеѓу улиците "Босна и Херцеговина" и "Лазо Трповски", Локалитет Са-Са, Скопје, измена и дополна, согласно Изводот од Детален урбанистички план за урбан блок помеѓу улиците "Босна и Херцеговина" и "Лазо Трповски", Локалитет Са-Са, Скопје, измена и дополна бр. 23-01/91/3 од 06.02.2019год., и истата гласи:

- **Група на класа на намена Г – Производство, дистрибуција и сервиси;**
  Основна класа на намена Г3 – Сервиси.

Во рамките на градежната парцела со погоре цитираната основна класа на намена предвидени се и објекти со намена Е2 – Комунална супраструктура – новопланирана трафостаница и постојна мерна регулациона станица, како компатибилни класи на намена во однос на основната, при што не се надминува максимално дозволениот процент на учество од 49%, согласно табелата од Прилог 1 од Правилникот за за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

4.6. Градежна линија и помошна градежна линија

Градежна линија е граница на површината за градење внатре во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбите може да се градат.

Во графичките прилози градежната линија е означена со полна црна линија со дебелина од 0,5мм и ознака ГЛ во истата боја.

Со помошна градежна линија се уредува границата за градење под и над котата на теренот доколку таа не се совпаѓа со градежната линија која ја ограничува надземната изградба.

Во графичките прилози помошна градежна линија е означена со испрекината црна линија со дебелина од 0,5мм и ознака ПГЛ во истата боја. Растојание на подземната градба од границата на градежната парцела е дефинирано на начин прикажан во графичките прилози.

4.7. Површини за градење

Со Деталниот урбанистички план за урбан блок помеѓу улиците "Босна и Херцеговина" и "Лазо Трповски", Локалитет Са-Са, Скопје, измена и дополна, Одлука бр.07-1800/7 од 27.12.2012 година (Извод бр. 23-01/91/3 од 06.02.2019год.), на предметната градежна парцела е утврден простор определен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби, согласно дозволениот процент на изграденост.

Соодветно, на ГП 1 со Деталниот урбанистички план за урбан блок помеѓу улиците "Босна и Херцеговина" и "Лазо Трповски", Локалитет Са-Са, Скопје, измена и дополна, Одлука

бр.07-1800/7 од 27.12.2012 година (Извод бр. 23-01/91/3 од 06.02.2019год.), предвидената максимална површина за изградба на повеќе градби во утврдениот простор за градење е ограничена на 5670м² и бруто развиена површина од 22680м².

Со предметниот Архитектонско - урбанистички проект, во рамки на градежната парцела ГП 1 утврдени се 4 (четири) површини за градба, од кои 1 е постојна градба (постојна мерна регулаторна станица) за која не се предвидува понатамошен развој, додека за останатите 3 се планирани градби за кои се дефинирани услови за развој.

Вака дефинираните површини за градење имаат вкупна утврдена површина за градење од 3812,76м² односно развиена површина за градење од 15093,63м², и се целосно во рамки на параметрите зададени во Деталниот урбанистички план за урбан блок помеѓу улиците "Босна и Херцеговина" и "Лазо Трповски", Локалитет Са-Са, Скопје, измена и дополна, Одлука бр.07-1800/7 од 27.12.2012 година.

4.8. Височина на градење

Максималната височина на градбата е планска одредба со која се утврдува дозволената височина на градбата на вертикална рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија или дозволеното пречекорување. Максималната височина на градбата се одредува за онаа страна на површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела и притоа се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри.

Согласно Посебните услови за изградба од Деталниот урбанистички план за урбан блок помеѓу улиците "Босна и Херцеговина" и "Лазо Трповски", Локалитет Са-Са, Скопје, измена и дополна, Одлука бр. 07-1800/7 од 27.12.2012 година, максималната височина на градбите е дефинирана на 13.6м, додека катноста е дефинирана како П+3.

Со предметниот Архитектонско урбанистички проект, за градбите преземени од постојна состојба, не се предвидува промена на висина на венец / катност и се задржуваат постојните параметри за истите. Додека за новопланираниот сервис се предвидува максимална висина на венец од 13,6м и катност од П+3, а за новопланираната трафостаница и помошниот објект на планираниот сервисот, не е дефинирана максимална висина, додека катноста е ограничена на приземје. Со тоа, височината за градење е целосно во склад со вредностите зададени во важечкиот Деталниот урбанистички план за урбан блок помеѓу улиците "Босна и Херцеговина" и "Лазо Трповски", Локалитет Са-Са, Скопје, измена и дополна.

4.9. Процент на изграденост

Процент на изграденост на земјиштето (%) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.

Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен во процент.

Согласно Посебните услови за изградба на Деталниот урбанистички план за урбан блок помеѓу улиците "Босна и Херцеговина" и "Лазо Трповски", Локалитет Са-Са, Скопје, измена и дополна, дадени преку Изводот од Деталниот урбанистички план за урбан блок помеѓу улиците "Босна и Херцеговина" и "Лазо Трповски", Локалитет Са-Са, Скопје, измена и дополна бр. 23-01/91/3 од 06.02.2019год., земено предвид дека во рамки на градежната парцела е утврден делот од истата во кој се предвидува градење на повеќе градби, како комплекс на градби, направено е ограничување со оваа планска одредба, и истиот изнесува максимум 70%. Со предметниот Архитектонско-урбанистичкиот проект,

процентот на изграденост на градежната парцела изнесува 47,00%, и соодветно целосно се вклопува во максимално дозволениот со важечкиот ДУП.

4.10. Коефициент на искористеност

Коефициент на искористеност на земјиштето (К) е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште и се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени спратови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште.

Согласно Посебните услови за изградба на Деталниот урбанистички план за урбан блок помеѓу улиците "Босна и Херцеговина" и "Лазо Трповски", Локалитет Са-Са, Скопје, измена и дополна, дадени преку Изводот од Деталниот урбанистички план за урбан блок помеѓу улиците "Босна и Херцеговина" и "Лазо Трповски", Локалитет Са-Са, Скопје, измена и дополна бр. 23-01/91/3 од 06.02.2019год., коефициентот на искористеност е дефиниран на 2.8. Со предметниот Архитектонско-урбанистичкиот проект, коефициентот на искористеност на земјиштето, вклучувајќи ги сите градби, изнесува 1.86 и целосно се вклопува во максимално дозволениот со важечкиот ДУП.

4.11. Паркирање

Согласно Посебните услови за изградба на Деталниот урбанистички план за урбан блок помеѓу улиците "Босна и Херцеговина" и "Лазо Трповски", Локалитет Са-Са, Скопје, измена и дополна, дадени преку Изводот од Детален урбанистички план за урбан блок помеѓу улиците "Босна и Херцеговина" и "Лазо Трповски", Локалитет Са-Са, Скопје, измена и дополна бр. 23-01/91/3 од 06.02.2019год., паркирањето на моторните возила се предвидува да се реши во склоп на сопствената градежна парцела, врз основа на проектна документација и во зависност од потребите на градбите и специфичните услови кои произлегуваат од предметната намена, а согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 63/12 и 126/09), кој бил на сила кога бил донесен важечкиот Деталниот урбанистички план. Следствено, со предметниот Архитектонско урбанистички проект, предвидени се 28 паркинг места (25+3 за лица со посебни потреби), како надземни паркинг места.

Комуналната инфраструктура е целосно преземена од предходните плански решенија утврдени во цитираниот ДУП, имајќи ги во предвид податоците и инфромациите добиени од органите на државна управа и комуналните претпријатија.

4.12. Услови за движење на лица со инвалидитет

За обезбедување услови за движење на лица со инвалидитет важат одредбите од точка 13 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

4.13. Урбано зеленило и озеленетост

Просторот околу градбата хортикултурно да се уреди максимално блиску до природниот амбиент, карактеристичен за локалитетот.

Земено предвид дека на наведената локација постојат веќе изведени објекти, обезбедени се 9,42% зеленило на ниво на терен. Останатите 10,58%, за кои не постојат просторни можности да бидат обезбедени на ниво на терен, да се направи компензација со поставување дрвореди, зеленило во жардињери и на кровни тераси, согласно Член 20 , Став 2 од Законот за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ, бр. 11/18).

Пристапот до содржините ќе биде со завршна обработка од асфалт, додека пешачките површини предвидено е да се поплочат со павер елементи.

4.14. Мерки за заштита на животната средина и природата

Задолжително да се почитува законската регулатива која ја уредува областа за заштита на животната средина:

- Закон за животна средина (Сл.Весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08 , 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18);
- Закон за квалитетот на амбиентниот воздух (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 100/12, 163/13, 10/15, 146/15);
- Закон за управување со отпадот (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 9/11, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 63/16);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл. весник на РМ бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15);
- Закон за заштита и спасување (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18);
- Закон за водите (Сл. Весник на РМ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16);
- Уредба за класификација на водите (Сл. весник на РМ бр. 18/99 и 146/15);
- Закон за заштита на природата (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18);
- Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и други законски и подзаконски акти.

4.15. Мерки за заштита и спасување

При изготвување на Основните проекти за градбите и Основните проектите на инфраструктура, како и при самата градба, обврзно треба да се почитуваат мерките за заштита и спасување, согласно Законот за заштита и спасување (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр. 168/17 – пречистен текст) и Законот за управување со кризи (Сл. Весник на РМ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18), Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл. Весник на РМ бр. 94/09) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

Односно, при понатамошната изработка на Основниот проект, како и при изградба на градбата, Мерките за заштита и спасување задолжително треба да се разработуваат детално и истите да се вградат, согласно член 7 од Уредбата за начинот на применување на мерки за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничките прегледи (Сл. Весник на РМ бр. 105/05).

На градбите обврзна е изведба на громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Градбата да биде оптимално сеизмички отпорна на 9° по МЦС скалата, да биде изградена со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

При уредувањето на градежната парцела, обврзно да се предвиди заштитен појас, меѓу одредени градби и простори, со широчина предвидена со нормативите, а која овозможува заштита од пожар.

4.16. Мерки за заштита на културното наследство

Доколку при земјените работи се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од

Законот за заштита на културното наследство (Сл. Весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 194/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

4.17. Елементи за обликување на градбите

За градбите се пропишува следното:

- да се применат асеизмички конструктивни системи, како и материјали отпорни на пожар;
- да се применат изолаторски материјали кои ќе обезбедат максимална заштеда на енергијата за затоплување или ладење на внатрешниот корисен простор, а во функција на одржливиот развој и заштита на животната средина;
- да се применат квалитетни естетски современи материјали за завршна обработка на градбите;
- да се градат градби со примена на помала количина на градежен материјал и со релативно помали тежини;
- да се примени естетско парковско и заштитно зеленило, погодно за климатските простори;
- обврзно да се изготви елаборат за извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања, при изработка на основните проекти на градбите и инфраструктурата.

4.18. Услови за понатамошна разработка

При изработка на Основните проекти за градбите, како и Основните проекти за инфраструктурите, обврзно е да се почитуваат прописите за градење, техничките стандарди за ваков тип на градби, како и прописите за заштита на животната средина.

Се што не е регулирано со општите одредби на предметниот Архитектонско-урбанистички проект е предмет на понатамошна разработка согласно стандардите и нормативите утврдени во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

5. ДРУГИ ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ОД СУБЈЕКТИТЕ, РЕЛЕВАНТНИ ЗА ПОСТОЈНАТА СОСТОЈБА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

ЈП Водовод и Канализација - Скопје

Согласно податоците и информациите добиени од ЈП "Водовод и Канализација" – Скопје, допис бр. 1302-4070/1 од 23.11.2018 година, што се однесува до прикажување на предвидената хидротехничка инфраструктура на предметниот локалитет, претпријатието упатува на користење на решенија за хидротехничка инфраструктура кои се наоѓаат во состав на бажечките Детални урбанистички планови и изработени Основни проекти (ако такви постојат).

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Согласно податоците и информациите добиени од АД ЕВН Македонија, КЕЦ Васил Главинов, Скопје бр.10-2176/2 од 29.05.2019 година, при постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратиме до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Агенција за цивилно воздухопловство

Согласно податоците и информациите добиени од Агенцијата за цивилно воздухопловство, бр. 12-8/267 од 15.05.2019год., се напоменува дека планскиот опфат е е вон зона на било кој аеродром, леталиште или воздухопловен уред, односно во планскиот опфат нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилно

воздухопловство и истиот може да се планира без посебни ограничувања од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

6. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ

Посебните услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите се однесуваат на градежната парцела. Посебните услови за градење се основа за изработка на Основните проекти за градбите и инфраструктурата.

1. За градбите во градежната парцела и за комуналната инфра и супаструктура да се изработат основни проекти.
2. Висината на приземје како и максимална височина на нултата плоча во однос на котата од тротоарот за сите градби е условена од намента на градбата и истата ќе се утврди со Основниот проект за градбите. Истата, согласно Деталниот урбанистички план за урбан блок помеѓу улиците "Босна и Херцеговина" и "Лазо Трповски", Локалитет Са-Са, Скопје, измена и дополна, е ограничена на максимални 1,2м.
3. При изработка на Основните проекти за градбите, како и градбите на инфраструктурата обврзно е да се почитуваат прописите за градење, техничките стандарди за ваков тип на градби, прописите за заштита на животната средина, прописите за заштита и спасување и други прописи засегнати со намената.
4. Во рамки на проектниот опфат, како и во негова непосредна близина, има постојна водоводна мрежа Ø150, Ø250 и Ø1600. Дополнително, во непосредна близина на истиот планирана е водоводна мрежа Ø100. Соодветно, снабдувањето со вода како и технолошка вода за наводнување предвидено е да се решава преку планираната водоводна мрежа која е целосно превземена од ДУП за урбан блок помеѓу улиците "Босна и Херцеговина" и "Лазо Трповски", Локалитет Са-Са, Скопје, измена и дополна, на начин прикажан во графичките прилози.
5. Утврдените градби, да се поврзат со надворешната водоводна мрежа во приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена во сопствената градежна парцела.
6. Хидрантската водоводна мрежа е планирана од престен на цевки со профил ND Ø110, поставен периметрално на комплексот, во рамките на градежната парцела.
7. Во непосредна близина на проектниот опфат има реализирана фекална канализациона мрежа Ø300. Дополнително, во непосредна близина планирана е изведба на фекална канализациона мрежа Ø250.
8. Во непосредна близина на проектниот опфат има реализирано атмосферска инфраструктура и тоа примарен колектор на атмосферска канализација Ø700. Дополнително, во непосредна близина на проектниот опфат предвидена е изведба на атмосферска канализација Ø300.
9. Врз основа на Архитектонско-урбанистички проект да се изработи Основен проект за електричната дистрибутивна мрежа.
10. Градбите, да се поврзат на електричната мрежа на начин утврден со Основен проект за електричната дистрибутивна мрежа.
11. Во рамки на проектниот опфат има постојна гасоводна мрежа и постојна мерна регулациона станица.
12. Во непосредна близина на планскиот опфат има постојан телекомуникациска мрежа.
13. Паркирањето на предвидени се 28 паркинг места (25+3 за лица со посебни потреби) да се реши во склоп на сопствената градежна парцела, како надземни паркинг места.

7. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА АУП

7.1. Нумерички показатели

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ - за градбите на ГП 1												
Бр. на градежна парцела	Површина на Градежна парцела м2	Основна класа на намена	Број на градба	Намена на градбите	површина под градба м2	бруто површина за градба м2	% на учество на единечна к ласа на намена во однос на основната класа на намена	Висина на венец	Катност	Процент на изграденост %	Коефициент на искористеност (К)	Паркирање
1	8113.00*	ГЗ	1	ГЗ (Сервиси)	3760,29	15284,84	99,65	13,6м	П+3	47,00	1,86	28 (25+3 за лица со посебни потреби) надземни паркинг места
			2	Е2 (Комунална супраструктура - трафостаница)	11,25	11,25	0,07	/	П			
			3	Е2 (Комунална супраструктура - потстаница)	3,72	3,72	0,02	/	П			
			4	ГЗ (Сервиси)	37,5	37,5	0,25	/	П			
Вкупно	8113.00*				3812,76	15093,63	100			47,00	1,89	
				простор за паркинг	1130,10					13,93		
				тротоари	351,46					4,33		
				внатрешни сообраќајници	2054,03					25,32		
				зеленило	764,65					9,42		
Вкупно	8113.00*				8113,00					100	1.86	
* Површина на градежна парцела добиена со тополошки преклоп со АКН, П=8113,10м²												

ВКУПНИ НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ПРЕДВИДЕНИ СО АРХИТЕКТОНСКО – УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ														
АРХИТЕКТОНСКО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ НА ГП 1 ОД ДУП ЗА УРБАН БЛОК ПОМЕЃУ УЛИЦИТЕ "БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА" И "ЛАЗО ТРПОВСКИ", ЛОКАЛИТЕТ СА-СА, ИЗМЕНА И ДОПОЛНА, ОПШТИНА БУТЕЛ СКОПЈЕ									ПРОЕКТЕН ОПФАТ _8113.00м² (0.81ха)						
Број на градежна парцела	Група на класа на намена	Основна класа на намена	Поединечна намена	Компатибилни класи на намена во однос на основната класа на намена	Минимален дозволен % на учество на единечна класа на намена во однос на основна класа на намена	Максимален дозволен % на збирот на единечната класа на намена во однос на основната класа на намена	Површина на градежна парцела (м²)	Максимална површ. за изградба во утврдениот простор (м²)	Вкупна изградена површина на сите катови (м²)	Максимална висина на хоризонтален венец на кров (м)	Катност	Процент на изграденост (%)	Коефициент на искористеност (к)	Процент на озеленетост	Паркирање

1	Г	Г3	Сервиси	Б1	30	49	8113,00	3812,76	15093,63	13,6	П+3	47,00	1,86	9,42	28 паркинг места
				Б2	30										
				Б4	10										
				Д2	30										
				Д3	30										
				Д4	30										
				Г2	49										
				Г4	49										

7.2. Билансни показатели

СПОРЕДБЕНИ БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ					
согласно ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАН БЛОК ПОМЕЃУ УЛИЦИТЕ "БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА" И "ЛАЗО ТРПОВСКИ" ЛОКАЛИТЕТ СА-СА, СКОПЈЕ	ГП бр. 1 предвидена со ДУП		согласно АРХИТЕКТОНСКО-УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ НА ГП 1 ОД ДУП ЗА УРБАН БЛОК ПОМЕЃУ УЛИЦИТЕ "БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА" И "ЛАЗО ТРПОВСКИ", ЛОКАЛИТЕТ СА-СА, СКОПЈЕ	ГП бр.1 остварени со АУП	
	Број на градежна парцела	**ГП 1**		Број на градежни парцели	**ГП 1**
	Група на класа на намена	**Г – Производство, дистрибуција и сервиси**		Група на класа на намена	**Г – Производство, дистрибуција и сервиси**
	Основна класа на намена	**Г3– Сервиси**		Основна класа на намена	**Г3– Сервиси**
	Компатибни класи нанамена со основната класа на намена	**Б1 - Мали комерцијални и деловни намени**		Компатибни класи на намена со основната класа на намена	**Б1 - Мали комерцијални и деловни намени**
		Б2 – Големи трговски единици			**Б2 – Големи трговски единици**
		Б4 – Деловни простори			**Б4 – Деловни простори**
		Д2 – Заштитно зеленило			**Д2 – Заштитно зеленило**
		Д3 – Спорт и рекреација			**Д3 – Спорт и рекреација**
		Д4 – меморијални простори			**Д4 – меморијални простори**
		Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија			**Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија**
		Г4 – Стоваришта			**Г4 – Стоваришта**
	Површина на градежна парцела	**8113м^2**		Површина на градежна парцела	**8113,00м^2**
	Дозволена површина за изградба на повеќе градби Во утврдениот простор за градење	**5670м^2**		Максимална површина за изградба на повеќе градби во утврдениот простор за градење	**3812,76м^2**
	Вкупно изградена површина на сите катови	**22680м^2**		Вкупно изградена површина на сите катови	**15093,63м^2**
	Катност на објектите	**П+3**		Катност на објектите	**П / П+3 (за Г3)**
					П (за Е2)
	Максимална височина на градбите	**13,6м**		Максимална височина на градбите	**- / 13,6м (за Г3)**
					/ (за Е2)
	Процент на изграденост	**70%**		Процент на изграденост	**47,00%**
	Дозволен процент на компатибни класи на Намена со основната Класа на намена	**49**		Дозволен процент на компатибни класи на намена со основната класа на намена	**49**
					0,02+0,07 за Е2
	Коефициент на искористеност во однос На градежната парцела	**2.8**		Коефициент на искористеност	**1.86**

4. СТУДИИ, ЕЛАБОРАТИ И РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ РЕЛЕВАНТНИ ЗА УРБАНИСТИЧКОТО ПЛАНИРАЊЕ И ЗА КОНКРЕТНИОТ ПЛАНСКИ ОПФАТ

За планскиот опфат на ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 01, Општина Бутел - Скопје од страна на надлежните органи и институции не се доставени студии, елаборати и работни материјали од области релевантни за урбанистичкото планирање.

5. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ КОИ МОЖАТ ДА ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

Геолошки карактеристики

Теренот на урбаното подрачје на Скопје е составен дел на структурната единица на скопската депресија. Современите тектонски процеси во регионот на скопската депресија можат да се генерализираат во следните 2 процеси:
- генерално издигнување на регионот на скопската депресија (во склоп на издигнување на поширокиот регион на централниот дел на Балканот)
- гравитационо поместување на северниот дел на депресијата кон Запад со извесно поместување и кон северо-запад (свлекување кон јадранскиот басен), а на јужниот дел на депресијата кон југ (свлекување кон егејскиот басен), иницирано и динамички усогласено со издигнувањето на регионот на централниот дел од Балканот.

Разделницата меѓу јадранскиот и егејскиот басен во скопската депресија поминува со маркантна зона на хоризонтално раседнување и започнува јужно од с.Арачиново, поминува низ централното подрачје на Скопје, продолжува кон с.Матка и некаде кај с.Блаце навлегува во полошката депресија. Со оваа раседна зона, скопската депресија е поделена на северен и јужен основен тектонски блок со евидентни разлики во тонењето и тектонската еволуција кои се амортизираат со постепено трупање на напрегањата на блоковите на депресијата, повремено ослободување на блоковите од напрегнатост со формирање на нови раседи и делење на постојните блокови, генерирање на придружни земјотреси на формирањето на нови раседи. Според тоа, земјотресите се поврзуваат со нови раседи. Постојните раседи можат да придонесат во зголемувањето на временскиот период на повторување на земјотресите и евентуално да ги загрозат постојните градежни градби со диференцирано поместување на нивната темелна основа.

Педолошки карактеристики

Во процесот на планско обликување на планскиот опфат со уредување на градското зеленило и на слободните површини, обработката на педолошките карактиристики до 10метри длабина е од особена важност. Одредувањето на педолошката основа на урбаното подрачје на град Скопје е со дефинирање на педолошки единици кои се тесно поврзани до геолошките процеси на нивниот постанок.

Во Урбаното подрачје на Скопје се застапени следните педолошки единици:
- алувиална почва (флувисол): финозрнен покривач од плавинско потекло на алувиалниот, алувиално-пролувиалниот и пролувиалниот нанос;
- ригосол - елуваилен покривач од глина, карбонанта прашина и песок на лапорците на северен средишен дел на пордачјето;
- Лувисол - површинска зона на плиоценските седименти
- колувилно - делувиална почва - во теренот со делуваилен покривач.

За планирање на градското зеленило од интерес се следните морфолошки параметри на почвениот профил: дебелина, длабина, погодност на матичниот супстрат за метаморфоза во сулум, структура на сулумот и ниво на подземна вода во почвениот профил.

Географска и геопрометна положба

Подрачјето на планскиот опфат се наоѓа во град Скопје и регион со извонредна географска положба која придонесла за функционална традиција на регионот како стратешки, административен и стопански локалитет. Постојат природни можности за добри сообраќајни врски со соседните простори од локално и меѓународно значање. Должината на реката Вардар е главна и средишна сообраќајна артерија - главна оска на развојот на сообраќајот.

Планскиот опфат преку изградената улична мрежа е во директна врска со системот на примарни улици, а преку нив со главните сообраќајници од мрежата на државните патишта.

Релјефни карактеристики

Скопската котлина се простира во северниот дел од Вардарската долина и зафаќа пространство од неколку морфографски-природни целини: на север е планината Скопска Црна Гора, на запад се планините Жеден и Сува Планина и Осој, на југ планините Водно и Јакупица, а во источниот дел се истакнуваат ридести предели.
Подрачјето на планскиот опфат се наоѓа на релативно рамен терен со надморска висина од околу 271 до 275 метри.

Сеизмолошки карактеристики

Подрачјето на планскиот опфат е во зона со сеизмичка активност од IX° по Меркалиева скала. Земјотресите се случајни појави со амплутудно-фреквентни карактеристики на движењето на тлото. За потребите на сеизмичката заштита се врши нивно определување по постапка базирана на веројатност и се составен дел на Сеизмолошката основа на урбаното подрачје на Скопје за ГУП на град Скопје.
Планирањето на просторот на урбаното подрачје на Скопје се препорачува да биде насочено кон начелото дека микрореонирањето е превентивна мерка во процесот на сеизмичка заштита на човечките животи и материјалните добра.
Просторната дистрибуција на максималното забрзување на слободна површина овозможува да се:
– планира просторот преку избор на соодветни локации за различните типови на градби во зависност од нивната важност при нормални услови и во вонредни услови;
– правилен избор на локациите на градбите во кои се одвиваат технолошки процеси и претставуваат еколошка опасност на урбаното подрачје на Скопје, на краток или на подолг врменски период;
– точно планирање на градбите од посебна важност во случај на катастрофален земјотрес и лоцирање на градбите што значат живот за урбаното подрачје на Скопје, како во поглед на сигурноста така и во поглед на пристапноста и комуникација во урбаното подрачје на Скопје и во регионот;
– препорака на мерки за намалување на максималното забрзување на слободна површина со избор на кота на темелење;
– препорака за намалување на максимално забрзување со отстранување на плиткиот депозит кој е висок амплификатор;
– планирање на густината на градба и населеност во подрачјата со висока вредност на максимално забрзување или во високо ризични подрачја на урбаното подрачје на Скопје.

Хидрометеоролошки, климатски и микроклиматски услови

Подрачјето е под влијание на два вида клима: изменета средоземна и умерено континентална; таа ги предизвикува студените континентални и влажни зимски периоди како и топлите континентални и суви медитерански летни периоди
Просечна годишна температура на воздухот изнесува +12,2°C. Минимална апсолутна годишна температура на воздухот изнесува -22,2°C, а максималната +40,0°C
Најчести ветрови се од северозапад и југоисток со средна брзина од 2,5 до 3,4 m/сек, а максималната е над 25 m/сек; најнеповолен е западниот ветар, во топлите периоди (летните месеци) има поволно струење во правец север-југ, кој се јавува во вечерните часови од правец на планината Водно кон р. Вардар
Од годишната ружа на зачестености и средните брзини нацртани според анемографски мерења од главната метеоролошка станица Скопје - Зајчев Рид, се забележува дека најзачестена насока е западната со 180‰, потоа Запад-југозападната (WSW) со 123‰ и на крајот од северозападната (NW) со 120‰.
Висината на просечните годишни количини на врнежи изнесува 516,1mm/m^2, просечниот годишен број на денови со врнежи изнесува 112, со магла 81 и со поледица

0,6. Просечната годишна релативна влажност на воздухот изнесува 70%. Просечниот годишен број на ведри денови е 70, а на облачни денови изнесува 107
Врз формирањето на микроклимата на градот Скопје има и загаденоста на воздухот, како и појавата на магла, кои значително влијаат врз формирањето на времето и климата. Скопската котлина е специфично подрачје со појава на магли и температурни инверзии како и зголемена загаденост на воздухот при такви состојби на времето. Најчест тип на магли кои настануваат во еднородна воздушна маса во Скопската котлина се радиационите, иако постојат услови за формирање и на другите типови на магли. Должината на траењето на маглите во Скопската котлина има различно траење по месеци во текот на годината. Најзачестени и најдолготрајни се маглите во декември, па потоа во јануари и ноември.

Хидрографски и хидролошки податоци

Подрачјето на скопскиот регион располага со извонредно добри хидрографско-хидролошки особености. Расположивото водно богатство се манифестира со подземни и површински, односно проточни води.
Длабочината на подземните води е во зависност од конфигурацијата на теренот и се движи од 2-18 м. Истата е во тесна врска со речниот водостој, односно го следи неговиот режим. Зависноста на подземните води од речниот водостој е поизразена околу речните корита, особено околу Вардар. Осцилацијата на подземните води се движи од 30 см. во западниот дел на полето до 171 см. во источниот дел на полето. Во центарот на градот е констатирана појава на подземни токови како посебна особеност на подземните води.
Во скопскиот регион како значајни хидрографски проблеми се јавуваат поплавите и пороите во Скопската котлина, а и самиот град Скопје често бил поплавуван. Позначајни причини за овие поплави се:
- Протокот на р. Вардар во низводниот дел е зголемен затоа што во узводниот дел се вливаат притоките Треска и Лепенец;
- Средната височина на сите три слива е голема, а истите примаат и големи количества на врнежи и води од топење на снежната покривка;
- Ниските брегови на коритото на р. Вардар, особено низводно од градскиот реон, овозможуваат лесно и брзо излевање на водата;
- Нецелосно изградените и предвидени регулациони градби за ублажување на поплавниот бран; и
- Големиот број на мостови на градскиот реон кои ја задржуваат водата и овозможуваат истата да се прелива надвор од коритото.
Пороите и ерозијата на земјата, како хидрографски проблеми, се последица на геолошко-морфолошките и климатските особености на Скопскиот регион, како и уништување на шумскиот покрив.

Природни ресурси

Урбаната средина на Градот Скопје не изобилува со карактеристични живеалишта и видови од биолошката разновидност, кои би имале карактеристики на ендемични, ретки или загрозени видови и би биле предмет на одреден степен на заштита. Урбаниот дел од Градот не поседува локалитети со природни карактеристики што би биле основа за иден развој како туристички локалитети.

6. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИТЕ ЧИНИТЕЛИ КОИ СЕ РЕЛЕВАНТНИ ЗА СОСТОЈБИТЕ ВО ПРОСТОРОТ И ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ

Локалитетот кој е предмет на разработка на овој детален урбанистички план претставува дел од изградената градска структура. Припаѓа на градежниот реон на град Скопје и се наоѓа на околу 5 км од централното градско подрачје (мал ринг).

Според просторната територијална поделба на градското градежно земјиште согласно ГУП на Град Скопје од 2012 год., подрачјето опфатено со овој детален урбанистички план претставува дел од градска четврт ССИ 12.

6.1. Инвентаризација на изграденият градежен фонд, на вкупната физичка супраструктура со одредена намена, состојба, структура, како и на градбите што се во фаза на градење

За целосно согледување на постојната состојба во границите на планскиот опфат направени се детални истражувања.

При увид на самото место инвентаризиран е секој поединечен објект со сите негови карактеристики како и начинот на користење на земјиштето.

Добиените податоци од извршените детални истражувања на просторот се прикажани табеларно како и на графички прилози.

Со анализата извршена е обработка и класификација на добиените податоци, при што се добиени согледувања од повеќе аспекти: изграденост, функционална искористеност на просторот, диспозиција на функции во локалитетот и друго.

Просторот е анализиран во еден дел чии граници се совпаѓаат со границите на планскиот опфат.

Од истражувањето на постојната состојба и увидот на терен, констатирано е дека планскиот опфат во најголем дел претставува изградено градежно земјиште или земјиштето е во фаза на изградба и реализација согласно претходен ДУП (95,5%). Само мал дел (4,5%) претставува неизградено земјиште.

Во однос на намената, доминантни се објектите за комерцијлани и деловни дејности (34,8% од површината на опфат) и индустриски објекти (сервиси и складишта) (30,6%).

Останатите намени кои се евидентирани во рамки на планскиот опфат се бензинска пумпна станица, зелени јавни површини, површини за паркирање и сообраќајна инфраструктура (улична мрежа).

Во графичкиот дел од Документационата основа на планот, начинот на употреба на објектите е обележан со следните класи на намени, односно поединачните намени на градбите:

- Б1 - мали единици за комерцијални и деловни дејности;
- Б2.2 - трговски центри;
- Г3.1 - сервиси за одржување на моторни возила;
- Г4.1 - отворени и затворени складишта за индустриска стока;
- Д2 - заштитно и сообраќајно зеленило
- Е1.8 - трафостаници;
- Е2.1 - технички преглед на автомобили;
- Е2.1 - бензинска пумпа.
- Н3 - неизградено земјиште

На ниво на плански опфат, процентот на изграденост изнесува 23,38%, додека коефициентот на искористеност (к) изнесува 0,42.

6.2. Инвентаризација на градбите и водовите од вкупната изградена комунална и друга инфраструктура

Сообраќај

До сите објекти во рамки на планскиот опфат се стигнува преку асфалтирани сообраќајници со претежно комплетно реализирани профили кои се состојат од коловози, тротоари, а на делови и линиско зеленило.

Границите на планскиот опфат се совпаѓаат со оски на планирана примарна и секундарна сообраќајна мрежа, сервисна улица на исток согласно УПЧ ССИ 12 и примарна улична мрежа планирана согласо ГУП на град Скопје. Во северниот дел од опфатот сообраќајницата која е дел од примарната улична мрежа на град Скопје (бул.„Босна и Херцеговина"), има целосно реализиран профил кој содржи велосипедски ленти, тротоари и појаси со линиско сообраќајно зеленило. Останатите се делумно ализирани.

Хидротехничка инфраструктура

За постојната хидротехничка инфраструктура, од надлежната институција ЈП „Водовод и канализација" - Скопје добиени се податоци за постојната мрежа:

• Водовод: изведена водоводна мрежа со профили од Ø80 и Ø100 во рамки на секундарната улична мрежа внатре во блокот; водоводни линиии Ø150 во коридор на ул.„Втора Македонска Бригада"; Ø100, Ø150 и Ø250 во коридор на ул.„Лазо Трповски"; Ø250 во коридор на бул.„Македонско-Косовска Бригада"; Ø250 во коридор на бул.„Босна и Херцеговина"; траса на железарски цевковод со Ø1600 во северниот дел од опфатот.
• Фекална канализација: изведена фекална канализациона мрежа со профили од Ø400 и Ø600 во коридор на бул.„Македонско-Косовска Бригада", Ø250 во коридор на ул.„Втора Македонска Бригада" и Ø300 во коридор на ул.„Лазо Трповски".
• Атмосферска канализација: изведени атмосферски канали со профили Ø700 и Ø400 во коридор на булевар „Босна и Херцеговина", Ø500 во коридор на бул.„Македонско-Косовска Бригада", Ø600 во коридор на ул.„Втора Македонска Бригада" и канал во коридор на ул.„Лазо Трповски".

Постојната хидротехничка инфраструктура е прикажана на графичкиот дел од Документационата основа.

Електроенергетска инфраструктура

Според податоците од ЕВН Македонија АД Скопје и АД МЕПСО, во рамки на планскиот опфат има постоечки електро-енергетски мрежи и објекти, односно
- 0,4kV подземна мрежа;
- 10(20)kV подземна мрежа;
- трафостаници

Исто така, во рамки на планскиот опфат постои и планирана електроенергетска мрежа, односно:
- 110kV далновод согласно ДУП.

Постојната елекотренергетска мрежа и објекти е прикажана на графичкиот дел од Документационата основа.

Електронска комуникациска инфраструктура и опрема

Според податоците добиени од АЕК, Македонски Телеком АД - Скопје и А1 Македонија во границата на планскиот опфат има постојни телекомуникациски инсталации кои ги опслужуваат сите активни корисници на просторот:

- оптички кабли;
- бакарни кабли;
- коаксијални кабли;
- кабелска канализација;
- надземни водови.

Трасите се презентирани на графичкиот дел од Документационата основа и соодветно означени во легенда.

Гасоводна мрежа и објекти

Според податоците добиени од АД ГАМА, во рамки на планскиот опфат на градска четврт ССИ 12, Блок 01 поминуваат траси на постоечки гасовод и гасоводни објекти:

- траса со профил Ø426мм во северниот дел;
- траса со профил Ø168 покрај западната граница во коридор на бул.„Македонско - Косовска Бригада";
- МРС „Порше" со траса за приклучок со профил Ø33мм во рамки на дворно место од градежна парцела;
- МРС „ИГМ Типо" и гасоводни шахти (шахта 1 и шахта 15) во крајниот северозападен дел.

Топлификациона мрежа и објекти

Според податоците од надлежните субјекти констатирано е дека во рамки на планскиот опфат постои дистрибутивна топловодна мрежа и објекти.

6.3. Инвентаризација на урбаното и другото зеленило во планскиот опфат

Во рамки на планскиот опфат најголем дел од површина е ангажирана со изграден градежен фонд и улична мрежа. Зеленилото е присутно како ниско заштитно, односно, сообраќајно зеленило покрај уличната мрежа и постечките паркинзи со вкупна површина од 5.864м^2. Површините се презентирани и соодветно означени во графичкиот дел од документационата основа.

6.4. Инвентаризација на постојни споменички целини, градби прогласени за културно наследство, културни предели и заштитени природни предели, природни блага, добра и други заштитени ентитети

Согласно податоците од Министерството за култура на РСМ - Управа за заштита на културното наследство, во рамките на планскиот опфат нема заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

7. АНАЛИЗА НА СТЕПЕНОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Предметниот локалитет бил дел од разработка на ниво на детален урбанистички план во размер 1:1000 со следните планови:

- ДУП Лесна индустрија и сервиси Скопје - Север (Одлука бр.08-1500/1 од 08.12.1987год.); и
- ДУП Урбан блок помеѓу улиците „Босна и Херцеговина" и „Лазо Трповски", локалитет СА-СА, измена и дополна (Одлука бр.07-1800/7 од 27.12.2012год.).

Во однос на градежниот фонд, согласно податоците од инвентаризацијата, подрачјето на планскиот опфат има висок степен на изграденост. Објектите во западната половина не соодветствуваат со условите за градба согласно претходна важечка планска документација, за разлика од источната половина кадешто објектите се реализирани согласно важечки плански документи и не отстапуваат од планските одредби.

Во однос на патната инфраструктура, односно, уличната мрежа за поврзување на локалитетот и опслужување и пристапување до градежните парцели, може да се констатира висок степен на реализација. Секундарната улична мрежа во внатрешноста на блокот и поврзувањето преку сервисни улици со примарната мрежа претставува комплетна улична мрежа со реализирани профили - коловози, тротоари и линиско сообраќајно зеленило на одредени делници. Трасите на примарната улична мрежа кои го тангираат планскиот опфат се делумно реализирани, со исклучок на бул.„Босна и Херцеговина" на север која е целосно реализирана.

Изградбата на новите објекти и намени согласно важечкиот ДУП подразбира и изградба на нова комунална инфраструктура, нови траси за водовод, атмосферска и фекална канализација, електроенергетска мрежа и објекти, електронска комуникациска мрежа, како и оптимизирање на постоечка мрежа.

8. ОЦЕНКА НА МОЖНОСТИТЕ И ОГРАНИЧУВАЊАТА НА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ СО ПРОГРАМСКИ ПРОЕКЦИИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД АНАЛИЗАТА НА СОСТОЈБИТЕ НА ПРОСТОРОТ

Според заклучоците од анализата на постојната состојба, Планската програма и поставките и насоките дадени со ГУП на Град Скопје од 2012 год. и УПЧ ССИ 12, Скопје, можностите за просторен развој треба да се движат во следните насоки:

• Потребно е усогласување на намената на земјиштето и градбите со поставките и насоките од плановите од повисоко ниво: ГУП на Град Скопје од 2012 год. и УПЧ ССИ 12 и одобрената Планска програма за изработка на ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 01, Општина Бутел - Скопје, со плански можности за развој на постојните и изградба на нови градби;
• Поставување на сообраќајна инфраструктура – секундарна улична мрежа, решавање на пристапи до градежните парцели и објектите, како и на сообраќајот во мирување (паркирање и гаражирање);
• Дефинирање на заштитни коридори на инфраструктурните водови;
• Рационално искористување на градежното земјиште;
• Дефинирање на градежни парцели со површина за градење, процент на изграденост и коефициент на искористеност на просторот од аспект на намената, просторните можности на теренот и планскиот концепт;
• Оптимално димензионирање и доизградба на водоводна инфраструктра;
• Оптимално димензионирање и доизградба на канализациона фекална инфраструктура и на атмосферска канализациона инфраструктура;
• Оптимално димензионирање и доизградба на електро-енергетската инфраструктура;
• Оптимално димензионирање и доизградба на електронска комуникациска инфра-структура;
• Рационално користење на земјиштето и градбите со имплементација на услови за заштита и спасување и заштита на животната средина.

Деталниот урбанистички план со доследна примена на актуелната законска и подзаконска регулатива, треба да предложи развој што ќе овозможи подобар степен на искористеност на градежното земјиште и подобра комунална инфраструктуа, како и непречена реализација на планските одредби.

9. ДРУГИ ПОДАТОЦИ РЕЛЕВАНТНИ ЗА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И НЕГОВОТО ПОШИРОКО ОПКРУЖУВАЊЕ

Согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25), пристигнати се информации и податоци од релевантни државни и јавни институции и стручни служби на јавни претпријатија, кои се приложени како дел од оваа точка.

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ СОГЛАСНО ЧЛЕН 47 ОД ЗПУП

ГРАД СКОПЈЕ
СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНИ РАБОТИ

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-1110/4

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk

тел: 02/ 3 297 241

ДО: ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ
ул. Св.Кирил и Методиј бр.38-2/7
Скопје

Наш број: 14-1319/3
15.06.2022 год
Скопје

Ваш број:0302-04/06
04.05.2022 год
Скопје

Предмет :Одговор на барање

Почитувани,

Во врска со приложениот **ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 12, БЛОК 01, општина БУТЕЛ** - Скопје и Барањето за наше произнесување за називите на новопланираните сообраќајници во планскиот опфат, согласно Единствениот список на улици при Централен Регистар на РМакедонија Ве известуваме:

- **ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 12, БЛОК 01**

Ред. бр	Име на улица по ДУП	Ново име на улица	Технички број
1	Сервисна улица ул.„1"	Дел од ул.Втора македонска бригада	1467
2	Индустриска улица ул. „2"	Дел од ул Лазар Трповски	1466
3	Индустриска улица ул. „3"	Дел од ул.Лазар Трповски	1466
4	Индустриска улица ул. „4"	Дел од ул.Втора македонска бригада	1467
5	Пристапна улица ул. „5"	Дел од ул.Втора македонска бригада	1467

Со почит,

Раководител на Одделение
Селвија Еркечова

Раководител на Сектор
Зоран Лапевски

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

СЕКТОР ЗА ПРИРОДА - SEKTORI I NATYRËS

Арх. Бр./Nr.Arh. 11-3794/4

Дата/Data: 11 -08- 2021 год./viti

11-08-2021

До/Deri te : ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ
Св. Кирил и Методиј 36-2/7
1000 Скопје

ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ
Бр. 0504-104/21
10.08.2021 год
БИТОЛА

Предмет/Lenda: Известување
Врска/Lidhja: 0302-55/07 од 22.07.2021 година

Почитувани,
Të nderuar,

Согласно вашето барање со акт број 11-3794/1 од 23.07.2021 година, за постапување по член 32 од Законот за прсторно и урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр. 51/05, 137/07, 24/08, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 60/1, 144/12, 55/13, 70/13, 163/13, 42/14, 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) за доставување на податоци и информации за плански опфат поради потребата од изработка на ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 01, општина Бутел - Скопје, Управата за животна средина во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање од областа на заштита на природата, ве известува за следното:

Врз основа на приложената документација од ваша страна – Ажурирана геодетска подлога со граници на плански опфат и мислењето од страна на Службата за просторен информативен систем (допис бр. 16-3794/3 од 30.07.2021), извршена е идентификација на просторот при што е констатирано дека предметниот плански опфат е надвор од границите на заштитените подрачја во РСМ утврдени со закон.

Со почит,
Me respekt

Управа за животна средина/ Drejtoria për mjedis jetësor
в.д. Директор/u.d. Drejtor
Hisen Xhemaili

Изработил/Përpiloi: Роска Н. Вукојевиќ
Контролирал/Kontrolloi: Сашхо Јорданов
Одобрил/Aprovoi: Влатко Трпески

Министерство за животна средина и просторно планирање Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIJA PËR MJEDIS JETËSOR

СЕКТОР ЗА ВОДИ - DEPARTAMENTI I UJËRAVE

Арх.бр/Nr.Arh. 11-3799 /4
Дата/Data. 09.09.2021

ДО /DERI TE: Иванов Инженеринг
Св.Кирил и Методиј (М.Х.Јасмин) 36-2/7, 1000 Скопје

ПРЕДМЕТ / LËNDA: Известување

0504-1252/1
10.09.2021 год
ВНТОАА

Почитувани,
Të nderuar,

Во врска со Вашето барање бр. 0302-51/07 од 23.07.2021 година за издавање на податоци и информации за ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 01, Општина Бутел-Скопје. Управата за животна средина – Сектор води при Министерството за животна средина и просторно планирање, Ве известува следното:

Од увидот во доставената техничка документација (дадена во електронска форма), и прибавените податоци и информации од Служба за просторен и информативен систем, при Министерството за животна средина и просторно планирање , а притоа не опфаќа ниеден постојан или непостојан воден тек и не е внатре во заштитните зони на бунарите Нерези – Лепенец. Планскиот опфат не е во рамки на предвидените акумулации согласно Водостопанската основа од Просторниот План на Република Македонија 2002-2020, и е утврдено дека предметниот плански опфат е надвор од границите на заштитните подрачја.

Министерството за животна средина и просторно планирање не може да се произнесе по однос на местоположбата на постоечките или планирани водоводни

Министерство за животна средина и просторно планирање Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

и канализациони инсталации на планираниот опфат, затоа што не располага со таков вид на податоци и не управува со истите.

Според одредбите од Законот за регистрација на подземни и надземните инфраструктурни објекти и придружни инсталации (Сл.Весник на Република Македонија бр.6/12) општините, општините во градот Скопје и градот Скопје се одговорни да водат евиденција и да воспостават Регистар на подземни и надземни инфраструктурни објекти и придружни инсталации секоја за своето подрачје. По однос на постојните водостопански објекти во склоп на системите за наводнување и системите за одводнување, надлежен правен субјект кој управува со истите е АД Водостопанство на Р.С.Македонија.

Со почит,
Me respekt,

Управа за животна средина/Drejtoria për mjedis jetësor

в.д.Директор/u.d.Drejtor

Hisen Xhemaili

Изработил/Përpiloi: Mimoza Veapi
Контролирал/Kontrolloi: Снежана Мартулкова
Согласен/Miratoi: Ylber Mirta

Министерство за животна средина и просторно планирање Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

АД Водостопанство на РСМ-Скопје

ул. 3ти Македонска бригада бр.10а Скопје тел. 02/3161-168;02/ 3223-772
vsm.rm @hotmail.com jpvodostopanstvo@yahoo.com /advodostopanstvo_rm@hotmail.com

Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост
Бр. 11-1857/4
19.08 2021 год.
СКОПЈЕ

До: Иванов Инженеринг
Ул. Св Кирил и Методиј (М.Х. Јасмин) 36-2/7
1000 Скопје

Предмет: Известување
Врска: Ваш бр. 0302-59/07 од 22.07.2021, наш бр. 1857 од 23.07.2021

ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ
1 бр. 0504-117/21
25.08 2021 год

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани,

Во врска со вашето барање Ваш бр. 0302-59/07 наш бр. 1857 за издавање на податоци и информации за постоечки и планирани објекти и инфраструктура со кои стопанисува АД Водостопанство на РСМ – Скопје, а имаат влијание на постапката за изработка на ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 01 Општина Бутел - Скопје,

Ве известуваме:

АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост – Скопје во границите на планскиот опфат за изработка ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 01 Општина Бутел - Скопје,
нема свои објекти и инфраструктура.

Со почит,

Изготвил: Марјан Дојчиновски
Контролирал: Слободан Дојчинов
Одобрил: Коста Малзариков

АД Водостопанство на РСМ – Скопје
Главен извршен директор
Васко Стефанов

Република Северна Македонија

Министерство за култура

УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

ДО

„ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ"

ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 36-2/7

1000 СКОПЈЕ

Бр. 17-1613/2
28.07.2021 година
Скопје

Предмет: Доставување податоци
Врска: Ваше писмо бр. 0302-66/07 од 22.07.2021 год.

Во врска со вашето барање за добивање податоци за културно наследство за изработка на Детален Урбанистички план за Градска четврт ССИ 12, Блок 01, Општина Бутел, Скопје, Управата за заштита на културното наследство ја разгледа доставената и постојната документација и во согласност со Генералниот урбанистички план на град Скопје во кој се вградени Заштитно-конзерваторските основи (бр.07-80/41 од 31.08.2012 год.) изработени од НУ Конзерваторски центар - Скопје, а одобрени од Управата со Решение (УП бр.17-753 од 13.09.2012 год.) констатира дека во границите на планскиот опфат не постои заштитено добро ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку при реализацијата на планот се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр.20/04, бр.115/07, бр.18/11, бр.148/11, бр.23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

Со почит,

Директор,

Лиљо Коспшов

Изработил: М. Матеска

Одобрил: м-р. Б. Јовановска

Управа за заштита на културното наследство
Directorate for protection of cultural heritage

ул. „Павел Шатев" бр. 3, Скопје; П.Фах 220
contact@uzkn.gov.mk
+389 2 5517 700
www.uzkn.gov.mk

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија - Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut - Shkup

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија-Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut-Shkup
Бр. 2001-4594/2
03-08-2021 год.
Скопје-Shkup

До

ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ Скопје

Св. Кирил и Методиј (М.Х.Јасмин) 36-2/7, 1000 Скопје

ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО ТРГОВИЈА
МИСАЏИСАЛИХОВАЛОС ДООЕЛ
ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ
1 БР. 0504-100/21
06.08.2021 год.
СКОПЈЕ

Предмет: Одговор на барање

Во врска со вашето барање со бр. 0302-66/07 од 22.07.2021 година и број на постапка 37225 од е-урбанизам, со кое барате податоци и информации, а кои Ви се потребни за изработка на ДУП **за градска четврт ССИ 12, Блок 01, Општина Бутел - Скопје**, Ве известуваме за следното:

По разгледување на Вашето барање и доставената Ажурирана геодетска подлога, констатиравме дека проектниот опфат се наоѓа надвор од заштитниот појас на железничката пруга, на предметната локација нема планирани и постојни инсталации и објекти кои се во сопственост на ЈП ЖРСМ Инфраструктура-Скопје.

Со почит,

Помошник Директор за пруги
Владимир Трајковски

Изработил: Ленче Груевска, д.и.г.

Согласен: Михајло Тилиќ, д.г.и.

Бр/Nr. 10-7655/2

Скопје/Shkup 04 -08- 2021 година/viti

ДО Иванов Инженеринг
ул.Борис Кидрич бр. 12/16
7000 Битола

Предмет:Податоци и информаци

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање број 0302-66/07 од 22.07.2021 год. за добивање податоци и информации за постојни и планирани инфраструктурни водови и градби потребни за изработка на Детален урбанистички план за градска четврт ССИ 12, Блок 01, општина Бутел-Скопје, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, го разгледа пристигнатиот прилог, заверен со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-7655/1 од 26.07.2021 година:

- Ажурирана геодетска подлога.

Од доставениот и разгледан прилог констатирано е дека предметниот плански опфат не граничи со државен пат кој е во надлежност на Јавното претпријатие за државни патишта.

Со почит,

Директор
Lirim Rustemi

Изработил: Д.Гашпарова
Контролирал: З.Велков
Одобрил: д-т E.Latifi

бр. 12-8/350

Скопје, 23.07.2021 година

До: **ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ Битола**

Предмет: Доставување на податоци и информации

Врска: Ваш бр. 0302-66/07 од 22.07.2021 година
(e-urbanizam, постапка бр. 37225)

Почитувани,

Врз основа на вашето барање, а согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање, ве известуваме дека стручните служби во Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа приложената документација/**за изработка на**

ДУП за ГЧ ССИ 12, Блок 01, Општина Гази Баба - Скопје

при што утврдија дека планскиот опфат се наоѓа **вон зона** на било кој аеродром, леталиште или воздухопловен уред, односно во планскиот опфат нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилно воздухопловство и истиот **може да се планира без посебни ограничувања** од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Наломенуваме дека доколку во планскиот опфат се планира изградба на:

- издвоени антенски столбови со височина поголема од 15м, или
- објаци со височина поголема од 30м, или
- ветерници, или
- други објекти со височина поголема од 100м,

потребно е со планот да се задолжи инвеститорот до Агенцијата за цивилно воздухопловство да достави соодветна проектна документација (Архитектонско урбанистички проект или Основен проект) со барање за издавање на согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно *член 68 став (2) од Законот за воздухопловство.*

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

DUSHAN POPCHEVALIEV Digitally signed by DUSHAN POPCHEVALIEV
Date: 2021.07.23 11:51:35 +02'00'

Душан Попчевалиев
(по овластување од Директорот бр.02-46/1 од 13.01.2021 година)

ул. „Даме Груев" број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 2 3114 – 046 ф.: + 389 2 3115 - 708 ЕМБС: 6648649
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMIT
Број numer 1302 - 2826/2
Дата data 26 -07- 2021
СКОПЈЕ - SHKUP

До: „ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ "дооел
Битола
ул.„Борис Кидрич" 12/16, 7000 Битола
Предмет:наш бр.1302-2826/1 од
23.07.2021год.

ПРЕДМЕТ: Достава на податоци и информации

Почитувани,

Во врска со Вашето барање со бр. 0302-66/07 од 22.07.2021 креирано на страната на е-урбанизам на 22.07.2021 год. и заведено под бр.1302-2826/1 од 23.07.2021 год. со кое не известувате дека за потребите на изработка

ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 01, општина Бутел – Скопје

ни доставувате ажурирана геодетска подлога со граница на плански опфат и барате достава на податоци и информации со кои располагаме а кои се однесуваат на постоечка и/или планирана инфраструктурна мрежа,

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме предметниот локалитет, за кој ќе изработувате Детален урбанистички план и согласно член 32 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) **преку страната на системот е-урбанистички планови во делот за ПИМ – Податоци, информации и мислења, Ви ги доставуваме бараните податоци**

-ситуација во М 1: 1 000 во pdf формат со прикажани - наши постоечки инсталации – водоводна мрежа, фекална и атмосферска канализација,како и предвидена хидротехничка инфраструктура по ГУП .

Од нив јасно се гледа дека постоечкиот главен довод Ø1600мм. минува низ предметниот локалит. За истиот овој колектор треба да се запазат потребните заштитни растојанија кои се однесуваат на Заштитата на транспортните цевководи Рашче 1 и Рашче 2 од каптажа Рашче до границите на градски градежен реон е исто така дефинирана со "Одлука за воспоставување на потесни заштитни зони како и заштита на транспортните цевководи 2 х 1600 мм" (Службен весник на Град Скопје бр.16 од 23 ноември 1988 год.), со ширина на заштитна зона на цевководите што изнесува 23 м' од изворот Рашче до Аквадуктот на река Вардар, а од Аквадуктот до границата на градско градежно подрачје со ширина од 18 м' со мерки за заштита во заштитната зона.

Што се однесува до прикажување на **предвидена хидротехничка инфраструктура** на предметниот локалитет ЈП „Водовод и канализација" Ве упатува на користење на решенијата за хидротехничка инфраструктура кои се наоѓаат во состав на важечки Детални Урбанистички Планови и изработени Основни Проекти (ако такви постојат) за водовод, фекална и атмосферска канализација за предметниот локалитет кои треба да ги добиете од О.Бутел и секако решенијата од ГУП на Град Скопје.

Имено Вие како планерска куќа која изработува урбанистички план кој во својот состав треба да има и решенија за хидротехничка инфраструктура, **треба да ги изработите тие решенија за предвидена хидротехничка инфраструктура** врз основа на

- податоците за постоечка водоводна и канализациона мрежа,
- согласно сообраќајното решение и што е најважно нивелационото решение на постоечките и предвидените улици, (затоа што хидротехничката инфраструктура се движи по јавни површини односно улици).

- соодветни хидраулички пресметки како за количините за водоснабдување така и за количините на отпадна вода кои ќе бидат основа за димензионирање на уличната мрежа.
- концепцијата за начинот на водоснабдувањето и начинот на одведувањето на отпадните фекални и атмосферски води од локалитетот од/кон останатат постоечка или предвидена инфраструктура или објекти и рецепиенти .

Вашите решенија за предвидената улична хидротехничка инфраструктура во комбинација со веќе постоечката хидротехничка инфраструктура (водоводна и канализациона мрежа) треба да добијат позитивно мислење од наша страна (во процесот на постапката што ќе ја води О. Бутел и треба да бидат основа за издавање на Хидротехнички услови за секој објект, што се наоѓа во состав на предметниот локалитет.

НАПОМЕНА:

Ве известуваме дека не е дозволено поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и др. инсталации над и непосредно до уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци освен при нивно вкрстување.

- При паралелно поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и др. инсталации со уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци, минималното растојание со нив е регулирано со „услови за полагање на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и др. инсталации" на соодветните Комунални организации но не помалку од 0.60м. односно 1.00 м. Од крајната ивица на водоводот, фекалната и атмосферска канализација. Вертикално растојание помеѓу нив треба да изнесува мин. 0.50 м.
- Минимално растојание при лоцирање на градежен објект до магистрален канал да изнесува 4.0 м., растојание од градежен објект до магистрален водовод помал од Ø 500 мм. а предвиден со ГУП на град Скопје- водоводен и

канализационен систем да изнесува 5.0 м и растојание од градежен објект до магистрален водовод над Ø 500 мм. да изнесува 6.0 м.

Со почит,

ЈП „Водовод и канализација" - Скопје
Сектор за технички работи и развој
Раководител

дипл.град.инж. Ениса Рецепагиќ

Доставено до:
- Архива на Сектор за технички работи и развој
- Архива

Изготвил:

дипл.инж.арх. Маја Икономова

дипл.град.инж.Нина Шалева

Проверил:

М-р Хариклија Порчу, дипл.геод.инж.

Одобрил:

дипл.град.инж. Светлана Мутавџиќ

Бр. 1302-2826/1
23.07.2021 год.

ЛЕГЕНДА: 1:1,000

- Постоечка водоводна мрежа
- Постоечка атм. кан. мрежа
- Постоечка фек. кан. мрежа
- Предвидена водоводна мрежа по ГУП
- Предвидена фек. кан. мрежа по ГУП

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
10-55/3-202 од 09.08.2021
Скопје

Одговорно лице: Мартин Јанковски
Контакт телефон: 072 933 420

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 0302-66/07 од 22.07.2021 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 01, општина Бутел - Скопје, Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

Во дадениот опфат/локација имаме:

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☒ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☒ 10(20)kV Подземна мрежа
☐ 10(20)kV Надземна мрежа

☒ 0.4kV Подземна мрежа
☐ 0.4kV Надземна мрежа

☒ Друго Во опфатот поминува траса на 110 кВ планиран вод по ГУП

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.


Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Martin Jankovski

Digitally signed by Martin Jankovski
DN: c=MK, 2.5.4.97=VATMK-7149239, o=ELEKTRODISTRIBUCIJA DOOEL Skopje, ou=ELEKTRODISTRIBUCIJA DOOEL Skopje:7149239, givenName=Martin, sn=Jankovski, serialNumber=CRT3602291, cn=Martin Jankovski
Date: 2021.08.09 14:05:26 +02'00'



Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
+ 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

До

Иванов Инженеринг
седиште:Борис Кидрич 12/16,7000 Битола
претставништво:Св.Кирил и Методиј (М.Х.Јасмин) 36-2/7
1000, Скопје

Бр.11-4481/1

05.08.2021

Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти

Врз основа на Вашето барање бр. 0302-66/07 од 22.07.2021 година, (наш број 11-4481 од 04.08.2021 година) за податоци и информации потребни за изработка на **ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 01, Општина Бутел - Скопје**, Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ Објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Ангела Георгиевска

Проверил: Весна Чингоска

Makedonski Telekom CA, ELI POPOVSKA

Digitally signed by Makedonski Telekom CA, ELI POPOVSKA
Date: 2021.08.06 08:47:13 +02'00'

по овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
Раководител на Служба за ГИС и геодетски работи

Наш број: 1404-2147/2
Скопје: 04.08.2021 г.

ДО:
Иванов Инженеринг
ул. Св.Кирил и Методиј (М.Х.Јасмин) 36-2/7
1000 Скопје

Предмет: Достава на податоци за ТК инфраструктура
Врска: Ваше барање бр. 0302-66/07 од 22. 07. 2021г. преку е-урбанизам

Почитувани,

Во врска Вашето барање за доставување на податоци за изградени електронски комуникациски мрежи потребни за изработка на ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 01, Општина Бутел – Скопје, према доставената ситуација, во прилог ви доставуваме податоци со кои во моментов располага Агенцијата за електронски комуникации.


Прилог:
Податоци на изградени јавни
електронски комуникациски мрежи -во електронска форма

Со почит,
Сектор за телекомуникации

Изработил: С. Јовевска 23.07.2021
Раководител на сектор
Д-р Борис Арсов
Советник на Директорот
Игор Бојаџиев

ДИРЕКТОР:
Jeton Akiku

АЕК-401.03



СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА

Македонски Телеком АД - Скопје
Кеј 13 Ноември бр.6, 1000 Скопје

Бр: 37225
Дата: 23.07.2021

До
Друштво за производство, трговија и услуги
ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ Битола
Бул. Свети Кирил и Методиј бр. 36-2/7, 1000 Скопје

Ваше упатување	Барање на податоци и информации
Наше контакт лице	Перо Ѓорѓески, Елизабета Манева
Телефон	+389 70 200 736; +389 70 200 571
Во врска со	Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци за изработка на ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 01, општина Бутел - Скопје, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат има постојна МКТ инфраструктура аплицирана на графичкиот прилог.

Планерот на ДУП-от треба да предвиди коридори за кабелска комуникациска инфраструктура за поврзување на новопланираните објекти во опфат на ДУП-от од страна на пристапните улици (во тротоарите и/или друга јавна површина) во согласност со Правилникот за начин на изградба на јавни електронски комуникациски мрежи и придружни средства (сл.в. 106/2014, 170/2016). Вкрстувањето на различните правци на планираната инфраструктура да се прави во тротоар.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.


Со почит,

Македонски Телеком АД Скопје

По овластување на

Директор на сектор за пристапни мрежи

Васко Најков



До: ОПШТИНА БУТЕЛ

Скопје, _____

Предмет: Податоци и информации од општини/институции

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за доставување на податоци и информации од општини/институции поднесено преку системот Е-Урбанизам со број на постапка 37225 креирано на 22.07.2021 година и наслов 'ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 01, општина Бутел - Скопје' доставено до А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Ве известуваме дека за предметното подрачје за опфатот кој е доставен **имаме** постојни надземни и подземни инсталации.

Во прилог Ви ги доставуваме постојните подземни инсталации во електронска форма во PDF и DWG векторски формат.

Прилог CD:

- 1 (еден) примерок од постојните надземни/подземни инсталации на А1 Македонија во електронска форма во PDF
- 1 (еден) примерок од постојните надземни/подземни инсталации на А1 Македонија во електронска форма во DWG векторски формат

Лице за контакт:
Влатко Димовски тел. 077/772-582
Андреа Јовановски тел. 077/772-370

Срдечен поздрав,

За А1 Македонија ДООЕЛ Скопје
Никола Здравковски
Менаџер за инфраструктура, документација и регулаторно усклaдување

_____



ЛЕГЕНДА:

- Coaxial_Cables_Aerial
- Coaxial_Cables_Duct
- Coaxial_Cables_SDuct
- Optical_Cable_Aerial
- Optical_Cable_Duct
- Overhead_Lines
- Pipes
- Trenches
- Opfat entities

P = 1:2500

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности
НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост

Ул. Климент Охридски бр 58 А, Скопје
тел. 07 8080 137
Факс 02 6040 437
www.mb-ner.mk
ЕМБС 6666670

До:
ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ Битола

Бр. 03-7461/2
19.08.2021 година
Скопје

Предмет: Одговор на барање

Врска: Барање на податоци и информации, со ваш бр. 0302-66/07 од 22.07.2021 година.

Согласно вашето Барање на податоци и информации, за ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 01, Општина Бутел - Скопје, со ваш бр. 0302-66/07 од 22.07.2021 година,

НЕР АД Скопје, Ве известува дека на наведениот плански опфат, нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа.

НЕР АД Скопје дава позитивно мислење.

Со почит,

Изработил:
Александар Апостолоски
759

Olivera Kostancheva

Digitally signed by Olivera Kostancheva
Date: 2021.08.18 16:04:10 +02'00'

НЕР АД Скопје
По овластување на директорот,
Раководител на Сектор
за изградба на гасоводен систем
Оливера Костанчева

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
ГА-МА
бр. 0302-1092/2
11.08.2021 год
СКОПЈЕ

"ИВАНОВ" Инженеринг

Предмет: Податоци и информации
Врска: Ваш допис бр. 0302-51/03 од 26.03.2021 год

По извршениот преглед на Вашата ситуација за изработка на Детален урбанистички план за градска четврт ССИ 12, Блок 01, Општина Бутел, Скопје, утврдивме дека на предвидениот плански опфат има изведени гасоводи Ф 426мм, Ф 168мм и Ф 33мм, како Мерно регулациони станици за ИГМ Тино и Порше.


При изработка на Детален урбанистички план за градска четврт ССИ 12, Блок 01, Општина Бутел, Скопје потрбно е да ги земете во предвид изведените гасоводи и мерно регулационите станици и да се придржувате кон "Правилникот за изградба, одржување и безбедно функционирање на гасоводни системи од челични цевки за работен притисок до 13 бари" (Сл. Весник на РМ бр.100/09).

Прилог: Ситуација со вцртана траса на изведени гасоводи и Мерно регулациони станици

Скопје, 09.09.2021 год.

ГА-МА АД Скопје
Одделение за Е-Одобрение за градба и Е-Урбанизам
Раководител
Галабинка Христовска

ГА-МА АД – Скопје
Одделение за геодетски работи и согласности
Раководтел
Сашко Петрески


Гасовод Ф159мм
Гасовод Ф426мм
Гасовод Ф426мм
Гасовод Ф168мм
Гасовод Ф133мм
шахта 15
шахта 1
МРС "ИГМ Тимо"
МРС "Порис"

До
Иванов Инженеринг
Св. Кирил и Методиј (М. Х. Јасмин) 36-2/7
1000 Скопје

Оддел за надзор, прием, проектирање и развој на дистрибутивни постројки и мрежа

ул. Лондонска бр. 8, 1000 Скопје, п. фах. 15
Телефон: +389 2 5514-027
Факс: +389 2 5514-040

ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА
БАЛКАН ЕНЕРЦИИ ДООЕЛ
Бр. 03-2111
23.07. во 21 год.
СКОПЈЕ

Почитувани,

Во врска со Вашето барање број 0302-66/07 од 22.07.2021 (наш број 08-2102 од 22.07.2021), Дистрибуција на топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ - Скопје, ја издава следната:

П О Т В Р Д А

Согласно приложеното барање **за достава на податоци и информации за ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 01, Општина Бутел - Скопје - според ситуацијата во прилог** - и со преглед на нашата документација констатираме дека:

НЕ ПОСТОИ ДИСТРИБУТИВНА МРЕЖА
со која управува Дистрибуција на топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ.

Важноста на потврдата изнесува **1 година** сметано од денот на издавањето.

Изработил:
Референт за издавање потврди

Весна Џуровска

Одобрил:
Раководител на оддел за надзор, прием, проектирање и развој на дистрибутивни постројки и мрежа

Димитар Чичов, *дипл. маш. инж.*

ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЦИИ ДООЕЛ СКОПЈЕ

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

МИСЛЕЊА СОГЛАСНО ЧЛЕН 47 ОД ЗПУП

ГРАД СКОПЈЕ

Комисија за урбанизам на Град Скопје

ГРАД СКОПЈЕ - ОУТЕТ I SHKUPIT
Бр./Nr. 13-8804/2
14.08 2024
СКОПЈЕ-SHKUP

Комисијата за урбанизам на Град Скопје согласно член 10 точка 1 алинеа 3 од Законот за градот Скопје („Службен весник на РМ“ бр. 55/04 и 158/11) и член27 став 2 ,член 47 став 6 и член 50 став 9 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр. 32/20 и 111/23), постапувајќи по барањето од ИВАНОВ инжинеринг ДООЕЛ-Битола со број 0302-17/07 од 24.07.2024година, ја разгледа *Работната верзија на* **Деталниот урбанистички план за градска четврт ССИ 12, блок 01, Општина Бутел – Скопје**, за плански период 2021-2026 и го дава следното:

М И С Л Е Њ Е

По разгледување на доставената *Работна верзија на***Деталниот урбанистички план за градска четврт ССИ 12, блок 01, Општина Бутел – Скопје**, за плански период 2021-2026, со површина од 10.61ха, изработен од Друштво за производство трговија и услуги ИВАНОВ инжинеринг ДООЕЛ-Битола, со технички број 0801-01-09/21, од 07.2024, констатирано е дека е изработена во согласност со одредбите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 („Службен Гласник на Град Скопје“ бр. 18/12) и се почитувани одредбите за примарната сообраќајна мрежа на Генералниот урбанистички планна Град Скопје (2012-2022), („Службен Гласник на Град Скопје“ бр. 18/12),поради што Комисијата за урбанизам на Град Скопје дава **позитивно мислење**.

Комисија во состав:

Ивана Бајкова Шаља, диа	Претседател,	
Богдан Настески, диа	Зам.Претседател,	Bogdan Nasteski German Digitally signed by Bogdan Nasteski German Date: 2024.09.16 15:18:10 +02'00'
Иво Ѓорѓиев, диа	Член,	
Лидија Андреевска, диа	Член,	LIDIJA ANDREEVSKA Digitally signed by LIDIJA ANDREEVSKA DN: c=MK, serialNumber=233340, sn=ANDREEVSKA, givenName=LIDIJA, cn=LIDIJA ANDREEVSKA Date: 2024.09.16 14:07:00 +02'00'
Петар Туфа, диа	Член,	Petar Tufa Digitally signed by Petar Tufa DN: c=MK, ou=Makedonski Telekom CA Natural Persons, sn=Tufa, givenName=Petar, cn=Petar Tufa, serialNumber=CRT3694409 Date: 2024.09.16 13:58:53 +02'00'
Искра Ефремова, диа	Зам. Член,	
Александар Пупков, д.с.и.	Член,	ALEKSANDAR PUPKOV Digitally signed by ALEKSANDAR PUPKOV Date: 2024.09.16 15:12:43 +02'00'

Република Северна Македонија
Агенција за катастар на недвижности

ДО: "ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ" ДООЕЛ
Ул. „Борис Кидрич" 12/16 Битола

Бр. _____
Дата: _____ ,Скопје

Република Северна Македонија
Агенција за катастар на недвижности
Трифун Хаџи Јанев бр.10
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3204 800
Факс: (02) 3171 668
E-пошта: info@katastar.gov.mk
Сајт: www.katastar.gov.mk

0939-12817/2
17.9.2021

ПРЕДМЕТ: Мислење од утврдена состојба

Врска:Број на постапка во Е-Урбанизам за ДУП: 37225
Ваш бр. 0302-43/09 од 09.09.2021 год.
Наш бр. 0939-12817/1 од 10.09.2021 год.

Почитувани,

До Агенцијата за катастар на недвижности, инициравте постапка за мислење за утврдена состојба за Работна верзија на план, Детален урбанистички план за Гратска Четврт ССИ 12, Блок 01, Општина Бутел, Скопје, изработен од "*ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ*" – ДООЕЛ од Битола, со тех.бр. 0801-01-09/21 од 09/2021 година, со податоците од катастарскиот план, врз основа на член 47 став 8 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/2020).

Агенцијата за катастар на недвижности, по доставената документација изврши споредување на податоците од ДУП со податоците од катастарскиот план за КО Чаир, при што констатирани се мали површини (помали од 1м2) , каде за истото е доставено "Образложение" со број 0302-42/09 од 09.09.2021 прикачено на е-урбанизам на 09.09.2021 год. дигитално потпишано од страната на планерот, во кое е дадено објаснување за причината поради која се формираат малите површини при преклоп на ДУП со катастарскиот план.

Агенцијата за катастар на недвижности по извршениот увид на доставената документација и Електронскиот запис со кој се потврдува дека урбанистичкиот проект го исполнува квалитетот од тематски и тополошки аспект Ве известува дека се исполнети условите за издавање на позитивно мислење.

Прилог: Извештај од утврдена состојба по извршено споредување.

Со почит,

Изработил: м-р Влатко Илиевски, помлад соработник
Контролирал и Одобрил: м-р Билјана Ајтарска,в.д.раководител на одделение

Директор

_____

м-р Борис Тунцев

Место за Дигитални потписи

Изработил	Контролирал	Одобрил	Согласен	Директор
VLATKO ILIEVSKI 15.09.2021 13:42 CEST	BILJANA AJTARSKA 15.09.2021 15:17 CEST			Boris Tundjev 17.09.2021 12:36 CEST

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
10-55/3-235 од 27.09.2021
Скопје

Одговорно лице: Мартин Јанковски
Контакт телефон: 072 933 420

Предмет: Издавање на мислење за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 0302-43/09 од 09.09.2021 година, со кој барате да дадеме мислење за ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 01, општина Бутел - Скопје, ве известуваме дека **немаме** забелешки за постојните и новопланираните електроенергетски објекти и инфраструктура и Ви даваме **ПОЗИТИВНО** мислење.

Услов е кај сите вкрстувања и приближувања до електроенергетски објекти и инфраструктура, да се запазуваат законските прописи и работни норми.

Задолжително да се почитуваат заштитните појаси на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Доколку во опфатот е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктура, потребно е да се предвиди локација/траса за дислокација на објектите и инфраструктурата и инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Martin Jankovski
Digitally signed by Martin Jankovski
Date: 2021.09.27 12:47:29 +02'00'

СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА

Бр. 37225

Датум: 13.09.2021

До
Друштво за производство, трговија и услуги
ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ Битола
Бул. Свети Кирил и Методиј бр. 36-2/7, 1000 Скопје

Предмет: Доставување на мислење

Согласно Вашето Барање за Мислење добиено преку информацискиот систем е-урбанизам за Детален урбанистички план за градска четврт ССИ 12 Блок 01, општина Бутел, Ви доставуваме ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ.

Лице за контакт: Николче Тасевски, тел. 070/200-176.

Со почит,

Македонски Телеком АД Скопје

По овластување на

Директор на сектор за пристапни мрежи

Васко Најков

Makedonski Telekom CA, Nikolche Tasevski
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Nikolche Tasevski
Date: 2021.09.14 07:44:22 +02'00'

Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Кеј 13 Ноември бр. 6, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171 e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

Наш број: 1404-2494/2
Скопје: 15 .09. 2021 г.

ДО:
Иванов Инженеринг
ул. Св.Кирил и Методиј (М.Х.Јасмин) 36-2/7
1000 Скопје

Предмет: Одговор за барање за мислење за ТК инсталации
Врска: Ваше барање бр. 0302-43/09 од 09.09.2021 г. преку е-урбанизам

Почитувани,

Согласно вашето барање за мислење, а во врска со изработка на ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 01, Општина Бутел – Скопје, Агенцијата за електронски комуникации нема забелешки на доставениот Детален урбанистички план.

Со почит,
Сектор за телекомуникации

Изработил: С. Јовевска 10.09.2021г. С.Јовевска
Советник на Директорот
Игор Бојаџиев

ДИРЕКТОР:
Jeton Akiku

АЕК-401.03

До: ОПШТИНА БУТЕЛ

Скопје, _____

Предмет: Мислења од општини/институции

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за доставување на мислења од општини/институции поднесено преку системот Е-Урбанизам со број на постапка 37225 креирано на 22.07.2021 година и наслов 'ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 01, општина Бутел - Скопје' доставено до А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Ве известуваме дека издаваме **позитивно мислње**.

Напомена: Доколку има потреба од дислокација на постојната телекомуникациска инфраструктура, планерот е должен да постави новопланирана траса во рамките на експропријационата линија во консултација со сопственикот на постоечката инфраструктура - А1 Македонија ДООЕЛ Скопје. Трошоците за дислокација на постојната телекомуникациска инфраструктура ги сноси инвеститорот на проектот.

Лице за контакт:
Влатко Димовски тел. 077/772-582
Андреа Јовановски тел. 077/772-370

Срдечен поздрав,

За А1 Македонија ДООЕЛ Скопје
Никола Здравковски
Менаџер за инфраструктура, документација и регулаторно усклaдување

Nikola Zdravkovski

Digitally signed by Nikola Zdravkovski
DN: dc=hr, dc=vipnet, dc=win, ou=oneVip, ou=Users, ou=exVip, cn=Nikola Zdravkovski, email=Nikola.Zdravkovski@A1.mk
Date: 2021.09.10 16:23:37 +02'00'

бр. 12-8/452
Скопје, 14.09.2021 година

До: **ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ Битола**

Предмет: Мислење

Врска: Ваш бр. 0302-43/09 од 09.09.2021година
(e-urbanizam, постапка бр. 37225)

Почитувани,

Врз основа на вашето барање и по преглед на доставениот,

ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 01, општина Бутел – Скопје техн.бр. 0801-01-09/21 од Септември 2021 година,
изработена од **ИВАНОВ ИЖЕНЕРИНГДООЕЛ Битола**

од страна на стручните служби на Агенцијата за цивилно воздухопловство, **потврдуваме** дека забелешките дадени од наша страна со допис бр. 12-8/350 од 23.07.2021 година, а кои се однесуваат на безбедноста на воздушниот сообраќај се запазени/вградени во планот.

Врз основа на горе наведеното **издаваме ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** за предметната документација од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

Dushan Popchevaliev
Digitally signed by Dushan Popchevaliev
Date: 2021.09.14 09:42:20 +02'00'

Душан Попчевалиев
(по овластување од Директорот бр.02-46/1 од 11.01.2021 година)

ул. „Даме Груев" број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 2 3114 – 046 ф.: + 389 2 3115 – 708 ЕМБС: 6648649
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
ГА-МА
бр. 0308 - 1546/2
18 - 10 - 2021 год.
СКОПЈЕ

ИВАНОВ Инженеринг

Предмет: Мислење

Врска: Ваш допис бр. 0302-43/09 од 09.09.2021

Во врска со Вашето барање за позитивно Мислење на Работна верзија на ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 1, Општина Бутел - Скопје, Ве известуваме дека даваме позитивно мислење за горенаведената планска документација.

Скопје, 18.10.2021 год.

ГА-МА АД Скопје

Одделение за Е-одобрение за градба

и Е-урбанизам

Раководител:

Галабинка Христовска

ГА-МА АД Скопје

Одделение за геодетски работи

и согласности

Раководител:

Сашко Петрески

Бр/Nr. 10-9208/2
29-09-2021
Скопје/Shkup_____година/viti

ДО Иванов Инженеринг
ул.Борис Кидрич бр. 12/16
7000 Битола

Предмет:Мислење на Работна верзија

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање број 0302-43/09 од 09.09.2021 год. за добивање мислење на работна верзија на ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 01, општина Бутел-Скопје, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, го разгледа пристигнатиот прилог, заверен со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-9208/1 од 14.09.2021 година:

- Работна верзија на ДУП.

Од доставените и разгледани прилози констатирано е на дека по однос на ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 01, општина Бутел-Скопје, Јавното претпријатие за државни патишта **нема забелешки**, бидејќи предметниот плански опфат не граничи со државен пат кој е во надлежност на Јавното претпријатие за државни патишта.

Со почит,

Директор
Ejup Rusteni

Изработил: Д.Гашпарова
Контролирал: З.Велков
Одобрил: d-r E.Latifi

Архивски број 14/6-25/2
15.02.2022 година

До Друштво за производство, трговија и услуги
ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Битола
Претставништво: Св.Кирил и Методиј (М.Х.Јасмин) 36-2/7,
1000 Скопје

Предмет: Мислење, доставува-
Врска: Ваш акт бр.0302-13/02 од 10.02.2022

Врз основа на чл.53 од Законот за заштита и спасување (сл.Весник на РМ бр93/12-пречистен текст 41/14, 129/15, 71/16, 106/16) а согласно член 1 и член 88 од Законот за општа управна постапка (Сл.весник на РМ бр.124/15) Дирекцијата за заштита и спасување Чаир ви го доставува следното

М И С Л Е Њ Е

За застапеност на мерките за заштита и спасување за изработка на **Работна верзија на план, Детален урбанистички план за градска четврт ССИ 12, Блок 01, Општина Бутел, Скопје, плански период 2021-2026, со тех.бр.0801-01-09/21, од 02/2022, Нарачател/Доносител Општина Бутел.**

Подрачното одделение за заштита и спасување Чаир од извршениот увид на поднесената проектна документација за изработка на **Работна верзија на план, Детален урбанистички план за градска четврт ССИ 12, Блок 01, Општина Бутел, Скопје, плански период 2021-2026, со тех.бр.0801-01-09/21, од 02/2022, Нарачател/Доносител Општина Бутел**, констатира дека мерките за заштита и спасување во документацијата се соодветно вградени, врз основа на што Дирекцијата за заштита и спасување, Подрачното одделение за заштита и спасување Чаир дава **позитивно мислење.**

Доставено до:
насловот, архива

Припрема
Јетон Шаќири

Раководител
Светлана Спасовска

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение ЧАИР
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Njësia rajonale **Çair**

Ул.''Орце Николов'' бр.138
Република Северна Македонија
Rr. "Orce Nikolov" n.138
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 2614 711
cair@dzs.gov.mk

До: ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ БИТОЛА
ул.Борис Кидрич 12/16
7000 Битола

Предмет: 1302-351/1 од 10.02.2022 год.
Дата: 28.02.2022 год.

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број numer 1302-351/2
Дата data 03-03-2022
СКОПЈЕ - SHKUP

ПРЕДМЕТ: Одговор на барање мислење за **Работна верзија на Детален Урбанистички План Градска Четврт ССИ 12, Блок 01, Општина Бутел - Скопје,**

Почитуван/и,

Во врска со Вашето барање број 0302-13/02 од 10.02.2022 година пристигнато преку страната на е-урбанизам и заведено кај нас под бр.1302-351/1 од 10.02.2022 година со кое ни доставувате графички прилог - ажурирана геодетска подлога за предвидениот Детален Урбанистички Проект, изработен од Ваша страна Ве известуваме:

По разгледување на доставената корегирана документација констатираме дека се согласуваме со прикажаните решенија.

Со почит,

ЈП „Водовод и канализација" - Скопје
Сектор за технички работи и развој
Раководител
дипл.град.инж. Ениса Реџепагиќ

Доставено до:
- Архива на Сектор за технички работи и развој
- Архива

Изготвил:
дипл.инж.арх. Маја Икономова
дипл.град.инж.Нина Шалева

Одобрил:
дипл.град.инж. Светлана Мутавџиќ

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

НУМЕРИЧКИ ДЕЛ


10. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД											
ССИ12.01											
реден број	класа на намени	површина на парцела (оградено дворно место во рамки на планскиот опфат)	површина под објекти	катност	вкупно изградена површина	процент на изграденост	коефициент на искористеност	состојба			забелешка
								добра/средна	средна/лоша		
		м²	м²		м²						
1	Г4.1	16698	4529	П, П+1	5388	27%	0.32	4	2		
2	Б2.2	22887	11524	П, П+1, П+2	12293	50%	0.54	1			
3	Б1	1215	222	П+1	444	18%	0.37	4			
4	Б2.2	12825	5551	П, П+1, П+2	8420	43%	0.66	25			
5	Г4.1	1653	1072	П	1072	65%	0.65	1			
6	Е2.1	5672	1074	П, П+1	2036	19%	0.36	2			станица за технички преглед и бензинска пумпа
7	Г3.1	1736	768	П+1	1536	44%	0.88	1			
8	Г3.1	12334	69	П, П+1	13250	1%	1.07	5			
вкупно		**75020**	**24809**		**44439**	**33%**	**0.59**	**43**	**2**		
неизградено земјиште										м²	**4767**
Е1 - сообраќајна инфраструктура										м²	**20452**
Д2 - заштитно и сообраќајно зеленило										м²	**5864**
ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ										м²	**106103**
БИЛНАСНИ ПОКАЗАТЕЛИ											
ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ										м²	**106103**
процент на изграденост на ниво на плански опфат										%	**23.38%**
коефициент на искористеност на ниво на плански опфат										к	**0.42**

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА - БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ					
НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ		ПОВРШИНА			УДЕЛ
		м²		**ха**	**%**
Б КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	Б1 - мали единици за комерцијални и деловни дејности	1215	36927	3.69	34.8%
	Б2.2 - трговски центри	35712			
Г ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ	Г3.1 - сервиси за одржување на моторни возила	14070	32421	3.24	30.6%
	Г4.1 - складишта	18351			
Д ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ	Д2 - заштитно и сообраќајно зеленило	5864		0.59	5.5%
Е ИНФРАСТРУКТУРА	Е1.1 - сообраќајна инфраструктура	20452	26124	2.61	24.6%
	Е2.1 - бензинска пумпа	5672			
	НЗ - неизградено земјиште	4767		0.48	4.5%
	ВКУПНО	**106103**		**10.61**	**100%**

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ГРАФИЧКИ ДЕЛ




ГРАД СКОПЈЕ	ИЗВОД ОД ГУП НА ГРАД СКОПЈЕ 2012-2022	лист бр. 4:	четврт:	бр. на извод:	дата:	М.П.
		СИНТЕЗЕН ПЛАН	ССИ 12	13-5/23	12.02.2021	

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 12, БЛОК 01 ОПШТИНА БУТЕЛ – СКОПЈЕ

ДЕЛ	ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА	ПОВРШИНА	10.61 ха
ФАЗА	ПРЕДЛОГ ПЛАН	РАЗМЕР	1 : 1000


ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

РУЖА НА ВЕТРОВИ



ИЗРАБОТУВАЧ	ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ БРОЈ 0023	УПРАВИТЕЛ: АНДРИЈАН ИВАНОВ дипл.
НАРАЧАТЕЛ	ОПШТИНА БУТЕЛ, СКОПЈЕ	
ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ	НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА дипл. ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094	САШКО ИВАНОВ дипл. ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0095
СОРАБОТНИЦИ	СТЕФАНИЈА ИВАНОВ ЦВЕТАНКА ДОНЧЕВА	АНДРИЈАН ИВАНОВ
ПРИЛОГ	ИЗВОД ОД ГУП НА ГРАД СКОПЈЕ СО ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ	

ТЕХ. БРОЈ	0801-01-09/21	ДАТУМ	07.2025	ЛИСТ 1




ИЗВОД ОД УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ ССИ 12 НА ГРАД СКОПЈЕ	лист бр. 4:	блок:	бр. на извод:	дата:	М.П.
ГРАД СКОПЈЕ	СИНТЕЗЕН ПЛАН	ССИ 12.01	13-5/5	02.02.2021	

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 12, БЛОК 01 ОПШТИНА БУТЕЛ – СКОПЈЕ

ДЕЛ	ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА	ПОВРШИНА	10.61 ха
ФАЗА	ПРЕДЛОГ ПЛАН	РАЗМЕР	1 : 1000

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

РУЖА НА ВЕТРОВИ



ИЗРАБОТУВАЧ	ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ БРОЈ 0023	УПРАВИТЕЛ: АНДРИЈАН ИВАНОВ дипл.
НАРАЧАТЕЛ	ОПШТИНА БУТЕЛ, СКОПЈЕ	
ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ	НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА дипл. ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094	САШКО ИВАНОВ дипл. ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0095
СОРАБОТНИЦИ	СТЕФАНИЈА ИВАНОВ ЦВЕТАНКА ДОНЧЕВА	АНДРИЈАН ИВАНОВ
ПРИЛОГ	ИЗВОД ОД УПЧ ССИ 12 СО ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ	
ТЕХ. БРОЈ	0801-01-09/21	ДАТУМ 07.2025

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 12, БЛОК 01 ОПШТИНА БУТЕЛ – СКОПЈЕ

ДЕЛ	ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА	ПОВРШИНА	10.61 ха
ФАЗА	ПРЕДЛОГ ПЛАН	РАЗМЕР	1 : 1000

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

РУЖА НА ВЕТРОВИ

NW=120‰ NNW=80‰ N=47‰ WNW=112‰ NNE=18‰ NE=13‰ ENE=19‰ E=41‰ W=180‰ SW=168‰ 28‰ WSW=123‰ SSW=19‰ 21‰ SSE=30‰ SE=62‰ ESE=84‰

ИЗРАБОТУВАЧ	ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ БРОЈ 0023	УПРАВИТЕЛ: АНДРИЈАН ИВАНОВ дипл
НАРАЧАТЕЛ	ОПШТИНА БУТЕЛ, СКОПЈЕ	
ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ	НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094	САШКО ИВАНОВ дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0095
СОРАБОТНИЦИ	СТЕФАНИЈА ИВАНОВ ЦВЕТАНКА ДОНЧЕВА	АНДРИЈАН ИВАНОВ
ПРИЛОГ	ЗБИРЕН ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ СО НАНЕСЕНИ ПЛАНСКИ РЕШЕНИЈА ОД ДОНЕСЕНА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА РЕЛЕВАНТНА ЗА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ	
ТЕХ. БРОЈ	0801-01-09/21	ДАТУМ 07.2025 ЛИСТ 3

КООРДИНАТИ НА ПРЕКРШНИ ТОЧКИ НА ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

	y	x
1	7536386.5019	4633551.7605
2	7536373.4925	4633551.7758
3	7536028.6216	4633568.6320
4	7536077.5557	4633258.5850
5	7536165.9209	4633251.5343
6	7536305.0540	4633226.8215

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 12, БЛОК 01 ОПШТИНА БУТЕЛ – СКОПЈЕ


ДЕЛ	ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА	ПОВРШИНА	10.61 ха
ФАЗА	ПРЕДЛОГ ПЛАН	РАЗМЕР	1 : 1000

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

Легенда на топографски знаци

- бетонски ѕид
- железна ограда
- рампа
- жичана ограда
- граница на катастарска парцела
- нова состојба
- решетка за одвод
- тротоар
- пат со бекатон плочки
- бетонска плоча
- пешачка патека
- 273.11 – апсолутни надморски висини
- 1 – објект
- 165/1 – број на катастарска парцела
- шахти
- бандери: 1 тлф 2 дрвена струја 3 бетонска струја
- канделабра
- сливник
- знаци
- 4454900 / 7536300 – координатна мрежа

РУЖА НА ВЕТРОВИ



ИЗРАБОТУВАЧ	ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ БРОЈ 0023	УПРАВИТЕЛ: АНДРИЈАН ИВАНОВ дипл	
НАРАЧАТЕЛ	ОПШТИНА БУТЕЛ, СКОПЈЕ		
ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ	НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094	САШКО ИВАНОВ дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0095	
СОРАБОТНИЦИ	СТЕФАНИЈА ИВАНОВ ЦВЕТАНКА ДОНЧЕВА	АНДРИЈАН ИВАНОВ	
ПРИЛОГ	АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ		
ТЕХ. БРОЈ	0801-01-09/21	ДАТУМ 07.2025	ЛИСТ 4

Скопје, Јануари 2021год.

ДПТУ Алфа Геодеѕи ДООЕЛ
Изработил:

Атанас Архондиев, дипл. геод. инж.



КООРДИНАТИ НА ПРЕКРШНИ ТОЧКИ НА ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

	y	x
1	7536386.5019	4653551.7605
2	7536371.4976	4653551.7758
3	7536028.6215	4653568.6320
4	7536077.5557	4653258.5850
5	7536165.9209	4653251.5343
6	7536305.0540	4653226.8115

ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД

ССИ12.01

Број	Бруто површина	Површина под објект	Намена	Вкупна бруто развиена површина	Индекс на изграденост	Катност	Подземно	Сутеренско		Забелешка
	м²	м²		м²						
1	Г4.1	16499	4529	П, П+1	5358	0.32	4	1		
2	Б2.2	22887	11324	П, П+1, П+2	12295	0.54	3			
3	Б1	1315	222	П+1	444	0.17	4			
4	Б2.2	17835	5551	П, П+1, П+2	8420	0.66	25			
5	Г4.1	3651	1672	П	1672	0.46	1			
6	Е2.1	5477	1074	П, П+1	1836	0.18	1			Пумпна станица со придружни содржини
7	Г3.1	1736	768	П+1	1536	0.58	1			
8	Г3.1	12334	0	П+1	12450	1.0	1.07	5		
вкупно	**75020**	**24809**			**44439**	**3.33**	**0.59**	**43**	**2**	

изградено во опфатот	м²	4767
Е2 - содржини на автомобилска инфраструктура	м²	20452
Б2 - комплекси и објекти за трговија	м²	5864
ВКУПНА БРУТО ПЛАНСКИ ОПФАТ	м²	106103
БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ		
ВКУПНА БРУТО ПЛАНСКИ ОПФАТ	м²	106103
процент на изграденост на планскиот опфат	%	23.38%
КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ ЗА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ		0.42

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 12, БЛОК 01 ОПШТИНА БУТЕЛ - СКОПЈЕ


ДЕЛ	ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА	ПОВРШИНА	10.61 ха
ФАЗА	ПРЕДЛОГ ПЛАН	РАЗМЕР	1 : 1000

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
- ГРАНИЦА НА БЛОК
- ССИ 12.01 ОЗНАКА НА БЛОК
- ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ (СРЕДНА-ДОБРА СОСТОЈБА)
- ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ (ЛОША-СРЕДНА СОСТОЈБА)
- * БЕТОНСКА ПЛОЧА - ОБЈЕКТ ВО ИЗГРАДБА
- Б1 МАЛИ ЕДИНИЦИ ЗА КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ ДЕЈНОСТИ
- Б2.2 ТРГОВСКИ ЦЕНТРИ
- Г3.1 СЕРВИС ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА
- Г4.1 ОТВОРЕНИ И ЗАТВОРЕНИ СКЛАДИШТА ЗА ИНДУСТРИСКА СТОКА
- Е2.1 ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД НА АВТОМОБИЛИ
- Е2.1 БЕНЗИНСКА ПУМПА
- Д2 ЗАШТИТНО И СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО
- НЗ НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ

- ГРАНИЦА НА ПАРЦЕЛА /ОГРАДЕНО ДВОРНО МЕСТО/
- 1, 2, 3, ... НУМЕРАЦИЈА НА ПАРЦЕЛА
- П, П+1 ПОСТОЕЧКА КАТНОСТ
- Е1 СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА АСФАЛТИРАН ПРИСТАП
- Е1 СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА ТРОТОАР
- ВОДОВОД: ПОСТОЕЧКА МРЕЖА
- ВОДОВОД: ПЛАНИРАНА МРЕЖА (ПОДАТОК - ЈП ВИК)
- ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА: ПОСТОЕЧКА МРЕЖА
- ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА: ПОСТОЕЧКА МРЕЖА (ПОДАТОК - ЈП ВИК)
- АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА: ПОСТОЕЧКА МРЕЖА

- ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА
- БАКАРЕН КАБЕЛ
- ОПТИЧКИ КАБЕЛ
- КАНАЛИЗАЦИЈА
- КОАКСИЈАЛЕН КАБЕЛ
- НАДЗЕМЕН ВОД
- ГАСОВОД (АД ГАМА)
- ПОСТОЕЧКА ТРАФОСТАНИЦА
- ПОСТОЕЧКА НИСКОНАПОНСКА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКА МРЕЖА: 0.4kV ПОДЗЕМЕН ВОД
- ПОСТОЕЧКА СРЕДНОНАПОНСКА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКА МРЕЖА 10(20)kV ПОДЗЕМЕН ВОД
- ПЛАНИРАНА ВИСОКОНАПОНСКА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКА МРЕЖА 110(35)kV ПОДЗЕМЕН ВОД

РУЖА НА ВЕТРОВИ



ИЗРАБОТУВАЧ	ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ БРОЈ 0023	УПРАВИТЕЛ: АНДРИЈАН ИВАНОВ dua	
НАРАЧАТЕЛ	ОПШТИНА БУТЕЛ, СКОПЈЕ		
ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ	НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА dua ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094	САШКО ИВАНОВ dua ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0095	
СОРАБОТНИЦИ	СТЕФАНИЈА ИВАНОВ ЦВЕТАНКА ДОНЧЕВА	АНДРИЈАН ИВАНОВ	
ПРИЛОГ	ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО, ЗЕЛЕНИЛОТО, ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА		
ТЕХ. БРОЈ	0801-01-09/21	ДАТУМ 07.2025	ЛИСТ 5

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ВОВЕД

Изработката на планската документација ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 01, Општина Бутел - Скопје, претставува континуитет на урбаниот развој во рамките на општината. Урбанизирањето односно условите за изградба и уредување на просторот од аспект на потребите за развој на локалитетот во рамките на планскиот опфат, претставува појдовен елемент во методолошкиот пристап при изработка на ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 01, Општина Бутел - Скопје.

Со изработка на ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 01, Општина Бутел - Скопје за период од 2021 до 2026 година ќе се добијат одговори на низа прашања од кои зависи добрата организираност на просторот, односно негово вклопување и активирање во можностите за функционалност, комплементарност, атрактивност, комуникативност и флексибилност како фрагмент од урбаната структура.

1. ВИД НА ПЛАНОТ, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, ПЛАНСКИ ПЕРИОД

Детален урбанистички план е урбанистички план кој се донесува за подрачје што е дел од град за кој е донесен генерален урбанистички план и кој служи за негово разработување и спроведување.

Изработката на ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 01, Општина Бутел - Скопје, има за цел поставување на урбанистички концепт за организација на просторот во границите на планскиот опфат, а во исто време претставува континуитет во развојот на градот, усогласувајќи го планскиот документ со поставките и параметрите дадени со ГУП на Град Скопје од 2012 год., УПЧ ССИ 12 и со одобрената Планска програма за овој план.

Деталниот урбанистички план е изработен согласно актуелните законски и подзаконски акти и тоа:

- Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25)
- Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25)

Истражувајќи ги можните начини за организација и поставување на плански концепт за уредување на просторот во границата на планскиот опфат, применети се неколку принципи:

- Усогласување на Деталниот урбанистички план со плановите од повисоко ниво - Генерален урбанистички план на град Скопје (Одлука бр.07-5068/1 од 03.12.2013год.) и Урбанистички план за четврт ССИ 12, Скопје (2014-2022год.) (Одлука бр.07-1850/1 од 13.03.2014год.)
- Имплементација на Планската програма со дефинирање на градежни парцели за организација и изградба на објекти согласно планираната намена;
- Почитување на постојаната планска и проектна документација и надоврзување на истата;
- Почитување на постојната изградена инфраструктура и супраструктура;
- Парцелација т.е. оформување на нови градежни парцели;
- Усогласување на планираните градежни парцели со границите на постојните катастарски парцели согласно ажурираната геодетска подлога;
- Дефинирање на оптимален процент на изграденост и коефициент на искористеност на земјиштето;
- Дефинирање на оптимален капацитет на системите на комуналната инфраструктура и супраструктура.

Деталниот урбанистички план се изработува за плански период од 5 (пет) години односно за период од 2021 до 2026 година.

2. ПОВРШИНА И ГРАНИЦИ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Просторот кој е предмет на ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 01, Општина Бутел - Скопје се наоѓа во североисточниот дел на Градот Скопје, во Општина Бутел.

Границата на плански опфат на деталниот урбанистички план се совпаѓа граница на Блок 01 од четврт ССИ 12 и претставува затворена линија со прекршни точки кои ги имаат следните координати по x и y:

Т1	y=7536386.502	x=4653551.760
ЛАК 1 испапченост центар радиус почетен агол краен агол	 0.007 y=7536379.475 444.458 89.0941 90.7706	 x=4653107.358
Т2	y=7536373.498	x=4653551.776
Т3	y=7536028.622	x=4653568.632
Т4	y=7536077.556	x=4653258.685
Т5	y=7536165.921	x=4653251.634
Т6	y=7536395.133	x=4653226.803

Границата на плански опфат на север се совпаѓа со оска на градска магистрална улица „Босна и Херцеговина", на исток со оска на сервисна улица „С1" („Лазар Трповски"), на југ со оска на собирна улица „Втора Македонска Бригада" и на запад со оска на градска магистрална улица - булевар „Македонско-Косовска Бригада.

Вкупната површина во границите на планскиот опфат изнесува **10,61 ха.**

3. СТРАТЕШКИ ОПРЕДЕЛБИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД РАЗВОЈНИ СТРАТЕГИИ, ПЛАНОВИ ОД ПОВИСОКО НИВО И ДОКУМЕНТАЦИЈА РЕЛЕВАНТНА ЗА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

За планскиот опфат на ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 01, Општина Бутел - Скопје, релевантни се следните плански документи:

- ГУП на Град Скопје (2002 - 2022 год.) (Одлука бр.07-5068/1 од 03.12.2012год.); и
- УПЧ ССИ 12 Скопје (2014-2022год.) (Одлука бр.07-1850/1 од 13.03.2014год.).
- ДУП Лесна индустрија и сервиси Скопје - Север (Одлука бр.08-1500/1 од 08.12.1987год.); и
- ДУП Урбан блок помеѓу улиците „Босна и Херцеговина" и „Лазо Трповски", локалитет СА-СА, измена и дополна (Одлука бр.07-1800/7 од 27.12.2012год.).

При нивното спроведување, што ја подразбира и разработката на предметниот плански опфат на овој детален урбанистички план, потребно е да се почитуваат општите и посебните услови за просторен развој кои се составен дел од Изводот од ГУП и Изводот од УПЧ, а се однесуваат на предметниот плански опфат.
Изводите во целост и во изворна форма се приложени кон планот во делот Документациона основа.

Согласно УПЧ ССИ 12, Скопје кој е изработен врз основа на ГУП на Град Скопје од 2012-2022 година, во планскиот опфат на Блок 01 планирани се следните наменски зони:

М (Б+Г) - мешовита намена (комерцијални и деловни намени; и производство, дистрибуција и сервиси)
Д2 - заштитно зеленило

Според Нумеричките показатели од Изводот од УПЧ ССИ 12, во рамки на блокот дозволени се следните класи на намени:



- **Б** - комерцијални и деловни намени;
- **Г2 -** лесна и незагадувачка индустрија;
- **Г3** - сервиси;
- **Г4** - стоваришта
- **Д2** - заштитно зеленило; и
- Површини под секундарна сообраќајна инфраструктура.

Согласно член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25) и класификацијата на намените, поедниечните намени на градежните парцели и земјиштето за општа употреба ги добиваат следните ознаки:

Б2 - големи единици за трговија
Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
Г3 - индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори
Г4 - стоваришта, складови и отпади
Д2 - заштитно и сообраќајно зеленило
Е1.1 - сообраќајни патни инфраструктури
Е1.8 - инфраструктури за пренос на електрична енергија: трафостаница
Е1.10 - мерно-регулациона станица на гасовод

E2.1 - згради и комплекси на патниот сообраќај

4. ЦЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН

Задача на планската документација е изработка на ДУП, со која ќе се постигнат следните цели:

- Усогласување на деталниот урбанистички план со плановите од повисоко ниво (ГУП на град Скопје и УПЧ ССИ 12);
- Усогласување на деталниот урбанистички план со донесена важечка планска и проектна документација која е релевантна за планскиот опфат;
- Дефинирање на единици на градежно земјиште за просторна дистрибуција на планираните намени и дефинирање на плански услови за организација, уредување, изградба, развој и користење на земјиштето и градбите застапени со планираните основни намени;
- Дефинирање на примарна и секундарна сообраќајна инфраструктура - улична мрежа и пристапи до единиците на градежно земјиште формирани во рамките на планскиот опфат;
- Оптимално дефинирање на мрежи и објекти од комуналната инфраструктура;
- За единиците на градежно земјиште формирани во рамките на планскиот опфат да се дефинираат услови за:
  - заштита и унапредување на животната средина, природното наследство и културното наследство;
  - заштита и спасување, заштита од пожари, воени разурнувања и природни катастрофи;
  - движење на лица со посебни потреби;
  - урбано зеленило и озеленетост;
  - други услови кои произлегуваат од специфичноста и карактеристиките на просторот на единиците на градежно земјиште.

Урбанистичкиот план како плански развоен документ треба да го постигне следното:

- Оформување на урбанистичка функционална целина која ќе претставува континуитет во урбанизирањето на просторот;
- Усогласување и надоврзување на усвоените плански документи;
- Оптимално димензионирање на системите на комуналната инфраструктура;
- Услови за хумано живеење и работа на граѓаните;
- Обезбедување услови за одржлив развој, рационално уредување и користење на земјиштето како необновлив ресурс и системите на инфраструктурата; и
- Услови за зголемување на вредноста на земјиштето и степенот на уреденост на просторот.

5. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ

Планскиот концепт на ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 01, Општина Бутел - Скопје се базира на:

- Анализа на постојната состојба и можностите за развој;
- Имплементација на Планската програма и решавање на зацртаните цели и задачи;
- Усогласување на планскиот концепт со поставките и насоките дадени во плановите од повисоко ниво (ГУП на град Скопје 2012 - 2022 год.)
- Рационално и економично искористување на градежното земјиште;
- Доследна примена на законската регулатива.

Просторниот развој и хармонизацијата на подрачјето на планскиот опфат на деталниот урбанистички план во голема мера е детерминиран од претходно донесените детални урбанистички планови, кадешто се дефинирани единици на градежно земјиште со сите обликовни урбанистички параметри, како и од постоечката состојба.

Распоредот на намените во најголем дел ја почитува веќе воспоставената матрица на функции во локалитетот која е поддржана со мрежа на сообраќајници и комунална инфраструктура во рамки на уличните коридори.

Новоформираните градежни парцели за комерцијалани и деловни намени се протегаат долж сервисната улица која го дели подрачјето на два половини (источна и западна), но најголем удел во оваа класа на намени има единицата на градежно земјиште во југоисточниот дел со која се потврдува постоечкиот комплекс од повеќе комерцијални објекти.

Дистрибуцијата на намените за складишта и сервиси ги потврдува позициите на постоечките објекти со таа намена во западната половина, изградени согласно претходни плански документи. Во источната половина на локалитетот, овие намени се распоредени во периферниот дел покрај западната граница на планскиот опфат.

Во корелација со стандардите и нормативите за урбанистичко планирање, извршено е обликување на просторот со усогласување на висините на планираните градби и почитување на принципот за хармоничност на уличните силуети, поставување на површините за градба согласно условите и ограничувањата во просторот кои произлегуваат од инфраструктурни зададености и почитнување на заштитни коридори на инфраструктурните водови, антиципирање на кориснички сценарија преку интерполација на јавни површини и простори со зеленило, а се со цел на крај да се испочитува јавниот интерес.

Анализата на постојната состојба укажува на подрачје со високо ниво на изграденост. Планскиот концепт се развива во насока на овозможување на реални услови за доизградба и реализација на планираните намени, валоризација на вредноста на градежното земјиште и креирање на квалитетна урбана сердина која ќе одговори на потребите на градот.

6. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА И НАМЕНСКА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Планскиот опфат опфаќа земјиште кое во основа е дефинирано како:
- парцелирано градежно земјиште (градежни парцели); и
- земјиште за општа употреба (комунална инфраструктура и зеленило).

6.1. ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Согласно дефинираните намени и наведените услови од Генереалниот урбанистички план за град Скопје, Планската програма, како и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25) во границите на планскиот опфат дефинирани се градежни парцели со следните поединечни класи на намени:

Б2 - големи единици за трговија
Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
Г3 - индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори
Г4 - стоваришта, складови и отпади
Д2 - заштитно и сообраќајно зеленило
Е1.1 - сообраќајни патни инфраструктури
Е1.8 - инфраструктури за пренос на електрична енергија: трафостаница
Е1.10 - мерно-регулациона станица на гасовод
Е2.1 - згради и комплекси на патниот сообраќај: бензинска пумпа

Во рамки на градежните парцели предвидено е функционирање на основната класа на намени, а за постигнување на флексибилност на урбанистичкиот план се дава можност за реализација и на компатибилни намени.

Компатибилни намени се две или повеќе намени кои можат да егзистираат во просторната единица односно во иста градежна парцела без при тоа меѓусебно да си го нарушуваат нормалното функционирање.

Компатибилните намени во истата просторна единица (градежна парцела) можат да бидат застапени со најмногу 40% за да не се смени карактерот и начинот на употреба на просторната единица**.**

За градежните парцели од планскиот опфат таксативно се наведени алтернативните намени кои можат да егзистираат како компатибилни во нивни рамки, при што се почитуваат стекнатите права од претходни детални урбанистички планови.

Покрај основната класа на намени, во рамки на градежните парцели може да егзистираат комплементарни манени. Комплементарна намена е намена што во една градежна парцела и една градба ја дополнува и служи исклучиво за функционирање на основната намена утврдена со урбанистичкиот план. Таа означува дејност или активност која се врши на ист простор како дополнување, функционално комплементирање и остварување на осоновната намена на градбата од примарната дејност или активност и служи за поквалитетно одвивање на основната намена без да го менува нејзиниот карактер, но може и да го овозможува остварувањето и употребата на основната намена.

Комплементарните намени треба да ги исполнуваат следните услови:
- тие треба да бидат дополнување на основната намена;
- тие треба да се во функција исклучиво за остварување на осоновната намена;
- тие се димензионираат и предвидуваат за корисниците на основната намена;
- тие не треба да зафаќаат значителен дел од просторот наменет за примарната намена на начин што ја менуваат неманата, туку само да го збогатуваат просторно-функционалниот и типолошкиот карактер на просторот и објектот наменет за примарна функција.

Парцелираното градежно земјиште односно градежните парцели се дефинирани така што нивните граници се совпаѓаат со регулаторни линии - регулациона линија на планирани коридори на сообраќајници и граници на катастарски парцели.

Во графичкиот приказ на планската документација, прикажани се (графички и нумерички) следните податоци:
- број на градежна парцела;
- граница и површина на градежна парцела ($м^2$);
- граница и површина во која може да се гради ($м^2$);
- максимален процент на изграденост на земјиштето (%);
- вкупна површина по катови ($м^2$);
- максимален коефициент на искористеност на земјиштето (к);
- намена на земјиштето и градбите;
- максимална висина на венец (м');
- максимален број на катови;
- минимален процент на зеленило во рамки на градежната парцела.

Градежните парцели се нумерирани со двочлена номенклатура така што првиот број го означува бројот на блокот, а вториот број ја означува градежната парцела. На пример, ознаката 1.2 значи: Блок 01, парцела 2.

Максималната висина на венецот, за рамен терен, се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри. За терени во пад, доколку тротоарот долж лицето на парцелата е во пад, максималната височина се одредува помеѓу висинската кота на тротоарот во средината на страната на површината за градење долж падот на теренот и завршниот венец на градбата.

Висинската кота на тротоарот се уредува со нивелманскиот план и се изразува како кота на надморска височина.

Максималната висина на венец изразена во должни метри се надополнува со планска одредба која го ограничува бројот на спратови кој може да се изгради во одредена височина. Најмалата спратна височина за деловна дејност изнесува 3,40м.

Висинската кота на приземната плоча (нулта плоча) се уредува во однос на котата на тротоарот. За објекти за домување или мешани намени на домување со комерцијални намени во приземјето, максималната висина на нултата плоча изнесува 1,20м, а за сите градби чија градежна линија се совпаѓа со регулационата линија, а наменета на градбите е Б1, Б2 и Б3, треба да е 15см.

Поместување на нултата плоча не треба да се врши под котата на тротоарот.

Б - комерцијални и деловни намени

Во рамки на планскиот опфат дефинирани се 2 градежни парцели со следната класа на намени:

Б2 - големи единици за трговија

Границите на градежните парцели се уточнети со границите на катастарските парцели и дефинирани на таков начин за да се овозможи непречена реализација во иднина.

Катноста на објектите се движи до П+4, со висина на венец до 17,00м.

Во рамки на градежните парцели дозволено е егзистирање на компатибилни класи на намени, и тоа:

Б3.1 - ресторани
Б4.1 - деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради
Б5.3 - хотели и хотелски комплекси

Вкупниот удел на компатибилните намени во однос на основната не смее да надмине 40%.

Г - рударство, енергетика и индустрија

Планираните градежни парцели од групата на класи на намени Г ги имаат следните класи на намени:

Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
Г3 - индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори
Г4 - стоваришта, складови и отпади

Границите на градежните парцели се уточнети со границите на катастарските парцели и дефинирани на таков начин за да се овозможи непречена реализација во иднина.

Катноста на објектите се движи од П+2 до П+4, со висина на венец од 13,00 до 20,00м.

Во рамки на градежните парцели дозволено е егзистирање на компатибилни намени, а вкупниот удел на компатибилните намени во однос на основната не смее да надмине 40%.

Е1 - сообраќајни, линиски и други инфраструктури

Е1.8 - инфраструктура за пренос на електрична енергија: трансформаторска станица

Со урбанистичкиот план се утврдени вкупно 4 градежни парцели за нови трансформаторски станици кои заедно со постоечките во рамки на објектите треба да одговорат на енергетските потреби на планскиот опфат.

Е1.10 - мерно-регулациона станица на гасовод

Во рамки на планскиот опфат е планирана една градежна парцела за постоечка мерно-регулациона станица на гасовод - постоечка МРС „Проше".

Е2 - згради и комплекси на инфраструктурните системи

Е2.1 - згради и комплекси на патниот сообраќај: бензински пумпи

Во рамки на планскиот опфат се планира една градежна парцела за згради и комплекси на патниот сообраќај: бензинска пумпа на ГП 1.11 со која се потврдува постоечката намена.

Катноста на објектите се движи до П+3 со висина на венец до 13,60.

Во рамки на градежните парцели дозволено е егзистирање на компатибилни намени, а вкупниот удел на компатибилните намени во однос на основната не смее да надмине 40%.

6.2. ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА

Согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25) во границите на планскиот опфат земјиштето за општа употреба е дефинирано со следните намени:

Д2 - заштитно и сообраќајно зеленило
Е1.1 - сообраќајна патна инфраструктура: улична мрежа и паркинг

6.3. СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА

Сообраќаен план

Планираната улична мрежа во планскиот опфат на ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 01, Општина Бутел - Скопје е поставена врз база на планската документација од повисоко ниво (ГУП на град Скопје од 2012 год.), состојбата на терен, изведената комунална супраструктура (постоечки улици, изведена комунална инфраструктура), планските решенија согласно претходни детални урбанистички планови релевантни за планскиот опфат, како и актуелната законска и подзаконска регулатива.

Сообраќајната инфраструктура во локалитетот ја сочинуваат следните категории на улици:

ПРИМАРНА СООБРАЌАЈНА МРЕЖА (согласно ГУП на град Скопје)

- градски магистрални улици:
бул.„Македонско - Косовска Бригада" „А" С.28 - С.47
ул.„Босна и Херцеговина"

- собирна улица:
бул.„Втора Македонска Бригада"

СЕКУНДАРНА СООБРАЌАЈНА МРЕЖА:

- сервисна улица (согласно УПЧ ССИ 12):
ул. „Лазар Трповски" („С1")

- сервисна улица:
ул."1" (дел од ул.„Втора македонска бригада") (дел од ул. „Втора македонска бригада")

- индустриски улици:
ул.„2" (дел од ул. „Лазар Трповски")
ул.„3" (дел од ул. „Лазар Трповски")
ул.„4" (дел од ул. „Втора македонска бригада")

Со урбанистички проекти за градежно земјиште за општа употреба за сообраќајните коридори на сообраќајната мрежа (градски магистрални улици, собирна улица и сервисни улици), кои ќе се работат врз основа на ГУП на град Скопје, Урбанистички план за четврт или врз основа на детален урбанистички план ќе се утврдат елементите на уличната мрежа: профилот на сообраќајницата (тротоарите, велосипедските патеки и заштитниот појас), радиусите на хоризонталните кривини, подолжните наклони, како и проектното решение за типот на крстосниците.

Согласно ГУП, паралелно со коридорите на примарните улици предвидени се траси на линија на градски шински јавен превоз (лесно метро) бр. 2. На графичкиот прилог - Сообраќаен план, прикажаните траси се апроксимативни. Точната просторна диспозиција на поедините техничко-технолошки елементи на шинскиот подсистем ќе се решава согласно сообраќајно-техничката документација за трамвајски систем и пруга во град Скопје.


Доколку, при изработка на Сообраќајно техничка документација за трамвајски систем и пруга во Град Скопје, се јави потреба од користење на јавни површини вон границите на регулационите линии на сообраќајните коридори, а гравитираат со трасата на шинскиот систем, истите да се искористат за позиционирање на точната просторна диспозиција на поедините техничко технолошки елементи на шинскиот подсистем.

ПРИМАРНА УЛИЧНА МРЕЖА
СОГЛАСНО ГУП НА ГРАД СКОПЈЕ (2012-2022)


ГРАДСКА МАГИСТРАЛНА УЛИЦА
УЛ."МАКЕДОНСКО-КОСОВСКА БРИГАДА"



ГРАДСКА МАГИСТРАЛНА УЛИЦА
УЛ."БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА"




СОБИРНА УЛИЦА
УЛ."ВТОРА МАКЕДОНСКА БРИГАДА"




СЕКУНДАРНА УЛИЧНА МРЕЖА

СЕРВИСНИ УЛИЦИ СОГЛАСНО УПЧ ССИ 12
УЛ."ЛАЗАР ТРПОВСКИ" (С1")



СЕРВИСНА УЛИЦА
УЛ."1" (ДЕЛ ОД УЛ."ВТОРА МАКЕДОНСКА БРИГАДА")



ИНДИСТРИСКИ УЛИЦИ
УЛ."2" (ДЕЛ ОД УЛ."ЛАЗАР ТРПОВСКИ")
УЛ."3" (ДЕЛ ОД УЛ."ЛАЗАР ТРПОВСКИ")
УЛ."4" (ДЕЛ ОД УЛ."ВТОРА МАКЕДОНСКА БРИГАДА")



Стационарен сообраќај

Стационарниот сообраќај односно паркирањето на моторните возила во рамките на планскиот опфат е планирано согласно:
• дефинираната намена на земјиштето; и
• нормативните акти од дел 9. Стационарен сообраќај (член 127, 128, 129, 130, 131, 132, 133, 134, 135) од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25).

За градежните парцели, паркирањето е предвидено да се реши во рамките на секоја градежна парцела поодделно, надземно или подземно и истото наведено е во посебните услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите.

Во рамки на планскиот опфат планиран е еден јавен паркинг простор со капацитет од 51 паркинг места. Јавните паркинг простори се наменети за посетители на блокот.

Границата на површината за градење под нивото на теренот која го вклучува и подземното паркирање, во планираните градежни парцели на овој ДУП се дефинирана со подземна градежна линија, графички презентирана како испрекината линија, соодветно истолкувана во легендата на графичките прилози.

Широчината, надолжните наклони и радиусите на хоризонталните кривини на рампите за планираните подземни паркинзи да се утврдат во согласност со нормативите од член 133 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25).

Бројот на потребни паркинг места зависи и од изборот на компатибилните намени во градежната парцела кои треба да се земат во предвид при изработка на проектната документација за градбите, врз основа на која се издава одобрение за градење. Основен услов за изградба на планираната површина за градење, максимална висина и катност е обезбедување на потребниот број на паркинг места.

Јавен градски превоз на патници

Во планскиот период се предвидува локалитетот да се опслужува со Јавен автобуски превоз на патници преку системот на градски линии со траси во правец од централното градско подрачје, преку примарната сообраќајна мрежа на улици до локалитетот и обратно.

Доколку, при изработка на Сообраќајно техничка документација за трамвајски систем и пруга во Град Скопје, се јави потреба од користење на јавни површини вон границите на регулационите линии на сообраќајните коридори, а гравитираат со трасата на шинскиот систем, истите да се искористат за позиционирање на точната просторна диспозиција на поедините техничко технолошки елементи на шинскиот подсистем.

Нивелациски план

Како составен дел на деталниот урбанистички план е изработен Нивелациски план на планираните сообраќајници. Нивелацијата на примарната сообраќајна мрежа е во согласност со податоците од Извод од ГУП на град Скопје и Извод од УПЧ ССИ 12. Со нивелацискиот план се дефинирани висински коти и координати на осовински точки како и надолжен нагиб на нивелетата.

Координати на точки:

	y	x	z	забелешка
1	7536028.6216	4653568.6320	274.10	согласно УПЧ ССИ 12
2	7536221.3228	4653559.2135	274.74	
3	7536386.5019	4653551.7602	275.30	согласно УПЧ ССИ 12
4	7536391.5396	4653362.0971	273.36	
5	7536395.1333	4653226.8029	271.99	согласно УПЧ ССИ 12
6	7536220.8629	4653245.6823	271.34	
7	7536077.5557	4653258.6850	270.81	согласно УПЧ ССИ 12
8	7536221.0352	4653363.1495	272.63	
9	7536298.1934	4653362.6733	272.96	
10	7536298.2207	4653439.5058	273.22	
11	7536221.1525	4653443.1454	273.49	

6.4. КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУТКУРА

ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

Планираната хидротехничка инфраструктура во овој детален урбанистички план е дефинирана врз основа на следните податоци и подлоги:

- Податоци добиени од ЈП „Водовод и канализација" - Скопје за постоечката хидротехничка инфраструктура во локалитетот;
- Насоките од плановите од повисоко ниво - ГУП на град Скопје од 2012 год. и УПЧ ССИ 12, Скопје;
- Плански решенија од претходните детални урбанистички планови и плански документации релевенатни за планскиот опфат;
- Сообраќајно и нивелациско решение на планираната сообраќајна мрежа; и
- Актуелните прописи за проектирање на инфраструктурни објекти од овој вид.

Инфраструктурните потреби за Блок 01 од градска четврт ССИ 12 во однос на хидротехничката инфраструктура во рамки на целиот плански опфат се следните:

1 ВОДОСНАБДУВАЊЕ

ПОТРЕБНИ КОЛИЧИНИ ЗА КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

Предвиден број на корисници	N=	800	корисници
Водоснабдителна норма	Qo=	25.00	л/ден/корисник
Коефициент на нерамномерност	K=	2.00	
Време на водоснабдување	T=	6	часа
Qмах/ден=N*Qo	=	20,000.00	л/ден/кор
Qмах/ден=N*Qo*K	=	40,000.00	л/час/кор
Qмах/час=N*Qo*K/T	=	6,666.67	л/час
Qмах/час=N*Qo*K/T/3600	=	**1.85**	**л/сек**

ПОТРЕБНИ КОЛИЧИНИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ

Површина на единици на градежно земјиште	Ф1=	3.64	ха
Површина за градење	Ф2=	2.04	ха
Водоснабдителна норма	Qo=	200,000.00	л/ха/ден
Редуциран коефициент на нерамномерност:			
Ф1/Ф2	=	1.78	
Qмах/ден=Qo/(24*3600)	=	2.31	л/ха/сек
Qмах/час=Qo/(16*3600)	=	3.47	л/ха/сек
Qред. мах/ден=Qo/24*3600/(Ф1/Ф2)	=	1.30	л/ха/сек
Qред. мах/час=Qo/16*3600/(Ф1/Ф2)	=	1.95	л/ха/сек
Qмах/ден=Ф2*Qред мах/ден	=	2.66	л/сек
Qмах/час=Ф2*Qред мах/час		**3.99**	**л/сек**

ПОТРЕБНИ КОЛИЧИНИ ЗА ПРОТИВПОЖАРНА ВОДА:

	15.00	**л/сек**

ПОТРЕБНИ КОЛИЧИНИ ЗА ПОЛЕВАЊЕ НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ:

норматив: 30м³/ден/ха (за 16h)	6.43	м³/час
	1.79	**л/сек**

ВКУПНО ПОТРЕБНИ КОЛИЧИНИ:	**22.63**	**л/сек**

Се усвојува минимален пресек
од Ø80 до Ø150

2 ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

Количината на отпадни фекални води од дадениот опфат е 80% од Qср/ден и изнесува:

Qотп=Qср/ден*0,80	=	**403.62**	**м³/ден**

Се усвојува минимален пресек
од Ø250

3 АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

Интензитет на врнежи - qi	=	110.00	л/сек/ха
коефициент на истекување - ψsr	=	0.50	
Qатм = P(рл)*qi*ψsr	=	465.01	л/сек
Qатм = P*qi*ψsr	=	**583.64**	**л/сек**

Се усвојува минимален пресек
од Ø300

Следствено, планирани се следните профили на хидротехничка инфраструктура:

- профил Ø100 во коридори на секундарна улична мрежа кои се врзуваат на постоечка Ø250 од ул.„Лазар Трповски" („С1") и Ø150 од профил на ул.„Втора Македонска Бригада";

- нова фекална канализациона мрежа со минимален профил Ø250 во коридори на новопланирана секундарна улична мрежа која се надоврзува на постоечка мрежа со профил Ø250 во коридор на улица „Втора Македонска Бригада ";

- нова атмосферска канализациона мрежа со профил од Ø300 во коридори на новопланирана секундарна улична мрежа која се надоврзува на постоечка мрежа со профил Ø400 во коридор на улица „Втора Македонска Бригада ";

Во хидротехничките решенија вклопени се и планираните траси согласно ГУП на град Скопје:
- водоводна линија со профил Ø550 во коридор на бул.„Македонско - Косовска Бригада";
- водоводна линија со профил Ø300 во коридор на „Втора Македонска Бригада "; и
- фекална канализација со профил Ø600 во коридор на бул.„Македонско - Косовска Бригада".

Во северниот дел од опфатот поминува траса на водовод - Железарски цевковод со профил Ø1600 на кој е предвиден заштитен коридор од вкупно 20 метри (по 10 метри од двете страни на оската на водот) и претставува простор во кој не се дозволува градба.

Не е дозволено поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации над и непосредно до уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци, освен нивно вкрстување. При паралелно поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации со уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци, минималното растојание со нив е регулирано со „услови за полагање на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации" на соодветните комунални организации, но не помалку од 0,60м односно 1,0м од крајниот раб на водоводот, фекалната и атмосферската канализација. Вертикалното растојание помеѓу нив треба да изнесува мин. 0,50м.

Планираната комунална хидротехничка инфраструктура за ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 01, Општина Бутел - Скопје Општина Гази Баба, Општина Бутел - Скопје, е презентирана во Планската документација на графички прилог - „Инфраструктурен план".

Обврзувачки: Реализацијата на ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 01, Општина Бутел - Скопје Општина Гази Баба, Општина Бутел - Скопје треба да се одвива преку изработка на Основни проекти, за чија изработка ќе бидат дадедни основни правци и податоци (хидротехнички услови) од надлежна институција - ЈП „Водовод и канализација" - Скопје, планска документација за улична мрежа и конкретни податоци – геодетски снимања (мерења).

ЕНЕРГЕТИКА

Електро-енергетска инфраструктура

Врз база на добиените податоци и параметри за планскиот опфат на ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 01, Општина Бутел - Скопје од надлежната институција - ЕВН Македонија, како и врз основа на параметрите пропишани со планска документација од повисоко ниво, пристапено е кон анализа на потребни едновремени снаги.

Со член 109 од Општите и посебните услови за просторен развој од Извод од ГУП на град Скопје од 2012 година, предвидени се коефициенти за дефинирање на потребите за електрична моќност соодветно за секоја намена односно, корисници на просторот:

ЕНЕРГЕТСКИ ПОТРЕБИ НА НИВО НА ПЛАНСКИ ОПФАТ					
Намена на земјиште			коефициент согласно ГУП на град Скопје		потреби за електрична моќност (kW)
Б - комерцијални и деловни намени	2.54	ха	193	kW/ха	489.86
Г - производство, дистрибуција и сервиси	3.47	ха	293	kW/ха	1017.22
Д - зеленило и рекреација	1.04	ха	15	kW/ха	15.55
Е - инфраструктура	3.57	ха	15	kW/ха	53.48
				ВКУПНО	**1576.11**

Врз основа на тоа, потребите од електрична моќност (kW) на ниво на плански опфат изнесуваат 1576,11kW.

Потребите од електрична моќност претставуваат влезен параметар во пресметувањето на потребниот број на трафостаници (N) во рамки на планскиот опфат. Потребниот број на трафостаници (N) изнесува:

N = ΣРед. / (η x Sn), каде ΣРед. =1576,11kW
N = 1576,11 / (0,75 x 630) = 3,34 ~ 3 трансформаторски станици.

Пресметката е направена за енергетски трансформатори од 630 kVA.

Во рамки на планскиот опфат се предвидени 4 локации (градежни парцели) за 5 трафостаници кои согласно направената пресметка и минималните барања за радиуси на опслужување треба да ги задоволат потребите за снабдување со електрична енергија. Во рамки на градежните парцели, во дворните места или во рамки на објектите, постои можност да се изградат нови трафостаници како комплементарна намена, доколку се појават зголемени енергетски потреби.

Во однос на среднонапонската 10kV и нисконапонската 1kV мрежа се планира да се изведе со кабловски врски, во коридорите на планираните улици каде што се предвидени траси за електроенергетска мрежа (прикажано на графички прилог - „Инфраструктурен план" од планската документација). Деталите и развојот ќе бидат дефинирани во следна фаза, а во соработка со стручна служба на ЕВН Македонија, односно, надлежниот КЕЦ.

Во северниот дел од планскиот опфат во коридор на ул.„Босна и Херцеговина" поминува траса на планиран кабелски вод со номинален напон 110kV согласно ГУП на град Скопје, на кој е предвиден заштитен коридор од по 6 метри од двете страни на водот, а во согласност со член 138 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Улично осветление

Според планскиот концепт на овој детален урбанистички план се предвидува изградба на нови и доизградба на постоечки сообраќајници, па согласно со тоа ќе се третира и уличното осветлување. Осветлувањето на сообраќајниците ќе се решава со метал - халогени рефлектори и натриумови светилки поставени на метални столбни места со височина 10м и 4,5м. Моќноста на новите светлосни тела ќе се дефинира со Основни проекти за расвета на новопланираните сообраќајни површини.

Телефонска мрежа и пратечки објекти

Според податоците добиени од наделжните институции во границата на планскиот опфат има постојна подземна и надземна електронска комуникациска мрежа: оптички, бакарни и коаксијални кабли и канализација.

Развојот и димензионирањето на телефонската мрежа во иднина треба да се определи за домување и комерцијално - деловен простор спрема бројот на вработени и површината на просторот. Телекомуникациските коридори за новата инфраструктура се планира да се реализираат во коридорите на сообраќајниците, односно на тротоарите и пристапните улици.

Гасоводна мрежа

Според податоците добиени од АД ГАМА, во рамки на планскиот опфат на градска четврт ССИ 12, Блок 01 поминуваат траси на постоечки гасовод и гасоводни објекти:

- траса со профил Ø426мм во северниот дел;
- траса со профил Ø168 покрај западната граница во коридор на бул.„Македонско - Косовска Бригада";
- МРС „Порше" со траса за приклучок со профил Ø33мм во рамки на дворно место од градежна парцела;
- МРС „ИГМ Типо" и гасоводни шахти (шахта 1 и шахта 15) во крајниот северозападен дел.

Во планската документација предвидени се заштитни коридори на гасоводите од вкупно 6 метри, по 3 метри од двете страни на оската на гасоводот. Исто така, предвидени се заштитни растојанија од 15 метри од гасоводните шахти и од мерно-регулационите станици.

Топлификациона мрежа и објекти

Во рамки на планскиот опфат не постои дистрибутивна топловодна мрежа.

7. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на урбанистичкиот план.

7.1. Општите и Посебните услови, текстуалниот дел, графичките прилози и табелите се составен дел на Планската документација на ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 01, Општина Бутел - Скопје и имаат правно дејство само врз градителска активност која следи по стапување во сила на деталниот урбанистички план.

7.2. Податоците кои се евидентирани на ажурираната геодетска подлога во Документационата основа на ДУП се третираат како постоечка состојба.

7.3. Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите се применуваат во рамките на утврдената граница на планскиот опфат на ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 01, Општина Бутел - Скопје, чии граници се опишани во *точка 2.* од Планската документација на ДУП, а посебните услови се однесуваат на секоја градежна парцела поединечно.

7.4. Границите на планскиот опфат се совпаѓаат со оски на новопланираните улици.

7.5. Изградбата на нови градби, како и изградбата на планирани сообраќајници и комунална инфраструктура и објекти ќе се изведува според важечката законска и подзаконска регулатива, одобрената техничка документација како и важечките технички прописи во урбанизмот и градежништвото.

7.6. **Регулациона линија** е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба.

7.7. **Градежна парцела** е основна, најмала и неделива единица на градежното земјиште која во урбанистичкото планирање претставува најмала површинска единица за планирање на просторот во која се врши деталната агрегација на податоците, урбанистичките параметри и планските одредби од урбанистичкиот план.

7.8. Во табеларниот приказ што е составен дел на нумеричките показатели и посебните услови за изградба, прикажани се следните податоци за градежните парцели:
- број на градежна парцела;
- површина на градежна парцела ($м^2$);
- површина за градење ($м^2$);
- процент на изграденост (%);
- вкупна бруто развиена површина по катови ($м^2$);
- коефициент на искористеност на земјиштето (к);
- намена на земјиштето и градбите;
- компатибилни класни на намени;
- максимален дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени (%);
- максимален број на катови;
- максимална дозволена висина на венец;
- минимален процент на зеленило во парцела;

7.9. **Намена на земјиштето** е начинот на употреба на земјиштето и на градбите согласно дејностите и активностите што се вршат и одвиваат во нив, на површина на земјиштето, под и над површината на земјиштето, што клучно влијае на начинот на уредувањето на земјиштето, изградбата на градбите, како и на просторот потребен за нивното одвивање и функционирање.
Градежната парцела е основна и најмала просторна единица на намената на земјиштето.

Класа на намени се формира врз основа на заеднички физички и функционални карактеристики на земјиштето и градбите во кои дејностите и активностите се одвиваат како и врз основа на просторните влијанија од нивното градење и начин на употреба.
Поединечната намена се обележува со тричлена номенклатура: со голема буква од кирилското писмо се обележува групата на класи на намени на којашто и припаѓа класата на намени, потоа со арапски број се обележува класата на намени на која поединечната намена и припаѓа, и со арапски број се обележува поединечната намена.
Во планскиот опфат на овој ДУП планирани се следните намени за градежните парцели:

Б2 - големи единици за трговија;
Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
Г3 - индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори
Г4 - стоваришта, складови и отпади
Е1.8 - инфраструктура за пренос на електрична енергија: трансформаторска станица;
Е1.10 - мерно-регулациона станица на гасовод
Е2.1 - згради и комплекси на патниот сообраќај: бензинска пумпа

Непарцелираното градежно земјиште за општа употреба служи за изградба на улици, плоштади, инфраструктури и други видови површини и градби за општа употреба, и во планскиот опфат планирани се следните класи на намени и поединечни намени:

Д2 - заштитно и сообраќајно зеленило
Е1.1 - сообраќајна патна инфраструктура: улична мрежа и паркинг

7.10. Комплементарна намена е намена што во една градежна парцела и една градба ја дополнува и служи исклучиво за функционирање на основната намена утврдена со урбанистичкиот план. Таа означува дејност или активност која се врши на ист простор како дополнување, функционално комплементирање и остварување на осоновната намена на градбата од примарната дејност или активност и служи за поквалитетно одвивање на основната намена без да го менува нејзиниот карактер, но може и да го овозможува остварувањето и употребата на основната намена.

7.11. Комплементарните намени треба да ги исполнуваат следните услови:
- тие треба да бидат дополнување на основната намена;
- тие треба да се во функција исклучиво за остварување на осоновната намена;
- тие се димензионираат и предвидуваат за корисниците на основната намена;
- тие не треба да зафаќаат значителен дел од просторот наменет за примарната намена на начин што ја менуваат неманата, туку само да го збогатуваат просторно-функционалниот и типолошкиот карактер на просторот и објектот наменет за примарна функција.

7.12. Компатибилни намени се две или повеќе намени кои можат да егзистираат во просторната единица односно во иста наменска зона или во иста градежна парцела без при тоа меѓусебно да си го нарушуваат нормалното функционирање.
Една од компатибилните намени во просторната единица треба да биде уредена во урбанистички план како основна намена при што другите компатибилни намени во истата просторна единица можат да бидат застапени со најмногу 40% за да не се смени карактерот и начинот на употреба на просторната единица.

7.13. Површина за градење претставува дел од градежна парцела ограничен со градежна линија на кој со урбанистички план се утврдуваат услови за градење на градба, и дворно место претставува дел од градежната парцела незафатен со површината за градење и претставува дел од градежното земјиште на парцелата на кој не се гради туку служи за правилно функционирање на градбата согласно нејзината намена.

7.14. Градежната линија ја означува границата на површината за градење, односно граница на просторот во градежната парцела кој е наменет за градење.

7.15. Помошна градежна линија ги означува промените во габаритот на планираната градба во рамки на површината за градење односно денивелации на првостепената пластика, како што се различни височини на различни делови од градбата, терасести намалувања на висината, пасажи, тремови и сл.

7.16. Подземна градежна линија ја означува границата на градењето под котата на

теренот кога таа не се совпаѓа со градежната линија. Подземната градежна линија може делумно да се поклопува со границата на градежна парцела и ќе се утврди при изработка на основен проект, бидејќи потребно е обезбедување на минимум 20% слободна неизградена површина од дворното место со длабока почва, без каква и да е подземна градба, за подигање на високо дворно зеленило, односно подигање на живо зеленило на ниво на терен под кое нема градба.

7.17. Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите:

- Пречекорувања на првостепена и второстепена архитектонска пластика се дозволени само над приземниот кат на градбата, додека помеѓу теренот и првиот кат се дозволуваат пречекорувања само со одредени елементи од третостепена архитектонска пластика кога за тоа постојат услови, но не повеќе од 0,30м.
- Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела не може да има пречекорувања на градежната линија со ниту еден вид издадени архитектонски елементи и делови од градба.
- Кога растојанието помеѓу градежната линија и границата на градежната парцела е 1,20м, не се дозволени пречекорувања на градежната линија со еркери и други издадени делови на било која висина од вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со границата на градежната парцела, а доколку растојанието помеѓу градежната линија и границата на градежната парцела е поголемо од 1,20м дозволените издадени делови не можат да бидат на растојание од границата на градежната парцела што е помало од 1,20м.
  Доколку градежната линија не се совпаѓа со регулационата линија, а растојанието помеѓу регулационата и градежната линија е поголемо од 2,00м, овие одредби се
- Доколку градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, дозволени употребуваат како за оддалеченост помеѓу градбите од двете страни на улицата пречекорувања на градежната линија се:
  1. првиот скалник од влезните партии до 30см, ако ширината на тротоарот е поголема од 2,25м,
  2. првостепена пластика во која спаѓаат: ризалити, влезни партии, конструктивни столбови, вертикални комуникации и други издадени делови на архитектонската основа до 30 см, ако широчината на тротоарот е поголема од 2,25м,
  3. второстепена пластика во која спаѓаат: еркери, балкони, конзоли, стреи, брисолеи и др. кои се појавуваат помеѓу првиот спрат и горниот венец до 90 см длабочина за уличен коридор широк до 12,00м и до 7,5% од широчината на коридорот, но не повеќе од 1,50м длабочина за улични коридори пошироки од 12,00м,
  4. елементите на второстепената архитектонска пластика не се појавуваат на фасадата на градбата најмалку 3,60м над котата на тротоарот,
  5. елементите на второстепената архитектонска пластика не се појавуваат на страничните фасади кои се оддалечени од границата на соседната градежна парцела 3,00м и помалку од 3,00м,
  6. третостепена пластика во која спаѓат: пиластри, корнизи, подпрозорници, венци и друга плитка архитектонска пластика до 30 см, а на приземниот дел од градбата оваа пластика е дозволена доколку ширината на тротоарот е поголема од 2,25м.

- Дозволени пречекорувања на градежната линија се сметаат сите инсталации за вертикална комуникација, технички инсталации и слично, што по правило се градат од монтажни метални конструкции, како што се:
  1. надворешни лифтови,
  2. противпожарни и други нужни скали и инсталации за вертикална комуникација,
  3. канали и оџаци,
  4. системи за пасивно и активно производство на енергија – кровни соларни панели, фотоволтаични панели и слични,
  5. телекомуникациски антени и инсталации,
  6. други техничко-технолошки уреди и инсталации,
  7. украсни архитектонски елементи и конструкции што го оформуваат архитектонскот израз, а кои можат да имаат и функционална улога како што се брисолеи и дуги елементи и конструкции.

  Процентот на вкупната површина од фасадата кој може да го зафати одреден тип на архитектонска пластика изнесува 40%.
- Минималното растојание на второстепената пластика на предната и задната фасада (кон лицето и дното на парцелата) до страната на градежната парцела, при калканско спојување на соседните градби изнесува 3м.
- Доколку растојанието помеѓу соседните површини за градење кон дната на парцелите е помало од 8,00м пречекорувањата не се дозволени.
- При површини за градење со меѓусебни растојанија кои кон страните и дното на парцелата се поголеми од 16,00м, нема ограничувања за употребата на архитектонската пластика.

7.18. Оградувањето на градежните парцели не треба да ги наруши безбедноста и прегледноста на сообраќајниците, пристапноста кон градбите од јавен интерес, како и проодноста и социјабилноста на јавните простори (плоштади, паркови, пешачки зони и сл.), односно:

- оградите се поставуваат во рамки на земјиштето од градежната парцела што се оградува, додека вратите и капиите од уличните огради на градежните парцели не смеат да се отвараат вон регулационата линија односно кон надвор.
- дозволено е оградување со транспарентна ограда со вкупна висина од 1,20 м до 2,00 м со можност за изведба на sидан парапет со висина од 0,40 м до 0,80 м.

7.19. Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која во урбанистички план ја покажува густината на планираната изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со површини за градење. Процентот на изграденост на земјиштето од став се пресметува како однос помеѓу површината за градење и вкупната површина на градежното земјиште на просторната единица изразен во процент.

7.20. Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.

Планираниот коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупно планираната површина по катови, односно збирот на површините на сите планирани надземни катови и вкупната површина на градежното земјиште во пресметковната просторна единица, изразен со рационален број до две децимали.

Вкупна изградена површина се пресметува со собирање на сите подни површини на сите надземни катови на градбата, вклучувајќи ги и потпокривните катови, како и сутеренските катови односно катовите под нивото на приземјието што барем со едната своја страна се целосно над теренот. Во вкупната изградена површина не се пресметуваат површините на отворените делови од зградата: наткриени и отворени тераси, балкони, лоѓии, натстреи, тремови, надворешни скали и пристапни рампи. За катовите што се вкопани под нивото на приземјето коишто имаат само една страна над теренот се пресметува 50% од површината.

7.21. Нултата плоча на новопланирани градби на рамен терен не може да биде под котата на теренот односно под котата на нивелетата на јавниот или пристапниот пат. Максимална височина на нултата плоча во однос на котата на тротоарот во случај на совпаѓање на градежната линија со регулационата линија е 15см, при што пристапната патека или тротоарот задолжително се совладува со континуиран пропишан наклон. Нултата плоча на новопланирани градби на рамен терен не може да биде под котата на теренот односно под котата на нивелетата на јавниот или пристапниот пат.

7.22. Максималната височина на градбата во урбанистички план се изразува како:

1. вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и завршниот венец на градбата изразена во должни метри, и/или
2. вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и највисоката кота на градбата изразена во должни метри.

Максималната височина на градбата покрај одредувањето во должни метри, може да се дополнува и со бројот на катови или етажи, при што приземното ниво се обележува со голема буква „П" на која со знак „+" се додава бројот на катови обележан со арапски број.

Максималната височина на градбата се одредува за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела, односно од страната на сообраќајниот пристап.

Најмалата спратна височина со која во урбанистичкиот план се пресметува бројот на спратови, мерено од под до под, за деловна дејност изнесува 3,40 м.

Горен или завршен венец на градбата е хоризонтална линија до која завршува вертикалниот фасаден ѕид од градбата поставен на градежната линија од страната на лицето на градежната парцела.

Косите покриви имаат агол на косина од најмногу 35 степени.

Рамните покриви имаат агол на косина до 5%.

Од максималната височина на слемето и дозволената силуета на покривот може да отстапуваат други делови на градбите што се уредува со урбанистички план на ниво на плански опфат, блок или поединечна градежна парцела и тоа:

- кули, покривни бањи, стакларници и издадени покривни елементи,
- оџаци, вентилациони канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите техничко-технолошки инсталации, и
- сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обѕидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот.

За планираните намени во рамки на планскиот опфат не се планираат поткровја и мансарди.

7.23. Стационарниот сообраќај -паркирање и/или гаражирање на потребен број моторни возила е планирано во рамките на градежната парцела. Доколку не се обезбеди потребниот број на паркинг места во рамките на градежната парцела не може да се гради максималната планирана висина и катност и максималната планирана површина за градење.

7.24. Паркинг место е правоаголна површина што служи за стационирање односно мирување на моторно возило со димензии, простор за пристап, маневрирање и пристапна сообраќајница или рампа кои соодветствуваат со меродавниот габарит на возилото. Паркинг местата за моторциклите, велосипедите со мотор, како и за велосипедите се планираат заедно со паркинг местата за моторни возила, при што во површината на едно стандардно паркинг место за возило се пресметуваат 2 места за моторцикли, 6 места за велосипеди со мотор и 8 – 10 места за велосипед.

7.25. Димензии на паркинг место и паркинг простор:

Најмало паркинг место за паркирање на лесни возила за јавни паркинг простори и за сите намени, е со широчина од 2,50 м и должина 5,00 м, освен зградите за домување до 10 стана, при што во оваа површина не може да навлегува ниту еден дел од градбата, опремата или инсталациите. Паркинг местата кај кои од едната или обете подолжни страни има ѕид, столб или друг вертикален градежен елемент, ограда или опрема, се прошируваат за 0,30 м од страната на вертикалниот градежен елемент, при што кога градежниот елемент е од едната страна паркинг местото се

проширува за 0,30 м, додека ако градежен елемент има од двете страни на паркинг местото, тоа се проширува за уште 0,20 м. Ова важи доколку градежните елементи се наоѓаат во првата половина од длабочината на паркинг местото (2,50 м од пристапната површина кон паркингот), адоколку градежните елементи се во зоната на втората половина од длабочината, најмалите димензии на паркинг местото остануваат исти - широчина од 2,50м и должина 5,00м**.**

Димензиите на паркинг местото важат за паркирање под агол од 90 степени и тоа доколку широчината на пристапната комуникација до паркинг местото е поголема од 6,00 м. Доколку пристапната комуникација е широка од 5,60 до 6,00 м, паркинг местото се проширува за 0,30 м и изнесува 2,80 м.

Минималната широчина на комуникацијата за пристап до паркинг место за паркирање под агол од 90 степени е 5,60 м.

Минимални димензии на паркинг место за градежни парцели наменети за домување во градби до 10 стана е 2,40 м со 4,80 м, додека најмала широчина на пристапната комуникација до паркинг местото е 4,80 м, но овие две најмали вредности за широчина на паркинг местото и за пристапната комуникација не можат да се предвидуваат заедно истовремено за исто паркиралиште, туку употребата на едната минимална вредност повлекува употреба на поголема вредност на другата.

Минимални димензии за гаража за лесни возила е 3,00м широчина и 6,00м длабочина, сметајќи го светлиот простор помеѓу ѕидовите.

Минимални димензии на паркинг место за:

- автобус е 3,50 м широчина и 15,00м должина за паркирање под агол од 45 степени, а за паралелно паркирање 3,00м широчина и 17,00м должина,
- товарно возило е 3,50 м широчина и 22,00м должина за паркирање под агол од 45 степени, а за паралелно паркирање 3,00м широчина и 24,00м должина,
- туристичко возило е 3,50 м широчина и 10,00 м должина за паркирање под агол од 45степени, а за паралелно паркирање 3,00м широчина и 14,00м должина.

Минимална светла димензија на платформа за автолифт за лесни моторни возила е 2,70 / 5,40 м.

7.26. Паркинг местата за велосипеди можат да бидат дел од паркинг просторот за моторниот сационарен сообраќај, дел од посебно проширениот простор во состав на површините за велосипедски сообраќај или дел од пешачкиот простор.

Минамални димензии на паркинг место за велосипед изнесуваат: широчина 0,60м и должина 1,80 м, додека оптимални демензии се 0,75 со 2,00 м

Од вкупниот број на паркинг места за велосипеди, минимум 50% треба да бидат во покриени простори.

Доколку во градежната парцела егзистираат повеќе намени чиешто користење временски не се преклопува, бројот на паркинг места се утврдува само за намената за која се потребни најмногу паркинг места, односно за намените коишто едновремено секористат, а имаат најголем збир на потребни паркинг места.

7.27. Минимални димензии кои се применуваат при пресметување на потребниот број на паркинг места при спроведување на урбанистичкиот план:

- Површината за паркирање со пристап на едно патничко моторно возило со 4+1 седишта треба да изнесува од 25 до 35м^2.
- Површината за паркирање со пристап на едно лесно товарно возило треба да изнесува од 53 до 72м^2.
- Површината за паркирање со пристап на еден единечен автобус треба да изнесува од 60 до 81м^2.
- Површината за паркирање со пристап на едно тешко товарно возило или зглобен автобус треба да изнесува од 63 до 90м^2.
- Површината за паркирање на велосипед треба да изнесува од 1,10 до 1,50м^2.

7.28. Во процесот на спроведување на урбанистичките планови за исполнување на нормативите за паркирање, можно е реализирање заедничко подземно и надземно паркирање за две или повеќе парцели преку заедничка пристапна комуникација, заради обезбедување на потребниот број на паркинг места, што се овозможува со меѓусебни договори и други правни дела помеѓу сопствениците на градежното земјиште што е опфатено со предметните градежни парцели.

7.29. Пристап до паркинг простор:

Рампите за пристап до паркиралишта и гаражи во подземни или надземни градби со капацитет до 40 возила ги имаат следниве најголеми подолжни наклони:
- до 16% за отворени прави рампи,
- до 16% за покриени кружни рампи, и
- до 20% за покриени прави рампи

Минимална широчина на еднонасочна права рампа изнесува 3,50м, а за еднонасочна кружна рампа изнесува 4,00м. Минималната широчина на двонасочните прави рампи изнесува 5,50 м, а на кружните изнесува 7,00 м.

Оптималните и максималните наклони на рампи за пристап до паркинг места во подземни или надземни паркиралишта или гаражи со капацитет над 40 возила изнесуваат:
- 12% - 15% за отворени прави рампи,
- 12% - 15% за покриени кружни рампи, и
- 12% - 18% за покриени прави рампи.

Оптимална и минимална широчина на рампи е 3,75 – 3,25м за еднонасочна права рампа и најмалку 4,20м за еднонасочна кружна рампа. Оптимална и минимална широчина на рампите за двонасочен сообраќај изнесува 7,00 – 6,00м за прави рампи и 8,20 – 7,60 м за кружни рампи.

Минималниот радиус на кружните рампи изнесува 6,00м, мерено од оската на претпоставената патека на меродавното лесно возило, а минималниот радиус на коловозот на рампата е 4,10 м.

Доколку просторните услови во конкретна градежна парцела не овозможуваат пристап со рампа, при спроведување на урбанистичкиот план можат да се предвидат автолифтови за пристап до подземниот или надземниот паркинг простор во согласност со стандардите за овој вид на лифтовски начин на паркирање на возила.

7.30. Во согласност со член 11-б од Законот за градење (Сл.Весник на РМ, бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и Сл.Весник на РСМ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 279/20, 96/21, 227/22, 111/23, 115/23 и 224/24), при изработка на проектна документација за градби со јавна намена, задолжително да се проектира паркинг простор за велосипеди во функција на градбата.

7.31. За постоечките градби кои во планската документација се означени со **информативна линија** со урбанистичкиот план не се утврдуваат услови за идна градба, освен реконструкција и адаптација во текот на употреба на постојната градба согласно Законот за градење, а се задржуваат истите урбанистички параметри за височина и постојната градба продолжува да се употребува согласно нејзината намена.

7.32. Доколку при изградба на нов објект или реконструкција и уредување на улиците и отворените простори дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Република Северна Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

7.33. За сите трансформаторски станици да се обезбеди пристап на товарно возило за изградба на истите и нивно тековно одржување.

7.34. За 35, 20 и 10 kV подземни далноводи во тротоарскиот дел од сообраќајните површини да се оформат коридори за водење на истата, а во координација со останатите инфраструктурни подземни инсталации**.**

7.35. Условите за изградба на објектите, треба да содржат и посебни услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефон и одводнување на отпадните фекални и атмосферски води.

7.36. Не е дозволено поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации над и непосредно до уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци освен нивно вкрстување. При паралелно поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации со уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци, минималното растојание со нив е регулирано со „услови за полагање на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации" на соодветните Комунални организации, но не помалку од 0,60м односно 1,0м од крајниот раб на водоводот, фекалната и атмосферската канализација. Вертикалното растојание помеѓу нив треба да изнесува мин. 0,50м.

7.37. Отстапување од подземната градежна линија (површина за градење под нивото на теренот) односно растојание од 3,0м од границата на градежната парцела до подземната градежна линија, да се обезбеди при дефинирање на местоположба на шахтите за изведба на приклучоци или уреди за снабдување со вода, електрична енергија, телефон, гас, топловод, одводнување на отпадните (фекални) и атмосферски води и друго, при разработка на градежната парцела со основен или урбанистички проект.

7.38. Предвидените траси за комунална инфраструктура (хидротехничка, електро-енергетска, електронска комуникациска и гасоводна) се наоѓаат во рамки на земјиште за општа употреба. Диспозицијата на трасите може да биде предмет на промена со изработка на урбанистички проекти.

7.39. Не е дозволена градба во рамки на заштитните коридори на инфраструктурните водови.

7.40. Површините наменети за зеленило низ кои што е евидентирано или се планира поминување на траси на инфраструктурни водови и нивни заштитни коридори да се уредуваат исклучиво како површини со ниска трева, без високо зеленило.

7.41. Доколку има потреба од дислокација на електро-енергетска или телекомуникациска инфраструктура, потребно е да се предвиди нова локација/траса за дислокација на објектите и инфраструктурата, и трошоците за дислокацијата се обврска на инвеститорот

7.42. При оформување на содржините во локалитетот се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина, со почитување на минималната застапеност на зеленилото во дворните места на градежните парцели и линеарно зеленило (доколку постојат услови за тоа) долж сообраќајниците. Објектите кои се планирани да се градат на предметниот простор, треба да бидат изведени согласно стандардите и нормативите за проектирање и не смеат да ја нарушат природната рамнотежа на средината.

7.43. Со урбанистички проекти за инфраструктура за сообраќајните коридори на примарната сообраќајна мрежа (собирни улици), кои ќе се работат врз основа на Генералниот урбанистички план, Урбанистички план за четврт или врз основа на детален урбанистички план ќе се утврдат елементите на уличната мрежа: профилот на сообраќајницата (тротоарите, велосипедските патеки и заштитниот појас), радиусите на хоризонталните кривини, подолжните наклони, како и проектното решение за типот на крстосниците.

7.44. Трасата на планираниот шински подсистем за јавен градски превоз на патници во графичките прилози е прикажана апроксимативно. Точната просторна диспозиција на поедините техничко-технолошки елементи на шинскиот подсистем ќе се решаав согласно сообраќајно-техничката документација за трамвајски систем и пруга на град Скопје.

7.45. Колскиот пристап до секоја градежна парцела е обезбеден од сообраќајниците од секундарната улична мрежа.

7.46. Колскиот пристап до секоја градежна парцела е обезбеден од сообраќајниците од секундарната улична мрежа.

7.47. Со цел надминување на урбаните бариери и обезбедување на функционална пристапност и подвижност на земјиштето за општа употреба, јавните простори, до и во градбите за сите граѓани, а особено за лицата со инвалидитет и лицата со намалена подвижност, задолжително се почитуваат стандардите за мобилност и пристапност.

7.48. Опремувањето на локалитетот со елементи од урбана опрема треба да се поставува исклучиво за остварување на јавен интерес утврден со закон, а во согласност со Законот за градење. Елементите од урбана опрема не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес.

7.49. Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управата на Општината. Локациите мора да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите, а уредени во согласност со оној што ќе го евакуира отпадот во регионална односно општинска депонија.

7.50. Во рамките на градежната парцела да се уредат површини со зеленило. Минимална застапеност на зеленилото во рамките на градежните парцели под кое не се предвидува градба да изнесува 20% од површината на парцелата, согласно член 20 од Законот за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ, бр.11/18 и 42/20). Доколку условот за минимални 20% зеленило под и над кое не се планира градба не се исполни, не може да се гради максималната планирана висина и катност и максималната планирана површина за градење.

7.51. Согласно Законот за заштита и спасување, Законот за пожарникарство и Законот за управување со кризи, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

7.52. Да се почитува Член 50 од Општите и посебни услови за просторен развој дефинирани со ГУП на град Скопје (2012 - 2022год.):

- Долж примарната сообраќајна мрежа да се уреди појас на зеленило со садници од типот на грмушки и садници на листопадни дрва со височина до 6м, кои се карактеристични за локалитетот и опкружувањето. Растојанието меѓу листопадните дрва треба да овозможи формирање засенчен коридор за пријатно движење во летниот период (функционално заленило).
- Просторот околу градбите и комплексот на градби во четврт, хортикултурно да се уреди согласно амбиенталните и пејзажните карактеристики на истата/иот.
- Зелените површини да се уредат врз основа издадени услови за градба, произлезени од утврдена урбанистичка документација од пониско ниво, која покрај другите фази обврзно ќе ја содржи фазата Хортикултура.

7.53. За градежните парцели кои се наоѓаат долж примарната сообраќајна мрежа да се овозможи растојание од најблиската градба до уличната мрежа минимум половина од висината на градбата (L=H/2), односно во граници кои, при разурнување на градбите овозможуваат проодност на сообраќајниците на кои се поставени, во согласност со член 47 и 150 од Општите и посебни услови за просторен развој дефинирани со ГУП на град Скопје (2012 - 2022год.).

7.54. За се што не е регулирано со деталниот урбанистички план, важат Општите и посебни услови за просторен развој дефинирани со ГУП на град Скопје (2012 - 2022год.).

8. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И ГРАДБИТЕ

Посебните услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите се однесуваат на градежните парцели дефинирана со ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 01, Општина Бутел - Скопје.

Градежна парцела 1.1

- Намена: **Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија**;
- Дозволено е учество на компатибилни класи на намени во однос на основната со максимален вкупен процент на учество до 40% и тоа:
  - Б2.2 - трговски центри
  - Б2.4 - супермаркети, хипермаркети и други големи маркети
  - Б2.5 - големи специјализирани продавници, автосалони, салони за мебел и други
  - Б4.1 - деловни згради со канцеларии
  - Г4.1 - отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока
- Површина на градежна парцела: 9861м^2
- Површина за градење: 5916м^2
- Вкупно развиена етажна површина: 11833м^2
- Процент на изграденост: 60%
- Коефициент на искористеност: 1,2
- Максимален број на спратови: П+2;
- Максимална висина на венец: 13,00м;
- Дозволена височина на слеме: 4,5м
- Висинската кота на приземната плоча т.е. нулта плоча во однос на котата на теренот е еднаква со нивелетата на пристапните тротоари и пешачки површини, а максимално може да изнесува 15см
- Колски пристап во градежната парцела да се обезбеди од секундарна улична мрежа, односно: ул.„1" (дел од ул.„Втора македонска бригада");
- Паркирање на потребен број возила да се реши во рамките на градежната парцела;
- Потребниот број на паркинг места да се утврди при спроведување на урбанистичкиот план со изработка на проектна документација, во зависност од конкретната намена на градбата, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизиција на технолошкиот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, опциите за користење на јавен превоз или гаранции за користење на организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај (службен, индивидуален и за возила и механизацијата што се употребува за потребите на намената) да се обезбедат во рамки на градежната парцела.
- Зависно од изборот на компатибилните намени, во определувањето на потребниот број на паркинг места да се вклучат и нормативите за соодветната компатибилна намена:
  - Б2 - големи единици за трговија: 1 паркинг место на 70м^2 од вкупно изградена површина
  - Б4 - деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради: 1 паркинг место на 8 вработени во смена
  - Г4 - Потребниот број на паркинг места да се утврди при спроведување на урбанистичкиот план со изработка на проектна документација, во зависност од конкретната намена на градбата, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизиција на технолошкиот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, опциите за користење на јавен превоз или гаранции за користење на организиран превоз на вработените
- Доколку не се обезбеди потребниот број на паркинг места во рамките на градежната парцела не може да се гради максималната планирана висина и катност и максималната планирана површина за градење;
- Потребниот број паркинг места за велосипеди се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена,

- Отстапување од подземната градежна линија (апроксимативната површина за градење под нивото на теренот) односно растојание од 3,0м од границата на градежната парцела до подземната градежна линија, да се обезбеди при дефинирање на местоположба на шахтите за изведба на приклучоци или уреди за снабдување со вода, електрична енергија, телефон, гас, топловод, одводнување на отпадните (фекални) и атмосферски води и друго, при разработка на градежната парцела со Основен проект;
- Доколку при реализација на планираната градба дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).
- Во рамките на градежната парцела да се уредат површини со зеленило. Минимална застапеност на живо зеленило во рамките на градежните парцели под кое не се предвидува градба да изнесува 20% од површината на парцелата, согласно член 20 од Законот за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ, бр.11/18 и 42/20), односно да се обезбеди слободна неизградена површина од дворното земјиште со длабока почва, без каква и да е подземна градба, за подигање на високо дворно зеленило, однодно, подигање на живо зеленило на ниво на терен под кое нема градба. Доколку условот за минимални 20% зеленило под и над кое не се планира градба не се исполни, не може да се гради максималната планирана висина и катност и максималната планирана површина за градење.
- При спроведување на планската документација, во следна фаза, градежната парцела задолжително да се разработи со Урбанистички проект.

Градежна парцела 1.2

- Намена: **Б2 - големи единици за трговија**;
- Дозволено е учество на компатибилни класи на намени во однос на основната со максимален вкупен процент на учество до 40% и тоа:
  - Б3.1 - ресторани
  - Б4.1 - деловни згради со канцеларии
  - Б5.3 - хотели во состав на деловни, конференциски и трговски комплекси
- Површина на градежна парцела: 13452м^2
- Површина за градење: 8071м^2
- Вкупно развиена етажна површина: 24213м^2
- Процент на изграденост: 60%
- Коефициент на искористеност: 1,8
- Максимален број на спратови: П+2, П+4;
- Максимална висина на венец: 13,00м, 17,00м;
- Дозволена височина на слеме: 4,5м
- Висинската кота на приземната плоча т.е. нулта плоча во однос на котата на теренот е еднаква со нивелетата на пристапните тротоари и пешачки површини, а максимално може да изнесува 15см
- Колски пристап во градежната парцела да се обезбеди од секундарна улична мрежа, односно: ул.„1" (дел од ул.„Втора македонска бригада");
- Паркирање на потребен број возила да се реши во рамките на градежната парцела;
- Потребниот број на паркинг места: 1 паркинг место на 70м^2 од вкупно изградена површина
- Зависно од изборот на компатибилните намени, во определувањето на потребниот број на паркинг места да се вклучат и нормативите за соодветната компатибилна намена:
  - Б3 - големи единици за угостителска дејност: 1 паркинг место на 20м^2 од вкупно изградена површина
  - Б4 - деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради: 1 паркинг место на 8 вработени во смена
  - Б5 - хотели и хотелски комплекси: 1 паркинг место на 6 легла и 1 паркинг место на 10м^2 површина наменета за нерезидентни гости
- Доколку не се обезбеди потребниот број на паркинг места во рамките на градежната парцела не може да се гради максималната планирана висина и катност и максималната планирана површина за градење;

- Потребниот број паркинг места за велосипеди се уредува во урбанистички план во зависност од локалните услови, обичаи, степен на велосипедска мобилизација, како и потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања
- Отстапување од подземната градежна линија (апроксимативната површина за градење под нивото на теренот) односно растојание од 3,0м од границата на градежната парцела до подземната градежна линија, да се обезбеди при дефинирање на местоположба на шахтите за изведба на приклучоци или уреди за снабдување со вода, електрична енергија, телефон, гас, топловод, одводнување на отпадните (фекални) и атмосферски води и друго, при разработка на градежната парцела со Основен проект;
- Доколку при реализација на планираната градба дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).
- Во рамките на градежната парцела да се уредат површини со зеленило. Минимална застапеност на живо зеленило во рамките на градежните парцели под кое не се предвидува градба да изнесува 20% од површината на парцелата, согласно член 20 од Законот за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ, бр.11/18 и 42/20), односно да се обезбеди слободна неизградена површина од дворното земјиште со длабока почва, без каква и да е подземна градба, за подигање на високо дворно зеленило, однодно, подигање на живо зеленило на ниво на терен под кое нема градба. Доколку условот за минимални 20% зеленило под и над кое не се планира градба не се исполни, не може да се гради максималната планирана висина и катност и максималната планирана површина за градење.

– При спроведување на планската документација, во следна фаза, градежната парцела задолжително да се разработи со Урбанистички проект.

Градежна парцела 1.3

- Намена: **Г4 - стоваришта, складови и отпади**;
- Дозволено е учество на компатибилни класи на намени во однос на основната со максимален вкупен процент на учество до 40% и тоа:

Б2.2 - трговски центри
Б2.4 - супермаркети, хипермаркети и други големи маркети
Б2.5 - големи специјализирани продавници, автосалони, салони за мебел и други
Б4.1 - деловни згради со канцеларии

- Површина на градежна парцела: 5514м^2
- Површина за градење: 3308м^2
- Вкупно развиена етажна површина: 9925м^2
- Процент на изграденост: 60%
- Коефициент на искористеност: 1,8
- Максимален број на спратови: П+2, П+4;
- Максимална висина на венец: 13,00м, 17,00м;
- Дозволена височина на слеме: 4,5м
- Висинската кота на приземната плоча т.е. нулта плоча во однос на котата на теренот е еднаква со нивелетата на пристапните тротоари и пешачки површини, а максимално може да изнесува 15см
- Колски пристап во градежната парцела да се обезбеди од секундарна улична мрежа, односно: ул.„1" (дел од ул.„Втора македонска бригада");
- Паркирање на потребен број возила да се реши во рамките на градежната парцела;
- Потребниот број на паркинг места да се утврди при спроведување на урбанистичкиот план со изработка на проектна документација, во зависност од конкретната намена на градбата, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизиција на технолошкиот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, опциите за користење на јавен превоз или гаранции за користење на организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај (службен, индивидуален и за возила и механизацијата што се употребува за потребите на намената) да се обезбедат во рамки на градежната парцела.

- Зависно од изборот на компатибилните намени, во определувањето на потребниот број на паркинг места да се вклучат и нормативите за соодветната компатибилна намена:

  Б2 - големи единици за трговија: 1 паркинг место на 70м^2 од вкупно изградена површина

  Б4 - деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради: 1 паркинг место на 8 вработени во смена

- Доколку не се обезбеди потребниот број на паркинг места во рамките на градежната парцела не може да се гради максималната планирана висина и катност и максималната планирана површина за градење;
- Потребниот број паркинг места за велосипеди се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена,
- Отстапување од подземната градежна линија (апроксимативната површина за градење под нивото на теренот) односно растојание од 3,0м од границата на градежната парцела до подземната градежна линија, да се обезбеди при дефинирање на местоположба на шахтите за изведба на приклучоци или уреди за снабдување со вода, електрична енергија, телефон, гас, топловод, одводнување на отпадните (фекални) и атмосферски води и друго, при разработка на градежната парцела со Основен проект;
- Доколку при реализација на планираната градба дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).
- Во рамките на градежната парцела да се уредат површини со зеленило. Минимална застапеност на живо зеленило во рамките на градежните парцели под кое не се предвидува градба да изнесува 20% од површината на парцелата, согласно член 20 од Законот за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ, бр.11/18 и 42/20), односно да се обезбеди слободна неизградена површина од дворното земјиште со длабока почва, без каква и да е подземна градба, за подигање на високо дворно зеленило, однодно, подигање на живо зеленило на ниво на терен под кое нема градба. Доколку условот за минимални 20% зеленило под и над кое не се планира градба не се исполни, не може да се гради максималната планирана висина и катност и максималната планирана површина за градење.
- При спроведување на планската документација, во следна фаза, градежната парцела задолжително да се разработи со Урбанистички проект.

Градежна парцела 1.4

- Намена: **ГЗ.1 - сервиси за одржување на моторни возила**;
